МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

«МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

СПИСАНИЕ
на научни трудови

ТРИНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“ СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

Година IX ***Број 1*** ***Јуни 2022***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2022 -

Издавач: Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

За издавачот: М-р Михаела Ѓорчева, директор

Наслов: «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

Организационен одбор:

Претседател: Проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: Доц. д-р Татјана Осадчаја
Член: М-р Борче Серафимовски
Член: М-р Милена Спасовска

Уредувачки одбор:

Проф. д-р Ленче Петреска, Северна Македонија
Проф. д-р Иван Ефремовски, Северна Македонија
Проф. д-р Јордан Ѓорчев, Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ, Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ, Србија
Проф. д-р Христо Бонџолов, Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска, Бугарија
Проф. д-р Снјежана Кирин, Хрватска
Доц. д-р Хаџиб Салкич, Босна и Херцеговина
Доц. д-р Татјана Осадчаја, Русија

Уредник: проф. д-р Јордан Ѓорчев

Компјутерска обработка и дизајн: /

ISSN (принт) 1857-9299
ISSN (онлајн) 1857-9302

Адреса на комисијата: ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Северна Македонија

Контакт телефон: +389 (0)32 440 330

Напомена:

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

Печати: Печатница и книжарница „Славјански“, Свети Николе

Тираж: 100

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

ИСТОК - ЗАПАД

ЕКОНОМИЈА,
БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО,
ИНФОРМАТИКА

СОДРЖИНА

ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА

Ѓоко Стрезовски
СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ – ГЕНЕРАТОР НА РУИНИРАНАТА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА 11

Samoil Malcheski
STATISTICAL ANALYSIS OF STOCKBREEDING PRODUCTION IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE PERIOD FROM 1999 TO 2020 21

Менде Солунчевски, Лидија Стефановска, Љупчо Вчков
ПРЕТПРИМЕНИЧКА ОРИЕНТАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 35

Лидија Ѓошевска
НОВИ МЕНАЏМЕНТ ТЕХНИКИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ 43

Стефан Младеноски
СКАНДАЛОТ ENRON КАКО ЕДЕН ОД НАЈВАЖНИТЕ ВО ПОНОВАТА ЕКОНОМСКА ИСТОРИЈА 47

Юлия Атанасовска, Мартин Гьоргджиев, Юлиана Сильяноска
АССИМЕТРИЯ РАСПРЕДЕЛЕНИЯ ТРУДОВЫХ РЕСУРСОВ В СТРАНАХ ЕВРОПЕЙСКОГО СОЮЗА 57

Јулијана Силјаноска, Николче Мариновски, Јулија Атанасовска
ВЛИЈАНИЕТО НА ДЕЦАТА ПРИ НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ ЗА КУПУВАЊЕ КАЈ СЕМЕЈНОТО КУПУВАЊЕ 63

Kristina Mitrevska
MOTIVES FOR INTERNATIONALIZATION OF THE COMPANIES 63

Nikola Popovski, Lence Petreska, Pavlina Stojanova
INFLATION TODAY – ITS CAUSES AND EXPECTATIONS 75

Стевчо Димески, Љупчо Вчков, Димитар Анастасовски
МЕНАЏИРАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ВО БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО УСЛОВИ НА ИНТЕНЗИВЕН РАЗВОЈ НА FINTECH ИНДУСТРИЈАТА 87

Драган Ѓурчевски, Горанчо Јакимов, Богдан Ѓурчевски
ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА 95

Валентина Спасова
НОВИ МАРКЕТИНГ АЛАТКИ И РАЗВОЈ НА НЕВРОМАРКЕТИНГ ТЕХНИКИТЕ 103

Шеќеринка Ивановска, Борче Серафимовски
ПЛАНЕТАРНИОТ ПРИТИСОК, АНТРОПОЦЕНОТ И ИНДЕКСОТ НА ЧОВЕКОВИОТ РАЗВОЈ 113

Габриела Крстевска, Соња Ризоска Јовановска, Јулијана Сиљаноска
ПОТРЕБАТА ОД ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА КОН НОВОТО НОРМАЛНО 121

Pavlina Stojanova, Nikola Popovski, Lence Petreska
FINANCIAL REPORTING IN TERMS OF INFLATION ACCOUNTING 129

Lence Petreska, Pavlina Stojanova, Nikola Popovski
THE CONSUMER BEHAVIOUR AND MARKETING PRICE STRATEGIES DURING THE INFLATION 139

Силвана Пашовска
ПОВОЛНАТА БИЗНИС КЛИМА – ФАКТОР ЗА ОДРЖЛИВОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 147

Trajanka Makrevska
THE ATTENTION ECONOMY 153

Gjorgjiev Martin
ECONOMIC THEORIES OF THE BEGINNING OF 21ST CENTURY 159

ОБЛАСТ БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО

Stojan Troshanski
TESLALOGY – A NEW TRANSDISCIPLINARY APPROACH TO THE SCIENTIFIC LEGACY OF NIKOLA TESLA - SECURITY ASPECTS 175

Слободан Бундалевски, Синиша Цветковиќ
ВЛИЈАНИЕ НА ИНДУСТРИЈАТА ВРЗ РАБОТНАТА СРЕДИНА 181

Слободан Бундалевски, Лидија Јолеска Буреска, Сузана Зиковска
ОПАСНОСТИ И ПОВРЕДИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ 189

Слободан Бундалевски, Цветанка Митревска, Невена Груевска
ИСТРАЖУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА КАЈ ПОЖАРНИКАРИТЕ СО РАЗЛИЧНИ СОЦИОДЕМОГРАФСКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ 197

Сузана Зиковска , Лидија Јолеска Буреска, Слободан Бундалевски
ПРИЧИНИ ЗА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА СО ДИГАЛКИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА 205

Лидија Јолеска Буреска, Сузана Зиковска, Слободан Бундалевски
ИЗВОРИ НА ОПАСНОСНОСТИ ВО КОТЛАРИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ КОТЛИ НА ЈАГЛЕН..... 213

Лидија Јолеска Буреска, Цветанка Митревска, Лепа Арсова
ИНФОРМИРАНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА..... 223

Лидија Јолеска Буреска, Цветанка Митревска, Слободан Бундалевски
АНАЛИЗА НА МИКРОКЛИМАТСКИ УСЛОВИ ВО УЧИЛИШТАТА 231

Синиша Цветковиќ, Слободан Бундалевски
ПРЕОДОТ КОН КОНЦЕПТОТ НА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА И ИМПЛИКАЦИИТЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА..... 241

Сузана Зиковска , Цветанка Митревска, Невена Груевска
АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТ НА СИСТЕМИТЕ СО МЕТОДАТА „АНАЛИЗА НА ОПАСНОСТИ И ОПЕРАТИВНОСТИ“ 251

Цветанка Митревска, Лидија Јолеска Буреска, Сузана Зиковска, Елена Митревска
СТАТИСТИЧКИ ИНДИКАТОРИ ЗА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА ВО ЕУ-28 СПОРЕД ПОВРЕДИ НА ДЕЛОВИ ОД ТЕЛОТО И ВИДОТ НА ПОВРЕДА 259

ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА

Стојанче Масевски
МОДЕЛИ ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ НА КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД COVID-19 271

Mahir Zajmović, Hasan Muratspahić
TEHNOLOGIJE ZA IZRADU WEB TRGOVINE 279

Mahir Zajmović, Ibrahim Obhođaš, Esad Dželilović
PRIMJENA BIG DATA KONCEPTA KOD UPRAVLJANJA KVANTITATIVNIM PODACIMA U MODERNOM POSLOVANJU 289

Мимоза Анастоска-Јанкуловска
ГЕЈМИФИКАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕ 297

Ognen Firfov, Sara Angelovska
COMPARATIVE ANALYSIS OF PLATFORMS AND APPLICATIONS FOR MONITORING, DISPLAY AND VISUALIZATION OF SPORTS ACTIVITIES..... 305

Викторија Андова – Голубова
САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА 313

Ѓорѓи Марушовски, Хаџиб Салкиќ, Марија Квасина
ЗАШТИТА НА СЕРВЕРСКА СОБА ОД ВНАТРЕШНИ ФИЗИЧКИ ВЛИЈАНИЈА ВО ОПШТИНА БИТОЛА 321

Хаџиб Салкиќ, Тања Петков, Марија Квасина
ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ARDUINO ВО ПРОЕКТОТ НА СИСТЕМОТ ЗА МОНИТОРИНГ 331

ОБЛАСТ

ЕКОНОМИЈА

339.727.22(497.7)"1998/2006"

Д-р Ѓоко Стрезовски
Факултет за економија и организација на претприемништво
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Република Северна Македонија

СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ – ГЕНЕРАТОР НА РУИНИРАНАТА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА

АПСТРАКТ: Многубројните општествено-политички и економски прилики присутни во Република Македонија во изминатиов 5-6 годишен период, бројните случувања кои резултираа со погрешни и несоодветни економски политики проследени со силноизразените кризни состојби во опкружувањето и во светот воопшто од кои најизразени беа оние на планот на здравството, енергетиката, а во последнава година и на военo-безбедносен план, во значителна мера придонесоа македонската економија да се најде во незавидна состојба. Високиот степен на корупција метастазирана во речиси сите сегменти на општественото живеење, нефункционирањето на правната држава и отсуството на владеењето на правото, дополнително го стимулираа евидентниот економски регрес на државата, при што, стрмоглавиот пад на индустриското производство; негативниот раст на БДП; рецесијата; инфлаторните движења кои веќе навлегоа во фаза на стагфлација; порастот на навработеноста; чувствителниот пад на вредноста на националната валута како сериозен удар врз животниот стандард дополнително поттикнат од енормниот раст на цените на производите и услугите и трошоците за живот; галопирачкиот пораст на бројот на македонски граѓани кои спас од ваквите состојби бараат во странските земји... станаа наше неизбежно секојдневие.
Излезот од колапсот во кој што последниве години се најде македонската економија, еминентните економски експерти го бараат првенствено во експресно рестартирање на севкупните економски процеси во државата, со особен акцент врз странските директни инвестиции како фундаментален елемент врз кој би се темелел идниот економски просперитет

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: странски директни инвестиции, економски раст, мултинационални компании, економски систем, нето-прилив

FOREING DIRECT INVESTMENTS – GENERATOR OF RUINED MACEDONIAN ECONOMY

ABSTRACT: The increasing number of socio-economical developments, which have resulted in inappropriate economical politics around the globe, contributed to the inevriable situation of the Macedonian economy. Part of the economical developments which have the highest impact to the dall of the Macedonian economy, are happening in the health, energy and military-defense sectors. The high degree of corruption metastasizes in almost all segments of social living, the absence of the ruling of law in the country, additionally stimulates the evidential economical regression of the state. The living standards have taken a serious hit from the fall of the industrial production; the negative incline of the GDP; recession; enormous rise in prices; inflationary movements which have entered a phase of stagnation rise in unemployment as well as the sensitive fall of the national currency's value.
All of the above, has resulted in an enormous number of Macedonian citizen that

are looking for better future in foreing countries. The eminent experts are proposing a way out of the collapse of the Macedonian economy, they suggest that Macedonia should instantly restart all state processes, especially the foreing direct investments, which are a fundamental element on which we can base off the future economic prosperity.

KEY WORDS: foreing direct investments, economic growth, multinational companies, economic system, net-inflow

КАРАКТЕРИСТИКИ НА СДИ

Странските директни инвестиции (СДИ) се форма на движење на капиталот од една во друга земја со која извозникот на капиталот се стекнува со учество од над 10% во сопственоста на странското претпријатие. Најголеми носители на СДИ се мултинационалните компании кои инвестираат во странство, на начин што отвораат свои производни испостави (погони, филијали и сл.), отвораат свои претпријатија или пак го откупуваат контролниот пакет акции во постојните претпријатија во странски држави. СДИ се најдинамичната форма на меѓународното движење на капиталот. Во светски рамки, во периодот помеѓу 1986-1995 година, просечната годишна стапка на пораст на овие инвестиции изнесувала околу 22%, а на крајот на 1998 година, вкупниот износ на СДИ во светот изнесувал 4.088 милијарди долари. Ваквиот брзодвижечки тренд на порастот на СДИ во светот, за жал, во споменатиот период ја заобиколи нашата држава. Токму тоа беше периодот кога Македонија целосно го рекомпонираше својот систем и општествено-политичкото уредување, излегувајќи од дотогашната заедничка држава и создавајќи нови општествено-економски односи во рамките на сопствениот независен и самостоен економски систем. При такви околности, беше исклучително тешко наеднаш да се воспостават основните релации и фундаменталните правци на процесот на привлекување на СДИ. Згора на тоа, почетоците на изградбата на новиот општествено-политички и економски систем во текот на раните 1990-ти години, беа значително отежнати и заради процесот на трансформација на капиталот и промената на неговата сопственичка структура. Всушност, целокупното преструктуирање на сопственоста на капиталот кое во основа имаше идеолошка премиса, од старт покажа негативни резултати, не само заради изборот на моделот на трансформација, туку истовремено стана и бариера за еден систематски процес на привлекување на СДИ кои уште на почетокот требаше да бидат главна насока кон економскиот, но и кон севкупниот општествен прогрес. Генерално, заради претходноизнесеното, но веројатно уште повеќе и заради неинвентивноста на првите две-три државни раководства во периодот по осамостојувањето, првите позначителни чекори во привлекувањето на СДИ во нашата држава ги бележиме накаде по 2006 година, кога практично беше воспоставен вистински систем на активности во процесот на привлекување на СДИ. Почнувајќи од усогласување и прилагодување на македонската легислатива кон тој процес (вклучително обезбедување законска рамка во вид на сет од привлечни мерки и олеснувања за инвеститорите), преку максимално интензивирање на дипломатските активности во процесот на доближување на сите тие мерки до странските мултинационални компании, па се до конечното профункционирање на целиот тој систем. Првичните мерки во однос на адаптацијата на законските решенија, главно се состоеја во: изработка

на урбанистичко-планска документација за Индустриските развојни зони (ИРЗ) и Технолошко-индустриските развојни зони (ТИРЗ); определување поволности околу купување на државно градежно неизградено земјиште по исклучително атрактивни цени; урбанизација на тие површини; учество на државата во инфраструктурното уредување на плацевите; значителни даночни олеснувања за инвеститорите во првите 5-10 години од ставањето во функција на капацитетот итн. Statistical Bureau (Eurostat), taking into account the specificities of the Republic of Macedonia in this area.

ЕФЕКТИ НА СДИ

СДИ стимулираат создавање нови работни места и економски раст преку: директни ефекти (економски активности на странските компании) и индиректни/ индуцирани ефекти (кога странските компании се снабдуваат со ресурси за производство од локални снабдувачи, се мобилизираат локални фирми кои на било кој начин се поврзани со функционирањето на инвестицијата, се стимулира приватната потрошувачка и сл.). Исто така, со СДИ се стимулира растот на платите, се подобрува животниот стандард на населението, се создава интерес и кај други странски компании, се зголемува продуктивноста на домашниот пазар на трудот, се зголемува конкурентноста итн. Додуша, СДИ можат да имаат и определени негативни импликации, особено врз домашните компании кои најчесто се помалку моќни, главно преку истиснување преку пазарот на трудот, особено доколку регионалната невработеност е на ниско ниво'.

МЕРКИ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СДИ

Секоја земја има усвоено сопствена политика за привлекување на СДИ. Некои земји тоа го прават преку намалување на даноците, доделување одредени грантови, стимулации и сл. Други се обидуваат да привлечат странски капитал преку подобрување на сопствената инфраструктура со цел да ги исполнат потребите на инвеститорите. Во основа, речиси секоја земја која што се обидува да привлече СДИ, треба да ги намали административните бариери и бирократските пречки. Макроекономските реформи се насочени кон поедноставување на регулативата, зацврстување на сопственичките права, зголемување на флексибилноста на пазарот на трудот итн.

ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ДИНАМИКАТА НА СДИ

Динамиката на СДИ, главно зависи од повеќе фактори, како:

- Политичката и макроекономската стабилност во земјата – домаќин на инвестициите;
- Големината на пазарот;
- Развиеноста и изграденоста на инфраструктурата;
- Расположливите фактори на производство (природни ресурси, работна сила);
- Конкурентноста итн.

И покрај фактот што во почетниот период (2006/2007 година) во Република Македонија добар дел од иницијалните фактори не беа на посакуваното ниво', сепак, тогашното државно раководство изготви низа стратешки документи во насока на подигнување на нивото на елементарните критериуми и стандарди за забрзување на динамиката на СДИ. Стабилизацијата на внатрешно-политичките и

макроекономските состојби во земјава беа основниот предуслов за започнување на целокупниот процес на привлекување на СДИ. И навистина, бележиме еден исклучително стабилен период на политички и на економски план (2006-2016 година), особено на планот на макроекономската стабилизираност во државата. Стабилизацијата на фискалната политика меѓудругото беше изразена преку воведување на низок рамен данок, со што Македонија кон крајот на првата и на почетокот на втората деценија од овој век, стана земја со најниски даночни стапки и зафаќања во Европа, што имаше сериозен импакт и врз привлечноста за странските инвеститори. Стабилноста на домашната валута во однос на најсилните странски валути беше одржана во континуитет подолг временски период. Задолжувањето кон меѓународните финансиски институции како една од основните развојни компоненти се одржуваше на стабилно/подносливо ниво', така што, во ниеден момент до почетокот на политичките турбуленции во 2015/2016 година, ниту јавниот, ниту надворешниот долг на државата не се ни доближа до критичните граници и се одржуваше на 45-48% од БДП. Ниската, контролирана и речиси незначителна инфлација во тој период беше исто така силен фактор во динамизирањето на процесот на привлекување СДИ. Со еден збор, изграден беше силен стратешки подготвен и функционален систем на здрава општествено-политичка и макроекономска стабилност, која набргу по воспоставувањето стана основен привлекувачки фактор за заинтересираните странски инвеститори.

Иако големината на македонскиот пазар на почетокот беше сериозен хендикеп, сепак, со добар стратешки план во поглед на изборот на инвеститори чии производи се продаваат на поголеми пазари и имаат далеку поголем опфат отколку што тоа го нуди македонскиот, па и балканскиот пазар, уште на стартот беше надминат тој почетен недостаток. Изборот на мултинационални компании, особено од редовите на автомобилската индустрија и енергетиката кои продаваат на глобалниот светски пазар, релативно лесно го елиминираа тој хендикеп.

Недоволно изградената и нецелосно развиената инфраструктура во државава, исто така, на почетокот претставуваше значителна пречка во процесот на привлекување на СДИ. И токму од тие причини, кон крајот на 2010-те и на почетокот на следната декада, тогашното државно раководство започна вистинска градежна офанзива во насока на ревитализација на постојната и изградба на нова патна инфраструктура. Изградени беа две нови автопатски делници во централниот и во источниот дел на државата, реконструирани беа повеќе делници од постојната автопатска мрежа, извршена беше ревитализација на стотици километри магистрални и регионални патни правци, а започна изградбата и на две значајни автопатски делници (едната во западниот, а другата во централниот дел на земјата), но кои за жал, по промената на политичките состојби во државата, беа запрени и подолг временски период беа ставени во мирување. Исто така, значајна улога на планот на подобрувањето на патната инфраструктура одигра државата, издвојувајќи значителни средства од државниот буџет, а и дел од буџетите на општините за инфраструктурно опремување на ИРЗ и ТИРЗ. Најголем дел од нив, со ангажман на државата и на општините, добија пристапни патишта, напојување со електрична енергија, пристап до вода за пиење и за технолошки потреби, канализациона инфраструктура итн.

Во тој период, од страна на државниот врв, како и од страна на сите влијателни чинители, беа вложени огромни напори и енергија и на полето на развивање на сите расположливи фактори на производство, почнувајќи од ставање во

функција на развојот на сите природни ресурси со кои располага земјата, преку целосна мобилизација на расположливите човечки ресурси, со воведување на низа реформски зафати во образованието, особено со целосна мобилизација во високото образование, со цел овозможување на речиси секој граѓанин да има пристап до студирање и стекнување стручни вештини и искуства.

Значително поместување на планот на реализацијата на процесот на привлекување на СДИ во тој период беше направен и на планот на подигнување на нивото на бизнис-климата во земјата како домаќин на инвестициите. Особено се водеше сметка за усогласување на законската регулатива со онаа на земјите-членки на ЕУ, каде процесот на функционирање на СДИ е започнат од поодамна и се одвива со многу посилно темпо. Посебно се стави акцент врз потребите на потенцијалните инвеститори, како и врз усогласувањето на легислативата со критериумите и стандардите кои функционираат во светската економија. Тоа беше неопходно пред се заради потребите од стабилен правен систем и функционирање на правната држава, сегмент во кој мора да се признае, не се направија вистинските чекори во тој период. Впрочем, особено внимание беше посветено на следните елементи:

» Изнаоѓање градежно неизградено земјиште и парцели, без разлика на класата, намената и категоријата за намена – СДИ;
» Усогласување на констатираната состојба на теренот со можностите тоа земјиште да биде претворено во градежно;
» Усогласување на урбанистичката документација преку интервенции во Генералните и Деталните урбанистички планови, парцелизација, окрупнување/спојување на парцели итн.;
» Впишување во катастарската документација на земјиштата и парцелите врз кои ќе се градат ИРЗ и ТИРЗ (особено за привлекување на green field инвестиции);
» Поттикнување на субјектите кои поседуваат објекти за индустриско производство кои не се во функција, истите да ги продадат на потенцијални странски инвеститори (brown field инвестиции). Вакви објекти сеуште постојат во изобилство низ државата од периодот на транзицијата;
» Максимални административни олеснувања и повластувања за отворање фирми во земјава.

На планот на подигнувањето на нивото на конкурентноста, во тој период требаше да се изедначат условите за странските и домашните инвеститори, што реално беше еден од недостатоците на целиот процес, бидејќи тоа претставуваше извор на создавање нелојална конкуренција.

Една од најспецифичните одлики на целиот процес на привлекување на СДИ која тогашниот државен врв ја промовираше и која наиде на силна поддршка од сите чинители, беше транспарентната и широкоопфатна акција насловена како Investment in Macedonia. Во нејзини рамки беше извршена масовна мобилизација на севкупните човечки, стручни и професионални потенцијали. Главна цел беше медиумска, но пред се директна промоција на можностите и потенцијалите на Република Македонија за привлекување на СДИ и анимирање на најголемите странски мултинационални компании за перцепирање на можностите и убедување да инвестираат тука. Во тој контекст, во десетици земји низ светот се организираа т.н. Road Show - посети, на кои еминентни економски експерти од земјава и од светот се ставија во функција на промоција на сите наши потенцијали

и можности за инвестирање.

Имплементирајќи ги и афирмирајќи ги сите проектни задачи сублимирани во проектот за привлекување на СДИ, за неколку години низ државава никнаа погони на светски познати и признати мултинационални компании, корпорации и инвестициски фондови. Kronberg&Shubert, Costal, Apple Land, Drexler&Mayer, Johanson Mathey, Johanson Control, Gentherm… еден по друг се редеа капацитети на високо етаблирани странски компании, кои во светот на бизнисот и индустријата имаат исклучително висок рејтинг. За само неколку години, во Република Македонија беа изградени 59 нови СДИ. За релативно кус временски период, овие капацитети апсорбираа помеѓу 160.000-170.000 нововработени. Толку македонски семејства својата егзистенција ја реализираа токму тука, во новоотворените капацитети на СДИ. Ефектите беа набргу видливи: индустриското производство започна забрзано да расте; растот на БДП доживеа историски највисоко ниво'; учеството на нето-приливот од СДИ во севкупната македонска економија стануваше се повисоко. Невработеноста нагло започна да опаѓа, а рејтингот на Македонија од аспект на поволност за инвестирање незапирливо растеше. Дури и престижните светски економски списанија од типот на The Economist и Duing business ја рангираа нашата земја на 3-то место во Европа и 12-то место во светот според квалитетот на условите и поволностите за отворање и водење бизнис.

Практично, само за неколку години се покажа дека најисправниот пат по кој треба да се движиме кон еден брз и силен економски просперитет, е токму привлекувањето на СДИ. Ефектите и севкупниот бенефит, директно и мултипликативно се почувствуваа во сите сегменти на општественото живеење во земјава.

СДИ ВО МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 2014 година, вкупниот нето-прилив од СДИ во државата изнесувал 4.892 милиони долари. Во целиот период 1998-2014 година, најголем износ на СДИ бил остварен во 2007 година (700 милиони долари), а најнизок во 1999 година (88 милиони долари). Набљудувано како процент од БДП, нето-приливот на СДИ бил најголем во 2001 година кога изнесувал 12%, а најмал во 2005 година (1,5%). Додека пак, во поглед на потеклото на капиталот, заклучно со 2014 година, најголем дел од СДИ потекнувал од Холандија (21,4% од вкупните СДИ).

Година	1998	1999	2000	2001	2002	2003	2004	2005	2006
Износ на СДИ	150	88	216	446	105	117	322	94	424
Година	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	
Износ на СДИ	700	600	185	207	474	165	305	261	

Таб. 1: Нето-приливи на Сди во Македонија (во милиони денари)

Година	1998	1999	2000	2001	2002	2003	2004	2005	2006
Износ на СДИ	4,2%	2,4%	5,7%	12%	2,6%	2,4%	5,7%	1,5%	6,2%
Година	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	
Износ на СДИ	8,4%	6,1%	2%	2,2%	4,5%	1,7%	2,8%	2,3%	

Таб.2: Нето-приливи на СДИ во Македонија (процент од БДП)

ПЕРИОД НА СТАГНАЦИЈА ВО ПРИВЛЕКУВАЊЕТО СДИ

Во периодот 2015/2016 година во државава започнаа сериозни политички турбуленции. Промената на општествено-политичките прилики која се одвиваше во исклучително сложени услови, како да го измести веќе воспоставениот систем на привлекување СДИ кој добро функционираше претходно. Новата политичка гарнитура која го превзеде управувањето со државата, уште на самиот старт промовираше други и поинакви приоритети, а економските придвижувања како да останаа во втор план. На сметка на тие приоритети (евроатланските интегративни процеси) во државата настана сосема нова перцепција и пристап кон економските процеси, а кои имплицираа со застој во многу сегменти – дотогаш двигатели на економските текови: драматично забавија капиталните инвестициски зафати на планот на изградбата на инфраструктурата; без особена потреба, ненаменски и без видливи аутпути (позначителни капитални инвестирања) земјата започна да се задолжува; запреа процесите на агресивност во пристапот на државата кон потенцијалните странски инвеститори...Сето тоа резултираше со: драстичен пад на економскиот рејтинг и бонитет на Република Македонија во светски рамки; сериозен пад на индустриското производство и БДП; огромни проблеми во функционирањето на правната држава и разгорување на корупцијата во сите општествени сфери (пад на листата за перцепција на корупцијата според Transparency International за повеќе од 50 места); галопирачка инфлација до степен на стагфлација; драматично опаѓање на животниот стандард на граѓаните зачинето со енормен раст на цените на производите и услугите; висока задолженост на земјава која уште пред 2-3 години ја надмина психолошката граница од 60% учество во БДП...

Како резултат на ваквите неповолни состојби, државата стануваше се понеатрактивна за потенцијални странски инвеститори кои се повеќе ја одбегнуваа како инвестициска дестинација, барајќи погодна почва за своите инвестиции во други земји, вклучително и кај нашиот северен сосед.

СДИ КАКО ДВИГАТЕЛ НА ИДНИОТ РАСТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

Искуствата на голем број земји во светот, но и нашето неколкугодишно искуство, покажаа дека еден од главните правци на економскиот развој е токму процесот на привлекување на што повеќе СДИ. Неколкугодишната експанзија на овој процес остави забележителни траги врз нашата економија и покрај турбулентните движења кои се случија во земјава во последниве години. Во тој период, од страна на странските инвеститори беше апсорбирана значителна бројка од контингентот на работоспособно население, главно од помладата популација, а тоа доведе и до опаѓање на стапката на невработеност во државата. Учеството на нето-приливот од СДИ во вкупното национално производство, како

директно, така и преку реинвестирањето, стана движечки момент на македонската економија и нејзин одржлив фактор и денес. Со еден збор, во едни вакви сложени општествено-економски и политички прилики, многумина (со право) често си го поставуваат прашањето „што ќе се случуваше денес со македонската економија доколку претходно не беа реализирани бројните СДИ?"

Од сето изнесено, императивно се наметнува заклучокот дека приоритет на актуелното и на идното државно раководство, треба да биде ставањето силен акцент врз привлекувањето СДИ, односно, врз градењето стратешки пристап во целиот тој процес, со единствена цел – брзо рестартирање и ревитализација на севкупните економски текови во Република Македонија, чија основа треба и мора да бидат СДИ.

ПРЕДЛОГ-МЕРКИ ЗА РЕИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИВЛЕКУВАЊЕ СДИ

Во контекст на изнесеното, а со цел да се даде придонес во процесот на реинтензивирање на привлекувањето СДИ, ќе се обидам да ги таргетирам елементарните развојни правци во смисла на што поуспешно и поефикасно привлекување СДИ во државата:

- Воспоставување цврст, независен, стабилен и целосно реформиран правен систем со драстично намалување (барем сведување во подносливи рамки) на корупцијата;
- Усогласување на законската регулатива со потребите на процесот на привлекување СДИ во делот на елиминирање на сите административно-бирократски бариери;
- Ставање во функција на СДИ на оптимален дел од фондот на државно земјиште кое соодветствува по класа, категорија и намена;
- Брза и ефикасна изработка на неопходната урбанистичко-планска документација (ГУП-ови, ДУП-ови, парцелизација, окрупнување/спојување на парцели...);
- Интервенции на државата и општините со средства од сопствените буџети во инфраструктурно опремување на плацевите;
- Преку сериозни реформски зафати, создавање мал, ефикасен професионален, стручен и функционален административен апарат на сите нивоа во државата;
- Ставање во функција на промоција на процесот на привлекување СДИ на сите човечки и институционални потенцијали;
- Воведување максимални даночни и друг вид административни олеснувања во смисла на: симболични цени на плацевите, ниски даноци, ослободување од плаќање придонеси и друг вид давачки за вработените за одреден временски период;
- Изедначување на олеснувањата и бенефитите кои ќе важат за странските инвеститори со стандардите и критериумите кои ќе важат и за домашните потенцијални инвеститори. Ваква рамнотежа навистина не беше воспоставена во периодот на најинтензивно привлекување на СДИ, што сметам дека беше еден од основните недостатоци на целиот процес.

Напоредно со ваквите мерки насочени кон директно спроведување на активностите за привлекување на СДИ, неопходно е државата да реализира и мерки кои индиректно ќе го стимулираат процесот. Тоа, како што и погоре беше

нагласено, треба да се состои во: одржување на политичка и макроекономска стабилност; ревитализација и континуирана доизградба на патната и железничката инфраструктура; перманентно развивање на расположливите фактори на производство (природни ресурси, работна сила); усогласување на образовните процеси во државата со потребите на пазарот на трудот (потребите на новите инвеститори преку создавање долгорочна развојна образовно-програмска стратегија); развивање и усогласување според светските стандарди на пазарните услови за стопанисување; непрекинато подобрување на бизнис-климата (законската регулатива, конкурентноста).

РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА

1. Таки Фити, Економија, Скопје, Економски факултет Скопје, 2016;
2. European Commission (2016), Towards a foreing direct investment (FDI) attractivness scoreboard, Copenhagen Economisc, Copenhagen Denmark;
3. Бранимир Јовановиќ, Вистинската цена на евтината работна сила: Политики на привлекување на СДИ во Македонија, 2007-2015, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје, 2017

Интернет извори

4. mk.m.wikipedia.org/wiki
5. www.nbrm.mk/ns-newsarticle
6. www.nbrm.mk/direktni.investicii
7. eccf.ukim.edu.mkwww.crm.com.mk

311.31:637(497.7)"1999/2020"

Prof. Samoil Malcheski, PhD
Faculty of Economics and Organization of Entrepreneurship
International Slavic University "G. R. Derzhavin" Sveti Nikole-Bitola
Republic of North Macedonia

STATISTICAL ANALYSIS OF STOCKBREEDING PRODUCTION IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE PERIOD FROM 1999 TO 2020

ABSTRACT: In this paper, through the data published by the State Statistical Office, the stockbreeding production in the Republic of Macedonia in the period from 1999 to 2020 is reviewed. The following are considered separately: the movement of the number of cattle and poultry, the production of milk, wool and eggs, and the production of meat, with special attention being paid to the time periods in which, for understandable reasons, the country conducted various agricultural policies.

KEY WORDS: stockbreeding production, production of milk, wool and eggs

1. INTRODUCTION

Every activity related to the state has always been in the focus of the public and is the target of its criticism. The latter is especially evident in times of significant social change, such as those of the late twentieth century. The changes are obvious in both the political ideas and the state system, but still the most interesting remain the issues of economic relations, which are the basis of the quality of life of the citizens. The organizer of these relations is the government, which should provide conditions for fair competition, protection of the public interest, employment care and rational use of resources. In order to fulfill its obligations, the government prescribes laws and rules of conduct in economic competition, but also becomes a participant in economic activities. Thus, the government affects the lives of almost all social groups in the country, so it is natural for these groups to try to influence the nature of the laws, all in order to ensure a better social position. One of the most interesting segments of economic policy is agricultural policy, as in many countries around the world agriculture receives significant government assistance.

The basic benefits of the agri-food complex are often equated by the public with the availability of a wide range of food products at prices that most citizens can afford. On the other hand, the incorporation into the European Union requires the abandonment of the system of central planning and functioning of agricultural production in market conditions, which means the abolition of strict control over prices and consumer subsidies, privatization of state farms and reform of food processing and sales channels. products. But the position of the agri-food system in a market economy is not always clear. Namely, the market really works: farmers can produce what they want, in a way they choose, and they can sell the products at the highest price they can achieve. What is not clear is the state intervention in agriculture, which means supporting prices, controlling production in case of overproduction and the like. Most often, the agricultural sector receives significant financial resources, which can cause uncontrolled growth of production, which can lead to overproduction of certain agricultural products and a serious shortage of other products.

Having in mind the above, it can be said that setting goals and selecting appropriate measures and instruments of agricultural policy, above all implies a good knowledge of the situation in the sector. This means that it is necessary to know the state of the structure and resources and the functioning of the economic laws in the sector. The latter is of particular importance, because the direct application of certain measures, which have proven to be successful in one place, does not necessarily mean that they will give good results in Macedonian agriculture. Therefore, in this work an attempt was made to perceive the situation in stockbreeding production in the period 1999-2020. Such observations are the basis for assessing the effects of agricultural policy, which in certain periods of time have been realized by the governments in the Republic of Macedonia.

2. ANALYSIS OF STOCKBREEDING AND POULTRY

In the analysis of the situation with livestock we will refer to the movement of the number of cattle, pigs, sheep and horses in the period from 1999-2020. We will not review the situation in goat breeding, because except for 2007 and 2013 there are no data available on the movement of the number of goats in Macedonia, which is a serious problem for understanding the situation in this branch of livestock production.

Table 1 provides data on the movement of the total number of cattle and the number of cows and steleheifers.

Year	Total	Cows and stele hefers	Total	Sows and mating sows	Total	Sheep for breeding	Horses
1999	270147	171969	226047	32674	1288733	868661	57152
2000	264968	171745	204135	29247	1250686	887057	56486
2001	265266	174255	189293	26541	1285099	896769	45638
2002	258973	172784	196223	29999	1233830	882823	41775
2003	259976	160810	179050	31508	1239330	827435	42883
2004	254803	161554	158231	23960	1432369	1005271	40391
2005	248185	156950	155753	24809	1244000	833181	39651
2006	255430	164013	167116	28148	1248801	858684	40553
2007	253766	143217	255146	42533	817536	551379	31065
2008	253473	147519	246874	34972	816604	587625	30936
2009	252521	128628	193840	27993	755356	521524	29418
2010	259887	135004	190552	28279	778404	568301	26658
2011	265299	164537	196570	24180	766631	545631	25415
2012	251240	161012	176920	23534	732338	520767	21676
2013	238333	154487	167492	23581	731828	530760	20682
2014	241607	155432	165054	740457	531160	531160	19371
2015	253442	156699	195442	733510	580840	580840	18784
2016	254768	160603	202758	723295	555932	555932	19263
2017	255036	163618	202197	724555	565063	565063	17951
2018	256181	163514	195538	726990	579747	579747	10041

2019	217790	133740	135770	684558	533393	533393	8952
2020	222022	142037	164074	630634	476914	476914	9154

Table 1. Number of livestock
Source: Statistical Yearbook of the Republic of Macedonia 2000-2021, State Statistical Office

From the presented data it can be noticed that the number of cattle is continuously decreasing, whereby in the period from 1999-2002 the average number of cattle per year was 264838, so that in the period from 2003-2006 it decreased to 254598, in the period from 2007-2016 it decreased to 252434, and in the period from 2017-2020 it decreased to 237757 heads. As we can see in the second and fourth period, the declines are drastically greater, with the last two of the twenty-two years we have, we have extremely worrying data. Namely, if in 1999 compared to 2020 the number of cattle is 21.68% higher, in 2016 compared to 2020 it is higher by 14.75%, which means that about two thirds of the total reduction in the number of cattle has happened in the last two years. This data is a sufficient indicator for assessing the agricultural policy that is being implemented after 2016 and it can be said that it is not in function of the development of cattle breeding. The situation is similar with cows and heifers, where the annual average number from 172688 in the period 1999-2002 decreased to 160831 in the period 2003-2006, and then in the next two periods that number is around 150700. In this case we seem to have a more stable situation, but if we take a good look at the data we will notice that from 2011 to 2018 we have a relatively constant number of cows and heifers, so that in the last two years the situation has deteriorated dramatically and again about two thirds of the total reduction in the number of cows and heifers from 1999 to 2020 it happened in exactly these two years.

From the data in Table 1 it can be seen that starting from 1999 until 2005 the total number of pigs is constantly declining, so that in 2007 we have a drastic increase in it and then again record a negative trend. This directly reflects the number of pigs in the considered sub-periods, so in the period from 1999-2002 there were an average of 203925 pigs, in the period from 2003-2006 there were an average of 165038 pigs, in the period from 2007-2020 that number is 199065, to in the period 2017-202 it was reduced to 174395 pigs. As we can see in the second and fourth period we have drastic reductions in the annual average number of pigs, which ultimately resulted in 1999 compared to 2020 the number of pigs to be higher by 37.77%, and in 2016 compared to In 2020, this number should be higher by 23.58%. As in the case of cattle, here we notice that the last two of the considered period of twenty-two years we have a drastic deterioration of the situation in pig farming. As for the sows and caterpillars, in the period from 1999-2002 their average number is 29615, and then in the period 2003-2006 it decreased to 27106 and in the next period from 2007-2016 it is 27023, which means we have relatively stable situation, which in the period 2017-2020 is drastically deteriorating and that number is 19712. In this case the situation is more than worrying, because in 11999 compared to 2020 there were as much as 96.03% more sows and caterpillars, and in In 2016, compared to 2020, the number of sows and caterpillars is higher by an incredible 52.86%. What this means should not be analyzed separately, but it can be said that the data indicate that in recent years in this segment of livestock production we have a free fall.

According to the data from Table 1, it can be said that the situation in sheep breeding is alarming. Namely, in the period from 1999-2006 both the total number of

sheep and the number of sheep for breeding is relatively constant, so that in 2007 it registered a drastic decrease and then in the period from 2007-2016 the decrease will continue, but with lower intensity. Thus, in the period from 1999-2002 the average number of sheep was 1264587, in the period from 2003-2006 that number was 1291125, and in the period from 2007-2016 the average number of sheep was 759596. The relatively stable situation in the period from 2012 -2016 has started to deteriorate again in the last period in which the average number of sheep is decreasing to a worrying 691684 heads, with the fall again huge for the last two years. The negative trends in sheep breeding, which are largely a consequence of the bad policies in this sector, resulted in the fact that in 1999 there were 104.36% more sheep compared to 2020, and in 2016 compared to 2020 the number of sheep increased by 14.69%. The situation is similar with the breeding sheep, where the average number from 883826 in the period 1999-2002 decreased to 881143 in the period 2003-2006, ie to 549391 in the period 2007-2016 and to 538799 in the period 2017-2020. year. This resulted in 82.14% more sheep for breeding in 1999 compared to 2020, and in 206 compared to 2020 the number of sheep for breeding was higher by 16.57%. What this means should not be commented on separately, but we will only mention that the latter directly reflects on both the production of sheep meat and the production of sheep milk, which we will talk about later.

The movement of the number of horses in the period under review is shown in Table 1. As we can see in the whole period we have a negative trend in the total number of horses, so if in the period 1999-2002 there were an average of 50,263 horses, in the period 2003- In 2006 that number dropped to 40870 horses, in the period from 2007-2016 it was only 24327 horses, and in the period from 2017-2020 it dropped to only 11525. As can be seen the number of horses in 1999 in compared to 2020 was higher by an incredible 524.34%, and in 2016 compared to 2020 was higher by 110.43%. What this means does not need to be commented on, as the numbers speak for themselfs.

Year	Year
1999	1999
2000	2000
2001	2001
2002	2002
2003	2003
2004	2004
2005	2005
2006	2006
2007	2007
2008	2008
2009	2009
2010	2010
2011	2011
2012	2012
2013	2013
2014	2014
2015	2015

2016	2016
2017	2017
2018	2018
2019	2019
2020	2020

Table 2. Number of poultry
Source: Statistical Yearbook of the Republic of Macedonia 2000-2021, State Statistical Office

Table 2 provides data on the number of poultry in the period under review. As we can see from the number of poultry there is a continuous negative trend throughout the period, except for the increase in 2013 compared to 2012. Namely, if in the period from 1999-2002 the average number of poultry was 3146789, in the period from 2003-2006 it dropped to 2586250, so that in the period from 2007-2016 it was only 2009159 and finally in the period from 2017-2020. dropped to only 1718503. Therefore, in 1999 compared to 2020 the number of poultry is higher by an incredible 96.12%, and it is higher in 2016 compared to 2020 by 13.53%. Moreover, according to the data from Table 2, it can be concluded that in the last two years we have a serious decrease in the number of poultry, something that was characteristic for both cattle and pigs and sheep.

In the above reviews we have mentioned several times that the reductions in livestock and poultry is serious in the last two years of the period under review. The emphasis on these two years is because it is a direct result of the agricultural policy that is implemented after June 2017 and which given the nature of livestock production at least in 2017 and 2018 did not have a serious impact on it.

3.PRODUCTION OF MILK, WOOL AND EGGS

Table 3 shows the movement of milk production for the period considered. As we can see in the considered period, the total milk production is constantly increasing, which results in an increase in the average annual production in each of the considered subperiods. Thus, from 1999-2002 the average annual milk production is 249794.5 thousand liters, in the period from 2003-2006 it is 260556.8 thousand liters, in the period from 2007 to 2016 it is 423247.3 thousand liters and in the period from In 2017-2020, the annual average is 450738.5 thousand liters of milk. However, this increase is not balanced, so the second compared to the first period we have an annual increase of average production of 2690,563 thousand liters, in the third compared to the second period this increase is 16269.06 thousand liters, and in the fourth compared to the third period it is 6872.8 thousand liters. Of course, this uneven increase in the average annual milk production is due to the agricultural policy that has been realized in these periods, but here we will mention that it is partly a result of the fact that from 2007 onwards the data includes production of goat milk, which is calculated and shown in Table 4.

		Cow's milk		Sheep milk	
Year	Total1)2)	Total	l per dairy cow	l per dairy cow	l per dairy sheep3)
1999	240331	202387	2152	2152	45
2000	260400	220244	2343	2343	47
2001	248390	200904	2096	2096	54
2002	250057	198431	2094	2094	61
2003	243999	191533	2140	52446	62
2004	260774	212898	2362	47876	49
2005	246164	246164	2254	48700	48700
2006	291290	291290	2497	56582	56582
2007	438168	438168	2880	35473	35473
2008	438069	438069	2835	38296	38296
2009	394942	394942	3004	32934	32934
2010	394334	394334	2787	32157	32157
2011	417236	417236	2866	25381	25381
2012	403233	403233	2928	38616	38616
2013	429400	429400	3009	34270	34270
2014	436257	436257	3053	35661	35661
2015	417388	417388	2828	40748	40748
2016	463446	463446	3046	41046	41046
2018	463635	463635	3077	36559	36559
2019	442856	442856	3438	35088	35088
2020	447709	447709	3648	26925	26925

Table 3. Milk production in thousands of liters
Source: Statistical Yearbook of the Republic of Macedonia 2000-2021, State Statistical Office
1)The milk suckled by the offspring is not included
2)Goat milk has been included since 2007
3)The average is calculated per female fertile throat

Year	Year
2007	2007
2008	2008
2009	2009
2010	2010
2011	2011
2012	2012

2013	2013
2014	2014
2015	2015
2016	2016
2017	2017
2018	2018
2019	2019
2020	2020

Table 4. Goat milk in thousands of liters
Source: Statistical Yearbook of the Republic of Macedonia 2000-2021, State Statistical Office

It is easy to calculate that in the period from 2007-2016 the average annual production of goat milk was 18832.4 thousand liters, and in the period from 2017-2020 it was 18564.5 thousand liters of milk, which means that in the drastic increase of milk production in the period 2007-2016 the inclusion of data on goat production does not have any major impact. Regarding the total milk production, it can be noticed that the annual production, with insignificant fluctuations, was in constant growth in the period from 1999-2016, so that in the last period it has stagnated with a tendency to decrease, as evidenced by the data on the total annual milk production from 2016 to 2020.

APSTRACT: The scandal surrounding the opening of the ENRON company accounting books is considered one of the largest in the United States in the past 20 years. At the very beginning of its establishment, the compnay was palced on the list of the fastest growing companies in the United States, however this image was destroyed after less than 20 years existence. What can be taken as a starting point for such situation that the company found itself in, is the company's inproper management of accounting books and the manipulation of laws and accounting-auditing practices. Namely, ENRON is not only a synonym for scandal, but also the basis for the adoption of new laws in the field of corporate accounting in the United States.

KEYWORDS: ENRON, accounting, report, debt, bankruptcy, fraud, auditor

ВОВЕД

Енергетската Компанија ENRON со седиште во Хјустон, Тексас до ден денес претставува синоним за најголемата финансиско-сметководствена измама во светот. Како една од најголемите компании во САД таа претставуваше еден важен дел од државната економија. Дополнително нејзиното име стана пример за корпоратина измама, корупција и манипулација на сметководствените книги кои во 2001 година излегоа на виделина со што покажаа дека компанијата ја излажирала својата финансиска состојба. Дополнително нејзиното име стана пример за корпоратина измама, корупција и манипулација на сметководствените книги кои во 2001 година излегоа на виделина со што покажаа дека компанијата

ја излажирала својата финансиска состојба. Нејзин основач и прв директор е бизнисменот Кен Леј. Кој ја основа по пат на фузија на две до тогаш мали регионални компании Lay's Houston Natural Gas и InterNorth во 1985 година. Подоцна, Леј стана претседател на управниот одбор и своето место како генерален директор на компанијата му го отстапи на Џефри Скилинг. Во времето на мандатот на Скилинг како генерален директор компанијата беше присвоила најбрзо растечка стратегија. Важно е да се напомене дека како главен помагач во создавањето и спроведувањето на истата е финансискиот директор на компанијата Ендру Фастоу. Во 2000 година во финансискиот извештај подготвен од негова страна тој се обидува да изврши пропаганда со која уште еднаш ја зголемува добивката на компанијата. Тој ја опиша главната цел на компанијата како создавање на вредности и можности за „вашиот" бизнис комбинирајќи ги финансиските ресурси заедно со пристапот до природни добра и знаење за пазарот. Сето тоа со крајна цел да се создадат иновативни решенија на веќе постоечките индустриски проблеми. Важно е да се напомене дека најголемиот дел од своите средства компанијата ги прибираше со правење на несигурни, сомнителни и скапи трансакции.

ХРОНОЛОГИЈАТА И ГОЛЕМИНАТА НА СКАНДАЛОТ НАРЕЧЕН ENRON

Како што веќе споменав компанијата ENRON е основана во 1985 година, со што за прв главен извршен директор на компанијата е поставен Кен Леј. Во 1989 компанијата започна со тргување со природен гас. Следната година, Леј го вработува Џефри Скилинг. Сето ова со цел тој да ги да се фокусира на тргување со стоки на дерегулираните пазари. Додатно, Фестоу е еден од првите вработувања на Скилинг подоцна истата година. Имено, во јануари 1997 година Скилинг е поставен за главен оперативен директор на ENRON. А пак во јули истата година ENRON го ангажира Portland General Electric со цел да спроведе експертиза за тргувањето со електрична енергија на големо и мало. Во август 1997 ENRON се шири надвор од енергетските тргувања, воведувајќи и тргување на стоки со побогати деривати. Во мај личноста со име Ребека Марк е именувана за потпретседател на ENRON. Додатно таа помогнала во изградбата на електраната во Дабхол, Индија, во вредност од околу 3 милијарди долари. Таа претходно беше главнта конкурентка за позицијата која ја доби Скилинг. Додатно, во подоцнежните години од нејзината кариера во ENRON ќе биде избрана за негов главен извршен директор. Во јули 1998 година ENRON се отвара глобално со што плаќа 1.3 милијарди американски долари на главниот дистрибутор на електрична енергија во Сао Паоло и 2.4 милијарди долари за британската Wessex Water. Во исто време Ендру Фастоу е именуван за финансиски директор на компанијата. Наредната 1999 година во Април месец се донесува одлука за инвестирање на 100 милиони долари за изградба на нов стадион за бејзбол ќе го носи името на ENRON. Исто така Ричард Кози именуван за главен сметководител на компанијата. Подоцна истата година Фастоу го создава првото од двете партнерства, LJM, за кое се тврди дека „купува" средства од ENRON со слаби перформанси и штити ризични инвестиции, но вистината е дека и помага на компанијата да го скрие долгот и фиктивно да го зголеми својот профит. Одборот на директори на компанијата го одобрува планот на Фастоу, со тоа што тој започнува да раководи со партнерствата што прават договори со ENRON. Во исто време тој продолжува да ја извршува функцијата директор за финансии на ENRON. На горе споменатиот Кози и поранешниот главен директор за ризик Рик Бај им се доделени задачи за

следење на таквите зделки со цел да ги заштитат интересите на ENRON. Во месец ноември истата година Скилинг ја лансира платформата за тргување EnronOnline. Следната година во јуни ENRON започна со онлајн тргување на метали. А во август вредноста на една акција ја достигна вредноста од 90 долари. На крајот на годината менаџментот на ENRON објави дека Скилинг, кој во тој момент е генерален оперативен директор и претседател, ќе го наследи Кен Леј. Мандатот на Скилинг трае кратко и веќе во август тој поднесе оставка и Леј повторно е именуван за извршен директор. Во исто време, финансискиот извршен директор Шерон Воткинс побарала начин да се состане со Леј, со цел да ја искаже својата загриженост за матните финансии и сметководствени практики што би можеле да ја уништат компанијата. На 16 октомври истата година ENRON излезе со извештај за своите загуби за третиот квартал изнесуваа 638 милиони долари. Дополнително менаџментот на компанијата укажа на 1,2 милијарди долари загуба на акционерскиот капитал. По само три дена од овие настани, комисијата за хартии од вредност започна истрага за финансиското работење на ENRON. На 22 октомври менаџментот на компанијата ја поддржа истрагата на комисијата за можен конфликт на интереси поврзан со зделките направени со компиниите управувани од страна на Фастоу. Во соопштението за новинарите кое го даде Леј, тој истакна дека со нетрпение ја очекува завршницата за случајот со што би се ставила точка на шпекулациите во врска со сомнителните трансакции на ENRON. На 24 октомври на Фастоу му беа одземени овластувањата. На 5 наредниот месец благајникот на Енрон, Бен Глисан Џуниор, и адвокатката Кристина Мордаунт, беа отпуштени поради тоа што вршеле инсајдерско инвестирање во партнерска компанија која била управувавана од страна на Фастоу. Со што секој од нив се стекна со добивка од 1 милион долари за само неколку недели. На 8 ноември ENRON и ги отстапи на комисијата финансиските извештаи од претходните 5 години со цел истата да изврши ревизија. Веќе наредниот ден Dynegy Inc. објави договор за купување на ENRON за повеќе од 8 милијарди долари во акции. На 28 ноември акциите на ENRON на пазарот паднаа под 1 долар бидејќи Dynegy Inc. го прекина планот да го купи својот поранешен ривал. За конечно на 2 декември ENRON да банкротира, со што илјадници работници се отпуштени. На почетокот на следната 2002 година односно на 9 јануари, министерството за правда на САД излезе со соопштение дека е започната кривична истрага против ENRON. На 10 јануари, Белата куќа откри дека Леј во претхосниот период побарал помош од двајца членови на кабинетот на претседателот, но ниту еден не му помогнал. Дополнително, ревизорската фирма, Артур Андерсен LLP, уништила тони документи на ENRON. На 23 јануари, Кен Леј ја поднесува својата оставка од позицијата - претседател и извршен директор на компанијата. Имено, на 25 јануари Клиф Бакстер, поранешен директор на трговскиот сектор, а подоцна и потпретседател на компанијата е пронајден мртов во својот автомобил. За на 12 февруари Кен Леј да го употреби петтиот амандман на сослушувањето во Сенатот откако изрази „длабоко жалење“ за колапсот на ENRON. По цели 5 години односно на 30 јануари 2006 година започна судењето на одговорните во скандалите. Со што и формално се стави крај на седмата најголема корпорација во САД.

Доколку сакаме да ја утврдиме големината на скандалот наречен ENRON, мораме да ги обработиме податоците од табелата бр. 1. Имено најголемата разлика во периодот на 2000 до 2001 година во вредноста на една акција на компанијата е околу 82 долари со што се докажува како реагирал пазарот. Дополнително

за големината на скандалот говори бројката на отпуштени работници која изнесуваше дури над 20,000. Вкупниот долг на компанијата на крајот се искачи над 13 милијарди долари.

Најголема цена на акција во месец Јануари 2000 година: $83
Најголема цена на акција во месец Јануари 2001 година: $0.67
Вкупна загуба: $63,101,519,000
Вкупен број на вработени: 20,600
Големина на компанијата пред затворање: 7ма најголем а компанија
Нето добивката на компанијата за 2000 година: $979 милиони
Федерални такси кои се платени во 2000 година: $0
Остварен профит во последните 4 години: Приближно $600 милиони
Вкупен број на надворешни партнери на компанијата: Повеќе од 3,000
Партнерства кои се склучени со офшор: Околу 900
Вкупен долг на компанијата според сметководствените книги, базирани на стечајната пријава: $13.12 милијарди

Најголема цена на акција во месец Јануари 2000 година	$83
Најголема цена на акција во месец Јануари 2001 година	$0.67
Вкупна загуба	$63,101,519,000
Вкупен број на вработени:	20,600
Големина на компанијата пред затворање	7ма најголема компанија
Нето добивката на компанијата за 2000 година	$979 милиони
Федерални такси кои се платени во 2000 година	$0
Остварен профит во последните 4 години	Приближно $600 милиони
Вкупен број на надворешни партнери на компанијата	Повеќе од 3,000
Партнерства кои се склучени со офшор	Околу 900
Вкупен долг на компанијата според сметководствените книги, базирани на стечајната пријава:	$13.12 милијарди

Табела 1. Скандалот на ENRON прикажан со помош на бројки

Додатно од горе прикажаните бројки можеме да направиме математичка пресметка дека за само една година од моментот на отворањ на сметководствените книги компанијата. Цената на една акција има пад од околу 0,225 долари дневно. Имено, подетално ова може да биде видено во графиконот на слика бр. 1.

Слика 1. Цената на една акција на ENRON од Август 23, 2000 до Јануари 11,2002

Исто така, важно е да се напомене дека компанијата во време на своето постоење има склучено договори за партнерства со многу домашни но и странски компании. Имено за почеток на пропаѓањето на ENRON, можеме да го означиме моментот кога инвеститорите се запознаа за прв пат со вонбилансната состојба на компанијата и нејзините партнерите кои поради нивното незнаење успеаа да сокријат ненаплатени договори за обврски од повеќе од милијарда американски долари. Додатно, ENRON и многу други компании користејќи ги предностите на ентитетите за посебна намена и пазарното смековотсво да ја затајат реалната финансиска слика.

ГЛАВНИ АКТЕРИ

Секоја финансиска измама мора да има и свои подготвувачи. Па токму поради тоа во ова поглавје ќе бидат потенцирани главните актери кои дополнително допринесоа во лошото и измамничко работење на компанијата.

Најпрво мораме да го споменеме свиркачот односно да ја наведеме индивидуата која е „виновна“ за обелоденувањето на вистината за ENRON. Која се крие позади името на финансискиот извршен директор на компанијата ENRON – Шерон Воткинс. Нејзината задача беше да ги продаде средствата на компанијата, но нејзината загриженост за високо технолошкиот балон во кој се наоѓаше компанијата беше голема. На ова се надоврза и падот на цените на акциите на ENRON. Воткинс исто така беше одговорна за пронаоѓањето на „нејасните“ трансакции во книгите на компанијата. Па затоа таа подготви извештај на седум страни. Во извештајот таа ја искажа загриженоста за иднината на компанијата. Сепак, извештајот не го прифатија извршниот директор, претседателот и ревизорот на компанијата. Загубата што ја прифати ENRON во 2001 година беше нешто на што претходно предупреди Воткинс.

Втората клучна личност во овој скандал е горе споменатиот финансиски директор - Ендру Фастоу. Тој беше прогласен за еден од најдобрите финансиски директори на годината во 2000, а подоцна беше обвинет по 98 точки за лажирање на профитот на компанијата. Всушност, тој беше виновен за проневерата на акционерите и другите засегнати страни во работењето на ENRON. Имено, тој беше

обвинет за измама, перење пари и друго. Според многу професионалци Фастоу е сметан за мозокот на компанијата поради тоа што го пронашол решението за прикривање на долгот на ENRON од 1 милијарда американски долари. Токму поради тоа, бакротот на компанијата во најголем дел е негова одговорност. Исто така, Фестоу се смета за крив поради нелегално стекнување на имот од 30 милиони долари со помош на користење на нелегални методи како што се мито и корупција за склучување на сомнителни партнерства. На почетокот на судскиот спор тој се изјасни дека е невин по обвинениата кои му се ставаат на терет, но подоцна го промени својот исказ со што стана клучен сведок на судењето против Леј и Скилинг.

Како трета клучна фигура во скандалот се смета извршниот директор на ENRON - Џефери Скилинг. Поточно, идејата која тој ја постави и ја преточи во тоа што стана ENRON лежеше во тргувањето и управувањето со ризичните електрани поседувани од страна на надворешни лица. Додатно тој пронајде начин да одржи висок кредитен рејтинг и фиктивно да го зголеми капиталот на ENRON. Исто така тој успеа да префрли голем дел од сопствените средства од билансот на состојба. На судењето поротата го прогласи Скилинг за виновен, по што тој е осуден на 24 години затвор. Но во јуни 2010 година случајот повторно се отвори и оваа одлука е преиспитана. Конечно, во 2019 година Скилинг е пуштен на слобода по одлежани 12 години во затвор.

Како последен внатрешен член на оваа измамничка алка се смета првиот извршен директор на ENRON - Кен Леј. Тој како одговорен за поставувањето на горе споменатиот Скилинг на позицијата на извршен директор ја има организирано раководствената шема. Додатно тој започна да го продава својот удел во компанијата во вредност од 80 милиони долари уште од крајот на 2000 година. Поради тоа сите очекуваа дека тој ќе биде обвинет за измама, заговор и инсајдерска трговија. Тој се соочи со вкупно 19 обвиненија. На крајот не е донесена пресуда од страна на судот поради неговата ненадејна смрт. Со самото тоа неговиот имот остана не запленет иако се смета дека тој е украден од ENRON.

Најголем надворешен соучесник е адвокатската фирма Винстон и Елкинс. Имено, ENRON како еден од најголемите клиенти на Винстон и Елкинс (Vinston and Elkins) им отстапи 7% удел односно 450 милиони приход, со што за возврат се очекуваше да дадат свое мислење во врска со склучените договори помеѓу ENRON и ентитетите за специјална намена. Дополнително, адвокатската фирма се прогласи за одговорна поради отфрлањето на жалбите на свиркачите. За време на судењето адвокатската фирма не ја призна својата вина за целата финансиска малверзација. Сепак таа донесе решение да му плати на ENRON 30 милиони долари со чија помош се подмирија барањата за стечај.

Како последна алка во овој систем се наоѓа компанијата Мерил и Линч. Имено, државата кривично ги обвини сите службеници од банките и фирмите за хартии од вредност кои наводно му помогнаа на ENRON да ги прикрие своите сметководствени неправилности. M&L беше под сомнение по случајот од 1999 година за купување на бродови за производство на електрична енергија во близина на брегот на Нигерија. Обвинението за целиот случај е темелено на фактот дека продажбата која била направена од страна на ENRON на M&L претставувала финансиска измама што му дозволила на ENRON да незаконски прокнижи добивка од околу 12 милиони долари без истата да биде одаточена и легната на сметките на компанијата. Всушност, четворица поранешни главни

директори на M&L и двајца поранешни средни менаџери на ENRON се обвинети за заговор и измама. Директорите на Мерил Линч се првично осудени, но, по поднесените жалби до судот сите тројца се прогласени за нивни и обвиненијата против нив се отфрлени од страна на 5-тиот Окружен Апелационен суд на САД во Њу Орлеанс. Судот одлучи да не го повтори судењето по донесувањето на ваквата одлука и тие успеаа да постигнат спогодба со истиот. Тие ги отпуштија сите банкари и се согласија да имаат надворешен надзор кога станува збор за сите нивни финансиски трансакции.

УЛОГАТА НА ФИНАСИСКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ВО СКАНДАЛОТ НАРЕЧЕН ENRON

Важно да се напомене дека тргувањето во компанијата се состоеше од долгорочни договори со нејзините партнери. Имено, во случајот на ENRON како и во сите останати компании кои издаваат акции сопствениците на капиталот (акционерите) можат да заработат на два начина: со распределба на дивиденди и со апрецијација на цената на акциите. Цената на акциите се зголемува кога компанијата постојано покажува профит на своите финансиски извештаи. Добро котирачките компании како што беше и ENRON имаа тенденција да обезбедат дел од акциите на нивното извршно раководство, така што тие лично се заинтересирани за зголемување на цената на нивниот капитал. Ова го прават со цел да се подобри изгледот на перформансите на компанијата во финансиските извештаи. Според општо прифатените сметководствени принципи (GAAP) раководството на ENRON изврши три големи прекршоци со цел да ги скрие загубите и долговите на компанијата:

1. Вонбилансната состојба и создавањето на ентитети за посебна намена (SPEs) и договарање со банките JPMorgan Chase и Citigroup, кои помогнаа да се земаат заеми во периодот 1992-2001 година.
2. Употребата на методот на пазарно сметководство како модел на тргување, кое беше дозволено од комисијата за хартии од вредност во отсуство на сметководствени стандарди за при-пејд трансфери на стоки.
3. Манипулации со деривати, со што успеаа да ги сокријат загубите во делот на дериватите.

Со цел најлесно да се објасни улогата на финансиските инструменти ќе биде разгледан пример. Овој пример е изнесен од страна на А.Р. Абдел Кхалик чија цел е објаснување на улогата на финансиските инструменти во шемата за измама со предвреме наплатени трансфери на стоки Enron-Delta-Citi.

„По претпоставка, Delta Energy, SPE на Citigroup, склучува договор со ENRON со што треба да плати 249,5 милиони долари. По основ на склучениот договор ENRON треба да испорача енергија по променлива цена. Подоцна, Delta Energy го продаде овој договор на Citigroup за 249,5 милиони долари. Конечно, ENRON ја подмирува обврската со плаќање на 255,6 милиони долари на Citigroup во време од шест месеци. Со што, заемот од 249,5 милиони долари и со камата од 6,1 милиони долари е камуфлиран во стоковна размена."

Ваквите и другите видови на лажни трансакции станаа можни поради голем број фактори. Како најважни ќе ги споменам следниве:

1. Дерегулацијата на пазарот на гас и електрична енергија под притисок на застапниците на слободниот пазар и нејасните правила на пазарно сметководствениот.

2. Отсуство на сметководствени стандарди за при-пејд трговија на стоки. Иако Одборот за финансиски сметководствени стандарди (ФАСБ) издаде сметководствен стандард за деривативни инструменти и активности за хеџирање во јули 1998 година, Групата за имплементација на деривати се изјасни по тоа прашање дури во јули 2003 година. Со тоа беше оставен простор во кој компанијата делуваше.
3. Состојбата на финансискиот пазар во 1990-тите беше таква што немаше котирани пазарни цени или други тековни пазарни трансакции, кои вклучуваат енергетски фјучерси, така што ENRON можеше да процени онолку високи добивки колку што сака без да се повикува на кој било надворешен извор
4. Корупција (врски со семејството Буш).
5. Агресивна култура на „пумпање на извештаите" во компанијата и ниската корпоративна етика.
6. Притисокот за производство на нови идеи за прикажување на профитот, кој вклучува сомнителни и ризични трансакции и мерики.
7. Масовните кампањи на личноста одговорна за односи со јавност на ENRON ги изманипулира акционерите со цел да инвестираат во акции, а тоа дополнително беше потпомогнато од фактот дека тие знаеа како функционираат финансиските пазари.

Сметам дека улогата на финансиските инструменти во скандалот наречен Енрон е централна. Ова е така бидејќи сите горенаведени дела, без разлика дали тоа се манипулации со сметководствени стандарди, инсајдерска трговија, коруптивни практики, прекршување на законите или етичките норми, беа употребени за остварување на една цел. А, таа е зголемување цената на акциите.

ИДНИ ПРАКТИКИ И НОВИОТ ЗАКОН ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИ КНИГИ

Денешните сметководствени практики се темелат на тековните вредности за предвидување на идните приходи од страна на менаџментот на компанијата. Пазарното сметководство е од најголема помош на системот за одредување и прогнозирање на цените на електричната енергија и идните каматни стапки. ENRON беше главно зависен од структурирани финансиски трансакции. Со чија помош тој ја сподели сопственоста на паричните текови и ризиците со кои се соочуваа надворешните инвеститори на компанијата. За оваа цел се користеа создадените ентитети за посебна намена кои користеа средства за управување со ризици. Злоупотребата на ентитетите за специјална намена беше можна само од причина што тие не беа независни од компанијата. Енергетските компании можеа да наведат приход еднаков на вкупниот број на долари генерирани од трговијата што ја остварија наместо да се концентрираат на провизиите за тие тргувања. Ова беше познато како известување за бруто приход. ENRON го злоупотребуваше овој концепт за известување за бруто приходи и успеа да генерира дополнителни 95 милијарди долари приход.

Според новиот Sarbanes–Oxley Act кој беше донесен во 2002 година, барањата на менаџерите и извршните директори се однесуваат на нужноста од корпоративна одговорност за финансиските извештаи. Имено, неговата главна цел лежи во потребата од поставување на сметководствени стандарди за финансиските извештаи. Дополнително, истиот укажува на одговорноста што менаџерите треба да ја имаат во нивното изготвување и на потребата од ревизија на истите. Имено ова е уредено со цел истите да не содржат лажни

информации кои ќе претстават подобра слика за компанијата. Главната цел на надворешните ревизори е да ги прегледаат финансиските извештаи и да дадат мислење за истите. Тие го презентираат ова на компанијата до оној степен до кој тие вршат ревизија на нејзините книги. Во одредени случаи, ревизорот може да смета дека е покорисно да се концентрира на конкретни финансиски трансакции и да избегне каква било зависност од самата компанија, практично да биде ревизор само за одредени трансакции. Надворешните ревизори главно се концентрираат на финансиски контроли. Всушност, ревизијата на оперативните и административните книги не е должност на надворешните ревизори. Додатно, тие не треба да ги вклучат контролните области во опсегот на ревизијата во која се ревидираат финансиските извештаи. Внатрешните ревизори пак се грижат за оперативните и административните книги. Постојат и случаи кога компаниите се обраќаат за помош на компанијата што им врши надворешна ревизија со цел да спроведат ревизија на оперативните и административните книги. Ова се случува поради незадоволството на менаџерите од тимот кој е задолжен за внатрешна ревизија на компанијата и од неможноста тие да дадат предлози за подобрување на перформансите на компанијата. Одборот за ревизија е формиран од страна на и работи во интерес на одборот на директори. Ова е така со цел да врши надзор над сметководствените и финансиските извештаи на компанијата. Всушност, јавните претпријатија кои прибегнуваат кон извршување на ревизии мора да ги информираат одборите за ревизија за одредени процедури кои би им помогнале во поставувањето на високите ревизорски стандарди. Дополнително, одборот за ревизија треба да е способен да ги идентификува основните сметководствени правила и мерки што треба да се преземат со цел да ги имплементираат во истата. Писмените комуникации помеѓу ревизорите и раководството на компанијата треба да имаат заедничка цел. Поточно, двете страни треба да немаат големи разлики во извештаите. Но, ова не значи дека тие треба да ги препишуваат одлуките едни од други односно да излегуваат со лажни извештаи. Од членовите на одборот за ревизија се очекува да дејствуваат независно и да немаат конфликт на интереси со компанијата во која ја вршат истата. Исто така членовите на комисијата и одборот на директори не треба да ја злоупотребуваат позицијата која ја има во компанијата. Додатно, неопходно е ревизорскиот комитет да се состои од најмалку еден финансиски експерт кој има големо познавање на стандардите за финансиско сметководство и компанијата. Ова е важно, со цел да се донесат посоодветни одлуки за иднинара на компанијата. Секако, назначеното лице по можност треба да биде овластен сметководител, контролор или ревизор. Овие барања понекогаш одземаат многу време и се скапи за компанијата, но тие се покажуваат како корисни за просперирање на иднината на компанијата и ревизорот, како и за генерирање транспарентно финансиско обелоденување за сите засегнати страни.

ЗАКЛУЧОК

Според моето досегашно искуство како студент по економски науки и бизнис администрација, можам да заклучам дека оваа корпоративна измама претставува слика за добро организирана шема за манипулација и неадекватна контрола од страна на државата. Дополнително важно е да се напомене дека после донесувањето на горе споменатиот Sarbanes–Oxley Act се открија уште неколку вакви скандали. Сепак сметам дека во поновата економска историја на светот не се забележани поголеми скандали отколку ENRON. Па токму поради ова

може да се каже дека економската активност на претпријатијата е под се поголема контрола од страна на државата. Вака поставените стандарди и контрола ја зголемија информираноста на акционерите за постоењето на вонбилансната состојба. Сепак вонбилансната сосјтојба беше добро позната на компаниите и нивните сметководители одамна. Дополнително еден од проблемите на самите корпорации во врска со новите сметковотствени процеси лежи во тоа што за следењето на новите правила се потребни многу големи средства кој таа мора да ги поседува или да биде во можност да ги пронајде во брз рок. Во спротивно компанијата може да се доведе во ситуација да ја снајде ваков финансиски колапс и скандал. Со ова се докажува дека иако arbanes Oxley беше успешен начин да се намали ризикот од корпоративни измами, тој не претставува конечно решение со што можеби никогаш нема да има начин целосно да се елиминира.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Abdel-khalik, R. A. (2017). How Enron Used Accounting for Prepaid Commodity Swaps to Delay Bankruptcy for One Decade: The Shadowy Relationships With Big Banks. Journal of Accounting, Auditing & Finance, 34(2), 309-328. doi:10.1177/0148558x17724249
2. Chandra, U., Ettredge, M. L., & Stone, M. S. (2006). Enron-Era Disclosure of Off-Balance-Sheet Entities. Accounting Horizons, 20(3), 231-252. doi:10.2308/acch.2006.20.3.231
3. Healy, P. M., & Palepu, K. G. (2003). The Fall of Enron. Journal of Economic Perspectives, 17(2), 3-26. doi:10.1257/089533003765888403
4. Knechel, R. W. (2013). Do Auditing Standards Matter? Current Issues in Auditing, 7(2), A1-A9. doi:10.2308/ciia-50499
5. Konar, A. (2018). THE ROLE OF FINANCIAL MARKETS IN THE CASE OF ENRON. Bulletin of South Ural State University series "Economics and management", 12(4), 41-44. doi:10.14529/em180405
6. New York Times. (2006, January 18). Timeline: A chronology of Enron Corp. Преземено May 2022, 29 од Nytimes.com: https://www.nytimes.com/2006/01/18/business/worldbusiness/timeline-a-chronology-of-enron-corp.html
7. Rashid, M. M. (2020). Case Analysis: Enron; Ethics, Social Responsibility, and Ethical Accounting as Inferior Goods? Munich: University Library of Munich, Germany.
8. Reinstein, A., & Weirich, T. R. (2002). Accounting issues at ENRON. CPA Journal, 72(12), 20-25.
9. Stice, E. K., & Stice, J. D. (2006). Motivation on day one: The use of Enron to capture student interest. Journal of Accounting Education, 24(2-3), 85-96. doi:10.1016/j.jaccedu.2006.07.008
10. Wikipedia contributors. (2022, May 20). Enron. Повратено од Wikipedia, The Free Encyclopedia.: https://en.wikipedia.org/w/index.php?title=Enron&oldid=1088783209
11. Wikipedia contributors. (2022, February 04). Merrill Lynch & Co. Повратено од Wikipedia, The Free Encyclopedia.: https://en.wikipedia.org/w/index.php?title=Merrill_Lynch_%26_Co.&oldid=1069880178
12. Zellner, W., Forest, S. A., Thornton, E., Coy, P., Timmons, H., Levelle, L., & Henry, D. (2001, 12 17). THE FALL OF ENRON. (cover story). Business Week(3762), 30-36.

331.101.262:314.15(4-672ЕУ)

Юлия Атанасовска
Мартин Гьоргджиев
Юлиана Сильяноска
Международный Славянский Университет «Г. Р. Державин», Свети-Николе – Битола
Республика Северная Македония

АССИМЕТРИЯ РАСПРЕДЕЛЕНИЯ ТРУДОВЫХ РЕСУРСОВ В СТРАНАХ ЕВРОПЕЙСКОГО СОЮЗА

АБСТРАКТ: Нестабильная экономическая или политическая ситуации в ряде стран приводят к оттоку трудовых ресурсов среди граждан. В поисках лучшей работы жизни или скрываясь от неблагоприятных жизненных обстоятельств, люди стараются мигрировать и трудоустраиваться в более развитые страны. Надо отметить, что не только безработица «помогает» бежать из постоянного места жительства. Высокие налоги или низкий уровень дохода при условии полной занятости так же заставляют людей искать новые пути решения нависших проблем. Кроме этого, искать работу в новой стране подталкивают и социальные или политические факторы, такие как бедность, ограничения на свободу слова и вероисповедания, природные катаклизмы и многие другие факторы.

КЛЮЧЕВЫЕ СЛОВА: економическая систуация, безработица, трудовые ресурсы, Европейский союз, платформенная занятость

ASYMMETRY IN THE DISTRIBUTION OF LABOR RESOURCES IN THE COUNTRIES OF THE EUROPEAN UNION

ABSTRACT: Unstable economic or political situations in a number of countries lead to an outflow of labor resources among citizens. In search of a better job of life or hiding from adverse life circumstances, people try to migrate and find jobs in more developed countries. It should be noted that not only unemployment "helps" to flee from a permanent place of residence. High taxes or low incomes at full employment also force people to look for new ways to solve impending problems. In addition, social or political factors, such as poverty, restrictions on freedom of speech and religion, natural disasters, and many other factors, are also pushing to look for work in a new country.

KEY WORDS: economic situation, unemployment, labor resourses, European Union, platform employment

Взамен старым неблагоприятным факторам, мигранты отдают предпочтение вероятному благополучию, высокому уровню дохода, трудоустройству, в том числе на нелегальном рынке труда. Другими словами, трудовая миграция – это перемещение населения внутри страны, а также за её пределами, главной целью которой является трудоустройство. Трудовая миграция подразумевает возвращение к постоянному или обычному месту жительства, которое не зависит от способа пересечения границы и периодичности работы.

ПРОБЛЕМЫ СТРАН ВЫЕЗДА И ВЪЕЗДА

Отток людей из домашнего региона всегда выливается в определенные проблемы как для принимающей стороны, так и для той стороны, откуда массово происходит отток людей. Многие страны Евросоюза принимают только тех людей, которые готовы занять трудовые позиции, а не готовы ждать постоянной помощи от социальных институтов новой страны. В результате миграции у более гуманных европейских стран, например, как Германия, которая готова платить пособия всем приезжим, возникают еще больше проблем, чем у стран с четкой позицией по мигрантам.

Огромные статьи расходов в бюджете страны могут занимать пособия по безработице, а также другие пособия для мигрантов и беженцев. Кроме этого, принимающие страны сталкиваются с проблемами в различии менталитета и мировосприятия мигрантов. Нарушение местных законов и норм правопорядка мигрантами создаёт дополнительные проблемы, а вместе с тем и дополнительные затраты в статьях бюджета принимающей стороны.

Но даже если подавляющее большинство мигрантов будут трудоустроены, это дает проблемы другого характера. Дело в том, что мигранты готовы работать (и работают) за более низкую оплату труда, чем специалисты, которые являются гражданами принимающей страны. Этот фактор, ввиду причинно-следственной связи, ведет к выплатам пособия по безработице уже для граждан своей страны, которая обычно на порядок выше, чем пособия для мигрантов.

Страны, в которых происходит отток человеческих и трудовых ресурсов, так же сталкивается с проблемами. Особенно, если покидающие страну – это люди с высокой квалификацией, такие как IT-специалисты, бизнесмены, люди творческих специальностей и другие представители интеллектуальной элиты. Страна без такой интеллектуальной элиты останавливается в развитии, в ней не могут вестись полноценные научные разработки. Из-за «утечки мозгов» страна сильно теряет в ВВП и уровне жизни.

ПЛАТФОРМЕННАЯ ЗАНЯТОСТЬ КАК ТРЕНД ТРУДОВОЙ МИГРАЦИИ В СОВРЕМЕННОМ МИРЕ

Платформенная занятость – это новейший формат, при котором включение в процесс труда происходит мягко и без утяжеляющих обстоятельств, за счет использования цифровых технологий и онлайн-площадок. При платформенной занятости поставщик услуг находит потребителя услуги через специальную платформу. Наиболее популярные платформы сейчас – это такие службы, как Gett-такси, Uber, различные маркетплейсы как Ozon или различные службы доставки еды.

По некоторым данным, такой вид занятости стал активно развиваться в 2020 году, благодаря пандемии коронавируса Covid-19. Сейчас, платформенная занятость уже становится трендом. Квалифицированные специалисты все меньше хотят быть наемными работниками, и отдают предпочтение выполнять привычные обязанности в качестве подрядчиков в статусе самозанятых. Сфера платформенной занятости расширяется еще больше. Эксперты – аналитики прогнозируют, что к 2023 году платформенная занятость может сильно изменить экономическую структуру в мире. А уже к 2030 году в платформенной занятости будет задействован каждый 20-ый человек в мире.

Преимущества и недостатки платформенной занятости

Платформенная занятость в настоящее время не входит в традиционный формат трудовых отношений по найму. Платформенная занятость - явление новое и действующее трудовое законодательство не дает ей четкого определения. Однако некоторые страны намерены легализовать платформенную занятость и включить в Трудовой Кодекс соответствующие нормы и правила.

Платформенная занятость имеет как очевидные достоинства, так и недостатки для работника этого сегмента. Из достоинств следует отметить то, что работник может выбрать для себя гибкий график работы, учитывая свои потребности, а также потребности своей семьи. Отлично подходит для работников, которые не могут работать на полную ставку, но и оставаться совсем без работы не могут себе позволить. Работник при платформенной занятости дает себе географическое разнообразие и возможность работать удаленно. Выбирать для продолжительной работы, жизни и путешествий то или иное место. Или, наоборот, работая в привычном домашнем офисе стать частью проект-команды зарубежной компании. При платформенной занятости работник так же может выбирать различные платформы для продажи товаров или оказания своих услуг, и эта возможность выбора также является преимуществом для работника.

Кроме этого, платформенная занятость дает возможность стартовать в карьере до совершеннолетия, и к получению диплома иметь внушительный опыт работы, который очень ценится работодателями.

Однако платформенная занятость имеет ряд недостатков. Перечислим некоторые из них:

- Часто никаким образом не регулируется трудовым законодательством,
- Уровень дохода ниже, чем при традиционном трудоустройстве в найме,
- Есть вероятность встретить недобросовестного заказчика, который может отказать в оплате выполненных услуг,
- Отсутствие социальных гарантий, которые гарантируют работнику в традиционном найме.
- Высокая интенсивность работы, при которой наработка часов во многом превышает общепринятые нормы.

ПЛАТФОРМЕННАЯ ЗАНЯТОСТЬ В ЗАПАДНЫХ СТРАНАХ

В США до 90% новых рабочих мест создают платформы. Это в свою очередь пожирает безработицу и дает возможность почти каждому взрослому гражданину этой страны иметь собственный доход.

Вообще, платформенная занятость в западных странах более популярный способ заработка. Например, в немецкой платформе Twago работает около 90 тысяч IT-специалистов со всего мира. А в КНР компания Weichai Power создала такую платформу, которая объединила в единый проект огромное число высококвалифицированных специалистов со всего мира, в основном инженеров, благодаря которой время исследования современных двигателей снизилась в 3 раза. В 2018 году число трудоспособного населения, которое имеет заработок через платформу, больше всего было зафиксировано в развитых западных странах, как Испания – 14%, Великобритания – 10,7% и Франция – 9% от общего числа трудящихся. В России этот показатель был равен 2%. Однако пандемия, которая произошла в 2020 году спровоцировало рост занятых в этом сегменте и стала достигать 15%.

Платформенная занятость не регулируется трудовым законодательством стран. Однако, в случае конфликтов, западные суды становятся на сторону платформенных занятых. Например, суд во Франции признавал платформенного занятого службы доставки еды полноценным работником компании-платформы, которые определил по явным или косвенным признакам. И принял судебное решение в пользу платформенного работника, считая его наёмным. Другой пример - в США водителям Uber предоставляют социальное обеспечение в случае безработицы, так как считают их деятельность социально значимой для жизни города.

Следует отметить, что зарубежные платформы заинтересованы в установлении доброжелательных и долгосрочных отношений с работниками платформы. Так, например, чтобы стабилизировать свой собственный доход и минимизировать текучку кадров, американская платформа TaskRabbit установила для своих трудящихся минимальную часовую оплату, которая оказалась даже выше, чем платит большинство работодателей в традиционном найме.

В западных странах вырабатываются критерии, которые доказывают, что занятость через платформу – это настоящие трудовые отношения. Даже если владельцы платформ усердно доказывают, что отношения между платформой и работником не больше, чем у подрядчика и заказчика, суды некоторых развитых стран обязуют платформы обеспечивать платформенных работников социальными гарантиями, такими как выплата больничных, отчисления в государственные фонды, предоставление ежегодного оплачиваемого отпуска и другие.

ТРУДОВАЯ МИГРАЦИЯ. ПРОГНОЗЫ НА БУДУЩЕЕ

Специалисты по трудовой миграции сегодня рассматривают три варианта возможных сценариев миграционных потоков:

- «Закрытая (closed) Европа» («Крепость» - Европа) – это сценарий
- «нулевого изменения политики», который предусматривает, что все страны ЕС поддерживают ограничения на доступ работников из стран не членов ЕС.
- Сценарий «Осторожная (cautious) Европа» предполагает, что страны члены ЕС осуществляют частичную либерализацию своих рынков труда для мигрантов из стран Восточного партнерства.
- Сценарий «Прогрессивная (progressive) Европа» моделирует два периода постепенной либерализации рынков труда: частичной либерализации за которой наступает полная либерализация

Также, эксперты по трудовой миграции предполагают, что любой из сценариев миграционных потоков, реализуемых в будущем, подтолкнет к развитию следующие аспекты легализации и юридического регулирования этой сферы. Среди наиболее явных специалисты выделяют:

- Либерализация и упрощение выдачи разрешений на работу.
- Полная либерализация рынка труда.
- Рамочные решения на уровне ЕС, двусторонние и многосторонние механизмы перемещения миграционных трудовых ресурсов.
- Улучшение доступа к социальным правам и их действие за границей.
- Повсеместное внедрение платформенной занятости населения и интеграция нормотворческих аспектов между странами.

СПИСОК ИСПОЛЬЗОВАННОЙ ЛИТЕРАТУРЫ

1. Massey, D. S., Arango, J., Hugo, G., Kouaouci, A., Pellegrino, A., and Taylor, J. E. (1993). Theories of International Migration: Review and Appraisal. Population and Development Review.
2. Доклад «Миграция из стран Восточного партнерства в Европейский Союз – возможности для лучшего будущего» https://www.case-research.eu/files/?id_plik=4561
3. Доклад «Платформенная занятость: определение и регулирование» https://ncmu.hse.ru/data/2021/05/26/1438190156/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D0%B4_%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D1%82%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%BD%D0%B0%D1%8F_%D0%B7%D0%B0%D0%BD%D1%8F%D1%82%D0%BE%D1%81%D1%82%D1%8C_002.pdf
4. Бондарева Д.А., Сорочайкин И.А. Мировой рынок труда // Основы экономики, управления и права. - 2012.
5. 5. Статья «Трудовых мигрантов становится в мире все больше» https://news.un.org/ru/story/2021/06/1405612
6. Доклад о миграции в мире 2020. © 2020 год, Международная организация по миграции (МОМ) https://publications.iom.int/system/files/pdf/final-wmr_2020-ru.pdf
7. Статья «Что приносят нам мигранты» (Международная организация по миграции (МОМ) https://iom.by/ru/what-migrants-bring
8. Статистика международной миграции. Практическое руководство для стран Восточной Европы и Центральной Азии (Европейская Экономическая Комиссия ООН. Фонд ООН в области народонаселени) https://unece.org/fileadmin/DAM/stats/publications/RUS_International_Migration_Statistics_Practical_Guide.pdf

331.52(497.7)"2004/2016"
331.56(497.7)"2004/2016"

Проф. д-р Јулијана Силјаноска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола, Република Северна Македонија

Д-р Николче Мариновски

Проф. д-р Јулија Атанасовска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола, Република Северна Македонија

ВЛИЈАНИЕТО НА ДЕЦАТА ПРИ НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ ЗА КУПУВАЊЕ КАЈ СЕМЕЈНОТО КУПУВАЊЕ

Абстракт: Потрошувачот е клучна основа на маркетингот. Анализата на потрошувачите вклучува истражување за тоа кој, што, зошто, кога, каде, колку често купува и како донесува одлуки за купување. Профилот наречен семејно купување е слика на најважниот потрошувач на денешното општество, семејство со мали деца значи родители во целосна животна сила, во време кога нивната потрошувачка корпа е најсложена и мора да биде полна, за да го негува своето потомство. Врз семејното купување влијаат: расположливите финансиски средства на едно просечно семејство, потребите за домаќинството, потребите на децата и потребата од луксуз што е се поактуелен кога говориме за овој начин на купување.

Клучни зборови: потрошувач, купување, семејно купување, одлуки

THE INFLUENCE OF CHILDREN IN PURCHASING DECISIONS IN FAMILY SHOPPING

Abstract: The consumer is the key to marketing. Consumer analysis involves research into who, what, why, when, where, how often they buy and how they make purchasing decisions. The profile called family shopping is a picture of the most important consumer in today's society, a family with small children means parents in full life, at a time when their consumer basket is the most complex and must be full to nurture their offspring. Family shopping is influenced by: the available finances of an average family, household needs, children's needs and the need for luxury that now is more relevant when we talk about this way of shopping.

Keywords: consumer, purchase, family purchase, decisions

1. ПРОЦЕС НА НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ ПРИ КУПУВАЊЕ

Процесот на носење на одлуки при купување минува низ неколку фази, кои фази даваат одговор на низа прашања: каде, што, како и колку, кога и зошто купувачите купуваат?[1]

Потрошувачите ретко кога се свесни за следните пет наведени фази во процесот на купување[2]:

1 Foxall, G. R., Goldsmith, R. E. i Brown, S. (2017). Psihologija potrošnje u marketingu. Naklada Slap. Zagreb, стр.56,
2 Isidora Horvat (2018): Ponašanje potrošača prilikom obabira i kupovine proizvoda i uticaj konkurencije i propagandne poruke na potencijalne kupce - Porodična kupovina, master rad, Univerzitet Singidunum, Beograd, п.11,

1. Препознавање на потребите: Да се знае потребата е да се открие личната потреба за одредени производи на пазарот. Може да се заснова на претходни искуства или пак некое моментално влијание.
2. Барање на информации: Потребните информации за потрошувачка се неопходни за да се исполнат потребите.
3. Проценка на алтернативите: обично зависи од деталите на потрошувачот и специфичната набавка. Покрај сите горенаведени, врз проценката на алтернативата влијаат и следниве фактори:[3] Придобивките од производот/ услугата што потрошувачот сака да ги купи; Карактеристики на производот и степенот на важноста на индивидуалните карактеристики (бренд, можност за задоволување на потребите, итн.); Непредвидлив (на пример, губење на работа, итно купување).
4. Одлука за набавка на производи: вклучува избор на цена, место на продажба и покривање на производот и / или услугата.
5. Однесување по купувањето на производите: откако ќе се изврши купувањето, клиентот се чувствува задоволен или незадоволен. Задоволството и незадоволството е разликата помеѓу очекувањата пред да се купи и да се согледа „вистинскиот квалитет" на производот за време на потрошувачката.

Четирите ситуации во процесот на купување што се јавуваат :

1. Сложено донесување одлуки - акцентот е ставен на купувањето што е важно,
2. Променливо донесување одлуки - потрошувачот сака да проба друг вид на производ, бренд или различен модел.
3. Лојалност кон брендот - клиентот сака бренд, и го купува тој производ без многу двоумење.
4. Инертен или рутински шопинг - значи дека одлуките се донесуваат без многу размислување и не им се дава посебно значење.

Во зависност од видот на купувањето, потрошувачот донесува различни одлуки. Блеквел, Енгел и Минијард претставија три различни видови на набавки-купувања:[4]

» Целосно планирано купување од страна на купувачите - купувачот точно знае што сака и има волја за купување.
» Делумно планирано купување - купувачот има сериозна намера да купи одреден производ на пазарот и изборот на брендот е утврден во актот за купување.
» Непланирана набавка - марката и производот ќе бидат избрани на местото каде што е купено.

2. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ ЗА КУПУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЕМЕЈНОТО КУПУВАЊЕ

Целта на спроведеното истражување е да се прикажи начинот на родителите носат одлуки за купување и начинот на кој децата влијаат врз родителите при купување на одредени производи или услуги.

Истражувањето вклучуваше вкупно 75 мајки и 35 татковци (вкупно 110 семејства) кои припаѓаат на старсона група од 35 до 50години и нивните деца

3 Jobber D., Fahy J., (2016), Osnovi Marketinga, Data status, Beograd, стр.120,
4 Kanuk L.L.,Schiffman G.L. (2019): Ponašanje potrošača 7.izdanje MATE d.o.o., Zagreb, стр214.

се од 8 до 10 години. Варијабили: во трудот се прикажани општи и специфични варијабили. Општите варијабили се: пол, години на детето и родителите, додека специфичните варијабили се: различни стратегии на однесување, контролираност на децата од страна на родителите. Интервјуто беше користениот инструмент за анкетирање и соджеше 11 прашања поделени во општ и главен дел, и низ неколку малопродажни објекти и поголеми трговски центри.

Резултати од спроведеното емпириско истражување:

На прашањето колку пати месечно одите на семеен шопинг, 57% од испитаниците одговориле дека тоа го прават 4 пати месечно, 24% дека три пати,12% одат два пати, а 7% одат само еднаш.Резултатите укажуваат дека родителите заедно со своите деца одат на шопинг најмногу 4 пати месечно, т.е. еднаш неделно. Ова укажува на тоа дека родителите често одат на шопинг со своите деца.

Графикон 1. Колку пати месечно се оди во семеен шопинг? (Извор: Податоци прибрани од истражување)



На второто прашање, дали децата влијаат врз носењето на одлуките за избор на производи кои се купуваат (Графикон 2), 79% од испитаниците одговориле дека нивните деца имаат влијание врз носењето на одлуките кога се оди на семеен шопинг и се купуваат производи, а 21% од нив се изјасниле дека децата немаат никакви влијание врз носењето на одлуката за купување на некој производ.

Графикон 2.Дали вашето дете влијае врз изборот на производите кои се купваат? (Извор: Податоци прибрани од истражување)



Оние испитаници кои дадоа потврден одговор на второто прашање, беа запрашани кои се тие производи кои се купуваат врз основа на влијанието на децата (Графикон 3). 63% од нив се изјаснија дека тоа се играчки, 23% од нив купуваат под влијание на мислењето на децата облека, и 15% од ги купуваат производите на Мек Доналдс. Децата најмногу влијаат на своите родители кога купуваат играчки (истото важи и за момчињата и за девојчињата), па следуваат чевлите и облеката (девојчињата се повлијателни кога станува збор за облеката) и на крај е брзата храна како MC Donalds или KFC.

Графикон 3. Кои се производите врз кои децата влијаат кога се носат одлуки за купување на некој производ? (Извор: Податоци прибрани од истражување)



На прашањето, Која стратегија ја применува детето за да ве убеди да купите одреден производ? 60% од децата ги користата стратегиите на молење и плачење, а 40% од нив едноставно го бараат производот и тоа упорно (Графикон 4):

Графикон 4. Која стратегија ја применува детето за да ве убеди да купите одреден производ? (Извор: Податоци прибрани од истражување)



11. Markovitz G. and Marchant N.: "Why is inflation so high and will it stay that way?", an on-line article (https://www.weforum.org/agenda/2022/05/inflation-rising-economist-explains/?utm_source=sfmc&utm_medium=email&utm_campaign=2777109_Agenda_weekly-20May2022&utm_term= &emailType=Agenda%20Weekly), 20 May 2022.
12. Ministry of Finance of North Macedonia: "Macroeconomic Indicators and projections", Table (https://finance.gov.mk/indicators-and-projections/?lang=en)
13. Mueller P. Antony: "The Fed Gets It Wrong on Money Velocity, Too", Mises Institute, on-line, 04.05.2022. (https://mises.org/wire/fed-gets-it-wrong-money-velocity-too)
14. National Bank of the Republic of North Macedonia: "Monetary developments in the Republic of North Macedonia: April 2022", Press Release, Statistics Department of NB, Skopje, 20 May 2022
15. Page Ben: "Inflation and the public –how will they react?", Overview of research "Global views of *inflation 2022*", IPSOS, Paris, France, 2022.

336.71:004.738.5]:005(497.7)

Проф. д-р Стевчо Димески
Доц. д-р Љупчо Вчков
Д-р Димитар Анастасовски
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Република Северна Македонија

МЕНАЏИРАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ВО БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО УСЛОВИ НА ИНТЕНЗИВЕН РАЗВОЈ НА FINTECH ИНДУСТРИЈАТА

Апстракт: Банкарската индустрија е во конитнуирана имплементација на fintech достигнувањата. Тоа ја налага потребата од перманентен процес на редизајнирање на организациона корпоративна поставеност. Со апликација на претходното, банкарскиот менаџмент ќе биде во насока на исполнување на барањата на стејкхолдерите.Евлоуцијата на електронското банкарство во светски рамки достигнува висока аплитуда со појавата на интернетот. On line банките во САД се секојдневие. Прифаќањето на придобивките од iBank концептот во случајот со македонската банкарска индустрија доби на интензитет во Ковид 19 кризната состојба, а сепак компаративно сме далеку од останатите земји. Тезата што се поставува е: Прифатливоста на Ibank концептот компаративно со перцепцијата за fintech индустријата во Р.С Македонија и понудата од двата сегменти.

Клучни зборови: fintech, iBank, дигитализација, trade off branch - Ibank

MANAGEMENT OF PROCESSES IN THE BANKING INDUSTRY IN CONDITIONS OF INTENSIVE DEVELOPMENT OF THE FINTECH INDUSTRY

Abstract: The banking industry is in continuous implementation of fintech achievements. This imposes the need for a permanent process of redesigning the organizational corporate setting. By applying the above, the banking management will be in the direction of meeting the requirements of the stakeholders. The evolution of e-banking worldwide is reaching high levels with the advent of the Internet. Online banks in the United States are commonplace. Acceptance of the benefits of the iBank concept in the case of the Macedonian banking industry gained momentum in Kovid 19 crisis situation, and yet we are comparatively far from other countries. The thesis that is set is: The acceptability of the Ibank concept in comparison with the perception of the fintech industry in RS Macedonia and the offer from both segments.

Keywords: fintech, iBank, digitalization, trade off branch - Ibank

Банкарската индустрија во последниве години претрпе значителни промени како резултат на растот на FinTech. Истото, како аплицирање на новите тенхнологии, но, и како одговор на новите играчи на фианансискиот пазат. FinTech команиите креираа нови, подобри начини за обезбедување на банкарските услуги и производи за клиентите, независно дали станува збор за население, потрошувачи или правни субјекти. Сето ова имплицираше потреба традиционалните банки да

излезат од конфорна зона на перцепција на клиентите, да применат поголема професионалност и персонализиран пристап, да ја редифииираат постојната организациона поставеност и начинот на испорака на производите и услугите.

Најнапред терминолошки да дефинираме, fintech во слободен превод и поширока смисла, укажува на примена на техничко-технолошките достигнувања во финансиската индустрија. Кога се спомене финансиска индустрија, истото, се однесува за депозитни финансиски институции, банки, како и останати небанкарски финансиски институции како осигурителни компании, финансиски друштва, инвестициски, пензиски фондови, друштва за управување со истите и сл.

„Финтек" е кратенка од зборовите "финансиска технологија". Таа стана моќен двигател на иноваците во светот на финансиите и има потенцијал да ги трансформира финансиските услуги. Овој термин може да има различни значења во зависност од контекстот. Финтек може да се однесува на почетни бизниси или основани компании кои работат во финансискиот сектор и компании кои имаат деловни модели засновани на иновативни технологии[1]. Терминот „финтек" може да се однесува и на самите технологии, независно дали ги применуваат новите start up комании или пак традиционалните учесници на пазарот како што се банките

Перцепцијата за fintech кај нас се поврзува со start up компании (во најголем дел попознати како финансиски друштва – „за брзи кредити") што со примена на современи технологии нудат алтернатива во сегментот на кредитирање (најчесто on line) а перспективно и алтернатива за стандардизирани банкарски услуги во сегментот на платежни услуги и платни системи2. Широко гледано исчекор е направен во 1990те години со познатите American Online, Amazon и Ebay, а во платниот сегмент познати се Google Wallet, Apple Pay, Smartphones Mobil Start UPS, во остнатите сегменти и Chime, SoFi, Credit Karma и други.

КРАТКА ЕВОЛУЦИЈА НА ЕЛЕКТРОНСКОТО БАНКАРСТВО ПРЕКУ ONLINE БАНКАРСТВОТО И IBANK

Дигиталната трансформација во банкарската индустрија е присутна подолг временски период. Револуционерен исчекор во насока на поголема креативност во делот на производи и алтернативни канали на дистрибуција на банкарски призводи и услуги се случува со појавата на интернетот. Секако, развој и примена на технолошките достигнувања во банкарскиот сегмент има и пред појавата на интернетот, но, за потребите на овој труд ќе го земеме развојот после појавата на интернетот.

Накратко една ретроспетива:

- 1978 година во САД откако прв пат се појави е регулирано со федерален закон за електронски трансфер на средства
- 1981 година. Првична верзија е тестирањето на американските банки за т.н домашно банкарство;
- 1983 година. Банката на Шкотска ги воспостави првите услуги за интернет банкарство во Обединетото Кралство;
- 1994 година. Федералната кредитна унија Стенфорд нуди интернет банкарство во САД;

1 НБРМ – порта за иновации

2 Закон за платежни услуги и платни системи, Сл весник број 90/22 којшто влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен весник, а ќе започне да се применува од 01 јануари 2023 година

» 1996 година. Основана е NetBank. Една о3д првите банки која ги нуди своите производи и услуги само на интернет;
» 1999 година. Основана е Bank of Internet USA, која нуди поволности за корисниците на интернет банкарството. Поголем пристап до сметки и online банкарски трансфери, како и повисоки депозитни каматни стапки;
» 2001 година. Bank of America е прва финансиска институција кој има 3 милиони клиенти корисници на online банкарство (околу 20% од нејзините клиенти)
» 2006 година. Веќе 80% од банките во САД нудат интернет банкарство;
» 2009 година. Ally Bank се дефинира како банка само на интернет4
» 2010 година. Технолошката компанија за финансиски услуги Fiserv прави истражување и доаѓа до заклучок дека online банкарството и сегментот на мобилно банкарство имаат побрзо темпо на раст од интернетот
» 2018 година. Online банкарството станува нормален процес и банкарски канал на дистринуција на производите и услугите.

Во УСА веќе неколку години се пристапува кон избор на надобри online банки земјаќи во предвид повеќе параметри.

КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА АПЛИЦИРАНОСТ ОД СТРАНА НА КЛИЕНТИТЕ

Податоците укажуваат на фактот дека треба да се почитува временската димензија и соодветен time lag на прифаќање и користење. Постојат бројни фактори, во најголем дел како предуслови кои треба да се исполнат (социолошки, културулошки, обичаи и традиција, старост на популацијата, стандард на населението, финансиска писменост и тн).

Според истражување на Online Banking Report кое се однесува за САД се согледува следнава временска рамка:

» 1999 година помалку од 0,4% од домаќинствата користеле online банкарство
» 2004 година околу 31% користеле некаква форма на online банкарство
» 2009 година 47% користеле online банкарство
» 2018 година приближно 61% се корисници на online банкарство

Користењето на интернет за електронско банкарство согласно последно достапните податоци[5] за 2021 година укажуваат на податокот дека просекот на ниво на ЕУ е 61% и е непроменет во однос на претходната година. Додека, само 27% македонски клиенти користат интернет банкарство. Она што сепак треба да се одбележи е фактот дека има придвижување, пред се како резултат на пандемијата, бидејќи претходната 2020 овој процент беше 15%. За жал и покрај придвижувањето се наоѓаме на 31 место од анализирани 37 држави (зад нас се Србија, Бугарија, Романија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Албанија). Користењето на интернет од страна на македонските граѓани согласно последно достапните податоци за 2019 година[6] укажуваат дека користењето на интернет за приватни намени е 68,4% е за учество во социјални мрежи, 64,9% за телефонирање преку интернет (видео повици).

3 Основана е во 1996 година и затворена во 2007 година
4 Во последниве години е рангирана како најдобра online банка
5 Податоци - Eurostat
6 Податоци од МАКСТАТ

ONLINE БАНКАРСТВОТО И FINTECH ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА

Банките во Р.С Македонија и покрај значителниот time lag, денес веќе нудат широка лепеза на услуги, како од информативен аспект (следење на сметки и промени), така и од платежно трансакторен аспект. Развојот на online во банкарската индутрија ќе го прикажеме преку еден успешен пример за банка, Стопанска Банка АД Скопје[7] којашто е пионер и лидер во online банкарството.

Слика 1.



Генерално понудата на банкарскиот сектор во делот на примена на FinTech, имплементирана во понудите на online банкарството и IBank коцептот може да ја систематизираме и категоризираме како понуда од:

» Информативен сегмент, како што се различни видови на прегледи, од преглед на состојба на сметка, извод за промени на сметката за определен период, преглед на состојбата на депозити (орочени, по видување), за состојби, извештаи од користење на кредитните производи и амортизациони планови, прегледи како месечни извештаи за корисниците на кредитни картички и сл;

» Административен сегмент, можности за ажурирање на личните податоци како алтернатива за физичка посета на банка, промени на кредитни лимити, интерни ограничувања и се она што е поврзано со некој сервис или конкретен производ, комуникација 24/7 со банкарски виртуелен електронски асистент (за сите видови на прашања) и сл;

» Платежен сегмент, користење на алтернативни средства за диспонирање на депозитите или одбрени кредитни лимити, поаѓајќи од користење за картичките за повлекување, депонирање на готовина од АТМ (она што го немаме во нашата понуда е повлекување на готовина кај трговец од ПОС терминал) или плаќања во трговија, плаќања на виртуелен ПОС, e-commerce: Креирање и реализирање на сите видови на платни инструменти за домашен платен промет, како и можност за иницирање на плаќања кон странство;

» Апликативно користење и менаџирање на производите – аплицирање за кредити и нивна реализација со исплата на трансакциска сметка,

7 Википедија

апликации за дебитни и кредитни картички (со можност за дигитализација на физички пластичната картичка, популарно мобилен паричник), менаџирање на депозитни производи, менувачница, трансфери од депозити по видување во орочени депозити и обратно и сл.

Слободно може кажеме дека веќе две децении во Р.С Македонија постои понуда во делот на елетронско банкарство, како и online банкарство. Истото, како процес перманентно се надоградува во поглед на услугите и функционалности кои се нудат.

Од друга страна, составен дел од FinTech индустријата во нашата држава се финансиските друштва8. Фокусот е ставен, пред се кон креирање на нови услуги кои користат напредна иновативна технологија за алтернативно финансирање со цел да ја подобрат конкурентската предност. Зачетоците датираат во 2010 година со донесувањето на Законот за финансиски друштва, а главен регулатор е Министерството за финансии.

Во следниве графикони ќе го прикажеме развојот на финансиските друштва во Р.С. Македонија

Графикон 1. Извор: Регистар на ФД

Графикон 2. Извор: nbrm.mk

Врз основа на презентираните графикони како и достапно објавени податоци може да ги извлечеме следниве заклуоци за еволуцијата и значењето на финансиските друштва:

» Значителен пораст на финансиските друштва во последниве 5 години. Нивниот број заклучно со април 2022 година е 33 финансиски друштва;
» Сопствените вложување се 18 милиони евра, но, она што е значајно

8 Организирани преку Асоцијација на Финансиски Друштва

е високото ниво на доверба од страна на различни видови на инвеститори, посебно изразено во последниве години кога од крајот на 2017 година од 36,9 милиони евра, вкупните средства на финансиските друштва со првиот квартал од 2022 година достигнаа до 115 милиони евра (сопствени средства 18 милиони евра);

» Значително учество на средствата на финснсиските друштва во вкупните средства на финансискиот сектор и пораст на 0,8% на крајот на третото тромесечје во 2021 година

» Импозантен пораст на кредитите на финансиските друштва за 2,5 пати за периодот од 2015-2019 година, што укажува за висока кредитна побарувачка од страна на населението и мали компании за кои традиционалните банки немале соодветен производ, канал на дистрибуција и сл:

Она по што се разликуваат финансиските друштва од традиционалните банки и претставува предност се дигитализираните канали на пристап до клиентите, брзината на одговор и флексибилноста со персонилизиран пристап, за разлика од банкарскиот сектор.

ЗАКЛУЧОК

Несомено дека FinTech е двигател на развојот. Згоелената компетативност со новите играчи на пазарот ја налагаат потребата и банкарската индустрија да мигрира кон дигитализација на процесите и сервисите и зголемена ефикасност. Финтек го олеснува пристапот до финансиски услуги. Но, развојот е проследен со големи предизвици. Довербата е значаен момент за прифаќаме и користење на придобивките на применетите технологии во финансиите. Од друга страна интензивно треба да се работи на анулирање на потенцијалните ризици во делот на интегритет и флексибилност на ИТ системите, а посебно место завземаат и останатите регулативни барања и усогласеноти.

Банкарската индустрија веќе подолг временски период е во процес на усвојување и вградување на технолошките достигнувања. Сепак, прифатливоста на понудените погодности од online банкарството мал дел од клеинтите го користат 27%. Сеуште сме далеко од просекот на Евро зоната 61%. Повеќе фактори влијаат на акцептирањето. Сепак, треба агресивна промоција на придобивките кои се нудат од страна на банките. Апострофирање на предностите како од ценовен аспект (поволности во однос на посета на филијала на банка), така и од временски аспект (заштеда на време за посета на филијала и чекање, можности за реализација на саканата активност надвор од работно време на филијалите). Тука треба да се спомене и географската независност во поглед на реализирање на активност (било каде да е клиентот). Имплементирањето на дигитализацијата означува и процес на трансформација и миграција на филијалите. Банките, постеено треба да ги редефинираат своите организацони поставеност. Повеќе од сигурно е дека филијалите на банките, полека но сигурно мигрираат од Point Of Service во Point Of Sales.

Од друга страна, македонскиот FinTech е активен само во делот на кредитирање на физички лица и мали правни субјекти. Евидентно е дека од година во година нивното место и улога перманентно се зголемува. Останува во наредниот период да се надогради активноста со имплементација на придобивките од Законот за платежни услуги и платни системи.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Стратегиско планирање и електронско банкарство, Седма Меѓународна научна конференција "МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД МСУ-Македонија, Тамбов-Руска федерација, 15-16,04,2016 година,ISSN (print): 1857-9299 | ISSN (online): 1857-9302, стр 161

Веб сајтови извештаи и податоци

1. Eurostat
2. Makstat
3. nbrm
4. wikipedija

339.9:551.583

Доц. д-р Драган Ѓурчевски
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола, Република Северна Македонија

Доц. д-р Горанчо Јакимов
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола, Република Северна Македонија

Д-р Богдан Ѓурчевски
АД ЕЛЕМ, Република Северна Македонија

ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

АПСТРАКТ: Покрај сериозното влијание врз животната средина и луѓето, климатските промени се една од најголемите закани за економската стабилност. Тие се системски ризик кој може да се реши со координирана акција на глобалната политика. Ниту една земја не е имуна на ефектите од климатските промени, но некои се поранливи од другите. Беше потребен речиси еден век истражување за да се убеди огромното мнозинство на научната заедница дека човечката активност може да ја промени климата на целата наша планета. Во 2015 година е потпишан Парискиот договор за климатски промени чија долгорочна цел е одржување на зголемувањето на глобалната просечна температура под 2°C, со стремеж да се ограничи зголемувањето на 1,5°C. Под влијание на климатските промени, глобалната економија би можела да изгуби 10% од својата вкупна економска вредност до 2050 година, доколку температурните зголемувања останат на тековната траекторија и не се исполнат поставените цели за нето-нула емисии во 2050 година, предвидени во Парискиот договор за климатски промени. Влијанијата на климатските промени може да се намалат доколку се преземат решителни активности за исполнување на целите утврдени во Парискиот договор за климатски промени. Потребно е итно да дејствуваме сега за да се ублажат ризиците и да се обезбеди здрава економија и одржлива иднина. Сè уште постои можност да се промени правецот и да се изгради свет кој ќе биде позелен, поодржлив и поотпорен.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: влијание, климатски промени, глобална економија

THE IMPACT OF CLIMATE CHANGE ON THE GLOBAL ECONOMY

ABSTRACT: Despite the serious impact on the environment and people, climate change is one of the biggest threats to economic stability. They are systemic risks that can be addressed through coordinated global policy action. No country is immune to the effects of climate change, but some are more vulnerable than others. It took nearly a century of research to convince the vast majority of the scientific community that human activity could change the climate of our entire planet. In 2015, the Paris Agreement on Climate Change was signed, the long-term goal of which is to keep the global average temperature rising below 2 ° C, with the aim of limiting the increase to

1.5 ° C. Under the influence of climate change, the global economy could lose 10% of its total economic value by 2050, if the temperature increases remain on the current trajectory and do not meet the targets for net zero emissions in 2050, set out in the Paris Agreement on climate changes.The impacts of climate change can be reduced if decisive action is taken to meet the objectives set out in the Paris Agreement on Climate Change. We need to act urgently now to mitigate the risks and ensure a healthy economy and a sustainable future. There is still an opportunity to change direction and build a world that is greener, more sustainable and more resilient.

KEY WORDS: the impact, climate change, global economy

ВОВЕД

Климатските промени претставуваат долгорочна закана за глобалната економија. Тие се системски ризик кој може да се реши само со координирана глобална политика. Ниту една земја не е имуна на ефектите од климатските промени кои вклучуваат продолжена временска сезона, покачување на нивото на морето, затоплување на водата во океаните, зачестување на екстремните временски настани(поплави и суша). Зголемените температури значително го намалуваат глобалното богатство, бидејќи приносот на земјоделските култури опаѓа, болестите се шират, а порастот на морињата ги трошат крајбрежните градови. Глобалното затоплување и природните катастрофи поврзани со временските услови, може да доведат до значителни загуби на приходите и продуктивноста со текот на времето. На пример, зголемувањето на нивото на морето резултира со губење на земјиште кое инаку би можело да се користи продуктивно, а топлотниот стрес може да доведе до неуспех на посевите. Покрај сериозното влијание врз животната средина и луѓето, климатските промени се една од најголемите закани за економската стабилност. Топлотните бранови нѐ прават помалку способни за работа и ја намалуваат продуктивноста. Ураганите, циклоните и тајфуните уништуваат милиони луѓе, оставајќи ги без своите домови во апсолутна сиромаштија. Сушата ги намалува жетвите, што дополнително ја комплицира напорната задача за хранење на светската популација, која се очекува да достигне 10 милијарди до 20501 година. Светската банка предупредува дека ако не се преземеме нешто веднаш, климатските промени би можеле да доведат до 2030 година 100 милиони луѓе во сиромаштија2. Затоа, мора да се дејствува навремено за да се ублажат ризиците. Никогаш не е доцна за сеопфатно ангажирање околу климатските промени и минимизирање на потенцијалните сериозни ефекти. Вистината е дека човештвото има организациски и технолошки капацитет да се спротивстави и да ги реши сите проблеми и штети што и се направени на планетата и да ја поправи штетата што и е нанесена на природата. Потребна е акција на глобалната политика за да се обезбеди правичен напредок во „позеленувањето“ на економиите, правејќи ја светската економија поотпорна на долг рок. Во продолжение е направена ретроспектива на најзначајните моменти од историјата на климатските промени, елаборирање на главните сегменти од Парискиот договор и кратка анализа на влијанијата на климатските промени врз глобалната економија.

1 World Population Prospects (2019), United Nations
2 https://www.worldbank.org/

1. ИСТОРИЈА НА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Беше потребен речиси еден век истражување за да се убеди огромното мнозинство на научната заедница дека човечката активност може да ја промени климата на целата наша планета.3 Во 1800-тите, експериментите кои сугерираа дека јаглерод диоксидот (CO2) произведен од човекот може да се собере во атмосферата и да ја изолира земјата беа исполнети со повеќе љубопитност отколку загриженост. Кон крајот на 1950-тите, отчитувањата на CO2 ги нудат некои од првите податоци за да ја потврдат теоријата за глобалното затоплување. Конечно, изобилството на податоци, заедно со климатското моделирање, ќе покажат дека глобалното затоплување е реално и дека претставува мноштво страшни последици.

Идејата дека луѓето би можеле на некој начин да ја променат климата на глобално ниво изгледала невозможна со векови. Во 1820-тите, францускиот математичар и физичар Џозеф Фурие сметал дека енергијата што стигнува до планетата како сончева светлина мора да биде избалансирана со енергијата што се враќа во вселената бидејќи загреаните површини испуштаат зрачење. Дел од таа енергија мора да се задржи во атмосферата и да не се враќа во вселената, одржувајќи ја земјата топла. Тој предложил тенката обвивка на земјата од воздух - нејзината атмосфера - да дејствува како што би дејствувала стаклената градина. Енергијата влегува низ стаклените ѕидови, но потоа е заробена внатре, слично како топла стаклена градина. Оттогаш, експертите истакнаа дека аналогијата на стаклената градина е претерано поедноставување, бидејќи појдовното инфрацрвено зрачење не е точно заробено од атмосферата на земјата, туку се апсорбира. Колку повеќе стакленички гасови има, толку повеќе енергија се задржува во атмосферата на земјата.

Но, таканаречената аналогија на ефектот на стаклена градина остана заглавена и околу 40 години подоцна кога ирскиот научник Џон Тиндал започнува да истражува кои видови гасови играат улога во апсорпцијата на сончевата светлина. Лабораториските тестови на Тиндал во 1860-тите покажаа дека јагленовиот гас (кој содржи CO2, метан и испарливи јаглеводороди) е особено ефикасен во апсорпцијата на енергијата. Тој на крајот покажа дека само CO2 делува како „сунѓер“ во начинот на кој може да апсорбира повеќе бранови должини на сончева светлина.

Во 1890-тите, шведскиот хемичар Сванте Арениус станува љубопитен околу тоа како намалувањето на нивото на CO2 во атмосферата може да ја излади земјата. Со цел да ги објасни минатите ледени доба, тој се прашувал дали намалувањето на вулканската активност може да ги намали глобалните нивоа на CO2. Неговите пресметки покажаа дека ако нивото на CO2 се преполови, глобалните температури би можеле да се намалат за околу 5 степени целзиусови. Потоа, Арениус се запрашал дали обратното е точно. Арениус се врати на своите пресметки, овојпат истражувајќи што ќе се случи ако нивото на CO2 се удвои. Можноста изгледаше далечна во тоа време, но неговите резултати сугерираа дека глобалните температури ќе се зголемат за иста количина - 5 степени целзиусови. Децении подоцна, модерното климатско моделирање потврди дека бројките на Арениус не биле далеку од вистината.

Во 1930-тите британскиот инженер Гај Стјуарт Календар истакна дека САД и северноатлантскиот регион значително се загреале веднаш по индустриската

3 S.R. Weart (2008), The Discovery of Global Warming

революција. Пресметките на Календар сугерираат дека двојно зголемување на CO2 во атмосферата на земјата може да ја загрее земјата за 2 степени целзиусови. Тој ќе продолжи да тврди во 1960-тите дека е во тек затоплување на планетата со ефект на стаклена градина. Додека тврдењата на Календар во голема мера беа исполнети со скептицизам, тој успеа да го привлече вниманието на можноста за глобално затоплување. Тоа внимание одигра улога во собирањето на некои од првите проекти финансирани од владата за повнимателно следење на климата и нивото на CO2.

Најпозната меѓу тие истражувачки проекти беше мониторинг станицата основана во 1958 година од Институтот за океанографија Скрипс на врвот на опсерваторијата Мауна Лоа на Хаваи. Геохемичарот од Скрипс Чарлс Килинг конципирал начини за снимање на нивоата на CO2 и обезбедување средства за опсерваторијата, која била позиционирана во центарот на Тихиот Океан. Податоците од опсерваторијата го открија она што ќе стане познато како „Крива на Килинг". Нагорната крива покажа постојан пораст на нивоата на CO2, заедно со кратки, нерамни нагоре-надолу нивоа на гасот произведен со постојано презимување и позеленување на северната хемисфера.

Почетокот на напредното компјутерско моделирање во 1960-тите почна да ги предвидува можните исходи од порастот на нивоата на CO2, кои беа очигледни со Килинговата крива. Компјутерските модели постојано покажуваа дека двојно зголемување на CO2 може да предизвика затоплување од 2 степени целзиусови во следниот век.

Во 1970-тите, се појави поинаков вид климатски грижи - глобалното ладење. Некои научници теоретизираа дека загадувањето може да ја блокира сончевата светлина и да ја излади земјата. Всушност, земјата малку се оладила помеѓу 1940-1970 година поради повоениот бум на аеросолните загадувачи кои ја рефлектирале сончевата светлина далеку од планетата. Но, како што заврши краткиот период на ладење и температурите продолжија да се искачуваат, предупредувањата од мал број научници дека земјата се лади паднаа. Дел од образложението беше дека додека смогот може да остане суспендиран во воздухот со недели, CO2 може да опстојува во атмосферата со векови.

Раните 1980-ти ќе означат нагло зголемување на глобалните температури. Многу експерти ја посочуваат 1988 година како критична пресвртница кога сличните настани го ставија глобалното затоплување во центарот на вниманието. Летото 1988 година беше најжешкото до тогаш. Во 1988 година, исто така, беше забележана голема суша и шумски пожари во САД. Една година подоцна, во 1989 година, беше основан Меѓувладиниот панел за климатски промени (IPCC) во рамките на Обединетите нации за да обезбеди научен поглед на климатските промени и нивните политички и економски влијанија4. Како што глобалното затоплување стана вистинска појава, истражувачите ги истражуваа можните последици од затоплувањето на климата. Меѓу предвидувањата имаше и предупредувања за силни топлотни бранови, суши и помоќни урагани поттикнати од зголемените температури на морската површина. Други студии предвидуваа дека како што се топат масивните глечери на половите, нивото на морето би можело да се зголеми помеѓу 28 до 98 сантиметри до 2100 година, доволно за да се поплават многу од градовите долж источниот брег на САД.

Владините лидери започнаа дискусии за да се обидат да го спречат одливот на

4 https://www.ipcc.ch

емисии на стакленички гасови за да ги спречат најстрашните предвидени исходи. Првиот глобален договор за намалување на стакленички гасови, Протоколот од Кјото, беше усвоен во 1997 година и предвидуваше намалување на емисиите на шест стакленички гасови во 41 земја плус Европската унија на 5,2 отсто под нивото од 1990 година за време на целниот период од 2008 до 2012 година.

Во 2015 година е потпишан Парискиот договор за климатски промени чија основа беше декларацијата за спречување на глобалниот пораст на температурата над 2°C. Многу експерти сметаа дека 2°C затоплување се критична граница која доколку се надмине ќе доведе до зголемен ризик од повеќе смртоносни топлотни бранови, суши, бури и зголемување на глобалното ниво на морињата.

2.ПАРИСКИ ДОГОВОР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Парискиот договор поставува глобална рамка за избегнување на влијанијата на опасните климатски промени со ограничување на глобалното затоплување под 2°C и продолжување на напорите за негово ограничување на 1,5°C. Исто така, има за цел да ја зајакне способноста на земјите да се справат со влијанијата на климатските промени и да ги поддржат во нивните напори. Парискиот договор е првиот универзален, правно обврзувачки глобален договор за климатски промени, усвоен на климатската конференција во Париз во декември 2015 година. 5Европската Унија и нејзините земји-членки се помеѓу 190-те страни на Парискиот договор. ЕУ формално го ратификуваше договорот на 5 октомври 2016 година, со што овозможи негово стапување во сила на 4 ноември 2016 година.

Заради ублажување или намалување на емисиите Владите се согласија да си постават долгорочна цел за одржување на зголемувањето на глобалната просечна температура под 2°C над прединдустриските нивоа, со стремеж да се ограничи зголемувањето на 1,5°C, бидејќи тоа значително ќе ги намали ризиците и влијанијата од климатските промени. Како придонес кон целите на договорот, земјите поднесоа сеопфатни национални акциони планови за климата. Поради транспарентност и глобален преглед тие се согласија да се собираат на секои пет години за да го проценат колективниот напредок кон долгорочните цели и да ги информираат страните за ажурирање и унапредување на нивните национално определени придонеси, да се информираат меѓусебно и да ја информираат јавноста за тоа како ја спроведуваат климатската акција, да го следат напредокот кон нивните заложби според Договорот преку силен систем за транспарентност и одговорност. Заради адаптација Владите се согласија да се зајакне способноста на општествата да се справуваат со влијанијата на климатските промени и да се обезбеди континуирана и засилена меѓународна поддршка за адаптација кон земјите во развој.

Договорот исто така ја препознава важноста од спречување, минимизирање и справување со загубите и штетите поврзани со негативните ефекти од климатските промени и ја признава потребата за соработка и подобрување на разбирањето, акцијата и поддршката во различни области како што се системите за рано предупредување, подготвеноста за итни случаи и осигурувањето од ризик.

5 PARIS AGREEMENT (2015), UNITED NATIONS

3. ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

Климатскиот ризик влијае на секое општество, на секоја компанија и на секој поединец. Најновите истражувања 6 покажуваат дека под влијание на климатските промени, глобалната економија би можела да изгуби 10% од својата вкупна економска вредност до 2050 година. Ова сценарио би се остварило доколку температурните зголемувања останат на тековната траекторија и не се исполнат поставените цели за нето-нула емисии во 2050 година, предвидени во Парискиот договор за климатски промени.

Според сегашната траекторија, глобалниот БДП би можел да биде за 11-14% помал до средината на векот, отколку во свет без климатски промени (т.е. промена од 0°C). Дополнително, оваа бројка би можела значително да се зголеми и до 18% од БДП на светската економија до 2050 година, доколку не се преземат мерки и глобалните температури се зголемат за 3,2°C. Загубата според целите на Парискиот договор би била значително помала (околу 4%). Неодамнешните научни истражувања покажуваат дека тековните веројатни траектории на пораст на температурата, поддржани со имплементација на ветувањата за ублажување, ќе предизвикаат глобално затоплување од 2,0-2,6 °C до средината на векот.

Истражувањата покажуваат дека сите земји ќе бидат погодени, но некои се поранливи од другите. Економиите во јужна и југоисточна Азија се најранливи на физичките ризици поврзани со глобалното затоплување. Земјите кои беа најнегативно погодени, вклучувајќи ги Малезија, Тајланд, Индија, Филипините и Индонезија, честопати беа оние со најмалку ресурси за ублажување и прилагодување на ефектите од глобалното затоплување. Тоа се земјите кои би добиле најмногу ако светот успее да се справи со температурните зголемувања. Многу напредни економии на северната хемисфера се помалку ранливи, бидејќи се помалку изложени на неповолните случувања во временските шеми поврзани со глобалното затоплување и имаат подобри ресурси за да се справат со влијанието на климатските промени. САД, Канада, Швајцарија и Германија се меѓу првите десет најмалку ранливи земји за кои се смета дека ќе бидат најмалку погодени.

Покрај физичките, климатските промени предизвикуваат и транзициски ризици и повторно Азија може да биде најмногу погодена. Транзициските ризици може да се покажат со големи промени во вредноста на средствата и повисоки трошоци за водење бизнис додека светот се движи кон економија со ниска потрошувачка на јаглерод и може да има значителни финансиски и економски влијанија.

Во однос на изложеноста на тешки временски ризици кои произлегуваат од климатските промени, југоисточна Азија и Латинска Америка најверојатно ќе бидат најмногу подложни на суви услови. Во меѓувреме, многу земји во северна и источна Европа ќе забележат вишок врнежи и поплави.

6 Guo J., Kubli D., Saner D. (2021), The economics of climate change: no action not an option; Swiss Re Institute – Zurich

Слика1 : Swiss Re Institute: Економијата на климатските промени

	Temperature rise scenario, by mid-century			
	Well-below 2°C increase	2.0°C increase	2.6°C increase	3.2°C increase
	Paris target	*The likely range of global temperature gains*		*Severe case*
Simulating for economic loss impacts from rising temperatures in % GDP, relative to a world without climate change (0°C)				
World	−4.2%	−11.0%	−13.9%	−18.1%
OECD	−3.1%	−7.6%	−8.1%	−10.6%
North America	−3.1%	−6.9%	−7.4%	−9.5%
South America	−4.1%	−10.8%	−13.0%	−17.0%
Europe	−2.8%	−7.7%	−8.0%	−10.5%
Middle East & Africa	−4.7%	−14.0%	−21.5%	−27.6%
Asia	−5.5%	−14.9%	−20.4%	−26.5%
Advanced Asia	−3.3%	−9.5%	−11.7%	−15.4%
ASEAN	−4.2%	−17.0%	−29.0%	−37.4%
Oceania	−4.3%	−11.2%	−12.3%	−16.3%

Зголемувањето на глобалната температура негативно ќе влијае на БДП во сите региони до средината на векот. Слика 1 го прикажува очекуваното влијание врз глобалното БДП до 2050 година според четири различни сценарија во споредба со свет без климатски промени. Тие се:

» 4% доколку се постигнат целите на Парискиот договор (покачување под 2°C)
» 11% доколку се преземат дополнителни мерки за ублажување (зголемување од 2°C)
» 14% доколку се преземат некои мерки за ублажување (зголемување од 2,6°C)
» 18% доколку не се преземат мерки за ублажување (3,2°C зголемување).

За да се изгради поотпорен, покорисен растечки модел за луѓето, мора да се забрза структурната трансформација во пет клучни економски сектори:

Системи за чиста енергија. Декарбонизацијата на енергетскиот систем заедно со децентрализираните, дигитализирани технологии за електрификација може да им овозможи на уште милијарда луѓе пристап до модерни енергетски услуги.

Попаметни урбани случувања. Покомпактни, поврзани и координирани градови ќе заштедат големи средства и ќе го стимулираат економскиот раст преку подобрување на пристапот до работа и домување.

Одржливо користење на земјиштето. Префрлувањето на поодржливи методи на земјоделство во комбинација со строга заштита на шумарството може да генерира значителни економски придобивки.

Паметно управување со вода. Недостатокот на вода може да се спречи со поефикасно користење на водата преку технолошки подобрувања и инвестиции во јавната инфраструктура.

Циркуларна индустриска економија. Денес, 95% од вредноста на материјалот од пластичната амбалажа се губи после првата употреба. Политиките кои поттикнуваат повеќе кружна и поефикасна употреба на материјали може да ја подобрат светската економска активност и да го намалат отпадот и загадувањето.

ЗАКЛУЧОК

Несомнено климатските промени имаат влијание врз глобалната економија. Долгорочните ефекти од климатските промени сигурно ќе бидат негативни за глобалната економска активност. Сепак, овие влијанија е многу тешко да се разберат и предвидат и заради тоа секогаш постои можност да бидат предмет на одредени грешки и отстапувања. Од она што го знаеме денес можеме да предвидиме како глобалното затоплување ќе влијае на различни економски фактори. Поекстремните временски услови имаат потенцијал да го ослабат економскиот раст преку оштетување на глобалниот капитал и нарушување на понудата на работна сила, а продуктивноста на трудот ќе се намали како што светската економија се прилагодува на повисоките температури. Инфлацијата ќе се зголеми со намалувањето на производството, како и преку растечките трошоци за храна, енергија и осигурување. Монетарната политика ќе биде ограничена бидејќи се обидува да се бори против стагфлационите притисоци од климатските промени. Затоа, треба да се дејствува експедитивно за да се избегнат потенцијални идни трошоци. Влијанијата на климатските промени може да се намалат доколку се преземат решителни активности за исполнување на целите утврдени во Парискиот договор за климатски промени. За ова ќе биде потребно повеќе од она што е ветено денес, при што и јавниот и приватниот сектор треба да работат заедно за да се забрза транзицијата кон нето нула. Тука осигурителната индустрија треба да игра клучна улога во обезбедувањето капацитет за трансфер на ризик, знаење за ризик и долгорочни инвестиции. Ре/осигурителите користејќи го нивното разбирање за ризикот може да ја олеснат транзицијата кон економија со ниска потрошувачка на јаглерод за да им помогне на домаќинствата, компаниите и општествата да ги ублажат и прилагодат на климатските промени. Ефективниот одговор на политиката бара колективна акција од сите вклучени страни. Потребно е итно да се дејствува сега за да се ублажат ризиците и да се справиме како глобална заедница за да одржиме здрава економија и одржлива иднина. Сè уште постои можност да се промени правецот и да се изгради свет кој ќе биде позелен, поодржлив и поотпорен.

БИБЛИОГРАФИЈА И ИНТЕРНЕТСКИСТРАНИЦИ

1. Carleton T., Hsiang C. (2016), Social and economic impact of climate
2. Guo J., Kubli D., Saner D. (2021), The economics of climate change: no action not an option; Swiss Re Institute – Zurich
3. https://www.climate.gov
4. https://ec.europa.eu
5. https://www.history.com
6. https://www.ipcc.ch
7. https://www.worldbank.org
8. PARIS AGREEMENT (2015), UNITED NATIONS
9. S.R. Weart (2008), The Discovery of Global Warming
10. World Population Prospects (2019), United Nations

658.8:004.738.5
658.8:159.91

Валентина Спасова
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Република Северна Македонија

НОВИ МАРКЕТИНГ АЛАТКИ И РАЗВОЈ НА НЕВРОМАРКЕТИНГ ТЕХНИКИТЕ

АПСТРАКТ: Клучен елемен од промотивниот микс на маркетингот е промоцијата, поради што неопходноста од истражување на важноста и ефективноста на промоцијата е поставена како императив. Промоцијата има круцијално значење во маркетинг кампањите кои и помагаат на компанијата да ги оствари своите цели на долг рок, преку привлекување нови клиенти и создавање лојалност со постоечките. Маркетинг комуникацијата се обидува да обезбеди информации на потрошувачот за производите и услугите на компаниајта. Различните методи на комуникација со потрошувачот треба да бидат во согласност за да се испорача холистичка и ефективна порака која ќе ги задоволи и потребите на компанијата и потребите на потрошувачите. Паралелно од промоцијата и маркетинг алатките кои помагаат на компаниите ефективно и ефикасно да се поврзат со клиентите, од големо значење е и невромаркетингот, кој преку свои техники навлегува во психологијата на потрошувачите и ја одредува приврзаноста на клиентите со брендот или компанијата.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: маркетинг, невромаркетинг, маркетинг алатки

NEW MARKETING TOOLS AND DEVELOPMENT OF NEUROMARKETING TECHNIQUES

ABSTRACT: A key element of the promotional mix of marketing is promotion, due to which the necessity of researching the importance and effectiveness of the promotion is set as an imperative. Promotion is crucial in marketing campaigns that help the company achieve its goals in the long run, by attracting new customers and building loyalty with existing ones. Marketing communication tries to provide information to the consumer about the products and services of the company. The different methods of communication with the consumer should be consistent in order to deliver the holistic and effective message that will satisfy both the needs of the company and the needs of the consumers. Along with the promotion and marketing tools, which through its techniques penetrates the the consumer psychology and determines the customer's attachment to the brand or company.

KEYWORDS: marketing, neuromarketing, marketing tools

ВОВЕД

Студијата за маркетинг е целосно поврзана со човечката психологија и наука. Маркетингот е древна уметност која се практикува во една или друга форма. Во современиот свет, маркетингот е насекаде. Маркетингот е активност, а маркетинг активностите

маркетинг активностите и стратегиите резултираат со ставање достапни производи и услуги кои ги задоволуваат клиентите, додека компаниите кои ги нудат тие производи остваруваат профит. Различни промотивни алатки се на располагање на продавачот за да стигнат производите или услугите до целниот потрошувач. Едни од најбрзо растечките сектори во модерната глобална економија се инфлуенсер маркетинг и директен маркетинг преку кои компаниите директно комуницираат со своите потрошувачи и потенцијални потрошувачи, со цел да генерираат реакција или трансакција. Примарниот фокус на овој труд е да се идентификуваат инфлуенсер маркетинг и директен маркетинг како ефективни форми на маркетинг во новата маркетинг средина, додека развојот на невромаркетинг техниките внесуваат нов правец во маркетингот каде со помош на знаењето од невронуката и когнитивнта наука за прецизно да се идентификуваат потребите, желбите и преференциите на клиентите.

МАРКЕТИНГ И НОВИ МАРКЕТИНГ АЛАТКИ

Маркетингот и технологијата се тесно поврзани, бидејќи со развојот на технологијата се зголемува и расте бројот на маркетинг техники и алатки за промоција на производи и услуги за секоја компанија. Промоцијата на производи и услуги е еден од клучните инструменти од маркетинг активностите на секоја компанија. Во денешно време, компаниите имаат на располагање голем број на техники и алатки за промоција, затоа треба внимателно да ги вклопат во секоја маркетинг активност со цел да дадат јасна, конзистентна и веродостојна порака на пазарот.

Маркетинг алатките им помагаат на компаниите да ги промовираат своите услуги или производи, да ја оптимизираат стратегијата, да генерираат потенцијални клиенти, да ја зголемат продажбата и да ја зголемат свесноста за брендот. Повеќето компании користат различни маркетинг алатки за да ја зголемат својата продажба. Може да се користат комбинации од повеќе маркетинг алатки како на пример, управување со социјални медиуми, директна пошта, алатки за рекламирање и др., за да го пласираат својот производ или услуга. Не мора да постои единствен пристап кој одговара на сите маркетинг активности за користење на маркетинг алатки кои се потребни на компанијата. Деловните цели на компанијата исто така имаат големо влијание на алатките кои се потребни да се користат. На пример, некои алатки се идеални за зголемување на продажбата, додека други се подобри во собирањето информации за потенцијалните клиенти.

Најдобар начин за да се пронајдат вистинските маркетинг алатки кои се потребни на една компанија е прво да ги разложат своите маркетинг цели. Откако ќе се разберат различните категории на маркетинг алатки и нивната цел, тогаш е потребно да се искористат само оние кои се потребни. На тој начин се користи алатка која ја поддржува специфичната маркетиншка цел на компанијата и ги рационализира маркетинг активностите.

Во светот на маркетинг алатките постојат многу различни типови кои им помагаат на компаниите во остварување на своите цели. Додека влијанието на традиционалните маркетинг алатки опаѓа, промоцијата во социјалните медиуми е во пораст. Со појавата на интернетот, маркетингот започнува брзорастечка еволуција, со што појавата на нови маркетинг алатки никогаш не престанува.

Инфлуенсер маркетинг и директниот маркетинг се две многу растечки форми на маркетинг алатки што се одвива во онлајн царството. И двете носат многу

слични компоненти, но во суштина се сепак различни. Инфлуенсер маркетинг е кога компанијата вработува личност која има влијание врз публиката и на тој начин подобро ќе го претстави и пласира производот, а за тоа е платен. Додека директниот маркетинг се обидува да изгради директна врска помеѓу продавачот и неговите потенцијални клиенти. И двете од овие форми на маркетинг алатки се растечки трендови во онлајн светот, особено на социјалните медиуми.

Инфлуенсер маркетингот на платформите за социјално споделување е огромен и многу од инфлуенсерите заработуваат милиони. На пример на платформата Инстаграм, компаниите плаќаат на инфлунсери за да ги промовираат нивните производи или нивната платформа за социјални медиуми. Може слободно да се каже дека инфлуенсер маркетингот постои со векови, така што во минатото познати личности на телевизиските реклами промовирале проиводи. А денес влијателниот маркетинг, овозможува тоа да го прават и личности кои не се славни. Потребно е само да имаат голем број на следбеници на некоја од платформите за социјално споделување, и на тој начин се развива инфлуенсер маркетинг. Интернетот го промени начинот на кој се прави инфлуенсер маркетинг и повеќе не е потребна славна личност од милион долари за да промовира производ.

Инфлуенсер маркетингот е интересен феномен и многу моќна и водечка маркетинг алатка. Постојат многу начини и канали за користење на инфлуенсер маркетинг. Посебно блогерите станаа важни инфлуенсери бидејќи се гледаат како автентични и имаат лојални следбеници. Кога блогер или други инфлуенсери препорачуваат производ, тогаш довербата кај потрошувачите е повредна, отколку традиционалното рекламирање на производот.

Инфлуенсер е типичен не-клиент или бизнис поттикнат да креира или препорача содржина за бизнис бренд или производ. Инфлуенсер маркетингот е најважниот нов пристап кон маркетингот. Браун и Хејс, Инфлуенсерот го дефинираат како трета страна која значително влијае на одлуката за купување кај другите поради нивниот авторитет, знаењето, позицијата или врската. Социјалните инфлуенсери се секојдневни луѓе кои влијаат на потрошувачите додека донесуваат одлука за купување. Било кој може да биде социјален инфлуенсер, да влијае на афинитетот на туѓиот бренд и одлуката за купување[1].

Инфлуенсер маркетингот може да ја добие својата форма во објави на блогови, видеа или слики на каналите на социјалните медиуми, што значи соработка со содржина, или може да биде содржина за маркетинг кампања на компанија со име или слика на инфлуенсер, што значи обезбедување на содржина. Може да работи како бренд амбасадор, натпревари за крајни корисници, соработка на различни канали за социјални медиуми, на пример на Инстаграм, Твитер и слично. Инфлуенсерскиот маркетинг може да биде и настани, патувања и работилници, графички контроли и прикажување реклами. Инфлуенсерите обично се не-клиенти поттикнати да препорачаат бренд или производ.

Според Браун и Фиорела, инфлуенсерскиот маркетинг содржи три суштински цели врз основа на кои треба да ја гради својата стратегија.

» Првата инфлуенсер статистика која треба да се измери е Свеста, која треба да вклучува објави на блогови за кампањата, социјалните споделувања и ажурирања, вести написи, интервјуа за медиуми и спомнувања на брендот или производот.

1 Brown, Duncan & Hayes, Nick. 2008, Influencer Marketing, Who really influences your customers?

- Втората инфлуенсер статистика која треба да се измери е Реакција. На целта на реакцијата вклучуваат посети на веб-страницата на компанијата, зголемување на претплатниците на билтенот, зголемен сообраќај кон офлајн имотите, зголемени барања за пребарување и социјални следбеници и препораки од колеги.
- Последната инфлуенерска статистика што треба да се измери е Акција, која се однесува на преземање бела хартија, присуство на семинари или вебинари, пријавување и купување на придружница[2].

Инфлуенсер маркетингот не е да се има најголема база на следбеници или најсилен глас, туку инфлуенсерот треба да биде идентификација за клиентот и да влијае врз одлуките за купување на потрошувачите. При идентификување на вистинскиот инфлуенсер за кампањата, потребни се следните филтри за полесно препознавање на брендот:

- Демографски - да се дознае возраста, полот и локацијата на публиката, од важно значење е да се знае како треба да се создаде порака за брендот
- Временска скала - за ефективна и успешна кампања за инфлуенсер, временската скала треба да биде постојан дел од маркетинг стратегијата на брендот, а не само краткорочна фаза. Различните делови од кампањата диктираат кој инфлуенсер е потребен во секоја фаза.
- Платформи - Секоја платформа на социјална мрежа има своја привлечност кон одредена демографија, а полот, расата и приходите играат важна улога во популарноста на секоја мрежа. Брендот треба да ја избере платформата и инфлуенсерот според својата таргетирана публика.
- Историја на реакции - За да се разбере однесувањето на купувачите во рамките на маркетинг кампањата со инфлуенсер, брендот треба да идентификува кога клиентите донесуваат одлуки и преземаат активности врз основа на содржината на инфлуенсерот. Реакциите на клиентите може да бидат фаворизирање на твит, лајкнување или споделување на Facebook пост, коментирање на објава или вест статија. Кога брендот ја разбира историјата на реакциите на својата публика, гарантира дека пораката е засадена во вистинско време со вистинки инфлуенсер.
- Инфлуенсер - Клучниот проблем со инфлуенсер маркетингот е тоа што брендовите само се трудат да се поврзете со инфлуенсери од висок профил, наместо со оние кои се всушност релевантни за потрошувачот. Препознавање на вистинскиот инфлуенсер од самиот почеток е клучот за успешна маркетинг кампања, во спротивно пораката е погрешно пренесена.

Слика 1. Инфлуенсер филтри

2Brown, Danny & Fiorella, Sam. 2013, Influence Marketing – How to create, manage, and measure brand influencers in social media maketing,

Денес брендовите се обидуваат да допрат до клиентите на културно нијансирани начини, а усвојувањето на директен маркетинг се чини најпрактичниот пристап да се оствари. Во новата насока на маркетингот, се идентификуваат, лоцираат и убедуваат најдобрите перспективи, што резултира со

максимизирање на продажбата и профитот. Директниот маркетинг се јавува кога компаниите им се обраќаат директно на клиентите преку мноштво канали, како е-пошта, телефон и лично. Резултатите од ваквите кампањи се веднаш мерливи, бидејќи компанијата може да следи колку од клиентите одговориле на пораките преку повикот за акција. Во денешното сценарио на дигитализација, директниот маркетинг го користат маркетарите за да развијат блиски односи со секој од клиентите со цел да се постигне лојалноста.

Главните форми на директен маркетинг се: директна пошта, телемаркетинг, маркетинг по е-пошта, текст (СМС) маркетинг, маркетинг на социјални медиуми, маркетинг со директен одговор и др.

Постојат неколку причини за растот на директниот маркетинг:

» Фрагментацијата на пазарот ја ограничува променливоста на техниките за масовен маркетинг. Способноста на техниките за директен маркетинг да таргетираат различни групи на потрошувачи има зголемено значење.
» Зголемената понуда на списоци и нивната разновидност обезбедува необработени податоци за активностите за директен маркетинг. Постои голема количина на податоци за трансакциите достапни кај трговците на мало и компаниите за интернет маркетинг кои може да се користат за прецизно насочување на индивидуалните клиенти.
» Софистицираниот софтвер овозможува генерирање на персонализирани писма, пораки и понуди. Компаниите користат маркетинг софтвер за да ги туркаат своите производи и услуги преку различни веб-страници и канали како што се е-пошта, веб локации и социјални мрежи.
» Сега се достапни аналитички алатки кои им помагаат на компаниите да ги класифицираат и разберат клиентите подобро.
» Личната продажба е скапа, особено ако се зема предвид платата, провизијата, бонусот на продавачот и времето на патување. Компаниите имаат висока цена по акција со лична продажба. Овие трошоци се направени без разлика дали продавачот ја врши продажбата. Тоа чини многу пари да се обучи продавачот, подучувајќи ги за различни производи и процедури за продажба.

За да се постигне ефикасна маркетинг кампања со користење на алатката директен маркетинг, потребно е да се следат следните чекори:

» Поставување цели - Целите на директниот маркетинг варираат во зависност од компанијата, во зависност од тоа дали е потребно да се зголеми продажбата, или да се дознаат реакциите на клиентите, да се зголеми лојалноста или друго. SWOT анализата (слаби и силни страни) е добар почеток за започнување на кампања, пред финализирање на целите и задачите за директен маркетинг.
» Идентификација на публиката или целна демографија - им овозможува на маркетарите да бидат конкретни во нивната порака и да се намалат торшоците со таргетирање на помала група. Поефективно е да се има неколку директни пораки до помали групи, отколку генерирачка порака до голема група.
» Избор на канали за испорака - Каналот за испорака на директен

маркетинг како што сугерира самото име е секогаш директен и ја става организацијата во директен контакт со целните клиенти или потенцијалните клиенти. Каналите вклучуваат директна пошта, е-пошта маркетинг, текстуален маркетинг и многу други. Маркетарите можат да користат неколку или комбинација од различни канали.

» Избор на очекуван одговор од клиентите - Очекуваните одговори може да бидат одредени активности од клиент, да го купи производот, да бара повеќе информации за прозиводот, да упати пријател или може да биде некоја деловна цел.

» Реализирање на промоција - Вистинскиот клуч за успех на директниот маркетинг зависи од способноста да се изврши промоција. Нема начин да се знае со сигурност дали нешто ќе функционира додека не се реализира.

» Преглед на резултати - Маркетарите прво можат да спроведат тест кампањи со мали групи клиенти за да ја проверат реакцијата. Со мерење на одговорот маркетарите можат да научат од него. Повеќето компании претпочитаат да го измерат повратот на инвестицијата што ја добиваат од програмата за директен маркетинг. Најдобрите начини се спроведуваат преку маркетинг метрика. Маркетинг метриката е едноставно збирка на нумерички податоци што им овозможува на компаниите да се види дали ги исполнува целите на компанијата.[3]

Слика 2. Чекори во директен маркетинг

РАЗВОЈ НА НЕВРОМАРКЕТИНГ ТЕХНИКИ

Невроекономијата е релативно ново трансдисциплинирано поле, кое се развива од невронауката. Оваа растечка дисцилина ја анализира нашата мозочна активност кога ги пресметуваме ризиците и ги оценуваме наградите и користи технологија за скенирање на мозокот за да проучува како луѓето донесуваат одлуки, ги оценуваат личните избори, па дури и одлучуваат кои производи да ги купат. Како резултат на комбинирањето на невронауката со маркетингот, невромаркетингот се јавува како релативно нова истражувачка дисциплина, и постанува очигледен фактор кој би бил „клуч за успех“ на маркетингот во иднина. Искористувајќи ги предностите на напредокот во технологијата, ова поле кое се појавува ги надминува традиционалните алатки за квантитативно и квалитативно истражување, фокусирајќи се на мозочните реакции на потрошувачите пред маркетиншките стимули.

Со проучување и разбирање на овие потсвесни и емоционални области на мозокот, маркетарите можат да донесат информирани одлуки за тоа што луѓето сакаат, не сакаат, им треба, се плашат, се досадуваат, возбудуваат и така натаму за да

3 International Journal of Research Science & Management

ги менуваат производите и пораките, со што би им се допаднале на потрошувачите. За разлика од традиционалното истражување на пазарот, невромаркетингот ја отстранува субјективноста и потенцијалот испитаникот да биде неодлучен или невистинит во известувањето. Наместо мислење, со современите технологии, невромаркетингот го мери нивото на внимание, емоционалната приврзаност и складирањето на меморијата.

Невромаркетингот е наука за разбирање на психологијата на потрошувачите. Со практикување на употреба на различни технологии за мерење на активностите на мозокот на потрошувачот за да се открие како луѓето реагираат на производите и различните маркетинг стимули. Целите на невромаркетинг студиите се да се соберат релевантни информации за внатрешната работа на мозокот. Невромаркетингот идентификува многу значаен факт, имено дека по правило одлуките на клиентите се преземаат од ментално, емоционално и инстиктивно ниво.

Како гранка на когнитивна наука, невромаркетингот се потпира на способноста да се визуелизира како мозокот ги доловува изборите и донесува одлуки, и обезбедува слики од мозочната активност во клучните моменти на избор на малопродажба. Покрај тоа, тоа е процес на имплицирање на употреба на технологија за сликање (позитронска емисиона томографија - ПЕТ, магнетно енцефалографија - МЕГ, функционална магнетна резонанца - ФМРИ и електроенцефалографија - ЕЕГ, ЕТ-следење очи) со цел да се измерат емоциите и да се снимаат реакции на човечкиот мозок на различни стимули како звук, мирис, слики, допир, вкус и друго. Маркетарите трврдат дека може да предвидат дали некој прозивод или кампања ќе бидат успешни преку експерименти со помош на технологија за сликање на клиентите, снимање на нивните мозочни сигнали и активирање. Со користење на технологијата за невромаркетинг на Mindnetic, лесно ги разбираат реакциите на потрошувачите кои помагаат да се добие посакуваниот одговор на потрошувачот. Со користење на невромаркетинг техники, истражувачите можат да го откријат скриеното од луѓето што не знаат што да откријат и што точно влијае на нивното донесување одлуки, дури и за нештата за кои не се свесни.[4]

Невромаркетингот ја применува невронауката за маркетинг и рекламирање, дозволувајќи им на компаниите да ја мерат посветеноста на потрошувачите, однесувањето на потрошувачите и процесите на донесување одлуки од страна на потрошувачите преку науката. Невронаучните податоци можат да и помогнат на компанијата точно да го процени одговорот на нејзината база на потрошувачи, брендирањето, демографијата, рекламирањето, цените. А податоците од истражувањето ќе помогнат на маркетарите да направат ефикасна маркетинг стратегија. Невромаркетарите користат технологии за научно истражување и ги следат физиолошките реакции на луѓето како движење на очите, изразите на лицето, отчукување на срцето, а сето тоа се користи за мерење на приврзаноста и емоционалните одговори на потрошувачите.

Фокусните групи и традиционалното маркетинг истражување носат истражувачки пречки - како пристрасност во одговорот, пристрасност за самооценување и пристрасност во истражувањето - што ги решава невронаучното истражување. Невромаркетингот дава јасен, нефилтриран портрет на

4 Email W. "Keros client Bark Group partners with Mindmetic in new field of neuromarketing", press release, 15 December,2009

преференците на клиентите со собирање на податоци за потрошувачите надвор од било какви свесно пријавени одговори.

ТЕХНИКИ ЗА НЕВРОМАРКЕТИНГ

Невромаркетингот сеуште е млада дисциплина, теоретскиот, емпирискиот и практичниот опсег се уште се развива. Со цел да се тестира ефектот на маркетиншките стимули врз мозокот на потрошувачот, широко се користат невромаркетинг техниките и помагаат во традиционалното маркетинг истражување. Напредокот во техниките за сликање на мозокот се користи во истражувањето и за невромаркетинг. Методологиите се опишани подолу:

» Следење на очите (ЕТ). ЕТ е невромаркетинг алатка која се користи за анализа на визуелното внимание од субјектот. Техниката се фокусира на погледот и каде клиентите го насочуваат. Со негова помош може да се дознае за изборот на бои, фонтови, реклами, дизајни кои успеваат да го привлечат неговото внимание. Освен тоа, следењето на очите може да предизвика и предмети кои предизвикуваат конфузија кај луѓето. Ако компанијата е заинтересирана за препознавање на брендот, може да ја дознае брзината на препознавање на клиентите. Овој пристап покажува дали има високо ниво на препознавање или треба да се работи на тоа за да ги натераат луѓето побрзо да ја препознаат компанијата. Откако ќе се избере методот на следење очи, тоа овозможува да се подобри дизајнот на веб-страницата, пакувањето и рекламите по ниска цена. ЕТ техниката помага и при донесување одлуки за купување. Иако техниката е лесна за управување, таа не може да помогне во оценување на емоциите на клиентите. Затоа, се користи во комбинација со биометрика за да се добие подетална анализа за целната публика.

» Пупилометрија. Овој метод донесува заклучоци врз основа на состојбата и реакцијата на пупилот (централниот дел од окото). Проверува дали зениците се раширени за да се процени нивото на приврзаност на клиентите. Со неговите резултати можат да се сфатат чекорите за ревидирање на рекламите, дизајнот на страницата и пакувањето на производите. Пристапот е релативно евтин и лесен за извршување.

» Кодирање на лицето. Овој метод се фокусира на изразите на лицето на субјектите за да ги идентификува емоционалните реакции. Тоа овозможува да се откријат емоциите кои ги чувствуваат луѓето: среќа, страв, вознемиреност, изненадување, задоволство итн. За релативно евтина цена, се добиваат информации кои помагаат да се подобри рекламната содржина и полесно препознавање од публиката.

» Биометрика. Оваа техника го идентификува нивото на приврзаност и типот на одговор (негативен или позитивен) врз основа на кожното дишење, спроводливоста и отчукувањето на срцето. Биометриката овозможува рекламната содржина да се усогласи со желбите на луѓето. Заедно со следењето на очите, можат значително да се подобрат рекламите и содржините за побрзо и подобро препознавање од страна на целната публика.

» Електроенцефалограм (EEG). Оваа техника се користи за идентификување, снимање и мерење на мозочните брановиодкортексот, одразувајќи ги негативните и позитивни емоции. EEG овозможува да се открие поврзаноста со клиентите со помош на електрични

сигнали кои доаѓаат од невроните во мозокот. Оваа релативно скапа техника овозможува да се оценат промените во кратки периоди и да се подобри квалитетот на рекламите и брендирањето. EEG обично се користи за идентификување на клучната точка на рекламирање или видео материјал, тестирање и развивање реклами, тестирање нови кампањи, момент на корелација на производот, тестирање на дизајнот и употребливоста на веб-страницата итн.

» Функционална магнетна резонанца (fMRI). Овој најскап пристап обезбедува детални емоционални одговори, потсетување и поврзаноста со клиентите. За извршување на методот потребна е лабораторија. fMRI го идентификува протокот на крв во мозокот за време на висока неврална активност. Како резултат на тоа се добиваат информации кои помагаат да се подобри брендирањето и да се одредат цените. fMRI помага да се измери: кодирање на меморија, сензорна перцепција, валентност на емоции, желба, отповикување на брендот, претпочитање на брендот, доверба, лојалност на брендот итн. Оваа техника обично се користи за тестирање на перформансите на нов производ, перформанси на нова кампања, подготовка на ново рекламирање, профитабилен дизајн на пакување, цени на производи, потреби на пазарот, позиционирање и репозиционирање на брендовите.

Иако невромаркетингот е контроверзен, тој сепак е од суштинско значење за компаниите. Со избор на вистинските невромаркетинг техники компаниите имаат можност подобро да ги разберат потребите и преференциите на клиентите и да ги задоволат нивните потреби. Придобивките од употребата на невромаркетинг техниките се многубројни: идентификација на несвесните одговори на клиентите во врска со рекламата, дизајнот на брендот, можност за развивање на нови уникатни стратегии, резонирање на потребите и желбите на клиентите, подобрување на рекламните камањи и стратегии, задоволување на клиентите, зголемување на продажбата, стекнување на конкурентска предност и др.

ЗАКЛУЧОК

Можеме слободно да кажеме дека маркетингот е главната карика во секоја компанија која го поврува производтството со продажбата. Користејќи ги соодветните маркетинг алатки за промоција и соодветните невромаркетинг техники се овозможува лесна повразаност со клиентите, подобро распознавање на потребите и желбите на потрошувачите, и на тој начин се остварува зголемување на продажба и стекнување на конкурентска предност. Маркетинг алатките се тие кои ќе овозможат подобар пласман на производот или услугата на компанијата на пазарот. Додека со помош на невронауката, маркетарите можат да ги идентификуваат елементите на производот кои добиваат поволен одговор од клиентите и ја зголемуваат продажбата. Од сето ова можеме да ја разбереме поврзаноста на маркетинг алатките и невромаркетинг техниките.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Brown, Danny & Fiorella, Sam. 2013, Influence Marketing – How to create, manage, and measure brand influencers in social media maketing, Que Publishing, 222 pages.
2. Brown, Duncan & Hayes, Nick. 2008, Influencer Marketing, Who really influences your customers? UK: Elsevier Ltd, 235 pages.
3. Email W. "Keros client Bark Group partners with Mindmetic in new field of neuromarketing", press release, 15 December,2009
4. Mohammad Osman Gani, S M Saleh Reza, Md Rabiul Islam Rabi, S M Salim Reza, October 2015, Neuromarketing: Methodologies of Marketing Science
5. Sofie Biaudet, 2017, Influenser marketing as a marketing tool, https://www.theseus.fi/bitstream/handle/10024/134139/Biaudet_Sofie.pdf
6. Varghese Abraham & Jerin Joseph, International Journal of Research Science & Management, An Empirical study on direct marketing as the most effective form of marketing in the digitalized marketing environment
7. What is Neuromarketing: Techniques and examples https://sendpulse.com/support/glossary/neuromarketing

159.923.2-049.5
159.923.2:504

Проф. д-р Шеќеринка Ивановска
М-р Борче Серафимовски
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Република Северна Македонија

ПЛАНЕТАРНИОТ ПРИТИСОК, АНТРОПОЦЕНОТ И ИНДЕКСОТ НА ЧОВЕКОВИОТ РАЗВОЈ

АПСТРАКТ: И покрај континуираниот раст и развој на глобалното општество во претходните години: зголемување на просечниот век на луѓето, раст на глобалното богатство, раст на издвојувањата за развој на здравствениот систем сепак, пандемијата покажа дека човештвото се соочува со нови закани од социјална и планетарна природа. Овие закани ја намалуваат сигурноста и безбедноста на човекот во претстојните години. Затоа, расте сензибилноста на поединецот кон несигурноста и недовербата кон општествените системи. Пандемијата Ковид-19 само ги најави новите потенцијални закани и ја зголеми недовербата и стравот на поединецот за безбедноста и сигурноста на општеството. Од овие причини, поимите планетарен притисок и антропоцен стануваат доминантни во употреба.

Планетарниот притисок го корегира индексот на човековиот развој (PHDI). Тоа е нивото на човечкиот развој приспособен со заканите од емисии на јаглерод диоксид по лице (засновано на производство) и заканите од материјалните белези и остатоци по глава на жител. Во оваа смисла, PHDI го мери нивото на човековиот развој кога се земаат предвид планетарните притисоци и закани од планетарна и социјална нерамнотежа. Антропоценот ги опфаќа опасните планетарни и социјални промени (нерамнотежи) кои влијаат како закани врз поединецот. Опасните планетарни промени ги опфаќаат сите закани од околината: климатски промени, губење на биолошките видови, зоонозни заболувања, загадување на воздухот и други штетни последици. Тоа создава опасни предизвици по човековата сигурност и безбедност како што се: закани по здравјето, конфликти и насилство, технолошко/економска безбедност, нееднаквости. Разгледувањето на ефектите од антропоценот бараат сложени напори во глобални рамки. Императив во решавањето на овие закани е да се оди подалеку од фрагментираните напори на државите, а тоа бара реафирмирање на принципите на основачките документи на ОН, кои се централни идеи што го поткрепуваат концептот на човековата безбедност и сигурност.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: планетарен притисок, индекс на човековиот развој, антропоцен, закани, сигурност, безбедност.

PLANETARY PRESSURE, ANTHROPOCENE AND HUMAN DEVELOPMENT INDEX

ABSTRACT: Despite the continuous growth and development of the global society in the previous years: increase of the average life expectancy, growth of the global wealth, growth of the allocations for the development of the health system, the pandemic showed that humanity is facing new threats of social and planetary nature. These threats reduce the safety and security of man in the coming years. Therefore,

the individual's sensitivity to insecurity and distrust of social systems increases. The Covid-19 pandemic only heralded new potential threats and increased an individual's distrust and fear of the safety and security of society. For these reasons, the terms planetary pressure and anthropocene become dominant in use.
Planetary pressure corrects the Human Development Index (PHDI). It is the level of human development adjusted to the threats of carbon dioxide emissions per person (based on production) and the threats of material footprint and debris per capita. In this sense, PHDI measures the level of human development when planetary pressures and threats of planetary and social imbalances are taken into account. Anthropocene encompasses dangerous planetary and social changes (imbalances) that act as threats to the individual. Dangerous planetary changes include all environmental threats: climate change, loss of biological species, zoonotic diseases, air pollution and other harmful consequences. It creates dangerous challenges to human security and safety such as: health threats, conflicts and violence, technological/economic security, inequalities. Considering the effects of anthropocene requires complex efforts on a global scale. It is imperative in addressing these threats to go beyond the fragmented efforts of states, and this requires reaffirming the principles of the founding documents of the UN, which are central ideas that underpin the concept of human security and safety.

Keywords: planetary pressure, human development index, anthropocene, threats, security, safety.

1.ПЛАНЕТАРНИОТ ПРИТИСОКОТ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ

Изминативе две години, периодот на огромниот шок од пандемијата „Ковид-19" ја демаскира кревкоста на глобалниот систем и покрај сите крупни развојни промени и техничко-технолошки напредоци. Сето ова ни покажа дека треба да бидеме будни и треба да размислуваме поинаку, на друг начин, поради соочувањето со сложените закани за човековата безбедност и сигурност. Тоа покажува дека подобрувањето на постигнувањата за благосостојбата на човекот не е доволен услов за човековата безбедност и сигурност. Ова ни дава за право да размислуваме дека пандемијата би можела да претставува само еден мал вовед во наредна серија на глобални закани за поединецот. Тоа може да бидат серија на постојано растечки негативни бранови кои се удираат врз недоволната способност на владите и на меѓународната заедница да се трудат да ги заштитат луѓето ширум светот, особено најранливите. Напорите што ги прават државите остануваат во голема мера недоволни и парцијални напори посветени на: климатските промени, загубата на биолошката разновидност, конфликтите, миграцијата, бегалците, пандемиите и заштитата на податоците. Овие напори треба да се зајакнат, и да се оди подалеку од фрагментираните решенија, да се реафирмираат принципите на основачките документи на ОН - Универзалната декларација за човекови права и Повелбата на Обединетите Нации - кои се исто така централни идеи што го поткрепуваат концептот на човековата безбедност и сигурност.

Уредничката Гаја Винс (Gaia Vince), во својата широко дефинирана улога во Природа (Nature), решила да патува низ светот и самата да се увери каков е животот на луѓето најдиректно во оваа наша реалност. Таа открила голем број поединци кои

прават најнеобичните работи. За време на нејзиното патување, таа сретнала човек кој прави вештачки глечери во Непал, исто така и поединец кој ги бои планините во бело за да привлече снежни врнежи. Тука се и наелектризираните гребени на Малдивите или пак човек кој прави острови од ѓубре на Карибите. Тоа се обични луѓе кои тешките кризи ги решаваат на луди, генијални, ефективни начини. Таа во својата книга ги опишува своите чудни доживувања, не ги критикува луѓето кои се снаоѓаат на различни начини но, ја објаснува предизвикувачката положба во која се наоѓа нашиот вид:. "Во овие прекрасни приказни, комбинирани со новата наука што ја поткрепува стручноста и истражувањето на Гаја, се создаваат убедливо, просветлувачки и чудно надежни вистини за тоа што значи антропоценот за нашата иднина.". [1]

Пандемијата наметна и стари барања на поединецот како: ослободување од страв од сиромаштија, страв од губење на достоинството, слободата, безбедноста и сигурноста. Како што покажа пандемијата, проблемот на човештвото не е недостатокот на генијалност, туку неможноста да се види нашата безбедност во безбедноста на другите.

Планетарниот притисок и индексот на човековиот развој (PHDI) го мери нивото на човековиот развој кога се земаат предвид податоците за планетарните притисоци. Коефициентот на Планетарниот притисок во идеално сценарио каде што нема притисоци на планетата, PHDI е еднаков на HDI. Меѓутоа, како што се зголемуваат глобалните закани од планетарен и социјален аспект корегираниот индекс на човековиот развој намален за податоците од планетарниот притисок (PHDI) паѓа под HDI.

И покрај придобивките од развојот расте сензибилноста кон несигурност и недоверба кон државите. Оваа состојба станува глобална, а се наметна уште пред појавата на пандемијата Ковид 19. Но, пандемијата само ги нагласи потенцијалните проблеми и ја зголеми недовербата и стравот на поединецот од нови закани. Ова може да се набљудува во тандем и со геополитичките тензии од последниве неколку месеци. Опаѓање на демократските процеси и глобалните климатски промени уште повеќе го зголемија стравот од нови видови на закани за човекот.

Од овие причини, во науката се наметнува потребата од постојана анализа која ќе го објасни и ќе го апдејтува концептот на човековата сигурност во услови на новата реалност. Со тоа расте потребата од зголемена човечка солидарност бидејќи сите општества се ранливи, а Агендата за одржлив развој до 2030 година бара овој процес во наредните години да има посериозен пристап.

Платформата на Обиденетите Нациии за надминување на овие цели бара вклучување на сите глобални стеикхолдери. Се бара внимателно инвестирање во превенција на отпорноста на општествените системи, заштита на планетата од новите закани и притисоци и повторно градење на еднаквоста и довербата во глобалната сила на солидарноста.

Многу истражувања и консултации кои биле направени во изминативе две години (периодот на Ковид-19 пандемијата – 2020 и 2021) преку виртуелни тимови на признати експерти сугерираат нови насоки за подобрување на безбедноста и сигурноста на поединецот:

» Човековата безбедност и сигурност тековно станува универзален императив,

» Антропоценот како закана на човековата безбедност, бара

1 Gaia Vince, (2020) Adventures in the Anthropocene: A Journey to the Heart of the Planet We Made, Amazon

редефинирање и нов начин на следење на човековата безбедност,

» Појава на нови современи генерации на закани на човековата безбедност како: дигиталната технологија како закана, човековата димензија на развој на конфликтите и насилство, зголемување на нееднаквоста и закана по човековиот дигнитет (достоинство),

» Барања за промени во здравственио систем за постигнување поголема отпорност на новите закани за човековата безбедност.

Заради следење на податоците од Индексот на човековиот развој (HDI) и неговите промени поради планетарниот притисок, ги разгледуваме четирите категории на рангирање на земјите. Тие, според степенот на нивната развиеност се поделени во: многу висок човеков развој, висок човеков развој, среден човеков развој и низок човеков развој. Следната табела број 1 ги дава податоцоите на државите по категории и индексот на човеков развој (колона 1), индекс кој во колона број 2 од табелата е корегиран за планетарниот притисок изразен во проценти. Секој коефициент на ИЧР е намален во однос на влијанието на планетарниот притисок. Потоа следат колоните од 5 до 9, кои опфаќаат повеќе фактори: факторот на прилагодување, карбон диоксид како загадување по глава на жител, и материјалните отпечатоци или белези кои оставаат траги врз планетата, односно антропоценот.

Табела број 1: Планетарниот притисок и индексот на човеков развој (PPHDI)

Ранк на Индекс на човековиот развој (1)	HDI 2019	PP-HDI 2019 (2)	Разлики во ИЧР вредности во % (3)	Разлики од ИЧР 2019 (4)	Фактор за прила-годување е на ПП 2019 (5)	Карбон диоксид емисија percapita (tones) 2018 (6)	Карбон диоксид емисија Индекс 2018 (7)	Материјален отпечаток, per capita 2017 (8)	Материјален отпечаток Индекс 2017 (9)
Многу висок човеков развој	**0.898**	**0.760**	15.4	—	0.846	10.4	0.851	24.2	0.841
Висок човеков развој	**0.753**	**0.688**	8.6	—	0.914	5.1	0.927	15.2	0.900
Среден човеков развој	**0.631**	**0.615**	2.5	—	0.975	1.6	0.977	4.0	0.974
Низок човеков развој	**0.513**	**0.508**	1.0	—	0.990	0.3	0.996	2.2	0.985
Земји во развој	**0.689**	**0.651**	5.5	—	0.944	3.4	0.952	9.6	0.937

Извор: Human Development Report 2020, Annex Table A7.1, Pdf, p.241

Од податоците се гледа дека индексот на човековиот развој кај најразвиените држави кој изнесува 0,898 при корекција со планетарниот притсок се намалува на 0,760. Кај земјите со низок човеков развој овој индекс од 0,513 корегиран за планетарниот притисок изнесува 0,508.

2. АНТРОПОЦЕНОТ И ГЛОБАЛНАТА СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ

Антропоценот како поим го означува и објаснува системот во кој функционираме, глобалната ера, односно системот во кој човечкото битие станува централна фигура во планетарните промени и радикалните притисоци врз земјината биосфера. Овие притисоци го подгреваат и зголемуваат чувството на страв на поединецот за сигурноста и безбедноста. Како голема закана се појавија: притисоци по здравјето на поединецот, предизвикани од храната и физичкиот интегритет на системот, појавата на пандемијата Ковид-19, притисокот на дигиталните технологии, притисокот на климатските промени и губење на видовите и зголемени промени врз биосферата.

Во трудов, повеќе пати ги споменавме глобалните промени кои силно влијаат како закани на екосистемот на нашата планета. Во науката постојат различни мислења околу тоа колку и од кога човекот почнал да остава силни негативни траги и отпечатоци врз планетата. Во една од поновите теории се тврди дека овој геолошки период кој остава ,,опасни,, траги на нашата планета може да се смета од 1950 година. За оправданоста на теоријата се наведуваат бројни причини како што се: ширење на бетонот, алуминиумот, пластиката, разните видови на гасови, јагленот, експериментите со нуклеарното вооружување и слично. Сето тоа придеонело крупни промени и менување врз глобалниот екосистем. Развојот на сите цивилизации покрај позитивните придобивки оставиле силни траги како нови закани за планетата Земја. Тука влегуваат: големите сериски производства на храна, синтетичките материјали, градежните објекти, населбите (конгломератските центри), водата, минералите и енергетските ресурси. Но, проблемот е што во последните неколку години токму овие материјали оставаат крупни негативни белези врз биосферата и седиментот. Покрај придобивките од нуклеарните централи, сепак тестирањето на нуклеарното оружје во космосот создава широка дистрибуција на радиоизотопи кои се штетни за човекот.

Професорот Јан Заласиевич (Jan Zalasiewicz) од Универзитетот во Лестер, работел на чело на истражувачки тим за антропоценот. Тој во своите истражувања тврди дека покрај корисностите од нуклеарнато оружје и добивањето нови извори на енергија, сепак, во овој период поголеми се штетите и "лошите" траги по кората на земјата. Периодот од 1950 година се зема како прекретница и година за почеток на антропоценот. Некои истражувачи тврдат дека ова негативно влијание на планетарниот притисок и трагите на цивилизациите се случиле уште многу порано, односно од индустриската револуција, односно уште од 18 век.

Новите закани за човекот и планетата се повеќе се предмет на научни истражувања и многу научници се трудат да дадат свој придонес. Се вели дека: "Живееме во момент на опасни и невидени планетарни промени. Во 2020 година, масата создадена од човекот ја надмина вкупната жива биомаса на Земјата, а со сегашните стапки на раст, се очекува таа да се удвои во следните две децении". [2]

Следната слика број 1 дава шематски приказ на комплексноста на влијанијата на планетарниот притисок или Антропоцен. Тоа се опасните планетарни промени кои ги опфаќаат следните закани: климатски промени, губење на биолошките видови, зоонозни заболувања, загадување на воздухот и други штетни закани.

На другата страна се кризите во човековата безбедност. Тука влегуваат повеќе фактори: предизвици по здравјето, (опасности од храната и физичкиот

2 UNDP 2020c, Human Development Report 2020: The Next Frontier: Human Development and the Anthropo¬ce-ne. New York.

интегритет на околината), конфликти и насилство, технолошко/економска безбедност, нееднаквости и слично. Сите тие заедно ја предизвикуваат социјалната и планетарната нерамнотежа. Тие влијаат на севкупната нерамнотежа и динамика на дестабилизација.

Слика број 1: Планетарните промени и влијанија врз антропоценот



Извор: New Threats to Human Security in the Anthropocene, Special Report, UNDP, Pdf, 2022, p.46.

Овие планетарни притисоци бараат нови насоки во процесот на нивното решавање. Сите општества се тесно поврзани, преку протокот на луѓе, стоки и информации, а тоа значи дека човековата безбедност на една група е тесно поврзана со онаа на другите (поим што се карактеризира како „заедничка безбедност“)[3]. Затоа се смета дека човековата безбедност е во опасност и се бараат нови начини на враќање кон можности за заштита на поединецот на глобално ниво.

Во објаснувањето на планетарниот притисок ги користевме податоците на Индексот на човековиот развој. Тој е индикатор на просечните достигнувања на полето на основните човекови можности. Тој е стандардно споредбено мерило на квалитетот на живот на луѓето помеѓу земјите. Индексот на човеков развој не ги зема предвид разликите (диспаритетите) во човековиот развој кај населението во рамките на една земја. Две земји со различни распределби на достигнувањето на човековиот развој може да имаат иста просечна вредност. Тој претставува стандарден начин на изразување на благосостојбата, особено онаа на децата. Овој индекс го изразува и влијанието на економската политика врз квалитетот на животот. Творци на индексот се пакистанскиот економист Махбуб ул Хук, индискиот економист Амартја Сен и Ричард Џоли од универзитетот Јејл во САД, со помош на Густав Ранис и Мегнад Десаи. Од 1990 година наваму ИЧР се развива постојано и се употребува од Обединетите нации во нивниот годишен извешта за човеков развој. Сите земји во светот се поделени во четири категории: многу висок човеков развој, висок човеков развој, среден човеков развој и низок човеков развој

Индексот на човековиот развој комбинира три фактори:

» Очекуван животен век при раѓањето, како показател на здравјето и

3 New Threats to Human Security in the Anthropocene, UNDP, Special Report, Pdf, 2022, p.48.

долговечноста на популацијата,

» Знаење и образование, мерено преку писменоста на возрасните (како 2/3 од тежината) и вкупното запишување во примарно, секундарно и терцијарно образование (како 1/3 од тежината),

» Животниот стандард, изразен преку природен логаритам, и пресметка на бруто домашниот производ (БДП) по глава на жител во УСД.

Вредноста на ИЧР може да се движи од 0 до 1. Вредности под 0,5 се смета дека претставуваат низок степен на развој на земјата. Сите земји со ИЧР под 0,5 се во Африка. ИЧР од 0,8 и повеќе се сметаат за развиени. Ова ги вклучува сите развиени земји од Северна Америка, Западна Европа, Источна Азија, како и некои земји во развој од Источна Европа. Седум земји, меѓу кои и Македонија, од 2007. година преминале во оваа група.

Планетарниот притисок и индексот на човековиот развој бараат натамошни нови истражувања и податоци. Ефектите кои ги остава планетарниот притисок врз антропоценот бараат сложени глобални стратегии. Напорите на државите треба да се обединат, а императив е изнаоѓање глобална развојна стратегија. Неопходни се мерки за менаџирање на ризиците од природните опасности и катастрофи, подобрување на квалитетот на водата и храната и заеднички напори за ублажување на ефектите од климатските промени. Успехот на глобалните цели и спас на антропоценот зависат од единството на локалните акции.

ЗАКЛУЧОК

Искуството од двете години на пандемијата Ковид-19 ни наметна нови барања за поголема безбедност и сигурност на поединецот на планетата и надминување на стравот од нови закани. Независно од напредокот на глобалниот општествен развој во сите сфери на техничко-технолошкака област и растот на показателите на индекстот на човековиот развој сега се поставува нова падрадигма и страв за човековата сигурност и безбедност.

Поимите планетарен притисок и антропоцен стануваат доминантни во научните истражувања. Планетарниот притисок и индексот на човековиот развој (PHDI) е нивото на човечкиот развој приспособен со емисиите на јаглерод диоксид по лице (засновано на производство) и материјалниот отпечаток по глава на жител. Во оваа смисла, PHDI го мери нивото на човековиот развој кога се земаат предвид планетарните притисоци (антропоцен). Поимот антропоцен ги опфаќа овие планетарни притисоци и закани по човековата безбедност и сигурност. Опасните планетарни промени ги опфаќаат сите закани од околината: климатски промени, губење на биолошките видови, зоонозни заболувања, загадување на воздухот и други штетни последици. Тоа создава опасни предизвици по човековата сигурност и безбедност, здравјето, насилство, технолошка/економска безбедност и нееднаквости. Затоа разгледувањето на ефектите од антропоценот бараат сложени глобални стратегии. Овие напори треба да се зајакнат, а императив е да се оди подалеку од фрагментирани напори на државите. Потребни се менаџирање на ризиците од природните опасности и катастрофи, подобрување на квалитетот на водата и храната за здравјето на поединецот, и напори за ублажување на ефектите од климатските промени. Сепак, успехот на глобалните цели зависи од локалните акции.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Adger, W. N., de Campos, R. S., Siddiqui, T., Gavonel, M. F., Szaboova, L., Rocky, M. H., Bhuiyan, M. R. A., and Billah, T. 2021. "Human Security of Urban Mi¬grant Populations Affected by Length of Residence and Environmental Hazards." Journal of Peace Re¬search 58(1): 50–66. 2021.
2. Bauer, A. M., Edgeworth, M., Edwards, L. E., Ellis, E. C., Gibbard, P., and Merritts, D. J. 2021. "Anthropo¬cene: Event or Epoch?" Nature 597(7876): 332–332.
3. Darbyshire, E., and Weir, D. 2021. "How Does War Contribute to Climate Change." https://ceobs.org/how-does-war-contribute-to-climate-change/. Ac¬cessed 16 November 2021.
4. Erle Ellis, (2018), The shock of the Anthropocene, Amazon.
5. Feldmann, A., and Luna, J. P. 2022. "Criminal Gover¬nance and the Crisis of Contemporary Latin Ameri¬can States." Annual Review of Sociology 48(1).
6. Gaia Vince, (2020) Adventures in the Anthropocene: A Journey to the Heart of the Planet We Made, Amazon.
7. John Green, (2021), The Anthropocenr Reviewed, Amazon.
8. IEP (Institute for Economics & Peace). 2020a. Ecolog¬ical Threat Register 2020: Understanding Ecological Threats, Resilience and Peace. Sydney, Australia.
9. IEP (Institute for Economics & Peace). 2020b. Global Peace Index 2021: Measuring Peace in a Complex World. Sydney, Australia.
10. McLennan, M. 2021. The Global Risks Report 2021. Cologny, Switzerland: World Economic Forum.
11. Report, New threats to human security in the Anthropocene, Demanding greater solidarity, UNDP, Special report, 2022.

005.73

Доц. д-р Габриела Крстевска
Проф. д-р Соња Ризоска Јовановска
Проф. д-р Јулијана Сиљаноска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Република Северна Македонија

ПОТРЕБАТА ОД ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА КОН НОВОТО НОРМАЛНО

АПСТРАКТ: Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19, предизвика кај вработените не сиамо да ги преиспитаат своите приоритети, туку да ги преспитаат и своите релации и односи со работодавачите, односно организациите. Тие бараат во пост-пандемиското време флексибилност во работата, како и поголем баланс помеѓу работата и приватниот живот. Едноставно, тие очекуваат и сакаат да работат за организации кои се грижат за нивната општа и психичка благосостојба. Но, промена се чувствува и кај организациите кои размислуваат за тоа како нивната организациска култура може и треба да еволуира и да се менува, со цел да привлече, развива и задржи таленти. Тоа бара од организациите адекватно прилагодување, односно реинвенција на нивната култура доколу сакаат да ги исполнат очекувањата на вработените, пред се да бидат гледани како човечки битиа, наместо како заменлив ресурс во организациите воопшто.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: организација, организациска култура, флексибилност, благостостојба, талент

THE NEED FOR ADAPTATION OF ORGANIZATIONAL CULTURE TO THE NEW NORMAL

ABSTRACT: The pandemic caused the employees to reconsider their priorities, but also to reconsider their relations with the employers, ie the organizations. They seek in the post-pandemic time flexibility in work, but also a greater balance between work and private life. They simply expect and want to work for organizations that care about their general and mental well-being. But there is also change in organizations that think about how their organizational culture can and should evolve and change in order to attract, develop and retain talent. This requires organizations to adequately adapt, ie reinvent their culture if they want to meet the expectations of employees to be seen primarily as human beings, instead of as a replaceable resource.

KEYWORDS: organization, organizational culture, flexibility, well-being, talent

1.ВОВЕД

Организациската култура во денешното пост-пандемиско време доживува момент на неопходен пресврт во контекст на многу аспекти. За време на пандемијата, организациската култура во многу компании покажа слабости, како распукан сад на кој како сега да му дојде време да се репарира. Енормно големото забрзување на автоматизацијата, на дигитализацијата, подемот на генерацијата на милениумците и генерацијата „Z" ја наметна неизбежно потребата од реинвенција на организациската култур

Вработените бараат, и најчесто ѝ добиваат, поголема слобода да работата каде сакаат и кога сакаат. Притоа тие очекуваат и поголемо внимание од организациите кон нивната благосостојба во секоја смисла - општа и психичка. Гуруто на менаџментот, Питер Дракер одамна рекол: „Културата ја јаде стратегијата за доручек". Како визионер, тој предвидел во која насока ќе се движат бизнис моделите, односно дека организациите се места каде што културата и стратегијата се неодвоиви една од друга, два неопходни делови од еден ист мотор без кои тој неможе да функционира правилно.

Деновите кога организациите може да привлекуваат и задржуваат луѓе нудејќи поволности како на пример, пинг-понг маси, фитнес сали, неограничени количини на овошје, храна - дизајнирани за да ја направат канцеларијата дом далеку од дома, едноставно се минато време. Организациите кои се прилагодуваат на денешните услови и барања работат со вработените на тој начин што ги преобликуваат нивните домови во канцеларија, но, далеку од канцеларијата. За организациите кои сакаат да постигнат орџлив успех преку привлекување, развој и задржување на таленти, неопходно е да ја прилагодат својата организациска култура која ќе овозможи професиналците најнапред да бидат гледани како човечки битиа, а дури потоа како работна сила која на организацијата ќе и го даде својот максимум.

2.ЕВОЛУЦИЈАТА НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА

Во годините по втората светска војна (1950-1970), организациите имале ригидна хиерархија која длабоко се рефлектирала врз дизајнот на работните места. Работниците биле сместувани во широки, непреградени простории, додека организациите се обидувале да ја намалат приватноста на вработените и да ја зголемат продуктивноста. Одалечени, скриени канцеларии со големи прозорци беа резервирани само за шефовите. Жените, кои ги пополнувале позициите за време на втората светска војна и биле преместени на други позиции, и тоа најчесто работејќи на позиции на (по)ниско ниво.

Наредните дваесет години (1970-1990) биле препознатливи по носење на законите за антидискриминација, можност за контрола на раѓањето и социјални промени што ги довеле жените активно да стапуваат во работен однос. Жените почнале да завземаат работни позиции кои дотогаш биле претежно пополнувани од мажи, вклучувајќи и менаџерски позиции. Политиките на задолжителен дрес-код во тоа време почнале едноставно да попуштаат.

Во 1990-тите односите помеѓу вработените и шефовите, сопствениците на бизниси се влошиле на многу нивоа. Организациите сакале да ги намалуваат трошоците, што довело до отпуштања на многу работници. Тоа довело до несигурност кај вработените, како и до немање чувство за лојалност кон организациите во кои работеле. Отворените канцеларии се претвориле во затворени клаустрофобични кабини, што довело само по себе и до зголемување на нискиот морал и мотивација кај вработените.

Времето помеѓу 2000 и 2020 година ја воведува технолошката стартап култура која предизвикала револуција на работното место. Google и другите компании од силиконската долина ја редефинираа организациската култура. Тоа претставуваше време на силен натпревар за таленти во кое работодавачите почнаа кон вработените да бидат дарежливи давајќи им различни видови на поволности, почнувајќи од бесплатна храна па се до места за одмор и на самото

работно место. Кабините се исфрлија, и беа заменети со отворен океански простор кој требаше да манифестира рамна хиерархија/организација која поттикнува на соработка помеѓу сите членови. Во тоа време многу организации се трудеа да ја направат канцеларијата забавно место, но, многу од вработените се жалеа дека работат прекувремено.

Едноставно, 2020–тата година е време, ера во која организациската култура е фокусирана на човекот. Во екот на пандемијата предизвикана од вирусот COVID-19, вработените прават лично проценување на она што им е најважно. Тоа ги поттикнува организациите да стават силен фокус на личната сатисфакција на вработените и нивната општа благосостојба. Организациите ги прилагодуваат своите политики за да се осигураат дека вработените ќе ја почуствуваат таа грижа кон нив како кон човечки битиа, а не само како кон работници, нудејќи им перманенто флексибилни работни часови, инвестирајќи во различни програми за благостостојба и на тој начин ги зајакнуваат напорите за прифаќање на различностите и инклузијата. Вработените и организациите, градат еден нов, динамичен однос којшто се базира на емпатија и доверба едни во други.

На пример, истражување направено од страна LinkedIn покажало дека балансот работа-живот, го надминува очекувањето на висината на билансот на банкарската сметка кај вработените. Резултатите покажале дека професионалците како топ приоритети при избор на ново работно место го бираат балансот живот-работа (не работа-живот), потоа платата и бенефициите, и нешто помалку важна им е културата (домашна и оргнизациска) и нивните колеги.



3.ПРОМЕНЕТАТА РЕАЛНОСТ

Деновите кога вработените своето работно време го поминуваа во канцеларија од 08:00 – 16:00 часот се веќе минато време. Флексибилноста е патот

1 (Furman & at.all, 2022)

Currently, the network economy is closely adjacent to those spheres of the economy, in which the effectiveness of operation depends significantly on the degree of use of information technologies in production processes. These include virtual businesses, e-commerce, banking, distance education, etc.

CONCLUSION

Economics as a science has come a long way. As the socio-economic situation changes, so does the theme of economics. For centuries, wealth has been the subject of economic research. Initially, schools of economics differed in their understanding of the earth's wealth and sources of wealth (from gold to the mass of man-made products).

The main schools and trends of the XVI-XIX century are mercantilism, schools of physiocratism, classical political economy, Marxism. The second half of the 19th century with the advent of marginal trends, the subject of economics changed. It becomes a reasonable agricultural science with limited (rare) resources and unlimited needs.

Currently, economic theory uses a wide range of general and specific methods of scientific knowledge, which were formed in the process of its development.

In this paper we have tried to say as much as possible about the most promising, modern economic theory and its areas. It is obvious that economics, as one of the most important social sciences, will continue to develop simultaneously with the development of production relations, the concepts of its research will change, its new directions, schools and followers will appear, and we will witness everything.

REFERENCES

1. Bukvić, R. The Other Canon Against Washington Consensus: Re-Industrialization as a Condition for Economic Revival and Development, 8th International Scientific Conference Forces Driving the Revival of the Companies and Economy, Megatrend University, Belgrade, 2010.
2. Фишер С. Дорнбуш Р., Шмаленци Р. Экономика. М.: Бизнес, 2002.
3. Glišević, N. Razvoj i osnove savremene ekonomske misli, Ekonomski fakultet Podgorica, 2004.
4. Ховард К., Журавлева Г., Эриашвили Н. Экономическая теория. М: UNITI, 1999.
5. Либман А. Современная экономическая теория: основные тенденции, Вопросы экономики, 2007, №3.
6. Хайкин М. М. Эволюция экономической теории как науки: вызовы времени, Научно-технические ведомости СПбГПУ. Экономические науки. 2013, №6-1(185).
7. Шумпетер Й. А. История экономического анализа: в 3 т. – Спб., 2004.
8. Ходжсон Д. Скрытые механизмы убеждения: институты и индивиды в экономической теории, Экономический вестник Ростовского Государственного Университета, 2003, Т.1, №4.
9. Бугорский В.Н. Сетевая экономика, учеб. Пособие, В.Н. Бугорский. М: Финансы и статистика, 2008, 256 с
10. Дроздов Н.Д. Институциональная экономика: Учеб. Пособие. Тверь: Твер. гос. ун-т, 2006, 156 с.
11. Корнейчук Б. В. Информационная экономика. Учебное пособие. СПб.:Питер, 2006, 400 с.
12. Стрелец И.А. Сетевая экономика: учебник. И.А. Стрелец. М.: Эксмо, 2006, 208 с
13. Marangos, John. A Political Economy Approach to the Neoclassical Model of Transition, American Journal of Economics and Sociology, 61, 2002.

ОБЛАСТ

БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО

001Тесла

Stojan Troshanski, PhD
Teslalogyst
Republic of North Macedonia

TESLALOGY – A NEW TRANSDISCIPLINARY APPROACH TO THE SCIENTIFIC LEGACY OF NIKOLA TESLA SECURITY ASPECTS

ABSTRACT: This scientific paper deals with a new approach to the scientific legacy of Nikola Tesla. It analyses the term "teslalogy" as a term that will have a role to cover the entire scientific-research work of Nikola Tesla under one "umbrella" and under one name. This issue is supported by the transdisciplinary approach. For the purposes of the research, the following methods were used: method of content analysis, comparative and historical method.

Given that this is a very extensive field of research, the paper briefly addresses the security aspect of the Tesla scientific discoveries. Since my expertise is in security sciences, I discuss this aspect of Tesla Technology (in combination with the ethical aspect) in a number of scientific papers.

KEYWORDS: teslalogy; Nikola Tesla; transdisciplinarity; security aspect; new paradigms

INTRODUCTION

The dynamics of modern society and subject research lead to a process that tackles the problem of transferring knowledge and methods from one theoretic field to another (Todorova, 2015:187). The time has come in science when it is necessary to introduce a new scientific paradigm. It is also necessary to reconsider some previous views on several aspects. As for the scientific *opus* of Nikola Tesla, it is necessary to take a different view from the existing one about what exactly this scientist did during his life.

We need to look at Tesla's scientific legacy from a different angle so that we can better understand it. Therefore, I introduce the term "teslalogy" as a term that will have a role to cover the entire scientific-research work of Nikola Tesla under one "umbrella" and under one name. The term "teslalogist", on the other hand, means a professional term that refers to a scientist who researches Tesla technology in his field of science, and which can refer to several scientific disciplines. Given that so far these scientists are conditioned under the term "Teslians" or "followers of the character and work of Nikola Tesla", this term goes a step further and thus raises these researchers to a higher pedestal among the official scientific community (Troshanski, 2019:16).

The main hypothesis for this research is: If we accept the scientific and philosophical concept of Nikola Tesla in the field of science, then humanity and science will progress like never before.

1. THE UNITARITY OF NATURE

The philosophical and scientific approach to the unitarity of nature emphasizes the view that: if there is one nature, then all natural laws should be part of a unitary theory of nature. If nature does not distinguish between physics, chemistry and biology, then why do these scientific disciplines make a kind of division among themselves? (Mittelstrass, 2011:333). This philosophical thinking was shared by Nikola Tesla who through a comprehensive scientific approach explored nature and its natural (cosmological) laws. Starting from here, the need to introduce a new term in science that under one name will cover the entire scientific work of this scientist is justified.

Nature has no theory. There is only practice with it. Nature does not explain to us how the tree grows, how the thunder strikes, etc., but simply does it! We are obliged to know and learn how she does it and what are the natural laws she uses for that purpose. We still learn that, and we try hard to explain it to ourselves. But there was a man in the past who managed to understand and subdue these natural laws to a great extent for his own benefit and for the common good. That man is Nikola Tesla! It is man who, as never before in the known history of mankind, has penetrated the secrets of the universe and the existence of man as a physical and spiritual being and his place in the Cosmos.

2.TRANSDISCIPLINARY APPROACH TO NIKOLA TESLA`S SCIENTIFIC LEGACY

We come to the question through which approach can we research the scientific legacy of Nikola Tesla? Can it be explored interdisciplinary or multidisciplinary? Maybe through these two approaches we could go deeper into this issue, but I think that the best solution today lies in the transdisciplinary approach. Given that this approach is relatively new, and the nature of Tesla's scientific research work relies on several scientific disciplines, I believe that through such an approach we will be able to create a new concept and find a solution to a major scientific problem worldwide which can advance humanity. In the following we will explain why the transdisciplinary approach is most adequate for application to the scientific legacy of Nikola Tesla (Troshanski, 2019:17).

To make this concept easier to understand, we will first explain the interdisciplinary and multidisciplinary approach in a few sentences. The interdisciplinary approach covers two or more scientific areas. For example: biology and chemistry. They create biochemistry as a new concept. The multidisciplinary approach covers a number of scientific areas to solve a particular scientific problem. For example, to understand human consciousness, we will need psychology, neurology, philosophy, information science, and mathematics. However, in this case a new concept is not formed in science because these disciplines are not sufficiently integrated with each other and have a kind of consultative role in solving a given scientific problem. The transdisciplinary approach is a research strategy that includes a number of scientific disciplines to create a holistic approach (Troshanski, 2019:17).

The term "transdisciplinarity" was first introduced by Jean Piaget in 1970, and the International Center for Transdisciplinary Research (CIRET) adopted the Charter of Transdisciplinarity on the First World Congress of Transdisciplinarity, held at the 1994 Convento de Arrabida, in November. The Charter of Transdisciplinarity states the following:

"Given that the life of the country is seriously endangered by the triumph of techno-science, which relies only on the terrible logic of efficiency and its benefit ...

The dignity of the human being is of planetary and cosmic proportions. The emergence of human beings on Earth is one of the stages in the history of the Universe. Recognizing the Earth as our home is one of the imperatives of transdiscipline."

(Excerpt from the Charter of Transdisciplinarity)

Today, according to the Encyclopedia of Life Support Systems (EOLSS), it signifies a new philosophic movement (Todorova, 2015:187).

In German-speaking countries, the term "Transdisziplinarität" refers to the integration of different forms of research and includes specific methods for linking knowledge in problem solving (Mittelstrass, 2003). Transdisciplinarity requires addressing the complexity of problems and the diversity of perceptions about them, that abstract and concrete knowledge are related, and that practices promote the common good (Hadorn et al. 2008; Jaeger & Scheringer, 1998). Transdisciplinarity works when the participating experts communicate in open discussion and dialogue, giving equal weight to each perspective and linking things together. This is difficult because of the vast amount of information involved and the immensity of the specialized languages in each area of expertise.

Transdisciplinary ethics rejects any attitude that rejects dialogue and discussion, regardless of whether this attitude originates from ideological, scientific, religious, economic, political or philosophical motives. Shared knowledge should lead to mutual understanding based on absolute respect for the collective and individual diversity united by our common life on one and only Earth (Charter of Transdisciplinarity, Article 13).

Strictness, openness and tolerance are the basic characteristics of a transdisciplinary approach and vision. Strict reasoning, taking into account all available data, is the best defense against all possible distortions. Openness involves accepting the unknown, the unexpected and the unpredictable. Tolerance means recognizing the right to ideas and truths that contradict one's own (Charter of Transdisciplinarity, Article 14).

The transdisciplinary approach means going beyond the level of a number of individual disciplines, where the differences between those disciplines are not relevant. Here we mean two basic concepts: abstraction and generalization. Abstraction means the separation of each scientific discipline in a vertical line on the issue of solving a certain scientific problem. Generalization works in a horizontal line and has a role to generalize things.

The exchange of knowledge between scientists from different disciplines is a specific moment, but necessary for the development of science. This exchange of knowledge with a team composed of different disciplines has a role to play in influencing their "collective consciousness" in order to bring about a major transformational change. Conceptually, the transdisciplinary approach is oriented towards direct action,

where precisely certain scientific questions that are the subject of research should be answered through consultation and interaction between different disciplines and sectors to reach a practical, socially beneficial and effective solution.

In a transdisciplinary team, each member has the role of a direct participant in the whole process with all his previous knowledge in his field of science and has a role to use and share that knowledge in order to solve a given scientific problem. The idea of forming such a team in theory seems logical, easy and practical, but in practice requires more commitment and energy (Troshanski, 2019:19).



Figure 1.: Disciplinary, interdisciplinary, multidisciplinary and transdisciplinary approach. Source: (Teslalogy, Transdisciplinary approach to Nikola Tesla`s scientific legacy (p.19)

In a world characterized by rapid change, uncertainty and increased interconnectedness, there is a growing need for science to contribute to solving persistent, complex problems (Jäger, 2008:1). Transdisciplinarity is a principle of scientific research, not a theoretical approach, nor a method that can be expressed methodologically. This approach aims to imply that collaboration will lead to a lasting and systematic scientific order that will change the appearance of the issues and disciplines in question (Mittelstrass, 2011:331).

We must work together to solve a global problem that affects all of humanity. Shared experiences contribute to the systematization and formalization of concepts, methods and tools, as well as standards. First of all, all scientists must "sit at the same table", ask some main questions, listen to different views and opinions and form a new scientific paradigm according to which new scientific research will take place. It is necessary to make a communication strategy and a way to connect those scientific disciplines that are of interest to us. Of course, the first and foremost thing scientists need to do is get rid of their vanity. Therefore, the basic idea of transdisciplinarity is for different academic disciplines to work together with researchers to solve real-world problems. This approach can be applied in many different fields (Klein et al., 2001).

Transdisciplinary research knows three stages:

1. problem identification and structuring,
2. problem analysis and
3. achieving results.

All this in order to:

» to understand the relevant complexity of the problem;
» to take into account the diversity of wildlife and scientific perceptions of problems;
» link abstract and specific cases; and
» to develop knowledge and practices that promote what is considered a common good (Pohl & Hirsch Hadorn, 2007).

If we approach the scientific-research work of Nikola Tesla through such a scientific approach, we can expect rapid progress in science.

3.THE SECURITY ASPECT OF THE TECHNOLOGICAL INVENTIONS OF NIKOLA TESLA

More important is the security aspect of Nikola Tesla's technological inventions. It was important in his day, and is even more significant today. With the development of military technology, some outdated ways of warfare have been overcome. The same is being robotized, and the robot replaces the work of a man, a soldier in this case, which was also Tesla's prognosticating point of view. He himself pursued the idea of robotizing the army structures of states. More details on this topic are discussed in his technological concept of Telautomatics (Troshanski, 2019:50).

Since my expertise is in security sciences, I discuss this aspect of Tesla Technology (in combination with the ethical aspect) in a number of scientific papers, including: „ETHICS IN THE APPLICATION OF SCIENTIFIC ACHIEVEMENTS WITH A SPECIAL ACCENT OF TECHNIQUES FOR CLIMATE CONDITIONS MODIFICATION AS A THREAT FOR THE WORLD SECURITY",„TUNGUSKA EXPERIMENT - Security aspects",„NIKOLA TESLA`S TELEFORCE - The Death ray machine", and the paper entitled „NIKOLA TESLA`S TELEGEODYNAMICS - Moral and security aspects", which was released in 2019. The same topic is covered in the following two papers titled: UNDERSTANDING THE WAR AND THE FUTURE OF MILITARY PROCESSES ACCORDING TO NIKOLA TESLA (2020) and THE ROLE OF NIKOLA TESLA IN THE PREVENTION OF THE THIRD WORLD WAR (2020). It is a matter that is becoming more and more relevant in science, given that the development of new weapons is steadily increasing, and thus changing the methods of warfare. Each new weapon today is more practical to use than the previous, more efficient and gives a much larger military advantages to the side it uses it. But, unfortunately, it is important to note that the types of weapons used today, and have the prefix "Tesla`s", can also be used in peacetime. Some today put it under the term eco-terrorism, referring to the so-called geophysical and climate weapons. It must emphasize the following - the idea is (and that was Nikola Tesla`s goal) technology to be used for the benefit of humanity. Just as any scientific discovery is morally neutral, so these Tesla inventions are morally neutral. The decision to use them is made by the one who manages them, they are not in themselves a danger (Troshanski, 2019:50).

I discuss the security aspect of Tesla through a comprehensive and in-depth analysis, using exclusively relevant and verifiable documents.

CONSLUSION

The most important fact is the following - from previous research on this topic, I can conclude that the world's secret state structures that possess all of Nikola Tesla's scientific documentation give importance (and only and solely to the exploration) to those Tesla discoveries that can be used for military purposes. Everything else that represents his contribution to other scientific fields has been ignored and considered insignificant. The idea is to start researching in that direction as well, because his contribution is also significant in other scientific disciplines.

Nikola Tesla is highly regarded in the military-scientific circles of world military powers such as Russia, the United States, China and the United Kingdom, while on the other hand he is deliberately sidelined in official science. The motive is to restrict access to his discoveries and to maintain that monopoly of knowledge only in those circles.

REFERENCES

1. Charter of Transdisciplinarity. (1994). First World Congress of Transdisciplinarity. Accessed via: [http://www.inters.org/Freitas-Morin-Nicolescu-Transdisciplinarity]
2. Jäger J. Handbook of Transdisciplinary Research. (2008). Editors: Gertrude Hirsch Hadorn · Holger Hoffmann-Riem · Susette Biber-Klemm · Walter Grossenbacher-Mansuy · Dominique Joye · Christian Pohl · Urs Wiesmann · Elisabeth Zemp. Springer Science + Business Media B.V.
3. Klein, J.T., Grossenbacher-Mansuy, W., Häberli, R., Bill, A., Scholz, R.W., and Welti, M.: (2001). Transdisciplinarity: Joint Problem Solving among Science. An Effective Way for Managing Complexity, Birkhäuser Verlag, Basel, 332pp.
4. Mittelstrass, J. (2011). ON TRANSDISCIPLINARITY. University of Konstanz. TRAMES, 15(65/60), 4, 329–338.
5. Pohl, C. and Hirsch Hadorn, G. (2007). Principles for Designing Transdisciplinary Research, Proposed by the Swiss Academies of Arts and Sciences, oekom, München, 124pp.
6. Todorova, P. (2015). THE CONTEMPORARY TRANSDISCIPLINARY APPROACH AS A METHODOLOGY TO AID STUDENTS OF HUMANITIES AND SOCIAL SCIENCES. (187-191). Part 2: Pre-Service and In-Service Teacher Training & Learning and Teaching Styles.
7. Troshanski, S. (2019). "TESLALOGY – Quest After Nikola Tesla`s scientific legacy". Skopje.

331.45/.47

Проф. д-р Слободан Бундалевски
Проф. д-р Синиша Цветковиќ
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

ВЛИЈАНИЕ НА ИНДУСТРИЈАТА ВРЗ РАБОТНАТА СРЕДИНА

АПСТРАКТ: Со право може да се каже дека штетното влијание на индустријата врз работната средина претставува актуелна тема, а безбедноста при работа во современите услови за работа е предуслов за вршење на сите деловни активности. Кога е во прашање безбедноста при работа, таа вообичаено се перципира како превенција на повреди и заболувања, односно спречување од појава на несакани настани, а пристапот кон безбедноста и здравјето при работа треба континуирано да се подобрува, што бара континуирана посветеност, како на ниво на управување, така и на оперативно ниво. Штетното влијание на индустријата врз работната средина најдобро може да се согледа преку бројот, изворот и природата на повредите и заболувањата на работниците. Во повеќето земји најголем број на повреди на работното место се случуваат во градежништвото, производството, земјоделието, шумарството и рибарството.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Повреди и несреќи на работно место, индустрија

ENVIRONMENTAL INFLUENCE ON THE WORK ENVIRONMENT

ABSTRACT: It can be rightly said that the harmful impact of industry on the working environment is a current topic, and safety at work in modern working conditions is a prerequisite for performing all business activities. When it comes to safety at work, it is usually perceived as prevention of injuries and diseases, ie prevention of adverse events, and the approach to safety and health at work should be continuously improved, which requires continuous commitment, as at the level of management, both at the operational level. The detrimental impact of industry on the work environment can best be seen through the number, source and nature of workers' injuries and illnesses. In most countries, most workplace injuries occur in construction, manufacturing, agriculture, forestry and fisheries.

KEY WORDS: Injuries and accidents at work, industry

ВОВЕД

Штетното влијание на индустријата врз работната средина, со право претставува актуелна тема во денешново време, а безбедноста при работа во современите услови е предуслов за вршење на сите деловни активности. Овој аспект на економската активност е уште поголем ако се земе предвид фактот дека човекот е најважен и незаменлив ресурс, а секој вработен како индивидуа е носител на уникатни и неповторливи психофизички карактеристики, чиј ангажман

во процесот на работа создава новосоздадени вредности и оттука е и големиот интерес на бројни истражувачи за проучување на областа за безбедноста на работното место во последните неколку децении.

Безбедноста при работа вообичаено се перципира како превенција од повреди и заболувања, односно избегнување да се случуваат несакани настани и пристапот кон безбедноста и здравјето при работа треба континуирано да се подобрува, а постигнувањето на саканото ниво на безбедност бара континуирана посветеност, како на ниво на управување, така и на оперативно ниво. Од тие причини, одговорноста на менаџментот игра важна улога.

Според некои автори, во процесот на управување со безбедноста на работниците, од голема важност претставува културата и климата на безбедност, термини кои во многу трудови на различни истражувачи се изедначуваат, но сепак меѓу нив постојат одредени разграничувања (Baek, J.B., et al., 2008; Beus, J.M., et al., 2010). Безбедносната клима влијае и на мотивацијата на работниците за посветено и безбедно извршување на работните задачи (Živkovic, S., 2008), додека безбедносната културата претставува дел од организациската култура и се фокусира на подлабоки основни вредности во рамки на организацијата, во поглед на безбедноста и човечките ресурси (Lin, S.H., et al., 2008; Kines, P., et al., 2011).

Штетното влијание на индустријата врз работната средина може да се согледа преку бројот, изворот и природата на повредите и заболувањата, при што повредите на работното место доведуваат до губење на здравјето, работната способност и се извор за инвалидност и затоа имаат големо социо-економско значење, поради што се губат милијарди работни денови на годишно ниво, но исто така претставуваат и трошок за лечење и рехабилитација на повредените. Повредите на работното место претставуваат еден од најголемите јавни здравствени проблеми во светот кои можат да го променат и влошат квалитетот на животот, како на повредениот, така и на неговото семејство (Alhajeri, M., 2011).

КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПОВРЕДИТЕ СПОРЕД ИЗВОРИТЕ И ПРИЧИНИТЕ

Според законите на Република Северна Македонија, повреда на работното место се смета повредата на осигуреникот причинета со непосредно и краткотрајно механичко, физичко и хемиско дејство, како и повредата причинета со нагли промени на положбата на телото, ненадејно оптоварување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, при вршењето на работите на работното место, но исто така, повреда при работа се смета и повредата која осигуреникот ќе ја претрпи на редовниот пат од домот до местото на работата или обратно, или на патот преземен поради извршување на работни задачи, како и заболувања на осигуреникот што настанало непосредно и како последица на некој несреќен случај или од виша сила за време на вршењето на работата или во врска со неа (Законот за пензиско и инвалидско осигурување).

Од правна гледна точка, повредата при работа се сфаќа како облик на нарушување на човековиот интегритет во работната средина, додека од социјален аспект, повредата на работно место може да се дефинира како нарушување на човековиот физички интегритет во работната средина, која се експонира во нарушувањето или уништувањето на поедини делови од телото, но земајќи ја предвид и човечката природа, тоа може да доведе и до нарушување на неговиот

психички и општествен интегритет (Schliephacke, J., 2008).

Изворите на повреда на работното место можат да бидат многубројни: машините, уредите, алатите со кои се работи, материјалите, средствата за транспорт, опасните материи, физички, хемиски и биолошки опасности. Причините за настанување на повредите се исто така многубројни и може да се последица на непримена, како на општите, така и на специфичните мерки за безбедност при работа, несоодветната обука на вработените за вршење на работните задачи, несоодветна организација на работата, како и човечкиот фактор.

Од медицински аспект, повредите при работа се класифицираат според:

» начинот на настанувањето
» причината
» материјалниот причинител
» природата на повредата
» локализацијата и
» степенот на тежината..

Според тежината, повредите се класифицираат како фатални и нефатални, додека нефаталните дополнително се класифицираат како постојани или привремени и овие повреди може да предизвикаат привремено и трајно онеспособување. Кај делумната инвалидност работникот привремено е спречен да ги извршува своите вообичаени работни задачи (исеченици, лацерации, фрактури и слично), додека целосна онеспособеност се случува кога постои трајно оштетување на телото, што го спречува работникот повторно да биде работоспособен. Постојат различни класификации на повредите според изворот, односно материјалниот елемент (Jovanovic, J., 2007).

Согласно меѓународната класификација на болести, повреди и причини за смрт, извршена е класификација на изворите на повредите на работното место во 7 групи и истата е детално поделена на 32 групи и 96 подгрупи (Табела 1).

Табела 1. *Класификација на повредите според изворите на работно место*

Шифра	Извор на повредата на работното место
1	Машини
2	Средства за транспорт и средства за вертикален превоз
3	Други средства
4	Материјал, супстанции, радијација
5	Работна средина
6	Останати причини кои не се класифицирани на друго место
7	Некласифицирани причини поради недостатоци од потребни податоци

Како главни причини за повреда на работното место се сметаат условите за работа, личните особини, но и други околности под чие непосредно влијание се случила повредата и воопштено се темелат на непримeнувањето на:

» основните правила за безбедност и здравје при работа и
» посебните правила за безбедност и здравје при работа.

АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Согласно статистичките податоци, не секоја индустрија прикажува ист број на повреди и заболувања. Сведоци сме на различен број на повреди, како фатални, така и нефатални и различен број на заболувања по вид на индустрија. Различни фактори влијаат на бројот на повредите и заболувањата, како што се: возраста,

искуството, полот, па сè до обуката на работниците, староста и кондицијата на машините и уредите, нивното одржување и ремонти, почитување на мерките за безбедност итн. За да ја покажеме различноста во бројот на повреди по индустрии, ќе ја земеме како пример Велика Британија.

Повеќе од половина од фаталните повреди на работниците во 2020/21 година се во земјоделството, шумарството, рибарството и градежништвото, слично како и во претходните години (Графикон 1). Имајќи ги предвид различните нивоа на вработеност помеѓу секторите, стапката на фатални повреди по 100.000 работници се најголеми во земјоделството, шумарството, рибарството и отпадот и рециклирањето.



Графикон 1. *Фатални повреди на работници по индустрии во Велика Британија (2020/21)*

Според возраста, 41 случај на фатални повреди бил на работници на возраст над 60 години, додека на возраст од 16 до 59 години имало 97 случаи (Графикон 2).

Графикон 2. *Фатални повреди на работниците по возраст во Велика Британија (2020/21)*

Најчестиот вид фатална несреќа кај работниците продолжува да биде: паѓање од висина, удар од возило во движење и удар од предмет во движење и тие сочинуваат повеќе од половина (73.3%) од сите фатални несреќи на работниците во 2020/21 година (Графикон 3).

Графикон 3. *Главни видови фатални несреќи за работниците (2020/21)*

Стапката на фатални повреди на работниците покажува надолен тренд, но во последниве години во голема мера стапката е израмнета (Графикон 4).



Графикон 4. *Стапка на фатални повреди на 100.000 работници*

И во јавниот сектор се регистрирани 60 случаи на фатални несреќи на работните места во 2020/21, но за среќа, се ретки настани. Поради постоење на одреден степен на случајност во годишните бројки, истата резултира со природна варијација од година до година.

На Графиконот 5 е прикажан број на повреди по индустрии во Велика Британија за периодот од 2016/17 - 2020/21, а на Графиконот 6 е прикажан број на повреди по индустрии на 100.000 работници во Велика Британија за истиот тој период.

Графикон 5. *Број на повреди по индустрии во Велика Британија од 2016/17 - 2020/21*



Графикон 6. *Број на повреди по индустрии на 100.000 работници 2016/17 - 2020/21*

ЗАКЛУЧОК

Бројот на фатални повреди во 2020/21 година за многу од главните индустриски сектори е поголем, во споредба со годишниот просек во последните пет години, но сепак, бројките можат да бидат склони кон флуктуации од година во година, па така годишниот број на смртни случаи во 2019/20 година бил особено низок во споредба со другите последни години. Бројот на фатални повреди во градежништвото во 2020/21 година изнесува 39, што е намалување за 3 од претходната година, а петгодишниот просек за фатални повреди во овој сектор е 36. Во земјоделството, шумарството и рибарството во 2020/21 година има 34 фатални повреди, што е зголемување од 13 од најниското ниво во претходната година, а петгодишниот просек за фатални повреди во овој сектор изнесува 28. Преработувачкиот сектор забележал 20 фатални повреди во 2020/21 година, што е зголемување за 7 од претходната година, додека петгодишниот просек за фатални повреди во овој сектор е 18.

77% од сите фатални повреди се предизвикани од само 5 различни видови несреќи во периодот од 2016/17-2020/21 и тоа: паѓање од височина, удар со возило во движење и удар од предмет во движење се трите главни причини за смртоносна повреда и тие сочинуваат повеќе од половина од сите фатални повреди секоја година од 2001/02 година до денес.

Смртните повреди на работниците се претежно кај мажи, така што во 2020/21 година, 138 (97%) од сите смртните случаи биле кај мажи, а сличен сооднос е забележан и во претходните години.

Во однос на возраста, околу 30% од фаталните повреди во 2020/21 година биле на работници на возраст од 60 и повеќе години, иако тие сочинуваат само 11% од работната сила. Слични се констатациите и во претходните години.

Во 2020/2021 година, 38% од фаталните повреди биле на самовработени работници, а таквите работници сочинуваат само 15% од работната сила и процентот на фатални повреди на самовработените работници се повисоки во 2020/21 година, отколку во претходните години.

По индустрии, процентот на фатални повреди на вработените и самовработените варира значително и до одреден степен го одразува релативниот состав на работоспособното население помеѓу вработени и самовработени.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Alhajeri, M. (2011). Health and safety in the construction industry: challenges and solutions in the UAE. Unpublished Thesis. Coventry: Coventry University
2. Baek, J. B., Bae, S., Ham, B. H., Singh, K. P. (2008). Safety climate practice in Korean manufacturing industry. Journal of Hazardous Materials, 159 (1), 49–52
3. Beus, J. M., Payne, S. C., Bergman, M. E., Arthur, W. (2010). Safety climate and injuries: an examination of theoretical and empirical relationships. Journal of Applied Psychology, 95, 713-727
4. Jovanovic, J. (2007). Povrede na radu, Arthur, Tuzla
5. Kines, P., Lappalainen, J., Lyngby Mikkelsen, K., Olsen, E., Pousette, A., Tharaldsen, J., Tómasson, K., T rner, M. (2011). Nordic Safety Climate Questionnaire (NOSACQ-50): A new tool for diagnosing occupational safety climate. International Journal of Industrial Ergonomics, 41, 634-646.
6. Lin, S. H., Tang, W. J., Miao, J. Y., Wang, Z. M., Wang, P. X. (2008). Safety climate measurement at workplace in China: A validity and reliability assessment. Safety Science, 46 (7), 1037–1046
7. Schliephacke, J. (2008). Führungswissen Arbeitssicherheit, 3. Auflage, Erich Schmidt Verlag, Berlin
8. Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РМ“, број 80/93),

624.014.2-78

Проф. д-р Слободан Бундалевски
Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Доц. д-р Сузана Зиковска
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

ОПАСНОСТИ И ПОВРЕДИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ

АПСТРАКТ: Производството на челични конструкции, како гранка од индустријата, претставува високо ризична дејност и затоа управувањето со безбедноста и здравјето при работа е многу важен дел од управувањето со секој бизнис. Од тие причини работодавачите задолжително треба да изготвуваат проценка на ризик, со цел да дознаат кои се ризиците на работните места во нивните компании и да воспостават мерки за ефикасно контролирање, за истите да не можат да предизвикаат штета на работниците. Учеството на работникот е многу важна компонента на системот за управување со БЗР во компаниите и затоа работодавачите треба да овозможат работниците и нивните претставници за безбедност и здравје да бидат консултирани, информирани и обучени за сите аспекти на безбедноста и здравјето при работа. Во овој труд се претставени и анализирани сите повреди во индустријата за производство на челични конструкции во РС Македонија за периодот од 2016 до 2020 година.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Производство на челични конструкции, опасности, повреди

DANGERS AND INJURIES IN THE PRODUCTION PROCESS OF STEEL STRUCTURES

ABSTRACT: The production of steel structures, as a branch of industry, is a high risk activity and therefore the management of safety and health at work is a very important part of the management of any business. For these reasons, employers must prepare a risk assessment, in order to find out what are the risks of jobs in their companies and to establish measures for effective control, so that they can not cause harm to workers. Employee participation is a very important component of the OSH management system in companies and therefore employers should enable workers and their safety and health representatives to be consulted, informed and trained on all aspects of occupational safety and health. This paper presents and analyzes all injuries in the industry of production of steel structures in Republic of North Macedonia for the period from 2016 to 2020.

KEY WORDS: Production of steel structures, hazards, injuries

ВОВЕД

Управувањето со безбедноста и здравјето при работа е многу важен дел од управувањето со секој бизнис и затоа работодавачите задолжително треба да направат проценка на ризик, а со цел да дознаат кои се ризиците на работните места во нивните компании и да воспостават мерки за ефикасно контролирање за истите да не можат да предизвикаат штета на работниците. Од тие причини, здравствените и безбедносните прашања се многу важни и треба да бидат опфатени во сите гранки на индустријата, следствено и во индустријата за производство на конструкции (Alhajeri, M., 2011).

Безбедноста и здравјето при работа и усогласеноста со барањата за БЗР согласно националните закони и прописи, се како одговорност, така и должност на работодавачот, кој треба да покаже силно лидерство и посветеност за БЗР во компанијата и да преземе соодветни мерки за воспоставување систем за управување со БЗР. Таквиот систем треба да ги содржи главните елементи на политиката, како организирање, планирање, спроведување, евалуација и акција за подобрување.

Учеството на работникот е суштински елемент на системот за управување со БЗР во компанијата и затоа работодавачот треба да овозможи работниците и нивните претставници за безбедност и здравје да бидат консултирани, информирани и обучени за сите аспекти на БЗР, вклучително и за итни случаи, поврзани со нивната работа. Работодавачот треба да обезбеди работниците и нивните претставници за безбедност и здравје при работа да имаат време и ресурси за активно учество во процесите на организирање, планирање и спроведување на системот за управување со БЗР. Исто така, работодавачот треба да обезбеди и ефикасно функционирање и на здравствен систем, во согласност со националните закони и практика и затоа тој има целосна одговорност во областа на безбедноста и здравјето на работниците и треба да обезбеди лидерство за активностите за БЗР во компанијата.

ПРЕДНОСТИ НА ЧЕЛИЧНИТЕ КОНСТРУКЦИИ

Според податоците на ОЕЦД, градежната индустрија учествува со 44% од вкупната потрошувачка на материјал, а 40% од емисиите на стакленички гасови резултираат со глобално затоплување, што претставува најголемото влијание врз животната средина предизвикано на Земјата (Aksel, H., 2014). Исто така, се проценува дека работата во високоградбата конзумира 40% од вкупните енергетски и материјални ресурси на земјата (Crawford, R.,2011). Се проценува дека влијанијата врз животната средина на градежните објекти ќе се зголемат на 60% до 2030 година како резултат на зголемувањето на населението во светот (Sharma, et al., 2012).

Челикот е еден од најчесто користените материјали во градежништвото, токму поради многуте негови позитивни страни. Без челик, конструкцијата не би била стабилна во случај на сеизмички потреси и слично. Челичните конструкции се подложни на разни надворешни влијанија, но и покрај тоа нивната употреба постојано се проширува насекаде на глобално ниво, во развојни проекти и речиси на сите полиња поврзани со градежништвото. Употребата на челикот денес станува вообичаена практика, а тежината на конструкцијата, односно силите на гравитација и притисокот ја дефинираат големата издржливост, стабилноста во

структурата и неговите архитектонски можности. Секоја челична конструкција има свои предности, како и недостатоци (C.Mccormac and F. Csernak S., 2012; Campbell H., 1903).

Челичните конструкции нудат голем број значајни предности во однос на другите градежни материјали, како што се:

» брзина на градба;
» безбедност;
» ефективност на трошоците;
» робусност и еластичност;
» монтажа;
» намалена тежина;
» архитектонски израз;
» прилагодливост на конфигурацијата;
» флексибилност и прилагодливост;
» квалитет;
» одржливост.
»

РИЗИК ПРИ РАБОТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ

Како дел од управувањето со безбедноста и здравјето на организацијата, работодавачите мора да ги идентификуваат опасностите и да ги контролираат ризиците на работното место. За таа цел, тие треба да размислат што може да им наштети на работниците и да одлучат дали прават доволно за да го спречат тоа. Овој процес е познат како проценка на ризик и служи за идентификување и преземање на разумни и пропорционални мерки за контрола на ризиците на работното место, а не за создавање огромни количини на документи (King, W.R. and Hudson, R., 1985). Во табела 1 е даден приказ на различни видови ризици со кои се соочуваат вработените во процесот на производство на челични конструкции.

Табела 1. *Приказ на различни видови ризици со кои се соочуваат вработените во процесот на производство на челични конструкции*

Опасност од несреќи	Опасност од пад од височина, при спојување на метални компоненти и / или кога работата е завршена додека работникот стои на скала или на подигната површина
	Удирање од паѓање на предмети (паѓање на големи товари на делови од телото)
	Судирање или удирање предмет (предмети што паѓаат не се вклучени тука)
	Лизгања и падови, каде има лизгаво тло
	Повреди и исекотини предизвикани од остри предмети и остри алатки
	Преголем напор или затегнати движења (потенцијална повреда на грбот и ‘рбетниот столб како резултат на кревање и движење на големи товари)
	Повреда на очите од метални парчиња, при острење, сечење или заварување
	Изложеност на и / или контакт со електрична струја
	Изложеност / контакт со екстремни температури
	Повреди предизвикани како резултат на работа на скеле, вклучително и нивна инсталација при стоење или паѓање од нив и слично; повреда од кабли итн.

Физички подвреди	Изложеност на многу високи нивоа на бучава (вклучително и ултра и инфра звук)
	Оптоварување од студ или топлина
	Вибрации на екстремитетите кои влијаат на различни органи и системи на телото
	Повреда на очите предизвикана од УВ-зрачење емитирано за време на заварување
	Изложеност на разни фактори на животната средина, вклучувајќи екстремна топлина или студ, голема влага, зголемен или намален притисок на воздухот и сл.
Хемиски повреди	Дерматитис и алергиски кожни болести, предизвикани од изложеност на органски растворувачи и нивни пареи (на пример, миење на разни делови и компоненти со трихлоретилен, потопување раце во керозин и бензин…)
	Тешкотии во дишењето како резултат на изложеност на органски растворувачи или при работа на затворени места без кислород или намалена содржина на кислород или поради изложеност на разни други хемикалии
Биолошки повреди	Респираторни инфекции предизвикани од работа на отворено, во студена и ветровита атмосфера
	Заразување со разни болести, како што е дерматитис предизвикан од допирање на секрет на птици или поради контакт со паразити кои живеат во гнездата на птиците; со каснување од комарец; од други инсекти и штетници
Ергономски, психосоцијални и организациски фактори за ризик	Болки во грбот и други мускулно-скелетни проблеми предизвикани од преголем напор, незгодна работна позиција (вклучително и продолжена работа во позиција на сквотирање, свиткано држење на телото...) и од погрешни пози на работа при кревање или движење на големи товари; носењето товари може да резултира со болки во грбот и повреда на дисковите и пршлените на ’рбетниот столб
	Повреда како резултат на повторувачки движења или прекумерен напор
	Психосоцијални фактори релевантни за видот или местото на работното место, како што се човечки односи, организација на работата, изложеност на насилство или криминал на работното место, работа во смена и сл.

АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Речиси е невозможно во нашата земја да се добијат единствени конзистентни податоци за случени несреќи на работното место, а посебно за одделна дејност, затоа што сите институции, надлежни за обезбедување на ваквите статистички податоци, повредите ги класифицираат според сектори на дејност според Националната класификација.

Исто така, огромен број на повреди на работното место воопшто не се регистрираат како такви, а често во пракса се сретнуваме со недоволно познавање на обврските на лицата кои треба да учествуваат во деловите од процесот, како и немарниот пристап поради непознавање или други побуди. Затоа е потребно воведување на одговорност на сите учесници во процесот, од лицата кои ги пополнуваат потребните документи, до оние кои вршат нивна обработка.

Евиденцијата на професионалните болести сè уште се води преку индивидуалниот извештај за професионално заболување на Образец МЗС/07 (Закон за евиденции во областа на здравството и новиот Закон за евиденции во

областа на здравството од 2009 година).

Во Табела 2 следува извештај за повреди при работа при производство на челични конструкции за период од 2016 до 2020 година.

Табела 2. *Податоци за несреќи при работа со челични конструкции во РС Македонија за период 2016-2020 година*

2016			
Вид на повреда	Причина за повреда	пол	смрт
Повреди во пределот на главата и телото	Пад од висина од околу 6-7 метри на бетонската подлога, поради невнимание додека разговарал на телефон	маж	не
Повреда на глава	Повреда од метална цевка	маж	не
Ампутација на десната надлактица	Ракување со машина за сечење лим	маж	не
Тешки телесни повреди	Пад од висина од 5 метри од скеле	маж	не
ВКУПНО		4 мажи	4 повреди
2017			
Вид на повреда	Причина за повреда	пол	смрт
Тешки телесни повреди	Пад од скеле на висина од околу 19 метри	маж	не
Затруеност од CO_2	Затруеност од CO_2	маж	да
Повреди по нозе[2]	Пад на цевки врз работникот	маж	не
Тешки телесни повреди	Пад од скеле на висина од 1,5-2 метри	маж	не
Тешки телесни повреди	Пад од платформа на висина од 3 метри	маж	не
Тешки повреди на нозе	Кран му ги притиснал нозете	маж	не
Тешка повреда на глава	Пад врз метални профили	маж	не
Тешки телесни повреди	Пад од корпа од висина од околу 1,5 метри	маж	не
Тешки телесни повреди	Пад од корпа од висина од околу 1,5 метри	маж	не
ВКУПНО		9 мажи	1 смрт 8 повреди
2018			
Вид на повреда	Причина за повреда	пол	смрт
Тешки телесни повреди и изгореници	Експлозија додека заварувал	маж	не
Тешка повреда на рака	Непозната	маж	не
Тешки телесни повреди	Отштрафување на метален далновод	маж	не
Тешки телесни повреди	Отштрафување на метален далновод	маж	да
Тешка повреда на гради	Удар од метално парче од алат со кој работел	маж	не
ВКУПНО		5 мажи	1 смрт 4 повреди
2019			
Вид на повреда	Причина за повреда	пол	смрт
Тешки телесни повреди	Удар под метален профил	маж	не
Тешки телесни повреди	Остранување на столб	маж	не
Тешки телесни повреди	Работа во челичарница	маж	не
Лесни телесни повреди	Работа во челичарница	маж	не
Лесни телесни повреди	Работа во челичарница	маж	не
Лесни телесни повреди	Работа во челичарница	маж	не
ВКУПНО		6 мажи	6 повреди
2020			
Вид на повреда	Причина за повреда	пол	смрт
Тешки телесни повреди	Пад од кров	маж	не
Тешки телесни повреди	Работа на кровна конструккција	маж	не
Тешки телесни повреди	Работа на кровна конструккција	маж	не

Фрактура на 12-то ребро и на череп со крварење во мозокот	Пад од кровна конструкција	маж	не
ВКУПНО		4 мажи	4 повреди
ВКУПНО ВО ПЕРИОД 2016-2020		2 смртни случаи 26 случаи со повреди	



График 1. *Графички приказ на повредите при работа со челични конструкции во РС Македонија за период 2016-2020 година*

ЗАКЛУЧОК

Во периодот 2016-2020 година не се забележани повреди на жени, а сите 28 повреди се случиле на мажи. Најмногу несреќи се забележанио во 2017 година, вкупно 9, односно 32,2% од сите регистрирани во анализираниот период, меѓу кои има и еден смртен случај (11,1% за 2017). Двајца работници демонтирале челичен столб, од кои едниот бил полесно повреден, додека другиот бил згмечен од столбот и тешките телесни повреди со кои се здобил биле со смртни последици. Во 2019 година, имало 6 несреќи (21,4%) и ниту една од нив не резултирала со смрт на работникот, а ист број несреќи се случиле во 2016 и во 2020 година, по 4, што претставува 14,3%. Една повеќе несреќа имало во 2018 година, 5 или 17,6%, од кои една завршила со смрт (20% за 2018 година), што значи дека, од 28-те несреќи за целиот период 2 се фатални, а тоа е 7,1%. Исто така, 25 повреди (89,3%) биле класифицирани како тешки телесни повреди, што е загрижувачки факт, и укажува на тоа дека само тешките случаи се пријавуваат, т.е. регистрираат и дека само за нив се преземаат болнички мерки и се водат инспекциски постапки.

Најчести причини за несреќите се пад од висина, вкупно 10 или 35,87%,

најчесто од кров или од скеле, потоа групна повреда на 4 работници (14,3%) се случила во погонот каде што е производството, а 4 работници биле повредени и при работа со метални профили. При демонтирање на челичен столб се повредиле тројца работници (10,7%), додека двајца (7,1%) се повредиле додека работеле на челична кровна конструкција. Само по една несреќа (3,6%) била предизвикана од кран, затруеност од CO2, од машина на која работел работникот, ненамерна самоповреда со алат со кој работел работникот, една поради експлозија, а за една несреќа не се познати причините.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Alhajeri, M. (2011). Health and safety in the construction industry: challenges and solutions in the UAE, Unpublished thesis, Coventry University, Coventry
2. Aksel, H.(2014). Çelik Yapi Bileşenlerinin YaşamDöngüsülçinde Yeniden Kullanim ve GeriDönüş üm Olanaklarinin Değerlendirilmesi, Yüksek Lisans Tezi, Mimar Sinan Güzel Sanatlar Üniversitesi Fen Bilimleri Enstitüsü.
3. Crawford, R. (2011). Life Cycle Assessment in the Built Environment, Taylor & Francis.
4. Sharma, A., Shree, V. and Nautiyal, H. (2012). Lifecycle environmental assessment of aneducational building in Northern India: A casestudy, Sustainable Cities and Society.
5. C.Mccormac and F. Csernak, S. (2012). Structural steel design, 5th edition, Prentice Hall, New Jerey, USA, pp.1-3.
6. Campbell, H. (1903). The Manufacture and Properties of Iron and Steel, 2nd edn, Engineering and Mining Journal, New York, pp.14-15.
7. King, W.R. and Hudson, R. (1985). Construction Hazard and Safety Handbook, Butterworth, London

351.78:316.7]:614.841

Проф. д-р Слободан Бундалевски
Проф. д-р Цветанка Митревска
Доц. д-р Невена Груевска
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

ИСТРАЖУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНАТА КУЛТУРА КАЈ ПОЖАРНИКАРИТЕ СО РАЗЛИЧНИ СОЦИОДЕМОГРАФСКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

АПСТРАКТ: Концептот на безбедносната култура во голема мера го привлекува вниманието и на професионалците за безбедност и на академските истражувачи, како ефикасни, нетехнолошки средства за редуцирање на повредите и несреќите при работа во различни професии, особено во поризичните, како што е пожарникарството, во чии рамки има такви професионални ризици кои не можат да бидат елиминирани на друг начин освен со културата на безбедноста и безбедносното однесување. Целта на овој труд е да се утврдат разликите помеѓу пожарникарите со различни социодемографски и професионални карактеристики во однос на безбедносната култура. Резултатите од истражувањето покажаа статистички сигнификантни разлики во безбедносната култура помеѓу пожарникарите со различна возраст, образовно ниво, брачен статус, работен стаж и историја на претходни повреди на работното место.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Безбедносна култура, пожарникари, социодемографски карактеристики, професионални карактеристики

RESEARCH OF SAFETY CULTURE IN FIREFIGHTERS WITH DIFFERENT SOCIO-DEMOGRAPHIC AND PROFESSIONAL CHARACTERISTICS

ABSTRACT: The concept of safety culture has attracted much attention from both safety professionals and academic researchers as an effective, non-technological means of reducing injuries and accidents at work in a variety of professions, especially high-risk ones such as firefighting. such occupational risks that can not be eliminated other than by a safety culture and safety conduct. The purpose of this paper is to determine the differences between firefighters with different socio-demographic and professional characteristics in terms of safety culture. The survey results showed statistically significant differences in safety culture between firefighters of different ages, educational levels, marital status, length of service and history of previous workplace injuries.

KEY WORDS: Safety culture, firefighters, socio-demographic characteristics, professional characteristics

ВОВЕД

Ризиците од безбедносен аспект се присутни во секоја професија, но сепак може да се каже дека пожарникарството е една од најризичните професии (Moore – Merrell et al., 2008). За да се детектираат ризиците, потребно е да се констатираат главните должности на пожарникарите, а тоа се:

- реагирање на аларми за пожар, на излевање на запалливи материи, несреќи (автомобилски, индустриски, воздухопловни и бродски), уривања на згради и природни несреќи (поплави, одрони на земјиште и пожари поради електрични бури);
- спасување жртви;
- контролирање на пожарот и извлекување на повредени лица со примена на различна опрема и методи (вода, хемиски апарати за гаснење, скали, возила, чамци, итн);
- користење на соодветни техники за прва помош;
- едуцирање на јавноста од областа на безбедноста (Albert, 2009).

При извршување на своите пожарникарски должности, тие можат да бидат изложени на неконтролирани опасности, тешки физички оптоварувања, на хемиски и токсични агенси и високи нивоа на стрес (Szubert & Sobala, 2002). Проучувањето на безбедносната култура кај пожарникарите е императив, со оглед на тоа дека се случуваат многу повреди при извршувањето на своите должности. Досегашните истражувања укажуваат на тоа дека противпожарната служба е една од најопасните индустрии, имајќи ги предвид стапките на професионални повреди кај пожарникарите (Karter & Molis, 2009; Walton et al., 2003). При извршувањето на својата работа, пожарникарите се под зголемен ризик од мускулоскелетни нарушувања, изгореници, замор, стрес, па дури и смрт (Reichard & Jackson, 2010). Десетици илјади пожарникари се повредуваат секоја година при гаснењето пожари, спасувањето луѓе, реагирањето во итни медицински случаи, при несреќи со опасни материјали, па дури и при спроведување обука за нивната работа. Некои од повредите се такви што доведуваат до завршување на кариерата. Затоа, проучувањето на безбедносната култура кај пожарникарите може да доведе до редукција на повредите и би можело да се оформат и имплементираат соодветни програми (Zhang et al., 2002).

КОНЦЕПТ НА БЕЗБЕДНОСНА КУЛТУРА

Терминот безбедносна култура се однесува на збирот на вредности, норми, верувања и правила на однесување поврзани со безбедноста, а кои се заеднички за сите членови на една организација. Безбедносната култура мора да биде прифатена од сите вработени, вклучително и од страна на менаџментот на организацијата, што е особено важно. Таа може да се дефинира како степен во кој поединците и групите ќе се обврзат на лична одговорност за безбедноста, а со цел зачувување, подобрување и комуницирање на сите безбедносни грижи, како и тенденција за активно стекнување, адаптирање и модификување на индивидуалното и организациското однесување врз основа на лекциите научени од грешките, и наградување на начин конзистентен на овие вредности (Wiegmann et al., 2002).

Безбедносната култура, како дел од организациската култура е само една од основните способности на организацијата која и овозможува да управува со елементите поврзани со безбедноста на работните процеси и може да се каже

дека лошата безбедносна култура претставува фактор кој придонесува за развој на многу несреќи. Од тие причини, може да се каже дека нејзиниот развој е од големо значење за успешен безбедносен менаџмент (Pronovost & Sexton, 2005). Пристапите кон безбедносната култура се фокусираат на артикулирање на безбедносните вредности по вертикала, во што првенствено се инволвирани организациските раководители и наместо конкретно фокусирање на индивидуалните однесувања, безбедносната култура има за цел да создаде самоодржлива средина заснована на сеопфатно разбирање на причините за безбедносната изведба и однесување или причините за нивен недостаток (Стајић и сор., 2005).

Безбедносната културата обезбедува контекст за дејствување кој се поврзува со различните компоненти на организацискиот систем заради постигнување на корпоративните цели и затоа успешните организации имаат силни култури кои доминираат и проникнуваат во структурата и асоцираните системи. Во рамките на таквите организации ништо не е ниту премногу тривијално, ниту премногу проблематично, а труд вложува секој член на организацијата за да би се осигурало дека сите активности се извршуваат на правилниот начин. Така, преовладувачката организациска култура служи како моќна алатка во раководењето со однесувањето на нејзините членови во текот на нивната секојдневна работа (Richter & Koch, 2004).

Колку почесто членовите во организациите се однесуваат или дејствуваат на начини кои на нив им изгледаат природни, јасни и несомнени, толку културата станува подоминантна и иако постои опасност културата да стане статична и стагнирачка, сепак, во успешните организации таа има тенденција да биде динамична влијаејќи и детерминирајќи ги тековните организациски стратегии и политики (Olive et al., 2006). Од тие причини, организациската култура има влијание врз повеќето аспекти на работната активност, засегајќи го и индивидуалното и групното однесување на сите нивоа на работното место (Petty et al., 1995).

Многу автори ја истражувале безбедносната култура кај пожарникарите. Виндхам (Windham, 2005) спровел истражување во противпожарни единици, при што ја истражувал не само безбедносната култура, туку и културните однесувања кај пожарникарите воопшто. Тој ја проценувал безбедносната култура со примена на прашалник за безбедносна култура, а пред неговото дистрибуирање направил одредени бихевиорални опсервации. Анализирајќи ја статистиката на повреди и истражуваните безбедносни однесувања, тој открил дека постои дискрепанца помеѓу безбедносната култура за која известувале пожарникарите и вистинската безбедносна култура во единиците. Тоа се должело на неподготвеноста на персоналот отворено да признае дека има негативен став кон безбедноста, лоша комуникација за организациските очекувања во однос на безбедноста, или пак намерен или ненамерен обид на испитаниците да се спротивстават на промените во културата преку маскирање или прикривање на потенцијалните проблематични области.

Вилијамс (Williams, 2008) исто така ја истражувал безбедносната култура во пожарникарството и дури 62,7% од испитаниците во неговото истражување ја оцениле безбедносната култура како позитивна, а 14,3% како негативна. Преку одговорите на испитаниците, тој ги идентификувал областите кои добиле негативни одговори, кои вклучувале страв од обвинување за грешки и недостаток или погрешна комуникација во противпожарната служба.

Велбурн и Бут-Батерфилд (Welbourne & Booth-Butterfield, 2005) спровеле

студија за безбедносните пораки и пожарникарите, при што целта била да се оцени ефикасноста на предупредувачката порака за безбедност и здравје при работа, која се користи за предупредување на работниците изложени на ризик за одредени професионални опасности по нивната безбедност и здравје и за препораки за намалување на ризикот. Се открило дека ставовите, нормите и перцепираната контрола се значајни предиктори на безбедносните намери.

АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето учествуваат 60 испитаници кои се вработени во противпожарните единици во источниот регион на РСМ на работно место пожарникари, при што сите испитаници се од машки пол и истите се поделени во групи во зависност од нивните социодемографски и професионални карактеристики, помеѓу кои се испитувани разликите во однос на безбедносната култура. Податоците се обработени и анализирани со примена на софтверскиот пакет SPSS v28 и притоа, применета е дескриптивна и инференцијална статистика, при што од дескриптивна статистика пресметувани се: проценти, аритметички средини и стандардни отстапувања. Минималната возраст на испитаниците е 24 години, максималната е 54, а просечната 38,7 години. Испитаниците се поделени на 3 возрасни групи и тоа: од 24 до 35 години (23 испитаници), од 36 до 42 години (21 испитаник) и од 43 до 54 години (16 испитаници).

Во Табела 1 е дадена разликата во безбедносната култура според возраста на испитаниците.

Табела 1. *Разлика во безбедносната култура според возраста на испитаниците*

Pairwise Comparisons of Возраст

Sample 1-Sample 2	Test Statistic	Std. Error	Std. Test Statistic	Sig.	Adj. Sig.[a]
од 43-54 години-од 24-35 години	5.213	5.680	.918	.359	1.000
од 43-54 години-од 36-42 години	25.272	5.790	4.365	<.001	.000
од 24-35 години-од 36-42 години	-20.059	5.266	-3.809	<.001	.000

Добиениот резултат H (2) = 22.936, p<0.001 укажува на тоа дека разликата помеѓу возрасните групи во однос на безбедносната култура е статистички сигнификантна на ниво помало од 0.05.

Во Табела 2 е дадена разликата во безбедносната култура според образовното ниво на испитаниците.

Табела 2. *Разлика во безбедносната култура според образовното ниво на испитаниците*

Independent-Samples Mann-Whitney U Test

Total N	60
Mann-Whitney U	548.000
Wilcoxon W	719.000
Test Statistic	548.000
Standard Error	61.933
Standardized Test Statistic	2.745
Asymptotic Sig.(2-sided test)	.006

Резултатот U = 2,745 е статистички значаен на ниво помало од 0.05 (p = 0.006) и може да се каже дека постои статистички значајна разлика во безбедносната култура помеѓу испитаниците со различно образовно ниво.

Во Табела 3 е дадена разликата во безбедносната култура помеѓу испитаниците со различен брачен статус.

Табела 3. *Разлика во безбедносната култура помеѓу испитаници со различен брачен статус*

Independent-Samples Mann-Whitney U Test

Total N	60
Mann-Whitney U	520.000
Wilcoxon W	1423.000
Test Statistic	520.000
Standard Error	61.933
Standardized Test Statistic	2.293
Asymptotic Sig.(2-sided test)	.022

Вака добиениот резултат на Mann – Whitney тестот, U = 2,239 е статистички сигнификантен на ниво помало од 0.05 (p = 0.022), што укажува на статистички значајна разлика во безбедносната култура помеѓу испитаниците со различен брачен статус.

Во Табела 4 е дадена разликата во безбедносната култура помеѓу испитаниците со различен работен стаж.

Табела 4. *Разлика во безбедносната култура помеѓу испитаници со различен работен стаж*

Pairwise Comparisons of Работен стаж

Sample 1-Sample 2	Test Statistic	Std. Error	Std. Test Statistic	Sig.	Adj. Sig.[a]
Повеќе од 20 години-Од 11-20 години	13.129	10.216	1.285	.199	1.000
Повеќе од 20 години-Помалку од 6 години	19.568	8.770	2.231	.026	.154
Повеќе од 20 години-Од 6-10 години	29.941	8.449	3.544	<.001	.002
Од 11-20 години-Помалку од 6 години	6.440	7.714	.835	.404	1.000
Од 11-20 години-Од 6-10 години	16.813	7.348	2.288	.022	.133
Помалку од 6 години-Од 6-10 години	-10.373	5.150	-2.014	.044	.264

Independent-Samples Kruskal-Wallis Test

Total N	60
Test Statistic	16.128[a]
Degree Of Freedom	3
Asymptotic Sig.(2-sided test)	.001

a. The test statistic is adjusted for ties.

Резултатот од Kruskal – Wallis тестот, H (3) = 16.128, укажува на тоа дека разликата помеѓу групите испитаници со различен работен стаж во однос на безбедносната култура е статистички сигнификантна на ниво помало од 0.05 (p = 0.001).

Во Табела 5 е прикажан резултат од спроведениот Mann-Whitney непараметриски тест заради утврдување на статистичка значајност на разлика помеѓу две независни и нееднакви групи на испитаници за безбедносната култура во зависност од претходната историја на повреда на работното место.

Табела 5. *Разлика во безбедносната култура во зависност од претходната историја на повреда на работното место*

Independent-Samples Mann-Whitney U Test

Total N	60
Mann-Whitney U	782.500
Wilcoxon W	1602.500
Test Statistic	782.500
Standard Error	63.710
Standardized Test Statistic	6.004
Asymptotic Sig.(2-sided test)	<.001

Добиениот резултат на Mann – Whitney тестот, U = 6,004 е статистички значаен на ниво помало од 0.05 ($p < 0.001$), што значи дека постои статистички сигнификантна разлика во безбедносната култура помеѓу испитаниците со различна историја на повреди на работното место.

ЗАКЛУЧОК

Добиените резулатите од истражувањето во голем дел ја потврдуваат претпоставката дека безбедносната култура кај пожарникарите се разликува во зависност од нивните социодемографски и професионални карактеристики.

Имено, резултатите покажаа дека постојат статистички значајни разлики во безбедносната култура помеѓу пожарникарите со различна возраст и притоа, највисок степен на безбедносна култура покажуваат пожарникарите на возраст од 36 до 42 години, потоа пожарникарите на возраст од 24 до 35 години и на крај оние на возраст од 43 до 54 години. При тоа, пожарникарите кои се на возраст од 36 до 42 години по својата безбедносна култура статистички значајно се разликуваат од останатите две возрасни групи, додека разликата помеѓу пожарникарите на возраст од 24 до 35 години и оние на возраст од 43 до 54 години не е статистички значајна.

Во однос на безбедносната култура според образовното ниво, добиените резултати покажаа статистички сигнификантна разлика помеѓу пожарникарите со различно образовно ниво, каде повисока безбедносна култура покажуваат пожарникарите кои имаат високо образование, во споредба со нивните колеги со средно образование.

Во однос на брачниот статус, добиена е статистички значајна разлика помеѓу пожарникарите кои се во брак и оние кои немаат партнер, каде оние кои се во брак манифестираат повисока безбедносна култура, во споредба со оние кои се неженети, разведени или вдовци.

Во врска со работниот стаж на пожарникарите, добиена е статистички значајна разлика во безбедносната култура помеѓу пожарникарите со различна должина на работниот стаж и притоа највисока безбедносна култура покажуваат пожарникарите со работен стаж од 6 до 10 години, потоа пожарникарите со работен стаж помалку од 6 години, следуваат пожарникарите со работен стаж од 11 до 20 години, и на крај, најниска безбедносна култура има групата пожарникари со работен стаж повеќе од 20 години.

Во однос на историјата на претходни повреди на работното место, добиените резултати покажаа статистички сигнификантна разлика помеѓу пожарникарите со и без претходни повреди, така што повисока безбедносна култура покажува групата на пожарникари кои немаат позитивна историја.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Karter, M. Jr. & Molis, J. (2009). Firefighter Injuries for 2008. NFPA Journal, October.
2. Moore-Merrell, L., Zhou, A., McDonald-Valentine, S., Goldstein, R., & Slocum, C. (2008). Contributing Factors to Firefighter Line-Of-Duty Injury in Metropolitan Fire Departments in the United States. United States Fire Association.
3. Olive, C., O'Connor, M., and Mannan, M. S. (2006). Relationship of safety culture and process safety. Journal of Hazardous Materials, 130, 133-140.
4. Petty, M., Beadles, N., Chapman, D. F., Lowery, C. M., and Connell, D. W. (1995). Relationships between organizational culture and organizational performance. Psychological Reports, 76(2), 483-492.
5. Pronovost, P. & Sexton, B. (2005). Assessing safety culture: guidelines and recommendations. Quality Safety Health Care, 231-233.
6. Reichard, A. & Jackson, L. (2010). Occupational Injuries Among Emergency Responders. American Journal of Industrial Medicine, 53, 1-11.
7. Richter, A., & Koch, C. (2004). Integration, differentiation and ambiguity in safety cultures. Safety Science, 42, 703-722.
8. Стајић, Љ., Мијалковић, С. & Станаревић, С. (2005). Безбедносна култура, 2. издање. Београд: Драганић
9. Szubert, Z. & Sobala, W. (2002). Work-Related Injuries Among Firefighters: Sites and Circumstances of their Occurrence. International Journal of Occupational Medicine and Environmental Health, 15, 1, 49-55.
10. Walton, S., Conrad, K., Furner, S., Samo, D. (2003). Cause, Type, and Workers' Compensation Costs of Injury to Fire Fighters. American Journal of Industrial Medicine, 43:454-458.
11. Wiegmann, D., Zhang, H., von Thaden, T., Sharma, G., Mitchell, A. (2002). A Synthesis of Safety Culture and Safety Climate Research. Technical Report ARL-02- 3/FAA-02-2. Aviation Research Lab, Institute of Aviation. University of Illinois at Urbana-Champaign. Illinois, Savoy, p. 1-20.
12. Welbourne, J. & Booth-Butterfield, S. (2005). Using the Theory of Planned Behavior and a Stage Model of Persuasion to Evaluate a Safety Message for Firefighters. Health Communication, 18(2), 141-154. doi:10.1207/s15327027hc1802_3
13. Williams, A. (2008). Executive Analysis of Fire Service Operations in Emergency Management: Validating a Safety Culture Survey. Maryland Fire and Rescue Institute, College Park, Maryland.
14. Windham, R. (2005). A Baseline Measurement of The Woodlands Fire Department's Safety Culture. Достапно на: http://www.usfa.dhs.gov/pdf/efop/efo38332.pdf
15. Zhang, H., Wiegmann, D. A., von Thaden, T. L., Sharma, G., Mitchell, A. A. (2002). Safety culture: A concept in chaos. Paper presented at the Proceedings of the 46th Annual Meeting of the Human Factors and Ergonomics Society. Santa Monica: Human Factors and Ergonomics Society.

621.87-78

Доц. д-р Сузана Зиковска
Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Проф. д-р Слободан Бундалевски
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

ПРИЧИНИ ЗА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА СО ДИГАЛКИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

АПСТРАКТ: Во текот на работата со дигалки се случуваат голем број на несреќи. Таквите несреќи редовно се пратени со материјални штети и човечки жртви. Причините за повреди кои се случуваат при работа со дигалки можат да бидат различни. Најчесто се работи за преоптеретување, превртување, удари при пренесување на товарот, пад на предметот од кран, блокирање на лица во транспортниот простор, контакт со електрична струја, транспортни работи и сл.
Анализирани и презентирани се статистички податоци кои укажуваат на опасноста и сериозноста од извршување на самите активности на дигање. Дефинирани се најчестите манипулации при кои настануваат одредени несреќи и повреди.
Основно начело е опремата за работа да биде безбедна. Тоа е можно само ако таа опрема се проектира, контролира, користи и одржува во склад со современите технички, ергономски, здравствени, образовни, социјални, организациони и други мерки за отклонување на ризикот од повреди и други несреќи. За таа цел пропишани се мерки за заштита кои треба да се исполнат во поглед на опремата. Исто така дефинирани се правила и дадени се совети кои треба да се почитуваат од страна на операторите при работа со дигалките .

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: дигалки, несреќи при работа, причини за повреди, мерки за заштита, манипулации со дигалки.

CAUSES OF ACCIDENTS AT WORK WITH CRANES AND PROTECTION MEASURES

ABSTRACT: A number of accidents happen during the operation of cranes. Such accidents are regularly followed by material damages and human victims. The causes of injuries that happen when working with cranes, can be different. Most often it is about overloading, overturning, shocks while transferring the load, falling the object from the crane, blocking of persons in the transport space, contact with electricity, transport works, etc.
Statistical data are analyzed and presented, which indicate the danger and seriousness of execution the lifting activities. The most common manipulations in which certain accidents and injuries happen, are defined.
The basic principle is that the work equipment should be safe. This is possible only if that equipment is designed, controlled, used and maintained in accordance with modern technical, ergonomic, health, educational, social, organizational and other measures to

eliminate the risk of injury and other accidents. For that purpose, protection measures are prescribed that must be fulfilled in terms of equipment. Rules are also defined and advice is given, that should be followed by the operators when working with cranes.

KEY WORDS: cranes, accidents at work, causes of injuries, protection measures, manipulations with cranes.

ВОВЕД

Безбедноста при работа со средствата за механизација станува сè поважна, особено со воведување на системот за управување OHSAS, со цел да се намали ризикот од несреќи, како од аспект на вработените така и за целата компанија. Компании кои немаат развиено безбедност и здравје при работа, како последица имаат: големо отсуство од работа без реални замени, зголемен број на несреќи (инциденти), намалена продуктивност, понизок квалитет на процесот и системот итн.

Важноста на OHSAS стандардите може да се види во примерот на идентификување на потенцијалните места на опасност од аспект на ризик и подоцнежна појава на незгода во дигалки каде има најмалку осум можни локации за инцидент[1]:

- несоодветни контакти за поврзување и непочитување на опасните зони,
- недостаток на двојни системи за заштита на средствата,
- прекумерна тежина (преоптоварување на номиналната носивост),
- неможност за вградување на надворешни стабилизатори во автодигалки,
- намалување на видливоста при пренос на материјалот,
- блокирана работа на стрелата или некој орган за фаќање,
- пренос на материјал со извлечена стрела,
- критични позиции на стрелата според дијаграмот на оптоварување и сл.

Сите овие потенцијални места бараат јасна дефиниција и идентификација на местата, опис на можни причини за ризик, превентивни мерки и примена на пропишаните обврски.

1. ПРИЧИНИ ЗА НЕЗГОДИ И ПОВРЕДИ ПРИ РАБОТА СО ДИГАЛКИ

1.1 Статистички податоци

Од 2011 до 2017 година, Пописот на фатални професионални повреди (CFOI-The Census of Fatal Ocupational Injuries) во САД објави 297[2] вкупни смртни случаи поврзани со кранови, во просек 42 годишно во текот на овој 7-годишен период. Од евидентираните мажи се 293 од 297 фатални повреди со кранови.

1. B.Davidović: INTRALOGISTIKA – Unutrašnji transport; VISOKA TEHNIČKA ŠKOLA STRUKOVNIH STUDIJA KRAGUJEVAC,2012.
2. https://www.bls.gov/iif/oshwc/cfoi/cranes-2017.htm
Fatal Occupational Injuries Involving Cranes, May 2019.(Source:U.S.BUREAU OF LABOR STATISTICS).

Табела 1: Фатални професионални повреди кои вклучуваат кранови по тип на настан, 2011-17[2]

Година	Вкупно	Инциденти при транспорт	Погоден од предмет / опрема	Пад на најниското ниво
2011	37	7	15	8
2012	47	4	24	3
2013	43	4	28	5
2014	48	9	22	7
2015	45	6	23	7
2016	44	4	23	8
2017	33	5	19	3

Слика 1. Фатални професионални повреди кои вклучуваат кранови по тип на настан 2011-20172



Нешто повеќе од половина од сите фатални повреди кај дигалките (крановите) вклучувале дека работникот бил удрен од предмет или опрема. Околу три петтини од овие случаи (91 од 154) се однесуваат на работникот кој бил удрен од предмет или опрема што паѓа, во 79 од овие случаи, работникот бил удрен од предмет кој паднал или бил ставен во движење од кран. Транспортните инциденти и падовите сочинуваат околу 13 и 14 проценти од преостанатите фатални повреди со кранови, соодветно.

1.2 *Опасности и мерки за безбедност при работа со дигалки*

Од 2001 година, несреќите во кои учествувале столбните дигалки резултирале со 25 сериозни повреди и 9 жртви.[3] Ова нагласува дека, ако се користат дигалки и друга опрема за подигање на товари, треба да се знае за опасностите и да се знае кои чекори можат да се превземат за да се намали ризикот од повреда. Тука ќе се детализираат главните опасности поврзани со дигалки со кои може да се наиде во текот на работата. Исто така ќе бидат дадени некои важни безбедносни совети за заштитита од повреди.

3. Crane Safety Hazards and Control Measures, Katie Martinelli April 23, 2018. https://www.highspeedtraining.co.uk/hub/crane-safety-hazards-control-measures/

**** Паѓање на товари***

Кога се работи со дигалки, паѓањето на товарот е една од најчестите и најопасните ситуации. Паѓањето на товарот може да резултира со неколку повреди, смртни случаи и значителни структурни оштетувања на зградите и имотот. Дополнително, тоа ќе доведе до значителни временски и парични трошоци. Паѓањето на товарот од надземен кран може да биде резултат на:

» Некомпетентност на операторот. Мора вработените да бидат соодветно обучени за да можат компетентно и безбедно да ги извршуваат своите задачи.
» Лизгање. Ако несе прицврстите товарите правилно, тоа може да резултира со лизгање на товарот..
» Механички дефект. Ризикот од механички дефект може да се намали ако се обезбеди компетентно лице да врши рутински прегледи, одржување и поправки во соодветни интервали.

**** Електрични опасности***

Околу 50% од несреќите кои вклучуваат надземни кранови се резултат на контакт на метален дел од кран со извор на енергија (т.е. високонапонски далновод). Постои ризик дигалката или стрелата да ги допре далноводите кога се движат товарите во близина или под далноводот. Додека оние кои директно ја допираат дигалката имаат најголема веројатност да добијат струен удар и сите работници во близина се исто така изложени на ризик. Затоа, една несреќа може да резултира со повеќе смртни случаи и повреди. Околу 200 смртни случаи годишно се резултат на контакт со далноводи, така што од клучно значење е да се изврши претходно планирање на работата пред да се започне со работа[3].

**** Преоптоварување на кран***

Поголемиот дел од структурните дефекти и пореметувања на дигалката се резултат од преоптоварување на дигалката. Ако се надмине оперативниот капацитет на кранот, најверојатно ќе подлежи на структурни напрегања и ќе предизвикате неповратна штета. Може да се преоптовари дигалката ако:

» Се замавни или нагло испушти товарот.
» Се подига товар надвор од капацитетот на крановите.
» Се користат неисправни делови.
» Се влечат товарите.
» Странично оптоварување на стрелата.

2. СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА СО ДИГАЛКИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧАТ НЕСРЕЌИТЕ[4]

Од 2011 до 2017 година, Пописот на фатални професионални повреди (CFOI-The Census of Fatal Ocupational Injuries) објави 297 смртни случаи од кранови. Од тие смртни случаи, повеќе од половина се резултат на удирање на работници од предмети или опрема, а над 20 % го вклучиле операторот. Оваа статистика ја нагласува потребата за безбедност на крановите во сите фази на работа, вклучувајќи транспортирање, поставување, местење и подигање на товар.

Подолу, дадени се 11 совети за безбедност при работа со дигалки, вклучувајќи информации за: насоки за движење на дигалката (кранот), потсетници за

4. BigRentz: 11 Crane Safety Tips Prevent Accidents, October 19, 2020 https://www.bigrentz.com/blog/crane-safety-tips

поставување на дигалката, совети за местење на дигалката, предлози за безбедно подигање на товарот.

1. *Да се избери вистинската дигалка (кран) за работа*

Обезбедувањето безбедно работење на дигалката започнува со нејзин правилен избор. Дигалките се или мобилни или фиксни, при што фиксните кранови обично се користат во индустриски услови или во сложени градежни проекти. Мобилните кранови доаѓаат во многу варијанти, затоа е потребно да се избери вистинската дигалка за одредена локација.

2. Секогаш да се користи квалификуван персонал

Безбедното работење на дигалките бара обучен персонал за поставување, местење, сигнализација и работа. Стандардот за безбедност и здравје при работа (OSHA) има прописи кои бараат само обучени, сертифицирани и соодветно оценети лица да ракуваат со дигалките на работните места. Потребно е придржување до сите прописи за да се биде сигурен дека се користи квалификуван персонал за управување содигалките постојано.

3. Да се прочитаат упатствата за операторот

Дури и кога се вработува квалификуван персонал, важно е да се запамети дека крановите од различни производители имаат уникатни контроли, безбедни уреди и карактеристики. Секој што работи или работи со дигалките треба да има детално разбирање за конкретната дигалка (кран) што се користи. Упатството за операторот вклучува клучни информации за:

» Капацитетот на товарот,
» Безбедносни механизми,
» Стабилизатори и противтегови,
» Оперативни контроли.

Да не се заборави да се прочита целосно упатството за ракување пред да се ракува со било која дигалка.

4. Да се вршат дневни проверки од страна на операторот

Оператор на дигалката мора да користи дневна листа за проверка за да се осигура дека кранот е безбеден пред да започне со работа. Овие проверки вклучуваат проверки пред стартување, проверки на стартување на моторот и проверки на безбедносниот систем.

Дополнително, операторите ќе треба да извршат серија проверки на хидрауличниот систем.

5. Да се избегнат или отстранат пречките за време на движењето

Пред да се движи дигалката, од суштинско значење е патеката да биде испланирана и исчистена од сите пречки. Треба да се избегнуваат опасности што не можат да се преместат, како што се далноводи или други постојани карактеристики, а операторот треба постојано да држи безбедно растојание. На пример, регулативите бараат дигалките да останат најмалку 3 m подалеку од далноводи до 50.000 волти. Лицето за сигнализација треба секогаш да ја води дигалката за време на движењето, внимавајќи да го предупреди операторот на кранот за потенцијални опасности и исто така да го предупреди другиот персонал

на локацијата за движењето на дигалката.

6. Внимателно да се стабилизира дигалката пред местење

Мобилните дигалки користат потпори или други стабилизирачки уреди за да спречат превртување на дигалката за време на работата. Кога се стабилизира дигалката, треба да се има во предвид следното:

» Секогаш треба да се упатствата на производителот за да одреди колку далеку да се постават потпорите.
» Секогаш да се користат влошки за потпори или подлоги за кран под потпорите.
» Никогаш да не се ставаат потпори над празнини, вдлабнатини или нестабилна земја.

Многу несреќи и превртувања на кран се случуваат поради неправилно поставување на потпора.

7. Правилно местење на товарот

Соодветното местење на товарот спречува предметите да паѓаат и можност да ги погодат работниците на локацијата. При местење товар, треба да се има во предвид распределбата на тежината на предметот.

8. Да се познава радиусот на оптоварување

За безбедно управување со дигалките , од клучно значење е да се разбере како функционира дигалката и кои сили дејствуваат. Една од најважните карактеристики што треба да се разбере е радиусот на оптоварување. Тој во суштина наведува дека колку подалеку е товарот од центарот на кран, толку помала тежина може да управува дигалката без да се преврти или да се урне.

9. Да се обрне внимание на ограничувањето на оптоварување

Иако многу модерни дигалки вклучуваат индикатори за моментот на оптоварување и ограничувачи на номинален капацитет, операторите на дигалките сепак треба да знаат како да читаат графикони за оптоварување за да се подготват за безбедно подигање.

10.Да се користат правилна комуникација и рачни сигнали

Постои стандарден сет на рачни сигнали и протоколи за комуникација со цел да се олесни безбедното работење со дигалките. Квалификувано лице за сигнализација може ефективно да ги пренесува информациите до операторот на дигалката, кој може да се прилагоди на промените што ќе се појават во текот на подигањето. Рачни сигнали овозможуваат да му се соопшти на операторот следното: во која насока да се движи со дигалката, кога да замавне и да ја подигнете стрелата, кога да се подигне и спушти товарот, кога да се запри дигалката. и сл.

Покрај рачните сигнали, за време на работата со дигалка се користат и радио врска за да се обезбеди постојана комуникација.

11. Управување со комплексни подигнувања

Комплексни подигнувања се сите подигнувања кои вклучуваат товари поголеми од 80 проценти од капацитетот на дигалката или поголем од 50 проценти од капацитетот на дигалките за подигнување кај бродови. Неопходно е да се има

сложен план за подигање за секое такво сценарио, бидејќи тие претставуваат најголем ризик за превртување или дефект на опремата. Треба да се развие сеопфатен план, внимателно да се следеи како и да се следи ситуацијата за сите неопходни прилагодувања за време на подигнувањето.

ЗАКЛУЧОК

Дигалката е машина која се користи во градежништвото и индустријата, за транспорт на товат (утовар/растовар), во производствената индустрија за составуање на тешка опрема, итн. Но, работата со истите може да биде од голем ризик, за што ни зборуваат горните информации. Товарот кој е во пад, дигалка која е во пад или погрешно ракување на истата може директно да ги повреди работниците или потенцијално да ја оштети машината или товарот. Статистиките покажубаат дека се случуваат голем број несреќи при работа со дигалки.

Од 2011 до 2017 год. CFOI-The Census of Fatal Ocupational Injuries, објави 297[2] вкупни смртни случаи поврзани со кранови, во просек 42 годишно во текот на овој 7-годишен период и тоа

» 39 (околу 13%) несреќи настанати при транспорт;
» 217 (околу 73%) несречќи од удар од предмет или опрема;
» 41 (околу 14%) од пад од дигалка.

Така во 2001 година, несреќи во кои биле вклучени кранови, резултирале со 25 сериозни повреди и 9 жртви3.

Затоа за безбедно работење со дигалки мора работодавците заедно со вработените со големо трпение и труд да ги следат и применуваат правилата, прописите и препораките за безбедност при работа со дигалки.

Можи да се заклучи дека е неопходно водење на детална евиденција за настанатите повредите и несреќи при работа, се со цел детектирање на клучните причини за настанување на несреќата како и нивно елиминирање.

Овој труд ќе даде свој придонес за поголема безбедност и здравјето на вработените, но исто така и економски придобивки во компанијата и пошироко во општеството.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. B.Davidović: INTRALOGISTIKA – Unutrašnji transport; VISOKA TEHNIČKA ŠKOLA STRUKOVNIH STUDIJA KRAGUJEVAC,2012.
2. Fatal Occupational Injuries Involving Cranes, May 2019.(Source:U.S.BUREAU OF LABOR STATISTICS). https://www.bls.gov/iif/oshwc/cfoi/cranes-2017.htm
3. Crane Safety Hazards and Control Measures, Katie Martinelli April 23, 2018. https://www.highspeedtraining.co.uk/hub/crane-safety-hazards-control-measures
4. BigRentz: 11 Crane Safety Tips Prevent Accidents, October 19, 2020 .https://www.bigrentz.com/blog/crane-safety-tips
5. СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА 2020, МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, Скопје 2017.
6. Миодраг Јовановић, Заштита при унутрашњем транспорту, Факултет заштите на раду, Ниш 2011.
7. Occupational Health and Safety Assessment Series.

658.562.3-049.5:621.6-168

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Доц. д-р Сузана Зиковска
Проф. д-р Слободан Бундалевски
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

ИЗВОРИ НА ОПАСНОСНОСТИ ВО КОТЛАРИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ КОТЛИ НА ЈАГЛЕН

АПСТРАКТ: На секое работно место и секогаш постои ризик од појава на несреќа. За спречување на несреќата и контрола на ризикот потребно компаниите постојано да вложуваат. Одредувањето на опасностите од професионален ризик е почетен чекор кај секоја компанија. Во трудот одредени се и анализирани сите видови на опасности, преку собирање на потребните информации за ризици за безбедност на работниците кои работат во секторите на производство и одржување на енергетските котли кои како главно гориво го користат јагленот. Резултатите на анализата, врз основа на бројни истражувања, покажуваат дека извори на опасности се јагленовиот прав, искри од пламен и жар, топлинското зрачење, бучавост, електричната енергија, високиот притисок на водата и парата, експлозија, појава на пожар и други жешки материјали, хемикалии, хемиски испарини, пропуштање на пара, топла вода, врели гасови и сл., опасност од паѓање од висина, и тн.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: котел, безбедност, опасности итн.

HAZARD SOURCES IN DIVISION OF ENERGETIC COAL BOILER

ABSTRACT: Every workplace has always risk of accidents which need efforts to prevention and control it does not happen. Occupational risks hazard identification is an early step that must be considered by the company. The purpose of the study is to determine the type of hazard, risk assessments based on sources hazard and risk assessment based on the types of hazards in the boiler division. The result of the analysis showed the sources of the dangers are charcoal dust, sparks, heat radiation, falls, pinched, charcoal sprinkle, noise, electric high pressure, explosion, fire, hot material, exposed to chemicals, inhaling chemicals, steam, leaks in drum steam, hot water, excess gas pressure and embers.

KEY WORDS: boiler, safety, hazards etc.

ВОВЕД

Безбедна работа при ракување и управување со енергетските котли значи, знаење да се управува со ризиците кои произлегуваат во текот на работа. Ефикасна и безбедна работа на котелот е основен услов за непречено одвивање

на останатите работни активности. Генерално, според HSE[1], 12 клучни фактори фактори имаат влијание на безбедната работа. Истите се наведуваат и во прирачникот за безбедно управување со индустриски парни котли и со топловодни котли , INDG436[2] и треба да бидат земени во предвид за безбедна работа на котлите: работа, компетенции, обука, одржавање, дизајн, локација, безбедносен систем, контролен систем, тестирање, испитување, надзор, управување.[3]

Сл.1. Фактори кои влијаат на безбедната работа на котелот

Котларите и котелски постројки се различни сами по себе, согласно тоа и проценката на ризик треба да биде соодветна на нивната постројка. Горе наведените фактори (сл.1) се клучни индикатори според кои може да се утврдат елементите кои треба да бидат вклучени во проценката на ризик. Сите фактори се суштински поврзани, така да доколку се наруши само еден од нив, може да предизвика загрозување на вкупната безбедност на котелската постројка. На пример, доколку се нарушат работните параметри, работните процедури и одржувањето на котелската постројка, се нарушува и безбедноста на котелот. Имено после монтажата на котлите, со текот на годините заради потребите на вработените или процесот, може се прават бројни промени на постројката или на помошната пратечка опрема. Ваквите промени, без разлика дали се физички измени на самиот котел или се извршени измени во параметрите при управувањето или одржувањето, може да влијаат на работата на котелот. Промените на прввичните проектни ограничувања на котелот можат да предизвикаат зголемено напрегање, појава на корозија па дури и замор на материјалот на клучните компоненти на котелската постројка, доколку не се прописно изведени или осмислени.

1. HSE- Health Safety Executive
2. INDG436, A guide for owners, managers and supervisors of boilers, boiler houses and boiler plant
3. 20200924_022647.pdf "Save management of indistrial steam and hot water boilers"

Заради тоа многу е важно да се почитуваат проектните параметри, да се врши евиденција за секоја промена и нивно отстапување во текот на работата, но и при одржувањето.

Сите садови под притисок, вклучително и енергетските котли имаат законска обврска за редовни прегледи и тестирања во согласност со Правилникот за садови под притисок[4]. Во извештајот од контрола треба точно да бидат запишани условите при кои се извршени тестовите, да биде специфицирана вкупната тестирана опрема и истата шематски да биде претставена, така да може да се добие целосна слика за сите компоненти во системот. Многу е важно шемите и спецификацијата на опремата да бидат изработени од компетентни лица кои имаат искуство и знаење за соодветната опрема и ситемите.

ВАЖНОСТА НА ЗНАЕЊЕТО И ИСКУСТВОТО

Теоретското знаење и практичното познавање на котелот и помошната опрема во котларата се од големо значење за да се овозможи правилна, сигурна и безбедна работа на котелот и вработените. Заради тоа знаењето и искуството редовно се повторуваат во водачот за безбедна работа на котлите BG01[5], прирачникот за сопственици, менаџери и инспектори на котли и котлари INDG436[6].

HSE[7] како независен регулатор со искуство од повеќе од чериесет години, се согласува со препораките изнесени во прирачникот INDG436, каде се истакнува дека обуката на вработените е еден од клучните фактори кои ја регулираат безбедната работа на котлите, даваат насоки во одредувањето и идентификувањето на квалитетни обучувачи за безбедност и здравје во текот на работата. Според нив обуката треба да ја изведуваат квалификувани и стручни лица за соодветната опрема, кои своето знаење најдобро можат да го пренесат на лицата кои се вклучени во раборниот процес. Покрај теоретското знаење многу е важно обучувачите да имаат работно искуството во индустрија. При спроведувањето на обука за безбедност при работа и проценка на ризик во котларата, многу е важен концептот и содржина на обуката да бидат осмислени не само од стручни лица за безбедност и здравје, туку и од лица (или со лица) кои имаата големо искуство при работа со котли, помошна опрема на котлите и општо во котлари и нивното опкружување[8].

Проценката на ризик има клучна улога за безбедноста во секое работно опкружување и со навремено спроведување на обуките, операторите се стекнуваат со потврда за своите способности и потврда за правилно спроведување на процедурите. Успешното управување со ризикот, не само што ќе помогне во спречувањето на незгодите во текот на работата и ќе го подобри квалитетот на работењето, туку и ќе ги унапреди перформансите на вкупното работење.

ОДРЕДУВАЊЕ НА ОПАСНОСТИТЕ

Според резултатите на бројни интервјуа и анкети спроведени од одговорни лица, со оператори на котли, лица кои работат на одржување на котлите и др. се доаѓа до сознанието дека изворите на опасности во котларите произлегуваат

4. Правилник за користење на опрема под притисок, Службен весник на Р.М. Бр32. 2009
5. BG01 Guidance on the safe Operation af Steam Boilers Edition 2-@2019
6. INDG436, A guide for owners, managers and supervisors of boilers, boiler houses and boiler plant
7. HSE- Health Safety Executive
8. INDG436, A guide for owners, managers and supervisors of boilers, boiler houses and boiler plant

пред се од: врелите горивни материи, топлинското зрачење, јагленовиот прав, високиот притисок на водата и парата во котлите, како и работата на висина. Зависно од конструкцијата на котлите секогаш постои опасност од паѓање од висина при работа на висина, бидејќи енергетските котли се високи. Покрај тоа и бучавоста на котелот предизвикана претежно од помошната опрема е извори на опасност по здравјето на вработените во котларата.

Видови на опасности во работната средина

Постојат четири најзастапени видови на опасности во котелот односно котларата. Тоа се физички, механички, хемиски и електични опасности. Физичките опасности се среќаваат во текот на работата и можат да имаат моментално влијание, односно како последица од директното дејство на топлината на парата, и продолжено дејство, кога после одредено време изложеност на влијанието се почувствуваат последиците, како што е губење на слухот заради долгорочна изложеност на бучава и сл. Механичките опасности настануваат како резултат на механичката опрема и алат кои се користат во текот на работата. Хемиските опасности во котларата доаѓаат од хемиските супстанции кои користат во технолошкиот процес за припрема на водата и тн. Електричната енергија како опасност, може да предизвика струен удар, краток спој, пожар и сл. И резултатите од бројни интервјуа, спроведени на работниците кои работат во котелските постројки, потврдуваат дека опасностите доаѓаат од топлината на парата и горивните материи, бучавата и електричната енергија[9].

Ризикот е персонификација на професијата кој резултира можност за големи загуби. Постојат неколку потенцијални опасности во делот околу енергетските котли на јаглен,па според тоа и различни ризици вклучително: вклештување, пад од висина, изгореници, оштетување на слухот, струен удар и сл.

Проценка на ризик

Проценката на идентификуваните потенцијални опасности од ризик преку анализа и проценка на вклучените ризиции има за цел да ја одреди големината на ризикот кој треба да ги земи во предвид и веројатноста од настанувањето и предизвиканите последици. Истражувањето на ризикот т.е. проценката на ризик го опфаќа процесот во два чекори, односно, анализа на ризикот и проценка на ризикот.

Параметрите кои се користат за проценка на ризик се веројатноста и сериозноста. Веројатноста на ризикот значи веројатност за појава на несреќа во текот на работата. Веројатноста се мери преку параметрите кои покажуваат колку често со одредена активност може да се предизвика несреќа во текот на работа. Додека проценката на ризик опишува колку потенцијални опасности се идентификувани.

Во текот на работата постојат различни извори на поголеми или помали опасности, но и различни категории за одредување на опасностите. Во литературата може да се сретнат: хемиски, механички, електрични, ергономски, опасности од навики, опасности по животната средина, биолошки опасности и психолошки опасности. Според некои автори опасностите се поделени на

9. Supriyadi, Fauzi Ramdan:Hazard identification and risk assessment in boiler division using hazard identification risk assessment and risk control (HIRARC) Journal of Industrial Hygiene and Occupational Health Vol. 1, No. 2, April 2017

физички, ергономски, хемиски, биолошки и психолошки[10]. Меѓутоа генерално опасностите може да се поделат на три категори, односно опасности по здравјето на човекот, опасности од незгоди и опасности од опкружувањето[11] .

При работа на енергетски котел кој согорува јаглен се појавуваат механички, електрични, физички и хемиски опасности. Идентификацијата на ризикот во процесот на работа во котелското оделение се одредува врз основа на опасностите:

» Физичка опасност, односно пад од висина, опструјување на врели гасови и јагленов прав, изложување на врела пара, можност од појава на респираторен дистрес, силна иритација на очите предизвикана од јаглениот прав, иритација на кожата заради изложеност на јагленов прав и хемикалии, блага до акутна дехидратација заради голема загреаност на околината во котларата под дејство на пламенот и врелите гасови и појава на слепило доколку не се користат.
» Механичка опасност, заглавување и вклештување во тесен простор, резервоар, бункер и сл., пад од висина во бункерите за јаглен, проблеми со слухот или проблеми со бучавата во одредени зони, пожар или експлозија во деловите околу ложиштето и тн.
» Струен удар, опасности кои се јавуваат во инсталациите со висок напон, кои може да предизвикаат и изгореници со фатални последици.
» Хемиски опасности т,е изложеност на иритирачки течности, хемикалии и уште многу други хемиски материјали кои се користат во процесот на работа. Изложеноста на ниска концентрција од овие материјали во континуитет подолг временски период, може да биде опасна. Во процесот на припрема на котелската вода се користат неколку хемиски материјали. Заради тоа на хемиска опасност и на несреќи предизвикани од хемиски материи, особено се изложени работниците кои работат во делот за хемиска припрема на водата.

АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊАТА

Во котларите, опасни површини се платформите или котите каде се наоѓаат бункерите за јаглен, резервоарите, дробилките и мелниците за јаглен, транспортерите за пепел и јаглен, просторот околу ложишето, оделениео за хемиска припрема на вода, платформите низ кои поминуваат цевоводите за напојна вода, сувозаситена и прегреана пара под висок притисок, платформите каде се изменувачите на топлина, прегревачите на пара и загревачите на вода, барабаните, електричните вентили, сигурносните вентили и останатата сигурносна арматура, пламениците за јагленов прав и мазут, потоа платформите каде се поставени вентилаторите за свеж воздух у димни гасови итн. Горе наведените локации, површини и платформи во котларата може да бидат извори на како на механички, така и физички, електрични и хемиски опасности.

Резултатите од истражувањата за проценка на ризик во котелската постројка[12] покажуваат дека од сите потенцијални опасности, 21 се опасности со

10. Wijaya, A., et al. 2015. Health Evaluation and Work Safety with HIRARC method at PT. Charoen Pokphand Indonesia, Titra Journal,3(1); 29-34
11. Halim, N.L. & Panjaitan, Identification Risk Assessment Risk Control (HIRARC) Pada Perusahaan Furniture. Jurnal Titra, 4 (2): 279-284, W.S.T. 2016.
12. Supriyadi, Fauzi Ramdan:Hazard identification and risk assessment in boiler division using hazard identification risk assessment and risk control (HIRARC) Journal of Industrial Hygiene and Occupational Health Vol. 1, No. 2, April 2017

низок ризик или околу 42,8%, 17 се со умерен ризик или 34,7% , 7 се со висок ризик или 14,3% и со екстремно висок ризик се 4 опасности или 8,2% (сл.1). Според видот на опасностите: 12 опасности припаѓаат во групата на механички опасности или 24,5%, 5 опасности во групата на опасности од електрична енергија или 12,2%, 3 опасности или 6,1% се хемиски опасности, а 29 опасности или 59,2% се од групата на физички опасности (сл.2).



Слика 1. Опасности според степен на ризик



Слика 2. Опасности според видот

Приоритет на активностите за безбедност при работа е минимизирање на ризикот. Тоа значи минимизирање на ризикот во согласност со хиерархијата за контрола на ризик, односно елиминирање, замена, инженерска контрола, административна контрола и употреба на лични заштитни средства соодветно ра работата.

Хиерархискиот пристап на котрола на ризик подразбира:

» Избегнување на ризик, со донесување на одлука за прекинување на активностите или прекинување на употребата на опасни материи,
» Намалување на можностите да се случи несреќа, односно намалување на веројатноста,
» Намалување на последиците од настанот, т.н. преносен ризик,
» Прифаќање на одговорноста за останатиот ризик

Управувањето со ризикот не значи гаранција дека ризикот или опасностите не постојат. Напротив и понатака постои одреден ризикот (Resudual risk) кој мора да го поднесе компанијата. При тоа секогаш се настојува нивото на ризик да се намали согласно хиерархијата на ризик и законската регулатива.

За намалување на опасностите од електрична енергија, потребно е да се намали ризикот од струен удар при вклучување на големите потрошувачи, како електричните греачи, вентилаторите за свеж воздух и димни гасови и сл. Контрола или намалување на ризикот се воспоставува со користењето на ЛЗО (лични заштитни средства), како заштитни чевли, кожни заштитни ракавици, со поставување на апарати за гасење на пожар на критичните места, со поставување на информативни знаци низ котларата со кои се означуваат опасните места, со ограничен пристап во опасните зони, потоа со организирање на обука за безбедност и здравје во текот на работата каде се запознаваат со стандардните оперативни процедури (СОП) за работа и со планот за евакуација во случај на вонредна состојба, со вршење на редовна контрола на лицата кои се одговорни за безбедност и здравје и со редовна техничка контрола на претпоставените раководни лица, итн.

Хемиските опасности кои настануваат заради изложеност на хемиски течности или испарини, предизвикуваат иритација на очите и кожата доколку дојдат во допир со нив. Тие се впиваат во очите, кожата, а испарините се вдишуваат во дишните патишта и предизвикуваат пречки во дишењето. Потребните мерки за контрола и намалување на ризикот кои треба да се превземат се: користење на ЛЗО (ракавици, маски и сл.), припрема на листа со мерки за безбедност, употреба на знаци за информирање, забрана и сл. и ограничување на пристапот во зоната со опасности. Вработените во секторот треба редовно да ги изведуваат здравствените прегледи во согласност со условите за работа во копанијата, без разлика дали се или не се изложени на хемиските влијанија. Одговорните за безбедност и здравје секогаш треба да ја следат состојбата на работната средина каде што има влијание на хемиски материи и тамо треба строго да биде забрането оставање на храна и напитоци.

За намалување на механичките опасности, како што се ризик од пропуштање на топла вода, врела пара и јагленов прав, пад од висина во зоните а бункерите и резервоарите и сл. треба да се превземат мерки за редовна контрола користењето на ЛЗО, особено користење на заштитен појас при работа на висина, подобрување на пристапот до одредени места преку измена на поставувањето на држачите, минимизирање на опасните места и местата со ограничен пристап.

Експлозија и пожар во котларите се исто така потенцијални опасности. Постапката за контрола и намалување на ризикот од експлозија и пожар може да се спроведе преку обезбедување на апарати за гасење на пожар, исправна и комплетна ЛЗО при влез во овој простор, познавање на СОП (стандардни оперативни процедури), следење на условите за работа, редовно чистење на

заостанатиот јагленов прав, пепел, шљака и гориво, масло, редовно перење на работните платформи со вода доколку работниот процес и опрема го дозволуваат тоа и сл.

Прскање на врели материи, како врел пепел, жар, пара и сл. можат да ги предизвикаат физички опасности на вработените како: респираторни проблеми, иритација на очите предизвикана од јагленовиот прав, иритација на кожата и блага дехидратација заради топлината во работниот простор, изложеноста на пламен може да доведе до слепило доколку не се користи правилно ЛЗО итн. Контролните постапки кои треба да се практикуваат се редовно носење на ЛЗО (заштитни чевли, маски, наочари, заштитни шлемови и сл.), обезбедување на доволна количина на вода за топлинското зрачење во работниот простор, обезбедување на комплети за прва помош, поставување на системи за пратење на параметрите на работната средина и тн.

За сите видови на работа во котларите треба да се применуваат мерките за заштита во согласно законот за заштита при работа или соодветните уредби. Генерално, работата во котларата не може да започне без претходно обезбедена дозвола за работа од претпоставените. Откако ќе се добие дозвола за работа, треба да се почитуваат процедурите за работа како: обезбедување на противпожарна заштита или систем за заштита во текот на заварувањето, во зависност од видот на работата, спремност на опремата за ракување во текот на санацијата, мерки за заштита од бучава (чепови за уши и сл), пратење на бучавата, превземање на мерки за минимизирање на звуците и бучавата, следење на состојбата на работното опкружување и користење на дополнителни (специјални) ЛЗО ако за истите има потреба.

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Врз основа на резултатите од досегашните испитувања и интервјуа, извори на опасности во котеларите се јаглениот прав, топлинското зрачење, искрењето при согорување, изложеност на пламен, пад од висина, вклештеноста, протекување на вода и пара со висок притисок, експлозија, пожар на запаливите материјали (јагленов прав, мазут и сл.), врелите гасови, вода и пара, хемиските материи, вдишување на хемиски испарини и тн. Заради спречување на нсреќи во текот на работата во деловите од котларата каде има потенцијални опасности за повреди од постоечката опрема, се предлага изведување на рутински контроли на опремата. Подобрувањето на ефикасноста на заштитата при работа на секој дел од котелот може да се постигне преку натамошни истражувања и припрема на HAZOP, студија за опасност и оперативност, каде систематски се идентификуваат можните опасности во работниот процес, како и со примена на FMEA анализа на режими и ефекти на неуспехот, кој е систематски метод за евалуација на процесот за идентификување на пропустите и проценка на влијанието врз процесот. Нивната примена воено би довела до минимизирање на опасностите.

ЛИТЕРАТУРА

1. BG01 Guidance on the safe Operation af Steam Boilers Edition 2-@2019
2. INDG436, A guide for owners, managers and supervisors of boilers, boiler houses and boiler plant
3. Halim, N.L. & Panjaitan, Identification Risk Assessment Risk Control (HIRARC) Pada Perusahaan
4. Furniture. Jurnal Titra, 4 (2): 279-284, W.S.T. 2016.
5. Supriyadi, Fauzi Ramdan:Hazard identification and risk assessment in boiler division using hazard identification risk assessment and risk control (HIRARC) Journal of Industrial Hygiene and Occupational Health Vol. 1, No. 2, April 2017
6. Save management of indistrial steam and hot water boilers, 20200924_022647.pdf
7. Wijaya, A., et al. 2015. Health Evaluation and Work Safety with HIRARC method at PT. Charoen Pokphand Indonesia, Titra Journal,3(1); 29-34
8. Јолеска Б.Л.,Митревска Ц., Станковиќ С.:"Безбедност при работа со постројки и инсталации под притисок", Свети Никол2, 2022
9. Митревска Ц.,Јолеска Б.Л.,Ефремовски И.: "Практикум за изработка на проценка на ризик на работно место", Свети Николе, 2021

658.562.3-049.5:621.6-168

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Проф. д-р Цветанка Митревска
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

Лепа Арсова
СОУ “Кочо Рацин” - Свети Николе, Република Македонија

ИНФОРМИРАНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Апстракт: Стратегијата за безбедност и здравје при работа овозможува развој на програми од областа на безбедноста и здравјето при работа и исто така меѓу другото има за цел да овозможи развој на различни начини на изведување и подобрување на тренингот и едукацијата од областа на безбедноста и здравјето при работа. Државата преку законот за безбдост при работа и здруженијата за заштита при работа има стратешкиот приоритет и цел да наметне подигнување на свеста за БЗР преку формалното образование. Примарната цел, е да се спроведе евалуација на состојбата и нивото на практикување и вклученост на безбедноста и здравјето при работа во училишта.
Предмет на ова истражување е одредување на информираност на вработените во училиштата за мерките за безбедност и здравје при работа и условите за работа, преку анализа на резултатите од спроведената анкета во едно училиште.

Клучни зборови: Безбедносни процесури, безбедносни услови

INFORMING SCHOOL EMPLOYEES WITH SECURITY MEASURES

Abstract: The Occupational Safety and Health Strategy enables the development of occupational safety and health programs and aims to enable the development of different ways of conducting and improving training and education in the same field. The state, through the Law on Safety at Work and Associations for safety at work, has a strategic priority and goal to increase awareness of safety at work through formal education. The primary goal is to evaluate the current situation and the degree of implementation of safety and health at work in schools.
The subject of this paper is to determine the level of information of school employees through the analysis of responses to a survey conducted in one school.

Key words: Safety procedure, safety conditions

ВОВЕД

Според членот 5 од Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот има обврска да обезбеди максимална можна безбедност на вработените од секој аспект кој е поврзан со работата, што значи дека ќе обезбеди соодветни заштитни мерки. Во истиот закон, во членот 6, пишува сека обврските кои произлегуваат за да се обезбеди безбедноста и здравјето при работа на работниците, работодавачот може да ги спроведе сам, или доколку тој не е во можност, истите може да ги довери на соодветни стручни лица. Во случај обврските да ги довери на стручни правни лица, тогаш е должен нив да им ги обезбеди сите потребни информации кои се поврзани со безбедноста и здравјето при работата. Во тој случај овластените лица ќе бидат одговорни за спроведување на договорените обврски, меѓутоа работодавечот тоа не го ослободува од одговорност. Законот за безбедност при работа исто така треба да го почитуваат и образовните институции. Тие треба да ги применуваат мерките за заштита при работа, а работните простории треба да ги задоволуваат потребните работни услови во согласност со нивната намена.

ИНТЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ ВРАБОТЕНИТЕ И РАБОТОДАВАЧОТ

Работодавачот во образовните институции (доколку се државни министерството за образование, или сопственикот, доколку се приватни) е должен на сите наставиците, професорите и останатите вработени да им обезбеди соодветни обуки за безбедност и здравје во текот на работата, преку кои вработените ќе се запознаат со можните опасности и повреди во текот на работата, но и со обврските од аспект на безбедност при работа. Секако обуката треба да биде прилагодена на спецификациите на работното место. Ваквите обуки се изведуваат теоретски и практично за време на работното време и на работното место. Покрај обуките, во училиштата треба да извршат и микроклиматски испитувања во летниот и во зимскиот период за време на работниот процес. Вакви мерења треба да се извршуваат после секоја воведена промена, раконструкција и слично.

Лицата кои се вклучени во образовниот процес, како наставниците и професорите како и помошниот персонал, треба да се грижат за сопствената безбедност, но и за безбедноста на другите вработени, во согласност со правилата. Тие можат да даваат предлози, забелешки и мислења поврзани со безбедноста и здравјето при работата и доколку сметаат дека нивната безбедност е загрозена или е загрозена општата безбедност имаат право да одбијат извршување на некоја задача. Покрај правата за безбедно извршување на работата, тие имаат и обврски да ги почитуваат сите пропишани мерки за правилно користење на средствата за работа, и средствата за лична заштита. Вработените во образовните институции, за секој недостаток кој ја загрозува безбедноста во работата, треба да ги информираат претпоставените, писмено или усно. Доколку не се спроведуваат овие процедури на информирање и не се превземат соодветните мерки, тогаш се смета дека не се превземени и исполнети соодветните мерки за безбедност и заштита при работата. Тоа значи дека вработените во образовниот процес треба постојано да соработуваат со претпоставените заради обезбедување на безбедна средина за работа.

ОСНОВНИ ПРАВИЛА ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

При проценка на ризик на работните места се утврдуваат опасностите, кои треба да бидат отстранети според соодветно пропишани правила за заштита при работа. Основни правила за заштита при работа, кои треба да бидат применувани при извршувањето на некоја работа, се:

- средствата за работа да бидат со заштитни уреди;
- да се обезбеди сигурност од електричен удар;
- објектот да биде обезбеден од удар на гром;
- да се спречи настанување на пожари и експлозии;
- да се обезбеди соодветна работна површина и работен простор;
- да бидат обезбедени соодветни премини за евакуација;
- да биде обезбедена хигиена на соодветно ниво;
- да се обезбеди соодветна температура и влажност, како и да се ограничи брзината на движење на воздухот;
- да се обезбеди соодветна осветленост на работното место и работната средина;
- да биде ограничена бучавата и вибрациите во работната средина;
- да биде обезбедено од штетни атмосферски и климатски влијанија;
- да бидат обезбедени простории и услови за лична хигиена.

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО

Анализата за информираноста на вработените во образовните институции за мерките за безбедност и здравје при работа, направена е врз основа на анкетата на вработените во едно градско средно училиште во Македонија. Во училиштето кое е предмет на истражување, анкетираните вработени се со различна возраст и пол (сл.1) и степен на образование (сл.2).



Слика 1. Старосна распределба на анкетираните



Слика 2. Степен на образование

Исто така, анкетираните лица имаат и различен работен стаж. Од вкупно 114 анкетирани, 53 % од испитниците имаат работен стаж помал од 10 години, што значи дека се релативно млад колектив каде преовладуваат младите вработени лица. Со стаж од 11 до 20 години се 32 %, односно 36 испитаници. Од 21 до 30 години се 7% од анкетираните лица, а оние со над 31 година работен стаж се 5 %.

На анкетираните им беше поставено прашање дали тие сметаат дека се запознаени со општите услови за работа и исто така дали има комуникација помеѓу вработените и менаџментот поврзано со безбедносните стандарди. Одговорите на прашањата прикажани се на сл. 3 и 4.



Слика 3. Одговор на прашањето: дали мислите дека сте запознаени со општите услови за работа?



Слика 4. Одговор на прашањето: дали има постојана комуникација меѓу вработените и менаџментот за безбедносните стандарди?

Имено 13% од анкетираните не знаат или не се запознаени со општите услови за работа, а 61% не знаат или немаат комуникација меѓусебе и со менаџментот за безбедносните стандарди.

Одговорите на прашањата поврзани со постоењето на системи за идентификација, спречување и справување со опасностите при работа во училиштето и за постоењето на стручни лица кои се грижат за безбедноста и здравјето во работата, прикажани се на сл. 5 и 6 соодветно.



Слика 5. Одговор на прашањето: дали постојат системи за идентификација, спречување и справување со опасностите при работа во училиштето?



Слика 6. Одговор на прашањето: дали во вашето училиште постојат стручни лица кои се грижат за безбедноста и здравјето во работата?

На прашањата за колку е разбирлив начинот на кој се напишани здравствените и безбедносните процедури и колку се запознаени вработените со итниот евакуациски план на училиштето, вработените одговориле како на сл.7 и 8.



Слика 7. Одговори на прашањето: дали објаснувањата во врска со здравствените и безбедносните процедури се напишани на разбирлив начин?



Слика 8. Одговори на прашањето: запознаен/а сум со итниот евакуациски план на објектот во кој работам?

Дури 43% од испитаниците не се запознаени или не се согласуваат со евакуацискиот план. Овој процент е прилично висок за една институција во која што се наоѓаа голем број на ученици во неколку смени.

На прашањата дали се запознаени со своите права и обврски во врска со безбедноста и здравјето при работата 33 % одговориле дека не си ги знаат или не се согласуваат со правата и обврските (сл.9). Додека на прашањето дали имаат поминато обука за итни ситуации, само 17% од анкетираните имаат поминато обука (сл.10), што претставува многу низок процент.



Слика 9. Одговори на прашањето: дали сте запознаени со своите права и обврски во врска со безбедноста и здравјето при работата?



Слика 10. Одговори на прашањето дали имате поминато обука за итни ситуации?

На прашањата поврзани со местоположбата на противпожарниот апарат во објектот и со безбедносните протоколи, одговорите на анкетираните прикажани се соодветно на сл. 11 и12.



Слика 11. Знам каде има противпожарен апарат во објектот во кој работам.“



Слика 12. Запознаен/а сум со безбедносните протоколи и со тоа како тие влијаат на мојата работа

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Од одговорите добиени една анкета во едно училиште од градска средина не може да се донесат генерални заклучоци за сите училишта во Македонија. Меѓутоа ако се има во предвид дека повеќето училишта во Македонија се финансирани и управувани од министерството за образование, може да се заклучиме дека условите за работа и состојбата е приближно иста, барем за училиштата од градските средини. Според тоа и информираноста за мерките за безбедност и здравје при работа на вработените во образовните институции, во училиштата во градските средини во поголем број е иста или слична.

Од спроведената анкета може да се извојат неколку одговори кои треба да се коментираат. Така на пример, загрижува фактот дека повеќе од една четвртина (26%) од анкетираните не знаат дали постојат стручни лица кои се грижат за безбедноста и здравјето при работата и дури 65 % одговориле дека такви лица во нивната организација не постојат. Ваквите резултати наведуваат дека во иднина треба да се работи поинтензивно приближување на законот за безбедност при работа, запознавање на вработените со неговата содржина и навремено информирање за промените кои се случуваат во поедини членови и акти од законот. Имено, вработените треба да бидат информирани дека во нивната организација постојат такви стручни лица или ако во организацијата нема такви вработени, да се вработат стручни лица од овој тип или да се користат услуги од надворешни лиценцирани лица за безбедност при работа.

Високи 57 % од анкетираните наставници одговориле дека не ги разбираат објаснувањата кои се напишани во врска со безбедносните и здравствените процедури и дека скоро половина од анкетираните, односно 44 % изјавиле дека не се запознаени со итниот евакуациски план на објектот во кој работат. Ваквите одговори на прашањата за евакуацискиот план се неприфатливи за лица кои работат во институција каде секојдневно во неколку смени се образуваат деца, што од друга страна кажува дека во случај на опасност и потреба на евакуација, најповиканите за тоа не се согласуваат или не знаат за постоењето на таков евакуациски план. Од тука, уште еднаш се потврдува дека неопходно е да се работи со вработените во насока на подобра информираност со мерките за

безбедност при работа и дека постои или треба да постои итен евакуациски план на објектот во кој работат, кој треба да се применува во случај на опасност и кога се загрозени нивното здравје и живот.

Една третина, односно 33 % од анкетираните не ги знаат своите права и обврски поврзани со безбедноста и здравјето при работата. Овој процент, иако е помал од половина, заслужува големо внимание. Имено, според резултатите на анкетата, секој трет од вработените не е запознаен со своите права, а што е уште поважно, и со своите обврски кои се поврзани со безбедноста и здравјето при работа Незнаењето на обврските поврзани со безбедноста при работа на една третина од вработените може да има последици и кон останатите вработени во организацијата.

Високи 83 % од анкетираните немаат поминато обука за итни ситуации. Од анкетираните, 56 % се изјасниле дека не се запознаени со безбедносните протоколи и со тоа како тие влијаат на нивната работа, а 35 % од анкетираните не се чувствуваат или не знаат дали се чувствуват безбедни на своето работно место.

Бидејќи кај во Македонија повеќето училишта од градските средини се наоѓаат во слична состојба, од аспект на условите за работа, активностите кои се спроведуваат од страна на министерството за образование, информациите кои се пренесуваат и сл, генерално може да се заклучи дека е потребно да се спроведе обука за безбедноста и здравјето на работното место и да се изврши тестирање на вработенте за нивната информираност и спремност за имплементација на обврските кои произлегуваат од законот безбедност и здравје.

ЛИТЕРАТУРА

1. Бенџамин О.Али, Основни принципи за здравје и безбедност при работа, International Labour Office Geneva, 2011.
2. Грбић, М. (2001): Расвјета радног простора, Ергономија, Загреб
3. Ђорђевић, Д. (1976): Индустријска психологија, Раднички универзитет „Нови Београд", Виша металска школа, Београд
4. Закон за безбедност и здравје при работа, Сл.весник на РМ, бр.92/07
5. Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.79/07),
6. Митревска Ц.,Јолеска Б.Л.,Ефремовски И.: "Практикум за изработка на проценка на ризик на работно место", Свети Николе, 2021
7. Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава (Сл.весник на РМ, бр. 21/08)
8. Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации (Сл.весник на РМ бр.26/08).
9. Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци (Службен весник на рм, бр. 46/2010)
10. Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.147/08)
11. Прирачник за процена на професионалниот ризик, Елисавета Стикова, МЗЗПР, Декември 2009
12. Планирање на безбедноста и здравјето при работа, Прирачник, Борче Стојчевски, Скопје, 2010
13. Услови за работа и подобрување на работната средина во училиштата, магистерски труд, Лепа Арсова, Свети Николе, 2021.

727.1:697.9

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Проф. д-р Цветанка Митревска
Проф. д-р Слободан Бундалевски
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

АНАЛИЗА НА МИКРОКЛИМАТСКИ УСЛОВИ ВО УЧИЛИШТАТА

АПСТРАКТ: Со Законот за безбедност и здравје при работа се регулирани сите обврски на работодавачот, мерките и нормативите за безбедност, правата и обврските на вработените, надзорот, како и прекршочните одредби. Целта на овој закон е да се подобрат условите кои влијаат на безбедноста и здравјето при работата. Правилата од овој закон важат подеднакво и за образовните институции како факултетите и училиштата, без разлика дали се приватни или државни.
Предмет на ова истражување е утврдување на микроклиматските услови во едно училиште и нивното влијание на условите за работа, со оглед на тоа дека 5 до 6 часа од работниот ден учениците и наставниците го поминуваат во училиштето. Истражувањето опфаќа спроведување на анкета меѓу вработените и мерење на микроклиматските услови за работа, вклучително осветлувањето во училниците, влијанието на бучавата од околината, и коментар на нивното влијание на учениците и наставниците.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: бучава, осветлување, температура

ANALYZE OF THE MICROCLIMATE CONDITIONS IN SCHOOLS

ABSTRACT: The Law on Safety and Health at Work regulates all obligations of the employer, safety measures and norms, the rights and obligations of employees, supervision, as well as misdemeanor provisions. The purpose of this law is to improve the conditions that affect occupational safety and health. The rules of this law apply equally to educational institutions such as colleges and schools, whether private or public.
The subject of this paper is to determine the microclimatic conditions in the schools and their impact on working conditions, given that 5 to 6 hours of the working day students and teachers spend in school. The research is on base of conducted a survey among employees and measuring microclimate working conditions, including classroom lighting, the impact of environmental noise, and their impact on students and teachers.

KEY WORDS: noise, light, temperature

ВОВЕД

Освен како законска рамка, здравјето и безбедноста на работниците се смета како основна потреба која овозможува зголемена продуктивност и економски раст во секоја земја. Безбедноста и заштитата при работата треба да бидат јасно дефинирани како обврска на оној кој го создава ризикот во текот на работата, бидејќи истиот треба да ја преземе и одговорноста која произлегува од него. При тоа потребно е да се создадат оптимални услови со кои ќе бидат минимизирани сите можни ризици. Ова значи дека организациите се обврзани постојано да инвестираат во нови технологии, со помош на кои ќе ја подобрат безбедноста при работата. Неделив дел од организационите структури на компаниите е заштитата при работа и истата се остварува со извршување на потребните работи од областа на безбедноста и здравјето при работа. Образовните институции исто така треба да го почитуваат законот за безбедност при работа и воедно да ги применуваат мерките за заштита при работа. Работните простории треба да ги задоволуваат потребните работни услови во согласност со нивната намена.

Работното место по дефиниција е најмалата технолошка и организациона заокружена целина во која се извршува точно определен дел од процесот. Работните места врз основа на критериумите на работа, може да се класифицираат во три групи како стационарни, променливи и подвижни. Работните места во училиштата припаѓаат на првата група, односно стационарни работни места кои се врзани за фиксни објекти.

Кај нас, во образовните институции, поточно во училиштата, покрај постојаните подобрувања на работните услови сеуште постојат бројни случаеви во кои вработените се изложени на штетни влијанија, кои неповолно се одразуваат по здравјето на вработените и учениците. Повеќе фактори имаат влијание и го загрозуваат здравјето на човекот, како на работно место така и надвор од него. Вработените во образовните институции се изложени на групата на фактори каде што припаѓаат: микроклиматските услови, осветлувањето, бучавост и вибрации, и зрачењето.

МИКРОКЛИМАТСКИ УСЛОВИ

Микро климата во суштина ги претставуваат микроклиматските услови во затворен простор. Елементи на микроклимата се: температура, влажност и струење на воздухот.

Температурата на организмот зависи од температурата на средината во која чоекот се наоѓа, односно каде што работи. За оптимална температура на работната средина се смета онаа температура која најмногу одговара на физиолошките потреби на вработениот и има најмало одстапување од температурата на човечкиот организам. Температурата во работната средина зависи од надворешната температура на воздухот и од видот на работата. Врз основа на искуствата и резултатите на повеќе медицински истражувања, СЗО[1] во 2003г, ги дава препораките, односно дека средната температура за работа која во поголем дел е во седечка положба, е 190С, а за административна работа 200С, што значи дека таа температура би одговарала и за просториите во образовните институции. При тоа највисоката дозволена температура на воздухот за работа во простории е 260С, а разликата помеѓу температурата на ѕидот и воздухот не треба да биде поголема од 2 до 30С.

1. СЗО, Светска Здравствена Организација

Влажноста на воздухот има влијание на здравјето и физичката кондиција на вработените, што се одразува на ефектот во работењето. Врз основа на бројни испитувања[2] утврдено е дека на човечкиот организам најмногу му одговара 75% релативна влажност на воздухот во просторот во кој живее и работи. Во литература може да се сретне дека вредности за релативна влажност помеѓу 50 и 60 % се сметаат за оптимални.

Струењето на воздухот во затворена средина претставува промена на воздухот во работниот простор, во случајот училниците, каде што претстојуваат учениците, професорите итн. Промената на воздухот во затворената средина е многу важна за тие кои се внатре да се освежат, воздухот да добие нормален состав и влажост и да се намали концентрацијата на штетните материи. Имено потребата за одржување на нормални температури и влажност на воздухот, е во функција од струењет на воздухот и е еден од начините за тоа да се направи. Брзината на струење на воздухот се движи во границите од 0,3 до 1,0 m/s, во заисност од видот на работата и температурата на надворешниот воздух.

Осветлувањето на работните простории зависи од изворот на светлина и може да биде природно, вештачко и комбинирано. Со цел да се обезбеди поволно осветлување треба да се посвети внимание на јачината, постојаноста и рамномерноста на светлото. Јачината на светлината во работните простории зависи од природата на работата на поедините работни места. Во училниците и другите административни простоии јачината на светлината не треба да е пониска од 300 lx[3].

Бучавост и вибрации обично се појавуваат во процесите на производство. Меѓутоа во училиштата и образовните институции, бучавоста е резултат на влијанието на надворешната околина. Така на пример, доколку образовните институции се во близина на некој индустриски објект, или доколку во нивна непосредна близина поминува пат по кој се движењат тешки превозни средства и сл. можноста за појава на вибрации и бучавост е поверојатна. Влијанието на бучавоста како фактор на работната средина се рефлектира на работната способност и продуктивноста на вработените и учениците, на нивната концентрација и способноста за пратење на наставата. Дозволеното ниво на бучавост се движи од 35 до 85 dB и зависно од видот на работата[4]. За училници, читални, предавални, административни згради и канцеларии нивото на бучава треба да биде до 50dB. Бучавата, претставува пречка во комуникацијата и го отежнува приемот на потребните информации. Присуството на бучавата може да претставува сериозна препрека во комуникацијата. Нормалната конверзација во тишина бара гласот да биде на висина од 50 до 55 dB. Доколку е присутна бучава во позадина, човекот автоматски го повишува гласот за 5 до 6 dB, за секои 10 dB зголемување на бучавата. Човечкиот глас е способен да произведе ниво од 100 dB, но викањето претставува екстремно заморно. Во такви услови луѓето не можат да го одржат подолготрајно нивото на гласот повеќе од 78 dB. Во секој случај, комуникацијата во бучна средина над 85 dB воопшто не е пријатна ниту за говорникот, ниту за слушателот.

Вработените во образовните институции и учениците не се изложени на вибрации и зрачење.

2. Health, Safety and Environment Committee (1992)
3. Industrial lighting (1991) – ANSI/IES RP7-1991. New York, NY: IESNS
4. Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.147/08)

ИСПИТУВАЊЕ НА МИКРОКЛИМАТСКИТЕ УСЛОВИ И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ

Испитувањето се состои во мерење на микроклиматските услови во неколку училници во едно средно училиште во Република Македонија, во чиј состав се три згради каде се сместени училниците. Зградите и училниците имаат различна поставеност, местоположба. Паралелно со мерењето спроведена е анкета на вработените во училиштето. Бидејќи наставата во училиштето се изведуа само во една смена (од 08.00 ч), мерењето е извршено во периодот од 9 до 13.30ч во април 2021г.[5]

Мерењата на природното осветлување покажуваат дека осветлувањето во зградата бр 1, чија местоположба е на југ, во сите денови, дури и во облачните и врнежливи денови, ги исполнува минималните технички стандарди. Имено осветлувањето во училниците во оваа зграда, секогаш е многу над потребните 300 lux, а се движи до 2500 lux. Во текот на петте дена кога е вршено мерење, во двете други згради, во четири дена се добиени резултати кои не ги исполнуваат минималните технички барања за училниците. Таквата состојба е резултат на местоположбата на училниците во зградите, бидејќи дел од училници се свртени само кон запад или само кон исток. Имено, со мерењата кои се направени во 9 часот, во зградата број 2, утврдено е дека две училници имаат осветлување под 300 lux (215 lux во едната и 256 lux во другата). За време на попладневните мерења во зградата број 2, констатирано е дека во училницата која е свртена кон запад осветлувањето е 270 lux, што е под минимално техничките барања.

Во третата зграда во училницата, која е сврена кон запад, утринското осветлување е 111 lux, што е далеку под минимално техничките барања. Исто така, во училниците (од зграда број 3) кои се свртени кон исток се измерени вредности според кои осветлувањето не ги задоволува минимално техничките критериуми (287 lux во едната, а 195 lux во другата).

Според резултатите од мерењата, може да се забележи дека освен во зградата број 1, која што има местоположба на југ, во останатите две згради е потребно дополнително осветлување, дури и во деновите кои не се врнежливи (сл.1).

Мерењето на осветлувањето во сите згради, ги даде се следните вредности: во зградата број 1, која е свртена кон југ, светлината изнесува 535 lux, во зградата број 2 со вештачко осветлување, осветлувањето е 456 lux и во третата зграда со вештачко осветлување измерени се 402 lux. Според овие резултати, може да се заклучи дека во сите три згради осветлувањето ги исполнува минималните технички барања за училници, односно во сите простории светлината е поголема од 300 lux.

5. Услови за работа и подобрување на работната средина во училиштата, магистерски труд, Лепа Арсова, Свети Николе, 2021.



Сл.1. Средни вредности од мерењата на осветлувањето во просториите



Сл.2. Одговор на анкетното прашање за осветлувањето

Измерената температура во сите училници е над 180С (сл.2). Резултататите на овие мерења ги исполнуваат минималните технички барања за потребната работна температура, каде во пролетни услови на мерење, температурата треба да е над 180С. Како забелешка треба да се има во предвид, дека мерењата се извршени во време на пандемија (Ковид-19). Имено, заради мерките од пандемијата, цела година претходно во просториите не се одржуваше настава и не е вклучувано никакво греење, но и покрај тоа сепак минималните услови се исполнети. Највероватно доколку во просториите се изведуваше настава, заради присуството на учениците и влијанието на температурата на телата, температурата во училниците би била нешто повисока.



Сл.3. Средни вредносто од мерењата на температурата во просториите

Сл.4. Одговор на анкетното прашање температурите во просториите

Мерените вредности за влажноста на воздухот во сите училници, очекувано, се повисоки наутро, а пониски напладне и се движат во граници од 23,9 % до 55,1 % (сл.5). Од петте дена од мерењето, во четири дена се добиени резултати кои не ги исполнуваат минималните технички стандарди, односно влажноста на воздухот е под минимално дозволените граници.



Сл.5. Средни вредности од мерењата на влажноста во просториите

Сл.6.Одговор на анкетното прашање за за подобрување на квалитетот на воздухот

Нивото на бучава во училиштата претставува најголем проблем, особено доколку во нивна близина има регионални или магистрални патиштата. Гранични вредности за нивото на бучава во животна средина, според истоимениот правилник, издаден од Министерство за здравство, внатре во просториите во кои престојуваат учениците и наставниците изнесува 80 dB[6]. Овие гранични вредности се долна акциона граница за осумчасовно работно време. Во случајов наставниците и учениците во училниците се задржуваат не повеќе од 6 часа што може да се земе како олеснителна околност за максимално дозволените вредности на бучавата.

Во зградата број 1, која е свртена на југ, нивото на бучава е под максимално дозволеното ниво, односно под долната акциона вредност на изложување. Претпоставувам дека тоа е поради фактот што во близина на училиштето, на улицата има поставено „лежечки полицајци", што ги оневозможува учесниците во сообраќајот брзо да возат и да предизвикуваат зголемена бучава. Во зградата број 2, според извршените мерења, нивото на бучава исто така е под долна акциона вредност на изложување. Во зградата училниците се наоѓаат на западната страна. Во зградата број 3, измерените вредности за бучава се малку над долната акциона вредност на изложување. Во првиот ден од мерењето, кое е извршено во пладневните часови, според добиените резултати, бучавата е под долната акциона вредност за вкупното време на мерење. Во вториот ден, мерењето исто така е извршено во пладневните часови. При тоа во 99,8 % од времетраењето на мерењето, бучавата е под долната акциона вредност на изожување, додека во останатите 0,2 % е поголема од 80 dB, односно над горна акциона граница. Просечната бучава е 56,9 dB, и е над препорачаната вредност за работа од 50 dB. Во третиот ден, во вклупното време на мерење бучавата е под долната акциона граница (80dB). Во четвртиот ден од мерењето 99,8 % од времето бучавата е под долната акциона граница, а 0,2 % е над 80 dB, односно над горна акциона граница. Просечната дневна бучава изнесува 52,2 dB, што исто така е малку над препорачаната вредност за работа. Во последниот ден, во вкупното време на мерење, бучавата е под долната акциона граница од 80 dB. Просечната висина на

6. Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.147/08)

бучавата изнесува 51,1 dB, што е малку над препорачаната вредност. Иако според добиените резултати просечното ниво на бучава е малку над препорачаната вредност за работа од 50 dB, треба да се напомене дека оваа зграда се наоѓа многу блиску до регионален пат и дека нивото на сообраќај постојано пречи во текот на изведувањето на наставата.

Дневната изложеност на бучава се пресметува според формулата

$$L_{ex,8h}=L_{paeq,Te}+10\lg(T_e/T_o)$$

каде се:

» - $L_{ex,8h}$ е средна вредност на период на мерење,
» - $L_{paeq,Te}$ е ниво на дневна изложеност,
» - T_e е дневно времетраење на изложеност на работникот и
» - T_o е референтно време (8 часовно работно).

Резултатите од пресметаната дневната изложеноста на бучава од петте дена кога се вршеше мерењето, за прикажани се на сл.7.



Сл.7. Средни вредности од мерењата на бучавата во просториите



Сл.8. Одговори на анкетното прашање за чувствувањето на бучавата

Дневната изложеност на бучава во сите денови е во дозволените граници, односно под долната акциона граница (сл.7). Според правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина[7], граничната вредност на изложување за дневна изложеност е Lex,8h=87dB, а во овој случај во сите денови таа е под 80 dB, односно под долната акциона вредност на изложување, но сепак е над препорачаната вредност за работа (50 dB) и во овој случај не се препорачува никаква заштита за работа.

7. Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.147/08)

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Резултатите од ова истражување не може да биде слика за сите училишта, но може генерално, заклучоците кои произлегуваат од ова истражување, може да се актуелни и за повеќето училишта во Македонија кои се наоѓаат во грдските средини, имајќи во предвид дека состојбата најповеќето од нив е иста или слична. Микроклиматските услови за работа, какошто се температура, светлина и бучава, се релативно субјективни параметри. Според анкетата, на 11 наставници од анкетираните, температурата во училницата им дава чувство на удобност, а по тројца наставници одговориле дека училницата ја чувствуваат како многу топла, односно како многу ладна. Меѓутоа наникој не одговорил потврдно на прашањето дали би сакале да биде многу поладно. Чувството на температурата е субјективно и во иднина училиштето можеби треба да размислува за можноста секој наставник да ја контролира температурата, бидејќи дури 40 од 46 анкетирани одговориле дека би сакале да ја имаат таа можност.

За светлината во училницата, 6 наставници ја оцениле како недоволна, додека 16 од нив би сакале да биде посветло, а 10 го рангирале отстапувањето на светлината како неприфатливо. Во овој случај треба да се има во предвид субјективното размислување, бидејќи резултатите од мерењата покажуваат дека светлината во училиштата е во границите на дозволеното. Зарави разидувањето на мислењето на дел од анкетираните со резултатите од мерењето, предлагам да се направи дополнително и проширено мерење. При тоа би се извршила и проверка на типот на светилките кои се користат и би препорачале можеби промена на типот на светилките и целосна замена на постоечките светилки со нови енергетски ефикасни.

Надворешната бучава во училницата, изјавиле дека многу, односно екстремно многу се чувствува 17 наставници (од анкетираните 46) и истите би сакале да биде потивко, додека 16 наставници отстапувањето на бучавата го рангирале како неприфатливо. Ваквата состојба со влијанието на бучавата во училиштето е доволна за да се размислува за подобра звучна изолација преку промена на прозорците во училниците.

Кога станува збор за бучавата, треба да се напомене дека во анализата на вредностите од мерењата се забележани виски експлозивни нивоа на бучавата, кои во голема мерка предизвикуваат дистракција на наставниците и учениците. После ваквите експлозивни звуци, потребно е одредено време за да може да се достигне потребното ниво на концентрација на наставниците и учениците. Ова е уште една причина за горе споменатото размислување за подобрување на звучната изолација

Мерењата на влажноста на воздухот се под 40 %., а препорачаните вредности се помеѓу 40 % и 60 %. Имено во текот на петдневното мерење, отстапување на препорачаните параметри има во четири дена. Токму заради тоа, може да препорачам дека квалитетот на воздухот треба да се подобри, со вградување на соодветен систем за подобрување на квалитетот на воздухот или со вградување на освежувачи на воздухот.

Врз основа на анализата на одговорите на анкетниот прашалник и резултатите на мерењата кои се извршени, произлегуваат следните препораки:

» во секоја училница да се овозможи поодделно регулирање на температурата на воздухот во границите на дозволената.
» да се започни постапка за промена на вратите и прозорците, заради

подобрување на условите од аспект на бучавост, а во исто време би се зголемила енергетската ефикасноста на училиштето.

» Откако ќе се променат прозорците и вратите, треба да се започне постапка за подобрување на квалитетот на воздухот (прочистување, овлажнување и сл.) со вградување на соодветен систем за подобрување на квалитетот на воздухот или со вградување на освежувачи на воздухот.

» при промена на светилките да се пристапи кон планска замена со енергетски ефикасни светилки и на тој начин училиштето ќе ги намали трошоците за електрична енергија долгорочно.

ЛИТЕРАТУРА

1. Бенџамин О.Али, Основни принципи за здравје и безбедност при работа, International Labour Office Geneva, 2011.
2. Грбић, М. (2001): Расвјета радног простора, Ергономија, Загреб
3. Gemne et al. (1987): Environment and Health, Scandinavian Journal of Work, Vol.13, no.4, pp 275-278
4. Ђорђевић, Д. (1976): Индустријска психологија, Раднички универзитет „Нови Београд", Виша металска школа, Београд
5. Закон за безбедност и здравје при работа, Сл.весник на РМ, бр.92/07
6. Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.79/07),
7. Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава (Сл.весник на РМ, бр. 21/08)
8. Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации (Сл.весник на РМ бр.26/08).
9. Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци (Службен весник на рм, бр. 46/2010)
10. Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.147/08)
11. Прирачник за процена на професионалниот ризик, Елисавета Стикова, МЗЗПР, Декември 2009
12. Планирање на безбедноста и здравјето при работа, Прирачник, Борче Стојчевски, Скопје, 2010
13. Услови за работа и подобрување на работната средина во училиштата, магистерски труд, Лепа Арсова, Свети Николе, 2021.
14. Health, Safety and Environment Committee (1992): Temperature at work, Regulation 7 of the Workplace and associated Approved Code of Practice (ACOP)
15. Mahar, S (1997): Noise, Measurement, Control and Standards Canasian Centre for Occupational Health and Safety, Working Environment Series 15, Agsp
16. Mahnke, F. H., Mahnke, R. H, (1987): Color and light in man-made environments, Van Nostrand Reinhold: New York)

338.121:331.45/.47

Проф. д-р Синиша Цветковиќ
Проф. д-р Слободан Бундалевски
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

ПРЕОДОТ КОН КОНЦЕПТОТ НА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА И ИМПЛИКАЦИИТЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

АПСТРАКТ: Европската комисија преку својата стратешка политичка иницијатива Европски зелен договор, го трасира патот на ЕУ кон зелена иднина. Еден од главните столбови за успешна имплементација на новата стратегија за раст е Акцискиот план за циркуларната економија, кој претставува проширување на пакетот за циркуларната економија од 2015 година, во насока на остварување на заложбите за почиста, ресурсно ефикасна и поконкурентна Европа. Во трудот се анализираат клучните аспекти поврзани со спроведувањето на концептот на циркуларната економија, за кои се предвидува дека ќе имаат значајни економски и регулаторни импликации со што ќе влијаат на идните работни места на различни начини и ќе имаат широк опсег на последици по безбедноста и здравјето на работниците.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: Европски зелен договор, циркуларна економија, економски раст, вработувања, безбедност и здравје при работа

THE TRANSITION TO THE CONCEPT OF CIRCULAR ECONOMY AND IMPLICATIONS ON SAFETY AND HEALTH AT WORK

ABSTRACT: The European Commission, through its strategic political initiative European Green Agreement, paves the way for the EU towards a green future. One of the main pillars for the successful implementation of the new growth strategy is the Circular Economy Action Plan, which is an extension of the circular economy package from 2015, in order to achieve the commitment to a cleaner, more resource efficient and more competitive Europe. The paper analyzes the key aspects related to the implementation of the concept of circular economy, which are predicted to have significant economic and regulatory implications that will affect future jobs in different ways and will have a wide range of consequences for the safety and health of workers.

KEYWORDS: European Green Agreement, circular economy, economic growth, employment, safety and health at work

ВОВЕД

Европската унија, години наназад континуирано превзема силни напори во насока на остварување на својата долгорочна визија за одржлив раст. Во моментот заложбите за одржливост ги спроведува преку имплементација на двата главни процеси на трансформација, постигнување климатска неутралност до 2050 година и спроведување на концептот на циркуларната економија (European Commission, 2020). Европскиот зелен договор од 2020 година е новата стратегија за раст на ЕУ првенствено фокусиран на тоа да ја направи Европа климатско неутрална до 2050 година, но и да ја претвори во фер и просперитетно општество, со модерна, ресурсно ефикасна и конкурентна економија (European Commission, COM(2019)). Постигнувањето на овие цели, се предвидува дека ќе се оствари низ процесот на трансформирање на економијата на ЕУ кон одржлива иднина, преку имплементација на политики и стратегии во домените на климатската неутралност, производството на чиста и достапна енергија, преодот кон моделот на циркуларната економија, спроведувањето на градежните активности на енергетски и ресурсно ефикасен начин, овозможување одржлива и паметна мобилност, воспоставување на здрав и еколошки систем за обезбедување храна, заштита на екосистемите и биолошката разновидност, како и нулта толеранција на загадување на животната средина.[1]

Циркуларната економија има за цел да ги редефинира односите помеѓу постоечките системи за производство и потрошувачка. Во таа насока, јасно е детектирана потребата од оптимизирање на функционалноста на материјалите и процесите, како и зголемување на рокот на трајност/употребата на производите, за да се минимизира количеството на резидуалите и депонираниот отпад. Очекувањата се дека циркуларната економија на граѓаните ќе им овозможи пристап до квалитетни, функционални и безбедни производи, кои ќе бидат ефтини, ефикасни, ќе траат подолго и ќе можат повторно да се употребуваат, поправаат и рециклираат. Истовремено, се нудат низа нови одржливи услуги и напредни дигитални решенија, со што ќе се зголеми квалитетот на животот на граѓаните а преку модернизирање на знаењата и вештините се отвора можност да се креираат нови и иновативни работни места.[2]

За да се постигнат овие цели, ЕУ си постави задача да ја забрза транзицијата кон т.н. регенеративен модел на економски раст, со кој потрошувачката на ресурсите треба да се усогласи со можностите, што значи намалување на општата потрошувачка и заложба во наредниот период да се удвои стапката на кружната употреба на материјалите. Во таа насока создавањето на концептот на циркуларната економија ќе бара фундаментални промени низ целиот синџир на вредности (ECERA, 2020). Во 2017 година, стапката на циркуларност односно уделот на материјалните ресурси што се користат во ЕУ, а кои потекнуваат од рециклирани производи и обновени материјали, изнесувала 11,2 % со пораст на 11,9 % во 2019 година (Eurostat, 2020б).

Резултатите од повеќе истражувања упатуваат кон заклучок дека, циркуларната економија има потенцијал да креира нови работни места, особено во секторите на повторната употреба и рециклирањето на материјалите, кои во основа се трудоинтензивни дејности. Во циркуларната економија, материјалите што ги користат компаниите во производните процеси а работниците се во

1. European Commission, The European Green Deal, COM(2019), 640 final, Brussels
2. European Commission, A New Circular Economy Action Plan: For a Cleaner and More Competitive Europe, COM(2020), 98 final, Brussels

постојан контакт со нив, се поразновидни и покомплексни од вообичаените и се генерирани со постапки на рециклирање. Оттука, ризиците за БЗР за работниците се повисоки, особено за време на активностите за демонтирање, селектирање и рециклирање на материјалите (EU-OSHA,2021)

ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА КАКО СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ НА РАСТ

Во март 2020 година, Европската Комисија усвои нов Акциски план за циркуларна економија, како дел од новата индустриска стратегија, кој ја поддржува новата агенда на Европа за одржлив раст. Акциониот план има за цел да ги забрза трансформациските промени што ги бара европскиот Зелен договор, со тоа што ќе обезбеди регулаторна рамка која ќе овозможи одржлива иднина со максимално искористување на новите можности и минимални негативни последици по животната средина и економијата.

Циркуларната економија нуди нов економски и производен модел (производ – отпад – производ) кој интегрира индустриски системи, разни деловни модели, но и нови животни навики на општествената заедница кои го третираат отпадот како ресурс за повторна употреба. Главниот потенцијал на економскиот раст е во тоа да се овозможи највисок степен на повторна употреба на материјалите од производите кои го завршиле својот животен век, што истовремено значи најмала можна употреба на нови ресурси. Тоа е модел на управување со ресурсите на ефикасен и планиран начин, кој се темели на еко-иновациите, еко-дизајнот, напредните технологии, енергетската ефикасност и употребата на обновливи извори на енергија. Глобалната потрошувачка на материјали (биомаса, фосилни горива, метали и минерали) во следните четириесет години се очекува да се удвои од 89 Gt во 2017 година на 167 Gt во 2060 година (OECD, 2018), додека годишното производство на отпад до 2050 година да се зголеми за 70% (World Bank, 2018).

Циркуларната економија се заснова на принципите на дизајнирање на отпадот и загадувањето, одржување на производите и материјалите во употреба и регенерирање на природните системи (Ellen MacArthur Foundation). Една посеопфатна дефиниција ја карактеризира циркуларната економија како „регенеративен систем во кој внесот на ресурси и отпад, емисијата и истекувањето на енергијата се минимизираат преку забавување, затворање и стеснување на кружните текови на материјалот и енергијата. Ова може да се постигне преку дизајн за подолг животен век, одржување, поправка, повторна употреба, преработка, реновирање и рециклирање“ (Geissdoerfer et al., 2017).

За да се достигне и практикува циркуларната економија, функционалноста на материјалите, процесите и производите мора да се оптимизираат и одржуваат што е можно подолго за да се минимизираат отпадот и остатоците. Во таа насока, потребно е на ниво на ЕУ да се изгради добро организиран и функционален внатрешен пазар за трговија со високи квалитетни секундарни суровини (European Commission, COM(2020)). Во тој контекст, дигитализацијата игра важна улога како клучен овозможувач и забрзувач на циркуларната економија преку: обезбедување квалитетни информации за достапноста, локацијата и состојбата на производите и материјалите; зголемување на ефикасноста на внатрешните технолошки процеси во компаниите и поуспешување на интеракциските врски помеѓу бизнисите; минимизирање на отпадот и трансакциските трошоци и промовирање на подолг животен век на производите (Antikainen et al., 2018).

Транзицијата кон циркуларната економија е неизбежен процес, меѓутоа со која динамика ќе се постигне целта, зависи од неколку клучни промени во досегашното практикување на економските активности. За да се креира систем во кој ефикасноста на ресурсите постојано ќе се зголемува во сите фази од животниот циклус на производот, потребно е континуирано намалување на вкупната потрошувачка како и подобрување на системите за управување со отпадот со цел само мало количество на необновливи инпути да бидат трајно изгубени, односно депонирани (Héry and Malenfer, 2020). Реализацијата на стратегиите за транзиција кон циркуларната економија ќе зависи од фактот колку брзо и соодветно ќе се развијат и имплементираат потребните вештини, знаења и квалификации на стручната работна сила, кои се неопходни за спроведување на концептот.

ВЛИЈАНИЕТО НА ТРАНЗИЦИЈАТА КОН ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

Со имплементацијата на концептот на циркуларната економија предвидувањата се дека ефикасноста на економијата и вработеноста може да се зголемуваат континуирано и истовремено. На следниов график 1, се прикажани временските серии на стапките на вработувања во секторите на циркуларната економија, како процент од вкупниот број на вработени. Како што може да се забележи придонесот на секторите од циркуларната економија во однос на вкупниот број на вработени се движи во просек од (1.7 – 1.75)% годишно за периодот од 2012 – 2018 година. На ниво на ЕУ27, тоа покажува дека околу 3.5 милиони работни места се во економските активности од циркуларната економија.



График 1. Вработувања во секторите на циркуларната економија на ЕУ како процент од вкупниот број на вработени https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/cei_cie010/default/table?lang=en

Меѓутоа, спроведувањето на концептот на циркуларната економија може да доведе до промена на приоритетот на прашањата за животната средина пред БЗР, односно постигнувањето на еколошките цели би можеле да станат поприоритетни од прашањата за БЗР.[3] Преминот од линеарната кон циркуларната економија нуди можност да се даде повисок приоритет за БЗР, со тоа што барањата за БЗР

3. Акциониот план за циркуларната економија на ЕУ од март 2020 година, не ги спомнува ниту работниците, ниту здравствените и безбедносните прашања (EPSU, 2020).

треба да се сметаат за подеднакво важни како и грижата за животната средина и да се земаат во предвид при сите фази на дизајн на производите и услугите, производството и маркетингот.

Имплементацијата на концептот на циркуларната економија во зависност од видот на вклучените компании или организации може да доведе до ситуации со различни влијанија врз БЗР. Во најоптимистичкото развојно сценарио се вбројуваат компании кои имаат средства да развијат далекусежна политика за превенција и развој на системот за БЗР, со што истовремено ќе промовираат високо ниво на корпоративна и општествена одговорност. Во другите развојни сценарија се разгледуваат случаи каде се нуди работна средина во која стандардите за обука и свесност за БЗР би биле релативно високи, но работните места се дизајнирани и опремени врз основа на ограничени средства, што ќе резултира со фрагментиран и ограничен пристап кон имплементација и унапредување на квалитетен систем за БЗР. [4] Во рамките на циркуларната економија може да се генерираат врски на зависност на малите претпријатија од големите компании. При тоа, вработените во малите и микро-претпријатијата кои воспоставуваат почетни работни практики во новокреираните бизниси, може да бидат изложени на повисок ризик при извршување на работните активности како резултат на недостаток на средства, знаење и соодветна опрема за безбедна работа. Овие категории на вработени, особено треба да бидат заштитени од институциите надлежни за контрола на спроведување на законот и прописите за БЗР.

Професионалните ризици за БЗР, кои се последици од ракување со нови материјали или извршување на постапките за рециклирање, мора внимателно да се проучуваат за да може навремено да се превземат мерки за нивна контрола, да се предвиди користење на заштитна опрема и да се предвиди и дизајнира соодветна обука за развој на вештините кај вработените. Во моментов, на работниците во индустријата за отпад често им недостасуваат и вештини и средства за безбедно да ја вршат својата работа (EPSU, 2020). Ризикот од професионални несреќи во секторот за управување со отпад, е 2,5 пати поголем во споредба со просекот кај сите други сектори (EU-OSHA, 2020e).

Истражувањето на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) спроведено во периодот помеѓу 2015 и 2017 година, покажува дека работниците во секторите за управување со отпад и третман на отпадни води се под висок ризик од изложеност на биолошки агенси (EU-OSHA, 2020f). Наодите на студијата, Европско истражување за работни услови (EWCS, 2015), покажуваат дека 33 % од вработените во секторот Градежништво и транспорт, сметаат дека нивното здравје не е доволно заштитено, што е поголем процент отколку во индустрискиот сектор 31%. Како најчесто присутни ризик фактори, во секторот на управување со отпад, особено се нагласуваат изложеноста на физичките фактори - вибрации, бучава, високи и ниски температури, прашина и гасови, чад (EPSU, 2017). Според други истражувања, во секторот за управувањето со отпад како главни ризик фактори се издвојуваат ракување со тежок товар, изложеност на био-аеросоли, тешки метали и органски загадувачи (EPSU, 2020).

Во продолжение ќе презентираме податоци од истражувањето на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA), спроведено во 2019 година, European Survey of Enterprises on New and Emerging Risks (ESENER)[5] за работните услови

4. Cornelia Daheim et.all, 2021, Foresight Study on the Circular Economy and its Effect on OSH, European Agency for Safety and Health at Work, Luxembourg

5. Европското истражување на претпријатијата за новите и ризиците во подем (ESENER) на EU-OSHA, е

и присуството на новите и ризиците во подем на работните места. Ќе бидат прикажани резултатите од истражувањата спроведени во претпријатијата од секторот Производство и од секторот Градежништво, третман на отпад, довод на вода и струја. Ова се секторите каде што влијанието на промените од транзицијата кон циркуларната економија најмногу се присутни и имаат силно влијание врз БЗР на вработените.

На графиците паралелно се прикажани резултатите од истражувањето спроведено во 2014 година од страна на истата агенција, со цел да се увиди промената во вредноста на одредени индикатори поврзани со новокреираните активности во секторите на циркуларната економија. Резултатите се однесуваат на просекот на земјите од ЕУ27.

График 2. Ризик фактори специфични за циркуларната економија присутни во претпријатијата во секторот Градежништво, третман на отпад, довод на вода и струја https://visualisation.osha.europa.eu/esener/en/survey/overview/2019

Сите индикатори бележат тренд на намалување на вредноста во 2019 год. во однос на 2014 год. Единствено кај индикаторите, Кревање или преместување тежок товар се забележува раст од 71.6% во 2014 год. на 75.6% во 2019 год.; и кај индикаторот Жештина, студ или провев има раст од 63,2% во 2014 год. на 67.5% во 2019 год. Овие два фактори силно се поврзани со условите на работа во дејностите поврзани со третман на отпад, рециклирање на суровини итн., како нови сектори во циркуларната економија. Загрижува фактот дека повеќе од половината вработени во овој сектор сметаат дека нивното здравје е загрозено од влијанието на сите анализирани ризик фактори во графичкиот приказ.

истражување кое се осврнува на тоа како во пракса европските претпријатија на нивните работни места управуваат со ризиците за безбедност и здравје.

График 3. Ризик фактори специфични за циркуларната економија присутни во претпријатијата во секторот Производство
https://visualisation.osha.europa.eu/esener/en/survey/overview/2019

Според график 3 и во секторот Производство, кај повеќето индикатори се забележува тренд на намалување на вредноста во 2019 год. во однос на 2014 год., освен кај индикаторите, Кревање или преместување тежок товар, каде се забележува раст од 56% во 2014 на 65.9% во 2019; и кај индикаторот Жештина, студ или провев, каде има помал раст од 63,2% во 2014 год. на 67.5% во 2019 год. И овде може да се забележи дека овие два фактори значајно се поврзани со условите на работа во дејностите поврзани со производство и употреба на рециклирани суровини, како нови сектори во циркуларната економија. Исто така, повеќе од половината вработени сметаат дека нивното здравје (освен по основ на ризик од Лизгања, препнувања и падови, и Жештина, студ или провев) е силно загрозено по основ на сите други ризик индикатори прикажани во графикот 3.

Имајќи го предвид претходното, се наметнува потреба да се воспостават соодветни канали за комуникација и врски помеѓу сите актери во системот за БЗР, да се спроведат секторски истражувања и да се прилагодат регулативите за да се обезбедат услови институциите за БЗР да имаат средства за правилно да ги идентификуваат барањата и потребите на работниците. На тој начин ќе можат да се обезбедат информации за креирање на соодветни активности, мерки и стратегии за БЗР, и низ соодветна законска легислатива да се "принудат" работодавците да ги подобрат работните услови за БЗР.

Претходните податоци упатуваат на заклучоци дека постои зголемена потреба од професионална обука за развој на вештините на вработените и градење капацитети за БЗР. Ново креираните работни места, бараат соодветен облик на дополнителна надградба и стручно преквалификување како подготовка за хетерогениот опсег на работни задачи во новоформираните сектори на циркуларната економија. Барањата за БЗР за различните занимања во услови на циркуларната економија, ќе треба внимателно да се прилагодат и ажурираат во контекст на новиот концепт на еко-дизајн на производите, рециклирање и

рафинирање на секундарни суровини, реупотреба и конечното одлагање на отпад.

ЗАКЛУЧОК

Имплементацијата на концептот на циркуларната економија претпоставува воспоставување силна и кохерентна политика на производи, услуги и деловни модели, кои поддржани со иновативни модели на потрошувачка, ќе придонесат отпадот од животниот циклус на производите и услугите да се сведе на најмала можна количина. Поттикнувањето на преодот кон циркуларната економија бара сеопфатна поддршка на политиките на национално, регионално и локално ниво. Тоа подразбира координиран пристап кон воведување на разни иновации во доменот на превенција за создавање на отпад, поттикнување на екодизајн на производи, воведување еко-даноци, промовирање на производи кои полесно за рециклираат, преработуваат итн. Во рамките на процесот на управување со секторските политики, потребна е тесна соработка со сите засегнати страни во синџирите на вредност заради идентификување и отстранување на бариерите за проширување на пазарот за кружни производи: електроника и ИКТ, батерии и возила, амбалажа, пластика, текстил, градежен материјал, храна, вода и хранливи материи.....

Циркуларната економија подразбира нов начин на употреба на материјалите и секундарните (рециклирани) материјали, што може да доведе до појава на нови опасности по БЗР во индустријата за управување и третман на отпад, поради што се наметнува потреба од креирање механизми за подобрена следливост на материјалите и технологиите за нивно производство и преработка. Истовремено, на ниво на ЕУ потребно е да се изгради добро организиран и функционален внатрешен пазар за трговија со високо квалитетни секундарни суровини, што е невозможно да се обезбеди без слободен проток на мега податоци и информации како составен дел од процесот на дигитализација.

Повеќе истражувања упатуваат кон заклучок дека, циркуларната економија има потенцијал да креира нови работни места, особено во секторите на повторната употреба и рециклирањето на материјалите. Вработените во малите и микро-претпријатијата кои воспоставуваат почетни работни практики во новокреираните бизниси, може да бидат изложени на повисок ризик при извршување на работните активности како резултат на недостаток на средства, знаење и соодветна опрема за безбедна работа. Тоа ќе доведе до дисперзија на нови работни услови што би го отежнало успешното спроведување на активностите за правилно и навремено информирање за ризиците и подигање на свеста на вработените и институциите за БЗР, поради што се јавува потреба од јакнење на комуникацијата меѓу засегнатите страни. Без оглед на типот на работните места и услови, превенцијата од професионалниот ризик треба да биде земена во предвид уште од фазата на дизајнирање и да го следи целокупниот животен век на производот или услугата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Cornelia Daheim et.all, 2021, Foresight Study on the Circular Economy and its Effect on OSH, European Agency for Safety and Health at Work, Luxembourg
2. European Commission, 2018, Circular Material Use Rate: Eurostat, Luxembourg
3. European Commission, 2019, The European Green Deal, COM(2019) 640 final, Brussels
4. European Commission, 2020, A New Circular Economy Action Plan: For a Cleaner and More Competitive Europe, COM(2020), 98 final, Brussels
5. European Commission, 2020, Energy, Transport and Environment Statistics, Luxembourg
6. Philippe Calatayud, 2021, Key indicators for monitoring the circular economy, SDES
7. Vera Weghmann, 2020, Safe Jobs in the Circular Economy: Health and Safety in Waste and Wastewater Management, European Federation of Public Service Unions
8. https://visualisation.osha.europa.eu/esener/en/survey/overview
9. https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/

681.5

Доц. д-р Сузана Зиковска
Проф. д-р Цветанка Митревска
Доц. д-р Невена Груевска
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТ НА СИСТЕМИТЕ СО МЕТОДАТА „АНАЛИЗА НА ОПАСНОСТИ И ОПЕРАТИВНОСТИ"

АПСТРАКТ: Секој технички систем покрај доверливо функционирање, треба да ја гарантира безбедноста на животот и здравјето на вработените, зачувување на материјалните и природните вредности.
Истражувањата за безбедност на системите, се насочени кон истражување на техниките за идентификување и проценка на опасностите по системот и околната. За таа цел развиена е креативна и флексибилна техника позната како Анализа на опасности и оперативности (HAZard and Operability analysis – HAZOP), . Анализата на опасноти и оперативности представува квалитативна систематска метода за испитување на планираните или постоечките процеси и операции. Целта е идентификување на проблем кој може да настане во текот на работата.
Дефинирано е значењето и подрачјето на примена на методата HAZOP. Детално е разработена методологијата на HAZOP преку анализа на сите чекори за нејзино спроведување.

Оваа метода овозможува да се идентификуваат: потенцијалните ризици во системот, потенцијалните проблеми во водењето на системот, последиците од оперативното неусогласување и одстапувањата во производството. Анализата на опасности и операбилности ги поврзува идентификацијата на ризикот и акции за корегирање на недостатоците во системот.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: безбедност,опасен отказ, методи за безбедност, анализа на опасности и операбилност.

ANALYSIS OF SYSTEMS SECURITY WITH THE METHOD „HAZARD AND OPERABILITY ANALYSIS"

ABSTRACT: Every technical system, in addition to reliable operation, should guarantee the safety of life and health of employees, preservation of material and natural values. System security research focuses on research into techniques for identifying and assessing system and surrounding hazards. For this purpose, a creative and flexible technique known as Hazard and Operations Analysis (HAZOP) has been developed. Hazard and operational analysis is a qualitative systematic method for examining planned or existing processes and operations. The purpose is to identify the problem that may occur during the work.
The meaning and scope of application of the HAZOP method is defined. The HAZOP methodology has been elaborated in detail by analyzing all the steps for its

implementation.
This method allows the identification of: potential risks in the system, potential problems in the management of the system, the consequences of operational non-compliance and deviations in production. Hazard and operability analysis link risk identification and actions to correct deficiencies in the system.

KEY WORDS: safety, hazardous failure, safety methods, hazard analysis and operability.

ВОВЕД

Безбедносните активности во некои системи треба да се засниваат на разбирање за ризиците присутни кај нив, рангирање на ризиците како и оценување на ефектите од смалување на тие ризици. За да се стекни увид во ризиците на системот, секој ризик мора да биди идентификуван, анализиран и вреднуван.

Идентификување на ризиците, претставува идентификување на потенцијалните извори на опасности (штети). Кај едноставните системи и користењето на "чек- листа" е адекватен метод за идентификација. Кај сложените системи за идентификување на ризиците, неопходна е тимска работа, за да сите опасности бидат евидентирани. Како методи би можело да се користат: анализа на опасности и оперативности, "што-ако" анализа, анализа на причини и последици и.т.н

Анализата на опасностите претставува проучување на причините и последиците помеѓу идентификуваните опасности и опасните настани (несреќи). Односно да ги утврди причините и последиците, проценка на вероватноста и последиците од реализираната опасност.

Мерките за смалување на ризикот можи да биди и реинжињеринг на системот. Меѓутоа, тоа некогаш не е можно или е премногу скапо. Но најдобро е тие да се спречат.

Студијата HAZOP е стандардна техника за анализа на опасност која се користи во прелиминарен процес на сигурност на новите системи или при модификација на постоечките. Денес се смета дека HAZOP е најмону користена метода за спречување на потенцијалните штети кај постројките.

1. АНАЛИЗА НА ОПАСНОСТИ И ОПЕРАТИВНОСТИ

Техниките за идентификување на опасностите и техниките за проценување на тие опасности често се мешаат. За идентификување на опасностите се користат контролни листи, но нивниот недостаток е во тоа што ставките кои ги нема на листата не се предмет на разгледувње . Контролните листи можат да бидат задоволувачки кога сите опасности се познати, но најмалку задоволувачки кога е во прашање нов проект. Од тие причини процесните индустрии се определиле за креативна и флексибилна техника позната како Анализа на опасност и оперативност (HAZard and Operability analysis – HAZOP). Нејзина компјутеризирана верзија е CHAZOP (Control HAZards and Operability Analysis или Computer HAZard and Operability analysis – CHAZOP). Под оперативност се подразбира способност за одржување на системот во состојба на функционирање и оперативни.

Анализата на опасноти и оперативноста представува квалитативна систематска метода за испитување на планираните или постоечките процеси или операции, со цел идентификување на проблемот кој може да настане во текот на

работата. Анализата овозможува да се :

» идентификуваат потенцијалните ризици во системот,
» идентификуваат потенцијалните проблеми во водењето на системот, а посебно последиците од оперативните неусогласувања и одстапувања во производството, што за последица има неусогласен производ.

1.1. Методологија HAZOP

Спроведувањето на HAZOP студијата (Сл.1) ги опфаќа следните чекори:



Слика 1. Спроведување на HAZOP[1] студија (BS IEC 61882)

1. BS IEC 61882:2001. Hazard and operability studies (HAZOP studies) – Application guide.

» дефинирање на системот, контекст и цели;
» планирање на студите;
» спровдување на анализи:
» документовање и пратење.

Потребно е јасно да се дефинираат границите на системот и одосите со другите системи, како и битните проблеми Исто така, потребно е да се дефинира целта на анализата и да се поделат одговорностите за поедини целини, а потоа да се дефинира како ќе се користат резултатите од анализата. Освен тоа, треба да се одредат и фазите на животен циклус кои ќе бидат опфатени од анализата, потоа лчноста, односно средствата кои се изложени на ризик и нивната околина, проблеми во оперативноста кои можат да влијаат на квалитетот на производот, како и стандарди кои треба да се применат на системот од аспект на оперативноста и од аспект на безбедноста.

Анализата на опасности и операбилности бара детален опис на процесите, процедури, дијаграми на проток, добро познавање на процесот, опремата и уредите.

Неопходни податоци за HAZOP анализата :

» за цел систем: проектни барања, дијаграми на тековите, функционален блок дијаграм, дијаграми за контрола, дијаграми за ел. кола, барања за одржување;
» за текот на процесот: дијаграм на процесот, спецификација на мерната опрема, спецификација на материјалот, стандарди;
» за програмабилни електронски системи: дијаграми на протокот на податоци, временски дијаграми, логички дијаграми;
» останати информации : обемот на истражување и интереси, еколошки услови во кои системот работи, персонална структура, вештини и искуство на вработените, работни процедури и упатства, искуства за опасностите во слични системи.

За идентификување на проблемот се користат тн. насоки, водечки зборови, односно покажувачи.

Водечките зборови служат правилно да ги усмерат размислувањата поради полесно откривање на одстапувањата. Тие зборови мора да бидат избрани пред да почне анализата. Исто така, мора да бидат внимателно избрани да водат дискусија во прав смер и да ја ограничат на специфични проблеми. Изборот на водечките зборови треба да биде таков да стимулира интензивно размислување и да овозможува комплетни и сеопфатни анализи. Во стандардот BS IEC 61882 препорачано е седум водечки зборови како основа.

Водечки зборови	Значење
НЕ или НЕМА	Целосна негација на намерата на дизајнот
ПОВЕЌЕ	Количината е зголемена
ПОМАЛКУ	Количината е намалена
ИСТО КАКО	Квалитативна модификација/зголемување
ДЕЛ ОД	Квалитативна модификација/намалување
ПРЕВРТЕНО	Логична спротивност од намерата на дизајнот
НЕШТО ДРУГО	Комплетна замена

Табела 1. Водечки зборови и нивно генеричко значење 3(BS IEC 61882)

Освен основните, се употребуваат и додатни, дополнителни водечки зборови, кои се потребни за да се одреди временско одвивање на процесот (Табела 2). Водечките зборови може да се применат на условите на процесот, активностите, супстанците, време, место и др.

Водечки зборови	Значење
РАНО	Поврзано за саатница (термин)
КАСНО	Поврзано за саатница (термин)
ПРЕД	Поврзано за налог или секвенца (термин)
ПОСЛЕ	Поврзано за налог или секвенца (термин)

Табела 2. Водечки зборови поврзани за временското одвивање на активностите

Потребно е да се напомене дека водечките зборови може да бидат поинаку интерпретирани во анализа на различни системи (Табела 3). Некогаш може да се случи да примената на поедини водечки зборови не даде резултат кој има смисла. Исто така, некогаш ќе се добијат повеќе различни интерпертации, а сите треба да се анализираат и забележат.

Анализата на опасности и операбилности се спроведува со користење на брејнсторминг техника. Изразот брејнсторминг (brainstorming) може да се дефинира како групна креативна техника смислена да генерира голем број на решенија за дадениот проблем. Брејнсторминг најдобро функционира со минимален тим од четири члена (не се рачунаат тим лидерите и записничарите), кои имаат одговарачко искуство за објекти на кои се работи студијата. Улогите на членовите од тимот, одговорностите и овластувањата мора да бидат јасно дефинирани пред почетокот на работата.

Видови на одстапувања	Водечки зборови	Пример за примена во енергетска и процесна индустрија	Пр. за примена во системот со автоматско управување
Негативно	НЕ	Не е постигнато тоа што се планирало	Нема податоци или сигналот не поминува
Промена на количината	ПОВЕЌЕ ПОМАЛКУ	Количина е поголема (пр. поголема температура) Количината е помала (пр. пониска темп.)	Податоците излегуваат во поголеми количини од потребното Податоците излегуваат во помали количини од потребното
Промена на количината	ИСТО КАКО ДЕЛ ОД	Присутни нечистотии Истовремено се случува некоја друга операција/ чекор Само дел од потребното е постигнато (пр. флуидот не доаѓа во потребната количина)	Се појавуваат некои додатни или лажни сигнали Податоците или сигналите не се комплетни

Замена	ПОВРАТНО НЕ Е ТОА ТУКУ Е	Покрива повратен тек во цевководот и повратни хемиски реакции Резултатите се поинакви од она што требало да се постигне (пр. додаден погрешен материјал)	Нормално не е применливо Податоците или контролните сигнали не се точни
Време	ПОРАНО ПОДОЦНА	Нешто се случило порано од што требало (пр. ладење, филтрирање) Нешто се случило покасно од што требало (пр. ладење)	Сигналите доаѓаат премногу рано во однос на зададеното време Сигналите доаѓаат прмногу касно во однос на зададеното време
Налог или секвенца во процесот	ПРЕД ПОСЛЕ	Нешто се случило прерано како секвенца (пр. мешање или греење) Нешто се случило покасно како секвенца (пр. мешање или греење)	Сигналите доаѓаат многу порано од што бара секвенцата Сигналите доаѓаат многу касно од што бара секвенцата

Табела 3. Процесни одстапувања и примена на водечките зборови

Проблем на комплексноста во истражувањето лежи во идентификацијата на клучните параметри на кои треба да се применат водечките зборови. Кога се работи за нестандардна опрема или посебен процес кој зависи од човечкиот фактор, потребно е да се организира посебен тренинг за да се добие сет од одговарачки водечки зборови. Комплекноста и прилагодеиоста на водечките зборови е клучен фактор во создавањето на одговарачки сценарија и основа за успех на HAZOP анализа. (Слика 2.)

За да се добие прав резултат HAZOP мора да биде потполно документиран. Постојат два прифатливи начина на евидентирање:

» да се води потполн записник за се што е кажано во текот на примените водечки зборови на поединечните елементи од системот;
» да се забележат само одстапувањата, идентификуваните ризици и оперативните проблеми, како и препорачаните акции; во тој случај документот е мал и полесен за обработка, но е помалку корисен во процесот на контролата.

Студијата на опасности и операбилности треба да содржи:

» идентификувани опасности и проблеми со оперативноста, како и препораки за нивната детекција и/или ублажување;
» препораки за понатамошни истражувања од специфични аспекти проектирани со користење на различни техники ако е тоа потребно;
» активности потребни за решавање на неизвесности откриени во тект на студиите;
» препораки за ублажување на проблемот кои се идентификувани на основа на сознавањта на тимот;
» белешки кои скренуваат внимание на одредени проблеми кои треба да се решат во работата и одржувањето;
» листа на сите делови земени во обзир во текот на анализата, со

образложение каде што сите биле вклучени/исклучени;
» список на сите дијаграми, спецификации, листи со податоци, извештаи;
» список на членовите на тимот за секоја сесија.

Овие резултати ќе бидат содржани концизно во HAZOP работните листови.

1.2. Видови HAZOP студии

Постојат два вида на HAZOP студии : прелиминарна и главна.

Прелиминарната HAZOP студија е студија која се работи во рана фаза на проектот, со цел идентификација на опасностите кои можат да влијаат на проектните решенија. При изработка на оваа студија се проверуваат општите параметри (суровини, производи, технолошки операции, отпадни материи). Проверката се врши според чек-листа на потенцијалните опасности.

Главна HAZOP студија е студија која се работи во стадиум "замрзнат" проек. Тогаш главните опасности веќе откриени. Студијата анализира проектни решенија, со цел да се откриат можните одстапувања од целта, како и потенцијалните опасности и оперативни тешкотии.



Слика 2. Дијаграм на проток на HAZOP анализа

ЗАКЛУЧОК

Опасните откази на системите можат да предизвикуваат несогледливи последици по здравјето и животот на луѓето, како и материјалните добра.

За да се изврши соодветна анализа на опасностите и оперативноста на системите, неопходно е проучување и анализа на основните показатели за безбедност кај технички системи, теоретски и установени[2].

Детално е разгледана методата за анализа на безбедноста на техничките системи „Анализа на опасност и оперативност" (HAZOP студија), преку детализирање на методолигијата на нејзиното спроведување, во насока на идентификација на опасностите кај техничките системи и процесите. Исто така детализиран е начинот на нејзиното водење, документирање на сите информации и носење заклучоци што ќе бидат основа за креирање на HAZOP работниот лист.

Овој труд би претставувал значаен придонес за примена на методата за откривање и идентификација на сите опасности што суштински ги поврзуваа идентификацијата на ризиците и корективните акции, што во пракса би дало доста позитивни резултати.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Klatz, T.A. (1983) HAZOP and HAZAN – notes on the identification and assessment od hazards. Rugby, UK: The Institution of Chemical Engineers.
2. Kletz, T. (1986). Hazop and Hazan – notes on the identification and assessment of hazards (2nd ed.) Regby, UK: The Institution of Chemical Engineers.
3. BS IEC 61882:2001. Hazard and operability studies (HAZOP studies) – Application guide.
4. Стамболиќ, М. (2005). Сигурносни инструментални системи у процесној индустрији, Београд:Грађевинска књига.
5. С.Зиковска, Л.Ј.Буревска, С.Бундалевски: ОСНОВНИ ПОИМИ И ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ТЕХНИЧКИТЕ СИСТЕМИ (BASIC TERMS AND INDICATORS FOR THE SAFETY OF TECHNICAL SYSTEMS), Scientific Journal «INTERNATIONAL DIALOGUE: EAST-WEST» (ISSN print:1857-9299, ISSN online: 1857-9302), 2020.
6. Minerals Industry Safety and Health Centre (MISHC).(2003). National Minerals Industry Safety and Health Risk Assessment Guideline.Version2, July 2003, Internet edition.
7. Rausand, M. (2005). System Analysis –Event Tree Analysis. System Reliability Theory(2ed Ed). Norway: Department of Production and Quality Engineering Norweing University of Science and Technology.
8. ISP 31010:2009 Risk management – Risk assessment techniques.
9. С.Зиковска, Ц.Митревска, Л.Ј.Буревска,: АЛОКАЦИЈА НА ДОВЕРЛИВОСТА НА СИСТЕМИТЕ – МЕТОДИ И НИВНА ПРИМЕНА (ALLOCATION OF SYSTEM RELIABILITY - METHODS AND THEIR APPLICATIONS), Scientific Journal «INTERNATIONAL DIALOGUE: EAST-WEST» (ISSN print:1857-9299, ISSN online: 1857-9302), 2020.

2. С.Зиковска, Л.Ј.Буревска, С.Бундалевски: ОСНОВНИ ПОИМИ И ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ТЕХНИЧКИТЕ СИСТЕМИ (BASIC TERMS AND INDICATORS FOR THE SAFETY OF TECHNICAL SYSTEMS), Scientific Journal «INTERNATIONAL DIALOGUE: EAST-WEST» (ISSN print:1857-9299, ISSN online: 1857-9302), 2020.

331.462-057.51:311.21

Проф. д-р Цветанка Митревска
Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Доц. д-р Сузана Зиковска
Факултет за безбедносно инженерство
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе- Битола
Република Северна Македонија

М-р Елена Митревска
ЈЗУ „Здравствен Дом Д-р Хаим Абраванел" - Битола
Република Северна Македонија

СТАТИСТИЧКИ ИНДИКАТОРИ ЗА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА ВО ЕУ-28 СПОРЕД ПОВРЕДИ НА ДЕЛОВИ ОД ТЕЛОТО И ВИДОТ НА ПОВРЕДА

АПСТРАКТ: Во овој труд анализирани се статистичките индикатори што се однесуваат за бројот на нефатални и фатални несреќи при работа според одредени повреди од делови од човековото тело и видот на повреда за десет економски дејности од националната класификација во земјите членки на Европската Унија (ЕУ) за 2016 година. Повредите на горните екстремитети што произлегуваат од нефатални несреќи при работа се најчести во металопреработувачката индустрија (52.3%), додека повредите од фатални несреќи што однесуваат на повреди на целото тело и повеќестрани повреди се најчести во дејноста јавна администрација и одбрана, (45.9%). Во ЕУ-28 како последица на нефатални несреќи при работа, најчести се два типа на повреди, рани и површниски повреди (29.4%) и дислокации, исчашување и истегнување (27.4%). Додека дислокациии, исчашувања и истегнувања (25.2%) се најчести поврди како резултат на настанатите фатални несреќи при работа во ЕУ-28 во 2016 година.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: несреќи при работа, повреди на делови од телото, вид на повреда.

STATISTICAL INDICATORS FOR ACCIDENTS AT WORK IN THE EU-28 ACCORDING TO INJURES OF BODY PART AND BY TYPE OF INJYRY

ABSTRACT: In this paper the statistical indicators related to the number of non-fatal and fatal accidents at work according to certain injuries of human body parts and the type by injury for ten economic activities from the national classification in the member states of the European Union (EU) for 2016 were analyzed. The injuries to the upper extremities resulting from non-fatal accidents at work are most common in the manufacturing (52.3%), while injuries from fatal accidents which involving injuries to the whole body and multiple injuries are most common in the public administration and defence (45.9%). In the EU-28 as a result of non-fatal accidents at work, two types of injuries are most common, wounds and superficial injuries (29.4%) and dislocations,

sprains and strains (27.4%). While dislocations, sprains and strains (25.2%) are the most common injured as a result of fatal accidents at work in the EU-28 in 2016.

KEY WORDS: accidents at work, injuries to body parts, type of injury.

ВОВЕД

Статистичките индикатори за несреќите при работа и професионалните болести припаѓаат на категоријата индикатори за здравствен статус и претставуваат основа на која може да се темелат важни активности на политиката за безбедност и здравје при работа. Статистичките индикатори за здравствен надзор вклучуваат податоци за мотралитетот, болести поврзани со карактеристиките на работното место, отсутсво од работа поради настанати несреќи на работното место, појава на симптоми, фактори на животниот стил итн[1]. За поставување на определени цели и усвојување на соодветни мерки за безбедност и здравје при работа потребни се доверливи, споредливи и ажурирани статистички податоции.

Од 1994 година за собирање на податоци за настанатите несреќи при работа во земјите членки на Европската Унија се користи Европскиот статистички систем (ESAW)[2][3]. Во рамките на истиот е воспоставена хармонизирана методологија за собирање на податоци за следните променливи: шифра на дејност на работодавачот, професија, старост и пол, вид на несреќа при работа, повреден дел од телото, време кога се случила несреќата, големина на друштвото, работен статус на поврденото лице-жртвата, и изгубени работни денови. Од 2001 година спроведена е и 3-та фаза од методологијата на европските статистики за несреќи при работа. Во прилог на горенаведените промеливи вклучени се и информации за околностите и настаните што се причина за несреќата на работното место.

Извршените истражувања од страна на Jacinto and Aspinwall, 2004[4], кој се однесуват на постапките за пријавување на професионални несреќи при работа извршено во 15 земји членки на Европската Унија, покажува дека секоја членка на ЕУ користи различни методи и постапки за собирање и обработка на податоците за несреќите на работното место. Од овие причини оваа состојба создава проблем во случај кога се спроедуваат статистичките податоци за несреќите при работа помеѓу земјите членки на ЕУ.

Во овој труд е извршена анализа на бројот на нефатални и фатални несреќи при работа во земјите членки на Европската Унија во 2016 според повреди на одредени делови од човековото тело, како и според видот на повредата, добиени согласно статистички податоци од Eurostat.

АНАЛИЗА НА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ СПОРЕД ПОВРЕДИ НА ОДРЕДЕНИ ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕКОВОТО ТЕЛО

Статистичките индикатори што се однесуваат на бројот нефатални несреќи при работа во земјите члени на Европската Унија, ЕУ-28 за 2016 година според повредите на одделни делови од човековото тело за десет економски дејности

1. EU-OUSHA, European Agency for Safety and Health at Work, 2015, Legislation.
2. European Statistics on Accidents at Work (ESAW), Summary methodology, Eurostat Methodologies&Working papers, edition 2012.
3. European Statistics on Accidents at Work (ESAW), Summary methodology, Eurostat Methodologies&Working papers, edition 2013.
4. Jacinto, C., Aspinwall, E., 2004, A survey on occupational accidents' reporting and registration systems in the European Union, Safety Science, 42 (10), pp.933-960.

од националната класификација се прикажани во табела 1. Може да се констатира дека најчести делови од човековото телото на кои се случиле нефатални несреќи на работното место се однесуваат на горните ексремитети (раменици, раце и шака), и истите учествуваат со (39.3%) во вкупниот број на нефатални несреќи при работа. Нефаталните несреќи што се случиле на долните екстремитети (колкови, нозе и стапала), учествуваат со (28.9%) во вкупниот број на повреди на работното место, додека друг дел од телото на кој се случиле нефатални несреќи при работа со учество поголем од една десетина од вкупниот број се однесува на повреди на грбот (12.3%) од вкупниот број на повреди.

Во 2016 година во ЕУ-28, повредите на горните екстремитети што произлегуваат од нефатални несреќи при работа се чести во металопреработувачката индустрија (52.3%) и објекти за сместување и услужните дејности со храна, (50.45%), додека поретки се во дејностите на јавна администрација и одбрана, (29.8%) и транспорт и складирање, (27.2%). За повреди на долните екстремитети, варијациите по дејности се помали, при што се движат од (33.6%) за дејноста јавна администрација и одбрана до (23.8%) за металопреработувачката индустрија и објекти за сместување и услужните дејности со храна. Повредите што се однесуваат на грбот се релативно почести во дејностите за здравствена и социјална заштита, (20.5%), како и неколку други терциерни (услужни) активности, а поретко во рамките на основните и секундарните активности: (8.6%) од повредите од нефатални несреќи на грбот се случиле во металопреработувачката индустрија и дејноста земјоделството, шумарство и риболов, (8.8%), додека во дејноста рударството и вадење камен, (10.4%).

Некои делови од телото кои во просек имаат помалку повреди од нефатални несреќи, кај фаталните несреќи при работа бележат релативно високи учества на повреди во рамките на една или неколку економски дејности. Така повредите што се однесуваат на главата учествуваат со 9,9% во сите повреди во дејноста рударството и вадење камен, во земјоделството, шумарството и риболов учествуваат со (8.6%), во градежништвото и металопреработувачката индустрија учествуваат со (7.1%), во споредба со просекот од (6.4%), во рамките на повеќе услужни дејности. Спротивно на ова, повредите што се однесуваат на вратот генерално се почести кај услужните дејности. Повредите на торзото и други органи се релативно чести во дејноста земјоделството, шумарството и риболов и истите учествуваат со (6.6%) во вкипниот број на фатални несреќи, во споредба со просекот од (3.7%) за сите активности од националната класификација на дејности (НКД).

Табела 1: Нефатални несреќи при работа, според повреди на одделни делови на човековото тело и економска дејност, ЕУ-28, 2016 (% нефатални несреќи за секоја економска дејност)[5]

	Глава	Врат	Грб	Торзо и органи	Горни екстремитети	Долни екстремитети	Цело тело и пов. страни	Други делови од телото	Непознато
Вкупно (сите дејности од НКД)	**6.4**	**2.5**	**12.3**	**3.7**	**39.3**	**28.4**	**2.8**	**0.6**	**4.0**
Земјоделство, шумарство, риболов (A)	8.6	1.6	8.8	6.6	38.6	33.0	1.4	0.2	1.3
Рударство и вадење камен (B)	9.9	3.0	10.4	4.0	37.2	31.1	2.8	0.2	1.3
Металопреработувачка индустрија (C)	7.1	1.5	8.6	3.2	52.3	23.8	1.3	0.2	2.0
Градежништво (F)	7.1	1.8	11.4	4.6	42.1	28.4	2.1	0.7	1.6
Трговија на големо и мало (G)	5.7	2.8	13.5	3.2	41.2	28.3	2.3	0.8	2.3
Транспорт и складирање (H)	6.9	3.9	14.2	4.4	27.2	34.7	5.6	0.8	2.3
Објекти за сместување и услужни дејности со храна (I)	4.4	1.9	11.1	2.7	50.5	23.8	3.1	0.7	1.7
Административни и помошни услужни дејности (N)	6.2	2.5	12.6	3.5	39.1	29.5	3.1	0.5	3.0
Јавна администрација и одбрана (O)	5.8	3.1	15.1	3.6	29.8	33.6	4.3	0.7	3.9
Дејности на здравствена и социјална заштита (Q)	5.4	4.0	20.5	3.8	33.7	25.0	3.9	0.8	3.0

Ажурирано на 14.11.2018 Извор: Eurostat

Сл.1 Нефатални несреќи при работа, според деловите на телото и економска дејност, ЕУ-28, 2016 (% нефатални несреќи за секоја економска дејност)



5. https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Accidents_at_work_statistics.

Во табела 2 прикажани се статистичките индикатори што се однесуваат за бројот на повреди на одредени делови од човековото тело предизвикани од фатални несреќи при работа.

Табела 2. Фатални несреќи при работа, според повреди на одделни делови на човековото тело и економска дејност, ЕУ-28, 2016 (% фатални несреќи за секоја економска дејност)[6]

	Глава	Врат	Грб	Торзо и органи	Горни екстремитети	Долни екстремитети	Цело тело и пов. страни	Други делови од телото	Непознато
Вкупно (сите дејности од НКД)	**6.4**	**2.5**	**12.3**	**3.7**	**39.3**	**28.4**	**2.8**	**0.6**	**4.0**
Земјоделство, шумарство, риболов (A)	30.6	4.1	3.9	17.1	1.4	1.2	29.6	2.2	10.0
Рударство и вадење камен (B)	11.9	0.0	1.5	20.9	1.5	0.0	44.8	3.0	16.4
Металопреработувачка индустрија (C)	20.6	2.2	1.8	16.0	1.8	3.1	36.1	2.4	16.0
Градежништво (F)	31.4	2.8	1.8	12.0	0.7	1.5	29.7	2.0	18.0
Трговија на големо и мало (G)	20.5	1.7	2.0	14.2	1.0	2.0	36.6	3.0	19.1
Транспорт и складирање (H)	20.1	1.6	1.3	14.3	0.3	1.4	39.0	3.2	18.6
Објекти за сместување и услужни дејности со храна (I)	17.2	1.7	0.0	19.0	6.9	1.7	20.7	0.0	32.8
Административни и помошни услужни дејности (N)	14.8	2.2	1.6	9.3	2.7	2.2	32.2	3.8	31.1
Јавна администрација и одбрана (O)	21.6	0.0	0.9	9.9	0.0	0.9	45.9	3.6	17.1
Дејности на здравствена и социјална заштита (Q)	20.6	0.0	1.6	17.5	1.6	1.6	33.3	1.6	22.2

Ажурирано на 14.11.2018 Извор: Eurostat

За сите дејности од националната класификација, повеќе од една третина од фаталните несреќи во ЕУ-28 во 2016 година се однесуваа на повреди на целото тело или на повеќе делови од телото, (33.9%), додека една четвртина, (23.6%) се повреди на главата, а повредите на торзото и другите органи учествуваат со (14.5%) во вкупниот број на фатални несреќи.

Од дијаграмот на сл.2. може да се констатира дека најчестите повреди од фатални несреќи при работа во ЕУ-28 во 2016 година кои однесуваат на повреди на целото тело и повеќестрани повреди се во дејноста јавна администрација и одбрана, (45.9%) од вкупниот број, додека во дејностите земјоделство, шумарсто и риболов, (30.6%) и градежништво, (31.4%) повредите на главата се поголеми од просекот во другите дејностите.

6. https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Accidents_at_work_statistics.



Сл.2 Фатални несреќи при работа, според деловите на телото и економска дејност, ЕУ-28, 2016
(% фатални несреќи за секоја економска дејност)

АНАЛИЗА НА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СПОРЕД ВИДОТ НА ПОВРЕДА

Статистичките индикатори за бројот нефатални несреќи при работа во земјите членки на Европската Унија, ЕУ-28 за 2016 година според видот на повреда за десетте дејности од националната класификација се прикажани во табела 3. Од табела 3 може да се забележи дека во ЕУ-28, во 2016 година како последица на нефатални несреќи при работа, најчести се два типа на повреди, рани и површниски повреди (29.4% од вкупниот број) и дислокации, исчашување и истегнување (27.4%) од вкупниот број).

Следни најчести видови на повреди се набиотини и внатрешни повреди (17.4%) и фрактури на коски (11.4%), додека ниту еден од другите видови на повреди не е застапена со двоцифрено учество во вкупниот број на нефатални несреќи на работното место.

Исклучок претставуваат активностите во дејноста здравствена и социјална заштита во кои што во 2016 година во ЕУ-28 се забележани (35.4%) од вкупниот број на несреќи при работа и дејноста јавната администрација и одбраната (41.4% од вкупниот број).

Од анализата на вообичаените видови на повреди кои произлегуваат од нефатални несреќи на работното место, некои се доста чести во конкретни активности. Фрактурите на коски се релативно чести во дејноста рударството и вадење камен (19.3%) и земјоделството, шумарството и риболов (17.8%) во споредба со просекот на активностите во сите други дејности (11.4%). Губењето на делови од телото (ампутации) исто така се релативно честа појава во дејноста рударството и вадење камен (1.4%), металопреработувачката индустрија (0.9%), земјоделството, шумарството и риболов (0.8%) и градежништво (0.5%) во споредба

со вкупниот просек (0.4%).

Изгореници, опекотини и смрзнатини претставуваат три пати почести нефатални несреќи при работа во дејноста објекти за сместување и услужните дејности со храна (6.2%), во споредба со просекот од сите дејности (просечно 1.8%) како труењето и инфекции (0.7% во дејноста земјоделство, шумарство и риболов во споредба со просекот од 0.4%).

Табела 3: Нефатални несреќи при работа, според видот на повреда и економска дејност, ЕУ-28, 2016 (% нефатални несреќи за секоја економска дејност)7

	Рани и површински повреди	Фрактури на коски	Дислокации, исчашувања и истегнувања	Губење на делови од телото (ампутации)	Потреси и внатрешни повреди	Изгореници опекотини и смрзнатини	Труење и инфекции	Друго	Непознато
Вкупно (сите дејности од НКД)	**29.4**	**11.4**	**27.4**	**0.4**	**17.4**	**1.8**	**0.4**	**7.7**	**4.1**
Земјоделство, шумарство, риболов (A)	33.4	17.8	26.2	0.8	15.2	1.0	0.7	3.2	1.7
Рударство и вадење камен (B)	34.1	19.3	28.1	1.4	8.8	1.7	0.3	4.9	1.6
Металопреработувачка индустрија (C)	38.9	12.0	21.2	0.9	16.2	2.6	0.6	5.8	1.8
Градежништво (F)	32.6	13.8	24.6	0.5	18.3	1.5	0.4	6.2	2.1
Трговија на големо и мало (G)	30.2	10.5	26.1	0.4	20.3	1.1	0.2	8.1	3.1
Транспорт и складирање (H)	21.8	12.5	31.7	0.2	20.8	0.5	0.3	9.3	3.0
Објекти за сместување и услужни дејности со храна (I)	38.1	8.5	23.6	0.2	13.9	6.2	0.2	6.9	2.4
Административни и помошни услужни дејности (N)	29.2	9.8	27.6	0.3	19.9	1.6	0.3	8.5	2.8
Јавна администрација и одбрана (O)	26.6	8.2	41.4	0.3	9.5	0.9	0.5	9.4	3.2
Дејности на здравствена и социјална заштита (Q)	19.8	8.3	35.4	0.1	20.3	1.4	0.3	11.3	3.1

Ажурирано на 14.11.2018 Извор: Eurostat

На дијаграмот на сл.3 прикажани се нефатални несреќи при работа, според видовите на повреда и економска дејност во земјите членки на Европската Унија, ЕУ-28 во 2016 година.

7. https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Accidents_at_work_statistics.



Сл.3 Нефатални несреќи при работа, според видот на повреда и економска дејност, ЕУ-28, 2016 (% нефатални несреќи за секоја економска дејност)

Од вредностите на сатистичките индикатори во табела 4 може да се констатира дека дека дислокациии, исчашувања и истегнувања (25.2%) се најчести поврди како резултат на настанатите фатални несреќи при работа во ЕУ-28 во 2016 година. Додека труењето и инфекции со (21,2%), и неспецифицираните повреди со (19,4%) се наредни најчести видови на повреди од вкупниот број од сите фатални несреќи.

Од табела 4 исто така може да се констатира дека вообичаените видови на повреди кои се резултат на фатални несреќи на работното место, се доста чести во конкретни дејности. Раните и површинските повреди се релативно чести во дејноста објекти за сместување и услужни дејности со храна (13.8%), во споредба со просекот за сите активности (5.3%). Фактури на коски се релативно чести во дејноста градежништво (11.9%) и објекти за сместување и услужни дејности со храна (19.0%) во споредба со просекот на сите активности (11.7%). Дислокации, исчашување и истегнување се најчести повреди како резултат на фаталните несреќи при работа во дејностите јавна администрација и одбрана (32.4%) и здрвствена и социјална заштита (36.5%). Губењето на делови од човековот тело е најкарактеристична повреда од нефатални несреќи во металопреработувачката индустрија (4.7%), што е приближно за три пати поголема вредност во споредба со вкупниот просек (1.5%).

Потресите и повредите се карактеристични за дејностите земјоделството, шумарството и риболов, административни и помошни услужни дејности кои имаат значително повисок просечен удел, (2.2%) во споредба со просекот на сите активности (1.1%).

Во три дејности е забележано учество на изгореници, опекотини и смрзнатини: земјоделство, шумарство и риболов (7.6%), јавна администрација

и одбрана (5,4%), и административни и помошни услужни дејности (3.8%) над вкупниот просек (3.0%). Додека во дејностите рударство и вадење камен (43.3%), транспорт и складирање (28.0%) има значителен број на повреди од труење и инфекции во споредба со вкупниот просек (21.2%)

Табела 4: Фатални несреќи при работа, според видот на повреда и економска дејност, ЕУ-28, 2016 (% фатални несреќи за секоја економска дејност)8

	Рани и површински повреди	Фрактури на коски	Дислокации, исчашувања и истегнувања	Губење на делови од телото (ампутации)	Потреси и внатрешни повреди	Изгореници опекотини и смрзнатини	Труење и инфекции	Друго	Непознато
Вкупно (сите дејности од НКД)	5.3	11.7	25.2	1.5	1.1	3.0	21.2	11.7	19.4
Земјоделство, шумарство, риболов (A)	5.9	16.3	22.5	0.2	2.2	7.6	5.7	24.9	14.7
Рударство и вадење камен (B)	3.0	7.5	22.4	0.0	1.5	4.5	43.3	6.0	11.9
Металопреработувачка индустрија (C)	5.8	9.8	25.7	4.7	2.0	2.4	19.9	12.6	17.1
Градежништво (F)	5.4	13.7	25.7	1.0	0.1	2.1	22.8	11.6	17.6
Трговија на големо и мало (G)	4.6	11.9	27.4	1.7	0.3	1.0	23.1	9.9	20.1
Транспорт и складирање (H)	4.0	8.3	26.1	0.8	1.0	1.8	28.0	20.4	9.7
Објекти за сместување и услужни дејности со храна (I)	13.8	19.0	13.8	1.7	1.7	0.0	5.2	12.1	32.8
Административни и помошни услужни дејности (N)	3.3	9.3	18.6	0.5	2.2	3.8	15.8	13.7	32.8
Јавна администрација и одбрана (O)	7.2	8.1	32.4	0.9	0.0	5.4	18.9	9.9	17.1
Дејности на здравствена и социјална заштита (Q)	6.3	7.9	36.5	0.0	1.6	0.0	11.1	9.5	27.0

Ажурирано на 14.11.2018 Извор: Eurostat

На дијаграмот на сл.4 прикажани се фатални несреќи при работа, според видови на повреда и економска дејност во земјите членки на Европската Унија, ЕУ-28 во 2016 година.

8. https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Accidents_at_work_statistics.



Сл. 4: Фатални несреќи при работа, според видот на повреда и економска дејност, ЕУ-28, 2016 (% фатални несреќи за секоја економска дејност)

ЗАКЛУЧОК

Од извршената анализа на статистичките индикатори што се однесуваат за бројот на повреди на одредени делови од човековото тело предизвикани од фатални несреќи при работа и видот на повреда јасно произлегува потребата за предложување на спроведување на одредени мерки за безбедност при работа во одделени национални дејности се со цел намалување на бројот на несреќи при работа, а со тоа и потребата од превенција и контрола на ризиците на работното место, организациската култура за безбедност и здравје при работа, како и хиерархија на контролни мерки за намалување на ризици на работното место и проценката на ефективноста на стратегиите за превенција и контрола. Искуствата за собирање на податоци за настанатите несреќи при работа во земјите членки на Европската Унија согласно Европскиот статистички систем (ESAW) треба да биде е јасна препорака за усогласување на легислативата во нашата држава со европската на оваа поле.

ЛИТЕРАТУРА

1. European Statistics on Accidents at Work (ESAW), Summary methodology, Eurostat Methodologies&Working papers, edition 2012.
2. European Statistics on Accidents at Work (ESAW), Summary methodology, Eurostat Methodologies&Working papers, edition 2013.
3. EU-OUSHA, European Agency for Safety and Health at Work, 2015, Legislation.
4. Jacinto, C., Aspinwall, E., 2004, A survey on occupational accidents' reporting and registration systems in the European Union, Safety Science, 42 (10), pp.933-960.
5. https://ec.europa.eu/eurostat/statisticsexplained/index.php?title=Accidents_at_work_statistics.

ОБЛАСТ

ИНФОРМАТИКА

005.334

М-р Стојанче Масевски
Докторанд на Институт за безбедност, одбрана и мир
Филозофски факултет - Скопје
Република Северна Македонија

МОДЕЛИ ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ НА КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД COVID-19

АПСТРАКТ: Во услови на пандемија, повеќе од очигледно е дека државите не соработуваат меѓу себе на потребното ниво, не си помагаат, ниту разменуваат податоци за општо добро, туку дејствуваат сами. Секоја од нив води посебна борба и со сите сили и средства се труди да ги заштити своите граѓани, сфаќајќи дека индивидуалната човечка безбедност влијае и на целокупната национална безбедност.
Сето ова го наметнува прашањето дали можеше да се предвиди кризата COVID-19. Дали со употреба на специјални системи за прогнозирање на настани и мерење на ризик можеше да се добијат приближни резултати за опасноста од COVID-19 со цел да се преземат навремени мерки и активности за менаџирање со опасностите.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: предвидување, ефекти, безбедност, криза, системи

MODELS FOR FORECASTING THE CRISIS CAUSED BY COVID-19

ABSTRACT: In conditions of a pandemic, it has become more than obvious that the states do not cooperate with each other at the required level, they do not help each other, nor exchange data for the common good, but act on their own. Each of them leads a special struggle and tries with all its might and means to protect its citizens, realizing that individual human security also affects the overall national security.
All this raises the question of whether the COVID-19 crisis could have been foreseen. Whether with the use of special systems for forecasting events and risk measurement could have been possible to obtain approximate results for the hazard from COVID-19 in order to undertake timely measures and activities for hazard management.

KEY WORDS: predictability, effects, security, crisis, systems

1. ВОВЕД

Поради својата сериозност, големина, брзо ширење и широко распространето нарушување што го предизвикува, пандемијата предизвикана од вирусот COVID-19 е исклучителна глобална здравствена криза. Светот и во минатото се соочувал со пандемии, особено со пандемијата на грип од 1918 до 1920 година, што доведе до смрт на десетици милиони жени и мажи ширум светот. Во поново време, епидемии предизвикани од САРС, МЕРС, Х5Н1 и ебола беа забележани во неколку региони на светот, но сите беа под контрола. Сепак, во комбинација со глобализацијата и интензивирањето на економската и човечката размена во последниве децении, високата инфективност на новиот коронавирус

SARS-CoV-2 му овозможи да се шири низ целиот свет со невидена брзина. Во ова, кризата предизвикана од COVID-19 изгледа неспоредлива во поновата човечка историја.[1]

COVID-19 беше неочекуван тест за САД, Кина и Русија, не само за тоа како се справуваат и го контролираат вирусот дома и ја ограничуваат штетата за нивните економии, туку и за тоа дали имаат корист или страдаат од кризата во однос на нивната меѓународна репутација, политичко влијание и материјална моќ.[2]

Ширењето на заразни болести во катастрофални размери, како што се ендемични и пандемични е закана за националната и меѓународната безбедност. Всушност, заканата за човековата безбедност и биолошката безбеднсот треба да се вклучи заедно со другите согледани безбедносни закани како што се конвенционалното војување и тероризмот. За разлика од ИСИС, Ал Каеда и талибанците, заразните болести немаат природен непријател; не можат да бидат запрени со политика, граници или сојузи. Сепак, тие добиваат помалку значење во литературата како и од политичките елити отколку традиционалните безбедносни закани.[3]

2. ПРЕДВИДЛИВОСТ НА COVID-19

Доаѓањето на COVID-19 пандемијата поттикна невидени промени во многу земји ширум светот, ставајќи значителен товар врз здравствените сектори, влијаејќи на макроекономските услови и менувајќи ги социјалните интеракции меѓу населението преку голем број мерки за ублажување и владини упатства. Како одговор на неа, академската заедница произведе повеќе модели на прогнозирање, предвидување, пристапи и алгоритми за најдобро да ги предвиди различните показатели на COVID-19, како што се бројот на потврдени заразени случаи, бројот на починати и економските показатели. Конкретно на почетокот на пандемијата, истражувачите на располагање имаа малку или никакви историски информации за пандемијата за да ги информираат нивните методи на прогнозирање.[4] Имајќи го предвид глобалното сценарио за серијата бранови и различните (нови) соеви на COVID-19, има потреба од повеќе студии/истражувања за навремено и ефективно да се ограничи ширењето на болеста.[5]

Во насока на изнаоѓање нови методи и пристапи за надзор и набљудување, мониторинг и следење на болести, клучно е да се користат податоци од интернет во реално време. Инфодемиологијата, т.е. информациската епидемиологија, е концепт воведен од Гинтер Ајзенбах. На полето на инфодемиологијата, интернет изворите и податоците се користат со цел да се информира јавното здравје и креаторите на политиките, а воедно се и важна алатка при следењето, мониторингот, предвидувањето и прогнозирање на епидемии, како на пример што е еболата, зика вирусот, МЕРС, грипот и сипаниците. За време на оваа

1. Maylam G. J. (2020), "The impact of the covid-19 crisis on the civil dimension of security", *Committee on the Civil Dimension of Security (CDS),* pages 1-2
2. Policy Department for External Relations, Directorate General for External Policies of the Union (2021), How the COVID-19 crisis has affected security and defence-related aspects of the EU, Brussels: Policy Department for External Relations, Directorate General for External Policies of the Union, page 15
3. Albert C., Baez A., Rutland J. (2021), "Human security as biosecurity: Reconceptualizing national security threats in the time of COVID-19", Politics and the life science, Vol. 40, No. 1, page 83
4. Gordeev D., Singer P., Michailidis M., Müller M., Ambati S. (2020), "Backtesting the predictability of COVID-19", arXiv:2007.11411v1 [physics.soc-ph], pages 1-2
5. Musa S.S., Baba I. A., Yusuf A., Sulaiman T. A., Aliyu A. I., Zhao S., He D. (2021), "Transmission dynamics of SARS-CoV-2: A modeling analysis with high-and-moderate risk populations", Results in Physics, Vol. 26, page 2

пандемија, веќе се објавени неколку пристапи за користење на податоци базирани на веб технологии. Google Trends, најпопуларниот извор на инфодемиологија заедно со Twitter, е широко користен во здравството и медицината за анализа и прогнозирање на болести и епидемии.[6]

Прогнозирањето на временските серии со проценка на временските променливи параметри е корисно за многу статистички, веројатни и оптимизациски процеси кои им овозможуваат на моделите да ги земат предвид минатите набљудувања и да го детектираат моделот на болеста. Истражувачите и програмерите се повеќе користат стохастички модели за следење и спречување на хронолошки болести и за стекнување посеопфатно разбирање на болеста. Неодамна, многу истражувачи, новинари и аматери ентузијасти за податоци работат на стохастички модели за да им помогнат на луѓето да го следат ширењето и ефектите на коронавирусот со текот на времето.[7] Веќе се користени неколку методи за проучување на COVID-19. Можеме да ја истакнеме примената на математичко моделирање, статистичките пристапи, анализа на физиката, методи за машинско учење и многу други.[8]

Не постои ефикасна и овластена вакцина за оваа нова инфекција, иако неколку земји го тврдат тоа. Најдобрите превентивни стратегии што се користат во речиси сите земји за намалување и одложување на пикот, врвот на епидемијата (израмнување на кривата) се честите тестови за утврдување на заразени лица, изолацијата (карантинот) и заклучувањето, социјалното дистанцирање, употреба на строги стандардни оперативни процедури додека не станат достапни и не се појават ефективни третмани и вакцини. Превентивните мерки се само начин да се намалат шансите за заразување и да се забави ширењето на вирусот. Истражувачите ширум светот се фокусираат на јасна и ефикасна стратегија за надминување на пандемијата предизвикана од COVID-19.[9]

3. МОДЕЛИ

Областа на биолошките истражувања сега е секојдневна со која се среќаваат многу истражувачи. Во многу случаи, формулирањето на биолошките модели со математичко моделирање засновано на обични диференцијални равенки односно на класични деривати има одредени ограничувања и можеби нема да може точно да го опише биолошкиот феномен. За да се справиме со овие биолошки модели многу ефикасно и прецизно, се користат фракциони математички модели. Математичката формулација на динамиката на многу заразни болести има многу длабока историја. Многу истражувачи развија успешна формулација на биолошки модели користејќи теорија на фракционо пресметување. Пристапот со нејасна логика за различни епидемиски математички модели исто така беше дискутиран и анализиран од многу истражувачи.[10]

6. Mavragani1 A., Gillas K. (2020), "On the predictability of COVID-19 in USA: A Google Trends analysis", Research Square, Vol. 1, page 2
7. Bhuiyan A.M., Mahmud S., Islam M. R., Tasnim N. (2021), "Volatility estimation for COVID-19 daily rates using Kalman filtering technique", Results in Physics, Vol. 26, page 1
8. Fernandes H.S.L., Araujo H.A. F., Silva A.R.M., Santos A. B. (2021), "Predictability of COVID-19 worldwide lethality using permutation-information theory quantifiers", Results in Physics,Vol. 26, page 2
9. Moussa Y. E., Boudaoui A., Ullah S., Bozkurt F., Abdeljawad T., Alqudah A. M. (2021), "Stability analysis and simulation of the novel Coronavirus mathematical model via the Caputo fractional-order derivative: A case study of Algeria", Results in Physics, Vol. 26, pages 1-2
10. Pandey P., Chu Y., Aguilar G.J.F., Jahanshahi H.,Aly A. (2021), "A novel fractional mathematical model of COVID-19 epidemic considering quarantine and latent time", Results in Physics, Vol 26, page 2

Во случај на појава на пандемија, засегнатите страни како што се политичарите, фармацевтските компании или болниците се обидуваат да го предвидат ширењето на пандемијата за да донесат информирани одлуки за активности и политики како што се заклучување, оптимизација на синџирот на снабдување или, во најлош случај, дури и клучни одлуки за одделенијата за интензивна нега. Сепак, секоја пандемија е единствена сама по себе и COVID-19 достигна големина и сериозност што не е забележана во последните децении. Како резултат на тоа, малку историски информации за слични пандемии им беа на располагање на научниците на почетокот на избувнувањето со цел да се направат добри проценки за идниот развој на болеста. Ова информациско тесно грло води до несигурност во методите на прогнозирање и може да биде од клучно значење во напорите за развој на нов лек, вакцини, јавни упатства и други важни аспекти за гарантирање на јавното здравје и безбедност. Многу различни типови на модели се предложени за моделирање и предвидување на бројот на инфекции во и низ земјите.

Истакнат и често применуван тип е класичната епидемиолошка рамка за моделирање на чувствителни, изложени, инфицирани и обновени агенси (SEIR), која исто така најде своја примена во неколку пристапи за прогнозирање на COVID-19.

Вториот тип на категорија ги претставува моделите на авторегресивни движечки просечни модели кои се обидуваат да ги екстраполираат идните податоци со помош на собирање неодамнешни податоци. Овие типови на модели имаат многу успешни имплементации во предвидувањето на временските серии на пример во финансиските методи и неодамна се применуваат и за предвидување на бројките на COVID-19.

Трето, неколку модели за прилагодување на кривата и статистички модели се предложени да бидат добро приспособени за прогнозирање на COVID-19, вклучувајќи модели на законот за моќ, едноставни линеарни или полиномни модели, логистички модели, модели со мешани ефекти и многу други.

Конечно, развиени се многу пристапи во областа на машинското учење, вклучувајќи на пример фејзбуковиот пророчки алгоритам, техниката на gradient boosted trees или невронски мрежи. Оваа листа опфаќа само мал дел од објавените модели, примерен преглед на другите е даден исто и во Kaggle, голема конкурентна платформа за наука за податоци со околу пет милиони корисници, која спроведе серија од пет натпревари што им овозможува на научниците за податоци да ги развијат и да ги достават своите COVID- 19 модели на прогнозирање за предвидување потврдени случаи и смртни случаи во 300 региони, вклучувајќи главно општински и во некои случаи провинциски и државни предвидувања за не помалку од 30 дена во иднина. Моделите секогаш се развиваа на историските податоци, а потоа се оценуваа во живо во период од четири следни недели или повеќе. Низ сите натпревари, различни типови на модели се покажаа добро, вклучувајќи ги горенаведените модели за машинско учење (техниката на gradient boosted trees, невронски мрежи), како и разновиден сет на модели за порамнување на криви, статистички и авторегресивни модели. Серијата натпревари доста добро ја доловува состојбата на развојот на овие видови модели за време на пандемија, при што моделите првично беа прилично едноставни и неинформирани, а со текот на времето се развиваа до поробусни модели и состави. Иако се развиени многу силни решенија, исто така се покажа

дека многу субјективни прилагодувања можат да направат модел да блесне или да пропадне и дека е експлицитно сложено да се предвидат обрасците и шемите кои брзо се менуваат.[11]

3.1 Susceptible-Infectious-Removed (SIR) модел

Глобалното избувнување на COVID-19 бара од нас точно да го предвидиме ширењето на болеста и да одлучиме како да усвоиме соодветни стратегии за да обезбедиме одржлив развој. Повеќето од постојните методи за прогнозирање на заразни болести се засноваат на класичниот подложен-инфективен-отстранет модел (SIR). Сепак, поради високата нелинеарност, нестационарност, чувствителност на почетните вредности и параметри, моделите од типот SIR би создале големи отстапувања во прогнозните резултати.

Разумното предвидување на епидемијата може да го обезбеди вкупниот број на инфекции, животниот циклус на епидемијата, времето на пристигнување на врвот на епидемијата и проценката на сериозноста на епидемијата. Дополнително, моделското предвидување обезбедува научна основа за донесување одлуки и прилагодување на стратегијата за интервенција. Од избувнувањето на COVID-19, предложени се различни модели за симулација, анализа и предвидување на пандемијата. Со се посилното ширење на COVID-19, моделите на заразни болести одиграа клучна улога во предвидувањето на трендовите на пандемијата, научната превенција и контрола и проценката на епидемијата. Студиите за моделите на заразни болести имаат долга историја и може да се проследат наназад во 1760-тите, со познатиот подложен-инфективен-отстранет (SIR) модел основан во 1920 година. Моделот SIR го дели населението под природни услови во три категории, имено, чувствителни индивидуи, заразени случаи и отстранети случаи.[12]

Повеќето од постоечките методи за прогнозирање на заразни болести се засноваат на класичниот SIR модел. Моделот од типот SIR може да се користи за прецизно предвидување на неконтролирано ширење на болеста во рана фаза бидејќи има јасен патолошки динамичен механизам. Меѓутоа, за среднорочно и долгорочно ширење на епидемијата (како 60 дена или повеќе), моделите од типот SIR имаат слаба предвидливост, што може да се дефинира како квалитативна или квантитативна исправност на предвидувањата на системот. Причините за ова се дека карактеристиките на епидемијата и шемите на пренесување варираат во зависност од регионот и сезоната. Параметрите на секој модел од типот SIR се просторни и временски варијанти во различни фази односно под влијание на промените во патолошките карактеристики, социјалната средина, човечката интервенција за превенирање и мерките за контрола, медицинските состојби и свесноста за самозаштита. Дополнително, стохастичноста и нестационарноста на моделите укажуваат на тоа дека предвидувањето на моделите од типот SIR е чувствително на почетната иницијалната вредност на моделот и на вкупната популација во регионот. Затоа, поради нелинеарноста, хетерогеноста и случајноста на динамиката на епидемијата и значајното влијание на политиките за превенција и контрола, потребен е подобар метод за прогнозирање на епидемијата за да се подобри предвидливоста, како за испарливи, така и за нормални епидемиски

11. Gordeev D., Singer P., Michailidis M., Müller M., Ambati S. (2020), "Backtesting the predictability of COVID-19", arXiv:2007.11411v1 [physics.soc-ph], pages 1-2
12. Li X., Zhao Z., Liu F. (2020), "Big data assimilation to improve the predictability of COVID-19", Geography and Sustainability, Vol. 1, Issue 4, pages 317-320

ширења.[13]

3.2 Susceptible-exposed-infectious-recovered (SEIR) модел

На пример, за време на избувнувањето на COVID-19 од декември 2019 година, вообичаено усвоен пристап за предвидување на бројот на инфекции е susceptible-exposed-infectious-recovered (SEIR) модел, кој додава изложен период на моделот SIR за пресметување на пријавениот период на инкубација на COVID-19 во текот на кој поединците сè уште не се заразни. Неодамна, беше развиен SIR модел со повеќе ризик, кој зема предвид дека различни субпопулации имаат различни ризици и се применува за анализа на оптимално целосно заклучување. Сепак, постојат неколку ограничувања за користењето на детерминистички епидемиолошки модели за да се опише динамиката на пренос на COVID-19 пандемијата. Прво, моделите SIR и SEIR бараат претпоставки за периодот на инкубација, времетраењето на инфекцијата, почетниот број на заразени кои ја прошириле болеста, бројот на изолирани случаи еднаш идентификувани, процентот на субклиничка инфекција и слично, кои се главно нејасни во раната фаза на пандемијата. Второ, за повеќето земји и региони ширум светот, постојните податоци за закрепнување и смртност од COVID-19 генерално се недоволно пријавени, што би довело до потценување на клучните епидемиолошки количини како што е бројот на заразени кои ја прошириле болеста.[14]

ЗАКЛУЧОК

Пандемијата предизвикана од COVID-19 го наруши животот ширум светот, со далекусежни ефекти кои се протегаат многу подалеку од глобалното здравје односно ефекти кои влијаат на економската, политичката и безбедносната сфера. Се очекува COVID-19 да остане закана за популацијата ширум светот додека вакцините и терапевтските средства не бидат широко дистрибуирани.

Безбедносниот сектор има голем број критични должности за време на пандемија, а како најважна е помагањето во спроведувањето на политиките за јавното здравје. Како што беше случај за време на COVID-19, полицијата, армијата и другите безбедносни агенции може да бидат потребни за поддршка на јавното почитување на законите или прописите во врска со физичкото растојание, затворањето на деловните активности, забраните за масовни собири, заклучувањата и мерките за останување дома или карантините. Други аспекти на одговорот на пандемијата се, исто така, природните одговорности на безбедносниот сектор, како што се ограничувањата на меѓународното патување на луѓето од страна на граничните служби, имиграциските служби и пристанишните власти.

Академската заедница произведе повеќе модели на прогнозирање односно предвидување, пристапи и алгоритми за најдобро да ги предвиди различните показатели на COVID-19, како што се бројот на потврдени заразени случаи, бројот на починати и економските показатели.

13. Ibid

14. Chen Z., Dassios A., Kuan V., Lim J. W., Qu Y., Surya B., Zhao H. (2021), "A two-phase dynamic contagion model for COVID-19", Results in Physics,Vol. 26, page 2

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Albert C., Baez A., Rutland J. (2021), "Human security as biosecurity: Reconceptualizing national security threats in the time of COVID-19", *Politics and the life science,* Vol. 40, No. 1
2. Bhuiyan A.M., Mahmud S., Islam M. R., Tasnim N. (2021), "Volatility estimation for COVID-19 daily rates using Kalman filtering technique", Results in Physics, Vol. 26
3. Chen Z., Dassios A., Kuan V., Lim J. W., Qu Y., Surya B., Zhao H. (2021), "A two-phase dynamic contagion model for COVID-19", Results in Physics,Vol. 26
4. Fernandes H.S.L., Araujo H.A. F., Silva A.R.M., Santos A. B. (2021), "Predictability of COVID-19 worldwide lethality using permutation-information theory quantifiers", Results in Physics,Vol. 26
5. Gordeev D., Singer P., Michailidis M., Müller M., Ambati S. (2020), "Backtesting the predictability of COVID-19", arXiv:2007.11411v1 [physics.soc-ph]
6. Li X., Zhao Z., Liu F. (2020), "Big data assimilation to improve the predictability of COVID-19", Geography and Sustainability, Vol. 1, Issue 4
7. Mavragani1 A., Gillas K. (2020), "On the predictability of COVID-19 in USA: A Google Trends analysis", Research Square, Vol. 1
8. Maylam G. J. (2020), "The impact of the covid-19 crisis on the civil dimension of security", Committee on the Civil Dimension of Security (CDS)
9. Moussa Y. E., Boudaoui A., Ullah S., Bozkurt F., Abdeljawad T., Alqudah A. M. (2021), "Stability analysis and simulation of the novel Coronavirus mathematical model via the Caputo fractional-order derivative: A case study of Algeria", Results in Physics, Vol. 26
10. Musa S.S., Baba I. A., Yusuf A., Sulaiman T. A., Aliyu A. I., Zhao S., He D. (2021), "Transmission dynamics of SARS-CoV-2: A modeling analysis with high-and-moderate risk populations", Results in Physics, Vol. 26
11. Pandey P., Chu Y., Aguilar G.J.F., Jahanshahi H.,Aly A. (2021), "A novel fractional mathematical model of COVID-19 epidemic considering quarantine and latent time", Results in Physics, Vol 26
12. Policy Department for External Relations, Directorate General for External Policies of the Union (2021), How the COVID-19 crisis has affected security and defence-related aspects of the EU, Brussels: Policy Department for External Relations, Directorate General for External Policies of the Union

004.738.5:339

Mahir Zajmović, PhD
Sveučilište/Univerzitet „Vitez“ - Vitez, BiH

Hasan Muratspahić, BA Informacionih tehnologija
Sveučilište/Univerzitet „Vitez“ - Vitez, BiH

TEHNOLOGIJE ZA IZRADU WEB TRGOVINE

APSTRAKT: Pored termina web trgovina, u Bosni i Hercegovini, koriste se pojmovi e-trgovina, online trgovina, dok se u engleskom govornom području koriste pojmovi web shop, web store, online shop. Web trgovina je virtuelno mjesto na internetu, gdje kupac ima mogućnost kupovine proizvoda u realnom vremenu. Nedavna pandemija COVID-19 virusa omogućila je dodatno širenje i populariziranje online kupovine, a web trgovine napreduju iz dana u dan. Shodno tome napreduje i tehnologija za izradu web trgovine. Kako bi web trgovina pozitivno poslovala, potrebno je uložiti mnogo vremena, truda i dobro se tehnički pripremiti, ali također posebnu pažnju posvetiti za poštivanje zakonskih propisa.

KLJUČNE RIJEČI: web trgovina, web poslovanje, UML metode, procesi, web tehnologije

TECHNOLOGIES FOR CREATING WEB STORE

ABSTRACT: In addition to the term web store, in Bosnia and Herzegovina, the terms e-shop, online store are used, while in the English-speaking area the terms web shop, web store, online shop are used. A web store is a virtual place on the Internet, where the customer has the opportunity to purchase products in real time. The recent COVID-19 virus pandemic has further expanded and popularized online shopping, and web stores are thriving. As a result, the technology for creating web stores are advancing. In order for a web store to operate positively, it is necessary to invest a lot of time, effort and good technical preparation, but also to pay special attention to compliance with legal regulations.

KEY WORDS: web store, web business, UML methods, processes, web technologies

1. UVOD

Internet je u današnje vrijeme najrasprostraniji medij za komunikaciju i informisanje. Internet je prisutan u svim sferama modernog života čovjeka, mijenjajući pri tome način informisanja, kupovine, komunikacije, zabave i obrazovanja. Internet je postao glavni kanal za distribuciju proizvoda.

Web trgovine posluju u realnom vremenu, što zahtijeva povezanost svih sudionika u poslovnom procesu i trenutnu tržišnu potražnju. Upotreba internet i web poslovanja pruža: [1]

- Interaktivnost,
- Povezanost,

1. Ružić, D., Biloš, A., Turkalj, D. (2014.): E-Marketing, 3. izdanje, Osijek, str. 15.

» Fleksibilnost,
» Jeftinije i brže poslovanje.

U današnje vrijeme svako preduzeće svoje poslovanje obavlja putem interneta, jer se pokazalo da je internet najbrži i najučinkovitiji medij za komuniciranje s kupcima, dostavljačima ili poslovnim partnerima, kao i za analizu i pohranu podataka. Web poslovanje je savremeni oblik organizacije poslovanja, koji zahtjeva primjenu modernih web tehnologija.

U ovom radu su predstavljene i analizirane najmodernije platforme koje se koriste za izradu web trgovina, kao i tehnički procesi koji su potrebni za kreiranje web stranice/aplikacije.

2. Modeliranje web trgovine pomoću UML metoda

UML je standardni jezik za specifikaciju, konstrukciju, dokumentaciju i vizualizaciju softverskog sistema, kao i za druge nesoftverske sisteme i poslovno modeliranje. UML označava grupu najboljih inženjerskih praksi koje su pokazale veliki uspjeh u složenim i velikim sistemima modeliranja.

2.1 Use case dijagram

Use case dijagram je grafički prikaz pojedinih ili svih aktera, i njihovih interakcija identifikovanih u sistemu. Uobičajeno je da svaki sistem ima glavni use case dijagram (main use case diagram), koji je granica sistema (akteri) i glavnih funkcionalnosti koje sistem obezbeđuje (use case).



Slika 1. Primjer Use case dijagrama za web trgovinu[2]

2. (https://www.javatpoint.com/uml-use-case-diagram), preuzeto 20.3.2022.

2.2 Dijagram funkcionalne dekompozicije – FDD

Funkcionalna dekompozicija je fundamentalna tehnika analize i koriste je poslovni analitičari. Razbija kompleksni problem u slojeve koji se lakše kontrolišu, tj.lakse se upravlja sa slojevima, pri tome dajući jednu hijerarhiski strukturiranu funkcionalnu šemu (dijagram) koja opisuje problem i/ili rješenje sa povećanim nivoom detalja. U funkcionalnoj dekompoziciji, funkcije/procesi nižeg nivoa kompletno opisuju njegov nadređeni nivo (nadfunkciju/nadproces). Funkcija/process na nižem nivou ne može da postoji osim ako nije uključena unutar nadfunkcije/nadprocesa. Funkcionalna dekompozicija vodi proces analize. Logičke funkcije i procesi postaju subjekat, a time i fokus intervjua i aktivnosti verifikacije. Slično tome, logički procesi će u nekom trenutku biti organizovani u aplikacije (programe). Funkcionalnoj dekompoziciji se zbog toga mora pristupiti sistematski. Mora se osigurati da svaka funkcija i proces budu konceptualno i operativno nezavisni.



Slika 2. Primjer FDD metode za web trgovinu

2.3 ER DIJAGRAMI

Model entiteta i veza nekog sistema izražavamo preko entiteta, atributa i veza pomoću dijagrama kojeg nazivamo ER dijagram (Entity Relationship). Velika prednost ER dijagrama jeste u rome što se lako crtaju i razumiju. Dijagram sadrži tri osnovne konstrukcije: entitete, attribute i veze. Postoji više rješenja problema, neka su optimalnija od drugih. Različiti su načini prikaza i zavise od programa u kojem se kreiraju.



Slika 3. Primjer ER dijagrama za web trgovinu[3]

3. Proces izrade web stranica za e-trgovinu

Internet nudi brz i jednostavan način da ljudi kupuju stvari bez potrebe da posjete prodavnicu u fizičkom svijetu. Izgradnja uspješne web trgovine postala je jedan od najpopularnijih poslovnih trendova u današnje vrijeme. Poslovanje putem interneta predstavlja trgovinu proizvodima od web trgovine do kupca, a trgovina zahtijeva transakcije, gdje se posebno treba obratiti pažnja na prevare. Web trgovina treba osigurati vrhunsku zaštitu i sigurnost plaćanja kako bi tržište na internetu održali što sigurnijim.

Kao što svako poslovanje zahtijeva pravilno planiranje, diskusiju, rezervne planove, plan za nepredviđene situacije, slično zahtijeva i ovaj herkulovski posao izrade web trgovine, potrebno je pravilno i pametno planiranje. Planovi web poslovanja počinju s ciljevima web trgovine.

Potrebno je izabrati savršenu platformu za izradu web trgovine koja odgovara poslovnim planovima web poslovanja.

U sljedećoj tabeli su predstavljeni svi procesi koji su potrebni za izradu uspješne web trgovine.

Proces	Svrha
Web server	Web server se koristi za hostovanje web trgovine. Svi Html, JavaScript, PHP fajlovi, baze podataka, medijski fajlovi koji čine web trgovinu pohranjeni su na serveru. Web server radi na Windows ili Linux operativnom sistemu.

3. (https://www.researchgate.net/figure/shows-the-ER-diagram-for-the-proposed-system_fig4_340458835), preuzeto 20.04.2022.

Softverski server	Dostupno je više tipova serverskog softvera uključujući aplikativni softver, server baze podataka, softver servera fajlova i softver za računarstvo u oblaku. Popularni softver za web server uključuje Apache i Windows IIS. Serverski softver se može koristiti na fizičkom serveru ili na virtuelnom / cloud serveru.
Web alati	Alati za izradu web stranica koristi se za kreiranje front-end dijela web trgovine. Raspon osnovnih HTML uređivača teksta (kao Notepad++) do složenijih alata za kreiranje grafike i CMS-a (sistema za upravljanje sadržajem). Html fajlove kreira Dreamweaver zajedno sa CSS (Cascading stylesheet) koji poboljšavaju vizuelni izgled sajta. Paketi grafičkog dizajna su također alati za izradu web stranica koji daju dizajn za korisnički interfejs.
Baze podataka	Baza podataka je sastavni dio web trgovine. Baza podataka se koristi za pohranjivanje informacija o proizvodima i uslugama web stranice kao što su cijene, opis, slika, detalji i prodaja. Podaci o kupcu se također pohranjuju u bazi podataka kao i ono što su naručili, njihovi podaci o plaćanju, detalji isporuke i kontakt informacije. Tehnologije poput PHP-a i MySQL-a su komunikacijski put između web stranice i DBMS-a (sistema za upravljanje bazom podataka).
Umrežavanje	TCP (protokol kontrole prijenosa) i IP (internet protokol) definiraju kako bi se računari trebali povezati jedni s drugima putem interneta i kako dijele informacije. Uobičajeni TCP/IP protokoli su HTTPS, HTTP i FTP. Za web trgovinu bitno je osigurati sigurnu vezu. SSL (sloj sigurnih soketa) i TLS (transport sigunosnog sloja) su protokoli povezani s povjerenjem i sigurnošću bilo koje web trgovine.
Kompatibilnost web pretraživača	Web pretraživač je softverska aplikacija koja se koristi za lociranje, primanje i prikaz sadržaja primljenog od web servera. Popularni web pretraživači uključuju Mozilla Firefox, Google Chrome, Microsoft Edge i Safari. Web programeri i agencije za web razvoj testiraju web stranicu i analiziraju kako se prikazuje na više pretraživača na različitim uređajima i veličinama ekrana prije pokretanja web stranice.
Portovi	Portovi omogućavaju da se jedan uređaj poveže s drugim putem različite i jedinstvene IP adrese. Uređaj može imati više od jednog porta.
Domena	Naziv domene povezuju se sa kompanijom ili brendom. Uspješne kompanije za web trgovine imaju prepoznatljiv naziv domene. Ako posao postane uspješan na internetu, važno je zaštititi brend obavljanjem višestrukih registracija imena domena kao što su .com, .net, .uk, .org, .co.

Tabela 1. Popis procesa potrebnih za izradu web trgovine

4. Web tehnologije za kreiranje web trgovina

Web stranice i aplikacije postale su ključne za korisnike i organizacije koje žele da prikažu svoje usluge, proizvode i brendove na internetu. Za to je potrebna web stranica koja je dobro dizajnirana i responzivnog dizajna na svim uređajima. Poslužitelji web tehnologija za web trgovinu su prepoznale na tržištu potencijalni razvoj web tehnologija i tako došle na ideju da kreiraju web tehnologije koje će preduzećima ponuditi olakšice prilikom kreiranja web trgovine. U sljedećoj tabeli ćemo predstaviti deset najmodernijih web tehnologija za razvoj web trgovine.

Naziv platforme	Specifikacije
Magento	Magento je do danas najpoznatija i najpouzdanija platforma za web trgovinu kada su u pitanju B2B i B2C kupci. Magento je moćna platforma prilagođena SEO-u sa više funkcija koje se mogu lako prilagoditi. Sposobnost Magenta da se integriše sa proizvodima i uslugama treće strane čineći ga među omiljenim tehnologijama za korisnike.
Како што постои заштита на серверските системи од надворешни влијанија (неовластен пристап од други лица , хакерски напади, злонамерни софтвери, вируси, заштита на мрежата (firewall) мора да постои и содветна заштита од внатрешни влијанија (поплава, пожар, висок или низок напон,струен удар, не авторизиран пристап , собна темепратура) во серверската соба.

1. СЕРВЕРСКИ СИСТЕМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА 1

1.1 Што е сервер 1.1

Хардверскиот сервер е дизајниран да работи со услуга 24 часа на ден и 365 дена во годината. Опремата е надополнета со посебни дополнителни елементи кои овозможуваат непречено функционирање на компјутерскиот систем. Серверот е специјализиран хардвер кој е дизајниран да врши специјални сервисни задачи на него. Сите најсложени операции кои се извршуваат во една институција поминиваат низ серверите. Преку серверите се врши менаџирање на акаунтите на вработените се овозможува и ограничува пристапот. Се дозволува пристап до одредени групи, сектори и одделенија каде што треба да пристапат одредени вработени. Сите документи, фајлови, фолдери се поставени на серверот и можат да ги гледаат вработени кои имаат право и привилегија да ги гледаат истите. Се врши менаџирање на локалната и интернет мрежата во институцијата.

2. СЕРВЕРСКА СОБА ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Серверската соба претставува срцето на една институција. Поради тоа се јавува потребата од серверска соба каде што ќе бидат сместени сите овие сервери и дополнителни уреди на едно место кое ќе биде со голема сигурност. За серверската соба постојат посебни стандарди[1] кој треба да бидат овозможени за да се сместат серверите и останата ИТ опрема. Во серверската соба на Општина Битола поставени се следните сервери и дополнителна опрема.

1. Сервер (Домаин контролер)

На кратко може да се каже дека овај сервер, домеин контролерот се користи за менаџирање на корисничките акаунти.

1. Креирањето на акаунти за корисниците се врши преку сервер или т.н. домен контролер. При креирањето се задаваат посебни привилегии и права на секој корисник што може да гледа кои групи, кои фолдери и документи што се споделени како и пристап и ограничување за пристап до програмите.
2. На овај сервер исто се врши администрирање, резервирање на IP адресите на работните станици кај вработените и сите останати уреди. На овај начин нема можност некој од страна да се вклучи и да пристапи во мрежата на институцијата

2. Сервер (Storage)

Овај сервер се користи како простор (storage) за складирање на податоците од вработените како и споделување на фолдери и документи. Исто така овај сервер се користи како и простор каде што се сместени базите со податоци . Овај сервер е од посебна важност бидејќи содржи се она што поседува институцијата.

1. На пример фолдери и фајлови од сите роаминг профили на вработените се складирани на овај сервер
2. Фолдери и документи каде пристапуваат сите вработени
3. Базите со податоци од сите програми се складирани на овај сервер

3. Сервер (Бекап)

Овој сервер се користи за бекап, односно правење резервна копија од сите бази, програми и податоци.

1. Се прави копија бекап од базите со податоци, и тоа дневна, неделна и месечна
2. Се прави копија бекап на сите фолдери, фајлови кои се споделени и можат да пристапуваат вработени, и тоа дневна, неделна и месечна.

4. Сервер (Надворешни бази)

На овај сервер се поставени бази кој што се во директен контакт со надворешноста и се синхронизираат со внатрешните бази. Тука се сместени базите за проверка на данок на имот каде што корисниците вршат проверка за нивните платени сметки. Овие бази се на посебен сервер и немаат контакт со внатрешните бази а тоа е поради заштита од напади.

1. Microsoft Word - Informacija za IT standardi_14 10 20011_veb.doc (mioa.gov.mk)

5. (Миктротик – главен рутер)

Микротикот и може да се нарече и мега рутер. Се користи за локално мрежно и надворешно поврзување на интернет на серверите, работните станици, мрежните принтери и сите останати уреди кои треба да бидат локално на мрежа или треба да имаат пристап до интернет мрежа. Овај сервер функционира на тој начин што ја презема мрежата од оптичките модеми и врши доделување на ір адреси во мрежата.

6. Оптички модеми

Во Општина Битола има два оптички модеми. Функцијата на овие модеми е поврзување на оптичкиот кабел до нив и распределување на интернет мрежа до микротик (главниот модем) како и распределување до други локации низ институцијата каде што е потребна голема брзина на интернет.

2.1 УПС РЕЗЕРВНО НАПОЈУВАЊЕ

Како што е претходно напоменато серверите мора да бидат 24 часа достапни и 365 дена во годината. За таа цел мора да постои упс резервно напојување. Непрекинато напојување (UPS) е систем чија основна задача е да обезбеди непрекинато напојување на потрошувачите. Потрошувачите најчесто се сервери со придружна опрема, контролни системи во процесната индустрија, телекомуникациите и други системи каде проблемот со редовно напојување може да предизвика сериозни последици, безбедносни, финансиски или функционални проблеми. Може да се случи да снема струја , а во моментот вработените да немаат зачувано некој важен документ.

Упс уредот во Општина Битола обезбедува резервно напојување минимум 8 часа на серверите при прекин на струја. При прекин на струен напон серверите продолжуваат да го користат напојувањето на упс уредот.

3. АНАЛИЗА И ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ВНАТРЕШНИ ВЛИЈАНИЈА

Пред да се состави и дизајнира еден систем за заштита претходно е потребно да се направи анализа на внатрешните влијанија и ризик фактори кој можат да наштетат на серверската опрема. После тоа треба да се состави тој систем во една целина и како би функционирал без прекин исто како и целокупната серверска опрема.

Како надворешни влијанија и ризик фактори во серверската соба констатирани се следните :

1. Опасност од поплава
2. Опасност од пожар
3. Опасност од висока температура
4. Опасност од многу влажен воздух или сув воздух
5. Опасност од висок напон , низок напон и струен удар
6. Опасност од неовластен пристап

3.1 Опасност од поплава

Серверската соба по стандард не смее да биде во близина на цевки со вода. Но сепак постои опасност од протекување на вода низ покрив, да се појави некоја пукнатина која при обилен дожд може да дојде до навлегување вода во серверската соба и на тој начин би била загрозена и уништена опремата. Со оглед

на тоа што постои и друг стандард во серверската соба , целата серверска опрема да биде на повисок sид од 40 до 60 см повисоко од подот нема да биде во допир со водата веднаш. Поради тоа може да се спречи со поставување на соодветен сензор за детекција на вода кој ќе биде поставен на подот.

3.2 Опасност од пожар

Серверската соба по стандард е заштитена од пожар, како на пример не смее да има запаливи материјали, таванот не треба да биде од дрво, подот треба да биде од плочки. Но сепак детектирана е слабост и во овој дел, пожар може да настане и преку обичен кабел за напон а такви има многу во серверската соба. Ова може да се спречи со сензор за детекција на чад. Сензорот ќе детектира присуство на чад во серверската соба ќе алармира и ќе испрати известување до одговорните на мобилен телефон.

3.3 Опасност од висока температура

Опасноста од висока температура е исто така опасен ризик фактор. Доколку не се одржува температурата во серверската соба на препорачаната температура од 17-20 степени постои опасност од прегревање на серверите и оштетување на хардверот. Опасноста од висока температура најповеќе се јавува во летниот период кога клима уредот може да застане со работа доколку не е исчистен филтерот да не функционира добро, односно да не ја одржува температурата.

3.4 Опасност од влажен и сув воздух

Кај оваа опасност штетата не може да настане така брзо како кај претходните опасности. Штетата од оваа опасност може да биде од големи размери а не е видлива. Влажниот воздух во серверската соба со тек на време ќе предизвика корозија на електронските делови и електронските плочи кај целата серверска опрема, додека сувиот воздух може да предизвика електростатички електрицитет со што голем дел од електричните компоненти во серверската опрема можат да бидат оштетени.

3.5 Опасност од висок напон , низок напон и струен удар

Оваа опасност во серверската соба на Општина Битола надмината е со автоматска склопка за заштита од висок напон, низок напон и струен удар. Склопката функционира на следниот начин доколку има висок напон над 220 волти склопката се исклучува, доколку има под 220 волти на пример 190, склопката се исклучува бидејќи исто така може да се оштети опремата и доколку има струен удар или краток спој склопката се исклучува за да ја заштити опремата. Оваа склопка одлично функционира но се јавува потребата од нејзина замена каде што треба да се следи состојбата за напонот во серверската соба преку апликација и одговорните лица да добиваат известување за проблемите со струјата.

3.6 Опасност од неовластен пристап

Оваа опасност исто така може да биде од голем размер. Со оглед на тоа дека пристапот е ограничен во серверската соба мора да се знае и кој влегува. Обично систем администраторите и лица овластени за сервис смеат да влезат. Штетата која може да настани од оваа опасност може да биде саботажа или диверзија на серверскиот систем, кражба на податоци , поставување на шпионски уреди и сл.

Поради ова мора да се постави систем каде што секој кој влегува од овластените ќе има своја шифра и ќе биде евидентиран за неговиот влез во серверската соба.

4. СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА ОД ВНАТРЕШНИ ВЛИЈАНИЈА

За да се креира и дизајнира еден систем на заштита мора претходно да се утврдат опасностите и да се направи реална слика, план за да точно се знае каков систем треба да се креира. За да се креира ваков систем строго се препорачува анализа и детекција на сите опасности и ризик фактори кои можат да наштетат во серверската а потоа да се креира систем за заштита. Анализата мора да биде во согласност со лицата , систем администраторите кои се одговорни за серверскиот систем и другата опрема во серверската соба.

4.1 Tuya ZigBee Smart Gateway Hub

Tuya ZigBee Smart Gateway Hub[2] претставува уред или контролен центар на кој сите сензори tuya zigbee и zigbee 3.0 се поврзуваат со посебен безбедносен протокол (ZigBee protocol). Значи за да функционираат сензорите мора да се поврзат со овај уред преку кој ке комуницираат сензорите, ќе испраќаат известувања и предупредување до мобилните телефони и ќе се мониторира состојбата во серверската соба. Овај уред може да биде да се поврзе безжично и жичано, но емитувањето на сигналот му е безжичан, односно комуникацијата со сензорите му е безжична.Инсталацијата и поврзувањето е многу едноставно се вклучува на адаптер од 5 (волти) и е сличен како кај мобилните телефони и се поврзува на мрежа со рутер или свич. За да се пристапи до уредот потребно е да се инсталира соодветната апликација на мобилниот телефон (Android или IOS). Апликацијата се вика Tuya Smart Life[3] и може да се преземе од PlayStore, достапна е за сите Android и IOS.Откако веќе е инсталирана апликацијата во телефонот може да се пристапи до уредот односно да се додаде во апликацијата.Откако е додаден уредот Tuya ZigBee hub, понатаму можат да се додаваат сензорите на истиот начин во апликацијата.При додавањето на главниот уред Tuya ZigBee hub малку е поразлично менито односно се избира да се додади уред (Select device) а додека при додавање на сензори се избира да се додади под-уред (subdevice). Апликацијата е лесна и едноставна за употреба и не треба професионално или напредно познавање за нејзино користење.

Можностите кои ги нуди оваа апликација се:

- Далечинско управување и следење на состојбата на сензорите од било каде
- Додавање и контролирање повеќе уреди одеднаш со една апликација
- Добивање известувања и предупредувања во реално време за состојбата со сензорите
- Лесно и брзо се поврзуваат уредите со Smart App Tuya апликацијата

Откако ќе се поврзи на струја и интернет мрежа Tuya ZigBee hub уредот, откатко ќе се инсталира апликацијата на мобилниот телефон и откако ќе се додаде во апликацијата Tuya Smart App, Tuya ZigBee hub уредот е подготвен за додавање на сензори.

2. Tuya ZigBee Smart Gateway Hub
3. Tuya Smart Life App Link

4.2 Сензор за присуство на вода (Tuya Zigbee Water Leak Sensor)

Сензорот за детектиција на вода Tuya Zigbee Water Leak Sensor [4] е сензор кој детектира присуство на вода и доколку детектира алармира и испраќа предупредување и известување преку апликацијата Smart App Tuya до мобилниот телефон. Овој сензор како напојување користи батерија DC3V CR123 [5] која може без проблем една година да функционира без да се замени. Кога батеријата е скоро празна сензорот испраќа известување дека е потребна замена на батеријата преку апликацијата. Поставувањето на овај сензор е секогаш на најдолното ниво во просторијата а тоа е подот. Кога сензорот ќе детектира присуство на вода во висина од 1 mm тој се активира , алармира со звук локално а исто така испраќа предупредувачи пораки за настаната промена во просторијата односно дека е детектирана вода.

Откако ќе се постави сензорот потребно е да се поврзи со Tuya ZigBee hub уредот. Поврзувањето е многу едноставно, се отвора апликацијата која беше инсталирана претходно за поврзување со Tuya ZigBee hub. Уредот Tuya ZigBee hub и сензорот за детекцијата на вода Tuya Zigbee Water Leak Sensor треба да бидат во непосредна близина кога се врши поврзувањето. Ова важи за сите останати сензори кои треба да се поврзат на уредот Tuya ZigBee hub.

4.3 Сензор за чад (Tuya Smart Smoke Detector Sensor)

Функцијата на сензорот за детекција на чад Tuya Smart Smoke Detector Sensor [6] е првенствено детектирање на настанување на чад. Како детектиран ризик фактор во серверската соба за можна појава на пожар беа доводнните напонски кабли во серверската опрема кои можат со тек на време од топлината да се оштетат и да предизвикаат пожар. Овај сензор за напојување користи батерија DC9V 6LR61[7] и може без проблем 1 година да се користи без да се замени. Исто како и другиот сензор кога батериајта е ослабена и треба да се замени сензорот испраќа известување преку апликацијата за да се замени батеријата. Поставувањето на овај сензор е на самиот таван а детектирањето на чад е од сите правци. Детекторот за чад функционира на тој начин веднаш кога ќе детектира чад истовремено локално алармира преку сирена и испраќа предупредување преку апликацијата во мобилниот телефон.. подобра е да биде поставен на средина од таван.

4.4 Сензор за температура и влажност (Tuya Temperature,Humidity)

Сензорот за температура и влажност во воздухот Tuya Smart ZigBee Temperature and Humidity Sensor[8] е истотака од голема важност за одржување на серверската опрема во серверската соба. Овај сензор има можност да детектира два ризик фактори или внатрешни влијанија кои можат да наштетат на серверската соба а тоа се температурата и влажноста во воздухот. Доколку има висока температура може да се случи прегревање на серверите и серверската опрема особено во летниот период. А доколку има голема влажност може да се случи кондезирање и оштетување на електронски делови и плочи на серверската опрема или доколку е многу сув воздујхот може да се предизвика електростатички

4. Tuya Zigbee Water Leak Sensor
5. https://www.atbatt.com/panasonic-cr123a-photo-lithium-battery-2-pk/
6. Tuya Smart Smoke Detector Sensor
7. https://www.batteryjunction.com/duracell-mn1604b1z-1-9v.html
8. Tuya Smart ZigBee Temperature and Humidity Sensor

електрицитет со што би станале штети од невидени размери за опремата во серверската соба.

Овој сензор функционира на тој начин што кога детектира температура ја детектира и високата температура во просторијата и ниската температура. После детектирањето на промена на температурата која не е во рамките на границата испраќа предупредување преку апликацијата Tuya Smart App до мобилниот телефон. Границите на температура кој може да ги измери се од --10°C до 60°C. На истиот начин ја детектира влажноста на воздухот, доколку сензорот детектира висока влажност или обратно ако има многу мала влажност исто така испраќа предупредување преку апликацијата Tuya Smart App. Границите на влажност на воздухот кој може да го детектира се од 0-100%RH. Покрај тоа што овој сензор детектира состојби со температурата и влажноста може и во реално време да се следи каква е состојбата на температурата и влажноста на воздухот во серверската соба Сензорот за температура и влажност како извор на енергија исто користи батерија DC3V LR039, односно стандардни 2 батерии по 1.5 волти. Батериите можаат исто така да имаат трајност 1 година. А пред да се испразнат одредено време сензорот испраќа известување за замена на нови батерии. Поставувањето на овај сензор може да биде на некој од ѕидовите во просторијата.

4.5 Сензор за контрола на напон (Tuya circuit breaker)

Овој сензор е од голема важност за целата опрема во серверската соба. Надворешната струја која доаѓа во серверската соба мора да биде контролирана преку него. Сензорот за детекција на висок , низок напон и струен удар Tuya WIFI circuit breaker Energy Meter10 функционира на следниот начин. Доколку сензорот детектира повисок напон од стандардниот кој е 220 волти сензорот ќе ја прекини струјата во серверската и ќе испрати известување преку апликацијата до мобилниот телефон. Доколку серверот детектира понизок напон од стандардниот кој е 220 волти сензорот сензорот ќе ја прекини струјата во серверската соба и ќе испрати известување преку апликацијата. Исто така сензорот ќе реагира и ќе ја исклучи струјата доколку забележи повисока моќност или пониска моќност, исто така ќе ја исклучи доколку има и струен удар. Покрај заштитата овај сензор овозможува и следење на состојбата на струјата во реално време, потрошувачката преку апликацијата со мобилниот уред. Друга можност која ја дава овај уред е што ги регистрира сите настани, кога немало струја , колку време немало струја по дата и час. После прекинувањето на струјата во серверската соба од страна на овај сензор, серверите и целата серверска опрема почнува да го користи УПС-резервното напојување.

Сензор за неовластен пристап (Access Control Keypad Door Lock)

Главната функција на сензорот за неовластен пристап Access Control Keypad Door Lock11 е да го спречи влезот на неовластени лица во серверската просторија и да го еведентира влезот на овластените што влегуваат во серверската соба. Функционирањето на овај сензор е на следниот начин. Прво се поставува тастатура (keypad) на влезот на вратата во серверскатата соба потоа се поврзува со останатите механизми на вратата кој ја заклучуваат или отклучуваат вратата. Потоа се регистрираат овластените лица во апликацијата Tuya Smart App и им се

9. DC3V LR03
10. Сензорот за детекција на висок , низок напон и струен удар Tuya WIFI circuit breaker Energy Meter
11. Access Control Keypad Door Lock

овозможува пристап со издавање на картичка или/и шифра. Доколку неовластено лице пристапи нема да му биде овозможен бидејќи ќе може да влезе само лицето кое било претходно регистрирано со картичка и шифра. Доколку пак овластено лице влези во серверската соба со картичка или шифра неговиот влез ќе биде евидентиран со точно време и дата на влез.Друга голема предност е што и овај сензор испраќа предупредувања и известувања преку апликацијата Tuya Smart App за сите настани дали се работи за неовластен пристап или овластен пристап кој ќе биде исто така евидентиран

ПОСТАВУВАЊЕ НА СЕНЗОРИТЕ ВО СЕРВЕРСКАТА СОБА

Во претходното поглавје беа претставени и опишани сензорите кој ќе бидат поставени во серверската соба секој посебно. Во ова поглавје ќе бидат графички прикажани како ќе бидат поврзани во серверската соба и како тие ќе функционираат во една целина.

На слика 1 претставен е графички приказ на поврзување на сензорите во серверската соба.

Слика 1: Графички приказ на системот за заштита во серверската соба



Извор: Сопствен од авторот

ЗАКЛУЧОК

За да се направи еден одбранбен систем мора претходно да се пристапи кон утврдување на влијанијата и факторите и штетите кои можат да настанат а после тоа да се состави и дизајнира таков систем. Во оваа проектна задача главната цел беше заштита на серверската опрема во серверската соба. Кај серверската опрема (серверите) како што има потреба да се заштитат од надворешни влијанија (хакерски напади, злонамерни софтвери, вируси , неовторизиран пристап) има неопходна потреба и од заштита на внатрешни влијанија (поплава, пожар, температура, влажност,висок напон и неовластен пристап). Во оваа проектна задача извршена е анализа и детекција на серверската соба на моменталната заштита која ја има како и влијанијата и ризик факторите кои можаат да наштетат. Со оглед на тоа дека серверската соба претставува срцето на една институција штетите можат да бидат од невидени размери. После анализата креиран е систем за заштита на серверската соба со помош на сензори кои ќе ја следат состојбата и вршат детекција и предупредување преку апликација до мобилните телефони на овластените лица. Системот ќе им овозможи на одговорните и овластените лица навремено да реагираат доколку има детектирање на некаква промена на состојбата во серверската соба како и целосна контрола врз серверската соба. Може да се констатира дека со оваа проектна задача е креиран успешен систем за заштита од внатрешните влијанија кој може да најде примена не само во серверска соба туку и на други места и простории каде што има потреба од таква заштита.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/Informacija_za_IT_standardi_veb.pdf
2. https://www.aliexpress.com/item/4000560975293.html
3. https://play.google.com/store/apps/details?id=com.tuya.smart&hl=mk&gl=US
4. https://www.youtube.com/watch?v=6Qy_9DDzV70&t=301s
5. https://www.atbatt.com/panasonic-cr123a-photo-lithium-battery-2-pk/
6. https://www.aliexpress.com/item/1005002214198266.html
7. https://www.batteryjunction.com/duracell-mn1604b1z-1-9v.html
8. https://www.aliexpress.com/item/1005002214198266.html
9. https://www.aliexpress.com/item/1005003401903108.html
10. https://www.amazon.com/Duracell-CopperTop-Batteries-all-purpose-household/dp/B00005T3E4/ref=sr_1_6?keywords=lr03+battery&qid=1651656270&sr=8-6
11. https://www.aliexpress.com/item/1005003386811035.html
12. https://www.aliexpress.com/item/1005003091921859.html
13. https://www.freepik.com/free-vector/network-servers-set_3924742.htm
14. https://www.pngall.com/ups-png/download/98702
15. https://www.amazon.in/Lenovo-ThinkSystem-ST550-Tower-Server/dp/B077M69ZBF
16. https://www.amazon.in/TP-LINK-Sg1005P-Gigabit-Desktop-Switch/dp/B0763TGBTS?th=1
17. https://www.aliexpress.com/item/2255800561422481.html
18. https://www.elipso.mk/kupi/vivax-inverter-klima-ured-acp-12ch35aemi/

004.383
004.42:004.312

Хаџиб Салкиќ
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола, Република Северна Македонија

Тања Петков
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе – Битола, Република Северна Македонија

Марија Квасина
Универзитет „ВИТЕЗ“ - Травник, БиХ

ПРИМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА ARDUINO ВО ПРОЕКТОТ НА СИСТЕМОТ ЗА МОНИТОРИНГ

АПСТРАКТ: СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ” -Овој проект требаше да ги исполнува некои услови како што се да дава знак дека нивото на корпата со отпадок е полно и при тоа да се извести сигнално дека тоа е така и на крај да се одбери соодветната песна како награда за правилно извршената задача. Мотивацијата за да се отсвири саканата песна за време на училишниот одмор ќе ги натера учениците правилно и уредно да го фрлаат нивниот отпадок. Од овде произлегува и името на системот којшто и беше наречен како електронска џубокс корпа.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: сензори, ардуино, ученици

THE USE OD ARDUINO TECHNOLOGY IN TRACKING SYSTEM PROJECT

ABSTRACT: “Tracking System” -This project had to meet certain conditions such as giving the signal when the trash bin is full and also choosing the song as an award for an acomplished task. Playing their favourite song will be motivation for students to take care od their trash in a right way during summer holidays. Therefore the name “electonical jubox”.

KEYWORDS: sensors, arduino, students

АРДУИНО

Ардуино е платформа со отворен код за создавање на електронски прототипови врз основа на хардверски и софтверски пакет кој е флексибилен и лесен за користење. Ардуино е наменет за уметници, дизајнери, хобисти и професионалци во електрониката и секој кој е заинтересиран за создавање на интерактивни објекти или средини.

Платформата Ардуино е збир на електронски и софтверски компоненти којшто едноставно можат да бидат поврзани во сложена целина со цел да се направи забавно едукативни електронски кола. Срцето на Ардуино е микроконтролерот. Микроконтролерот е мал компјутер вграден во едно интегрирано коло. Ардуино најчесто користи 8 битни микроконтролери произведени од ATMEL. Најчестиот модел е ATMEGA328P којшто се користи на основната прототипна плоча на

Ардуино, како што е прикажано на сликата.



Слика 1. Ардуино плоча

Микроконтролер

За почеток микроконтролерот можеме да го замислиме како црна кутија со одреден број на изводи со којшто можеме да управуваме со помош на програма напишана од корисникот на компјутерот, и која истата потоа можи да работи самостално. За да напишаните програми од компјутерот и ги префрлиме на микроконтролерот од развојната плоча "Arduino" ја користиме USB - конекцијата со компјутер. Терминалите на микроконтролерот може да се користат за контрола на разни уреди или пак за отчитување на состојбите од различни сензори. Значи можеме да кажеме дека изводите можат да работат во два режима: излезен работен режим и влезен работен режим. Кај излезниот работен режим секој терминал од микроконтролерот може да биде во една од двете можни состојби: високо и ниско. Кога изводот е поставен на високо (HIGH) ниво, тој има потенцијал од +5V во однос на масата на системот. Додека кога изводот е поставен во состојба на ниско (LOW) ниво на него имаме потенцијал од 0V. Кога некој извод работи во режим на влез, тогаш микроконтролерот ќе може да вчита дигитална состојба која се применува од надворешна компонента на самиот терминал од микроконтролерот.

СЕНЗОРИ

Ако го поставиме прашањето што всушност ни претставува сензор, ќе разбереме дека сензорот ни претставува уред којшто ни праќа одреден сигнал кога би се случило некој настан. Со други зборови, сензорот ќе ни се активира под одредени услови, додека на неговиот излез ќе ни се појави аналоген (во зависност од влезниот сигнал) или дискретен (бинарен, дигитален т.е. две можни состојби) тип на сигнал.

ПРИНЦИП НА РАБОТА НА УЛТРАЗВУЧЕН СЕНЗОР

Овој сензор го мери растојанието на целниот објект со емитување на ултразвучни бранови кои што го претвораат рефлектираниот звук во електричен сигнал. Ултразвучните бранови патуваат побрзо од брановите на чујниот

спектар (ултразвукот е звук што луѓето не можат да го слушнат). Ултразвучното сензорирање е еден од најдобрите начини за да се почуствува близината на пречката и да се детектираат нивоата на супстанција или течност со висока доверливост. Модулот за ултразвучен сензор користи трансдусер за испраќање и примање на ултразвучни импулси. Принципот на работа на овој модул е едноставен: се испраќа ултразвучен сигнал од тригер пинот со фреквенција од 40KHz којшто патува низ воздухот и ако има пречка или предмет ќе се врати назад до сензорот на ехо пинот. Со пресметувањето на времето поминато од бранот и брзината на звукот се пресметува растојанието на објектот.

Времето на возврат или "echo time" ни е во микро секунди, додека мерењето на дистанцата односно растојанието ни е во сантиметри.

HC-SR04 ни испраќа 40Khz ултразвучни импулси од еден "transducer"-претворач, па потоа го слуша возвратот на ехото од страна на другиот "transducer"-претворач. Со мерењето на времето помеѓу испратениот импулс и применото ехо, па наспрема тоа и познавајќи ја брзината на звукот, ќе можеме да го измереме растојанието.

Растојание= (Време на траење на повратен импулс*Брзината на звукот)/2

Факторот 2 ни е зададен заради тоа што звукот ни патува до предметот и назад, па со тоа всушност имаме дупла растојание од мерениот предмет.



Слика 2. Ултразвучен сензор - Принцип на работа

Брзината на звукот во воздухот ни е температурно зависна како што можеме да забележеме од табелата. Но ако земеме во просек температурата да ни биде од 15 ˚C па брзината на звукот ќе ни биде 340 m/s.

Температура ˚C	Брзина на звукот
30	349.1
20	343.2
10	337.3
0	331.3
-10	325.2
-20	318.9

УЛТРАЗВУЧЕН СЕНЗОР HC-SR04

Модулот за ултразвучен сензор има четири пинови, тие се: Gnd, Vcc, Echo и Trigger. Gnd се смета како негативен пин и е поврзан со заземјувањето на системот. Vcc го напојува сензорот. Обично треба да е од 3.3V до 5V. Пинот Trig(Тригер) се користи за активирање на ултразвучните звукови импулси. Echo пинот произведува импулс откако ќе се прими рефлектираниот сигнал.



Слика 3. HC-SR04 - Ултразвучен сензор

Карактеристики:

Еве ја листата на карактеристики на ултразвучниот сензор HC-SR04

- Напојување: од +3.3 до +5V DC
- Работа во тивок режим: <2mA
- Работа во активен режим: 15mA
- Ефективен агол: <15˚
- Мерна дистанца: 2cm - 400cm
- Резолуција(точност): 0.3cm
- Мерен агол: 30 степени
- Тригерирачки импулс ширина: 10uS
- Димензии: 45mm x 20mm x 15mm

ПРИНЦИП НА РАБОТА НА HC-SR04

За да го активираме мерењето мораме да примениме импулс од најмалце 10 милисекунди којшто ќе постои на тригер пинот.

Во завиност од мерењето на растојанието, HC-SR04 ќе го задржи ехо пинот на "1 - високо ниво" исто толку долго време. Со самото мерење на времето а со тоа и ехо пинот ни е поставен на високо ниво, па користејќи ја претходно наведената формула ќе можеме да го пресметаме растојанието до целниот предмет.

HC-SR04 има опсег од 2 до 400 сантиметри, со резолуција-точност од 0,3 сантиметри. Битно е да се напомени дека мерењето наспрема објектите треба да се изврши во правец и дека за секое закосување под агол којшто е поголем од 15 степени можно е да ни прикажи погрешно мерење (па затоа овие сензори се добри за мерење на "течни"-водорамни површини).

Кај delayMicroseconds(); командата се користи да го задржи тригер пинот на високо ниво за 10 милисекунди. Командата pulseIn() го дава времето во микросекунди откако ќе се случи промената од високо на ниско ниво. На пример командата echotime =pulseIn(echo_pin, HIGH); започнува со броење кога ехо пинот ни е на високо ниво и престанува да брои кога ќе се спушти на ниско, притоа враќајќи го времето во микросекунди на ехото.



Слика 4. HC-SR04 - принцип на мерење

АРДУИНО ПРОГРАМА

Програмите пишани за Ардуино микроконтролерите се нарекуваат скечеви. Секој скеч се состои од два дела: 1- setup дел и 2- loop дел.

Кај setup делот кодот се изведува само еднаш при почетокот на извршувањето на скечот и во него ги поставуваме почетните поставки кои нам ни се потребни при работа со микроконтролерот.

За loop делот најнапред забележуваме дека се изведува после setup делот и тој се извршува постојано (цело време) се додека микроконтролерот не се ресетира или не се исклучи од напојување. Во овој дел го пишеме поголемиот дел од кодот и овде точно му ја задаваме функцијата за работа на микроконтролерот.

Како што е наведено и во коментарите на самата програма, го поставуваме пин 2 како излезен, пин 4 како влезен. Во loop делот пуштаме импулсен сигнал во рок од 10 милисекунди па чекаме. Откако ќе го слушне echo пинот сигналот, се формира импулс. По тој импулс со помош на формулата ќе го пресметаме

растојанието, во нашиот случај тоа е поставено да ни е во сантиметри. Потоа мерењата ги принтаме на сериски излез, па поставуваме да се вршат во рок од (1000ms=1s) .

Distance_meter_monitor | Arduino 1.8.7

File Edit Sketch Tools Help

Distance_meter_monitor

```
// Ultrasonic Distance Sensor
// Од Тања Петков
//
// Како импулс давач "trig_pin" го користиме пинот 2, додека
// како импулс примач "echo_pin" го користиме пинот 4.
int trig_pin = 2;
int echo_pin = 4;
long echotime; //во микро секунди
float distance; //во "cm"
void setup() {
Serial.begin (9600); //Ја поставуваме "baud rate" со брзина на сериска комуникација од 9600
pinMode(trig_pin, OUTPUT);
pinMode(echo_pin, INPUT);
digitalWrite(trig_pin, LOW); //Стартуваме со нулирање на "trig_pin")
}
void loop() {
//Пуштаме пулс па чекаме возврат
digitalWrite(trig_pin, HIGH);
delayMicroseconds(10);
digitalWrite(trig_pin, LOW);

// Го пресметуваме добиениот резултат
echotime= pulseIn(echo_pin, HIGH);
distance= 0.0001*((float)echotime*340.0)/2.0;

// На крај печатиме на "Serial Monitor"
Serial.print(distance);
  Serial.print("cm");
  Serial.println();
  delay(1000);
}
```

Слика 5. Ардуино Скеч - Distance Sensor

Сега откако ја напишавме програмата и со помош на USB - портот направивме Upload, ќе можеме и да го изведеме и поврзувањето на нашата шема. Врските се како што следува: Gnd со Gnd , Trig со DIGITAL 2 на Ардуино, Echo со DIGITAL 4 на Ардуино и Vcc со 3.3V на Ардуино.



Слика 6. Поврзување на HC-SR04 со Arduino плоча

Повторно го вклучуваме Ардуиното на USB портот, на компјутер на Ардуино програмот го селектираме COM3 портот па вклучуваме Serial Monitor и ги извршуваме мерењата.



Слика 7. Приказ на извршени мерења на "Serial Monitor"

НАМЕНА И УПОТРЕБА НА УЛТРАЗВУЧНИОТ СЕНЗОР

Како што знаеме од секојдневна пракса овој сензор има широк опсег на употреба и е доста присутен во нашето секојдневие. Најмногу е забележан кај паркинг сензорите во автомобилите на начин што се информира возачот за близина на растојанието преку звучни сигнали, со LED диоди или на LCD екран. Исто така се користат за подводно лоцирање, пример сонарите се користат за мапирање на подводното дно. Некои сензори се користат за контрола при отворање на автоматски врати, за мерење на течности во резервоари, за мерење на проток на течности итн.

HC-06 BLUETOOTH МОДУЛ

HC-06 Bluetooth модулот е дизајниран за воспоставување на безжична податочна комуникација со краток домет (<100 метри). Многу е лесен за поврзување и комуникација. Може да се поврзи со речиси сите микроконтролери или процесори бидејќи користи UART интерфејс, па можеме да ги користиме само Tx и Rx пиновите.

Овој модул има можност да пренесува датотеки со брзина од 2.1 Mbps и работи на протоколот за комуникација Bluetooth 2.0. За разлика од HC-05 Bluetooth модулот, овој модул може да делува само како "slave-(слејв)" уред.

Карактеристики

- Работен напон: 3.3V - 6V
- Опсег на фреквенција: 2.402GHz - 2.480GHz
- Излезни пинови:
- RXD: Примање на сериски податоци. За сериски влез се користи 3.3V логика
- TXD: Праќање на сериски податоци. За сериски излез се користи 3.3V логика
- GND: Заземјување (Маса)
- VCC: Напојување (+5V)



Слика 8. HC-06 Bluetooth модул со ознака на пинови

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА "TRASH BIN MONITORING SYSTEM

Од подоле наведената слика од Arduino код, можеме да забележеме дека имаме голема сличност со предходниот пример за мерење. Овде само додадовме една константа "Limit" (висина на корпата), која ќе биде воведена во пресметката на нивото на отпад во корпата. Пресметката на висината ја претворивме во проценти, потоа го условивме со нивото "range". На крај го програмирав така што при полна корпа ќе праќа знак "F", При полуполна корпа ќе ни праќа знак "M" и при празна или малце полна корпа ќе ни праќа знак "E". Сето ова тестирање ќе се изведува во рок од пола секунда. при полна корпа ќе праќа знак "F", При полуполна

при полна корпа ќе праќа знак "F", При полуполна корпа ќе ни праќа знак "M" и при празна или малце полна корпа ќе ни праќа знак "E". Сето ова тестирање ќе се изведува во рок од пола секунда.

```
Distance_meter_monitor
// Ultrasonic Distance Sensor
// Trash bin Monitoring System
//
// Од Тања Петков
//
// Како импулс давач "trig_pin" го користиме пинот 2, додека
// како импулс примач "echo_pin" го користиме пинот 4.
int trig_pin = 2;
int echo_pin = 4;
int Limit = 50;    // Висина на корпата во "cm"
long echotime, range; //во микро секунди
long distance; //во "cm"
void setup() {
Serial.begin (9600); //Ја поставуваме "baud rate" со брзина на сериска комуникација од 9600
pinMode(trig_pin, OUTPUT);
pinMode(echo_pin, INPUT);
digitalWrite(trig_pin, LOW); //Стартуваме со нулираме на "trig_pin")
}
void loop() {
//Пуштаме пулс па чекаме возврат
digitalWrite(trig_pin, HIGH);
delayMicroseconds(10);
digitalWrite(trig_pin, LOW);

// Го пресметуваме добиениот резултат
echotime= pulseIn(echo_pin, HIGH);
// distance= 0.0001*((float)echotime*340.0)/2.0;

///////////////////*******************////////////////////////////

distance= 0.0001*((float)echotime*340.0)/2.0 / Limit * 100; // Ги претвораме сантиметрите во процентуална вредност

range = 100 - distance; // Го добиваме нивото

if ((range >= 0) && (range <= 100))
 {
if (range > 70)  // Ако нивото е повеќе од 70% тогаш Ардуино ќе прати "F "
 {
 Serial.print("F ");
 }
 if ((range >= 30) && (range <= 70))  // Ако нивото е помеѓу 30% и 70% Ардуиното ќе прати "M "
 {
 Serial.print("M ");
 }
 if (range <= 30)  // Ако нивото е помало од 30% Ардуиното ќе прати "E "
 {
 Serial.print("E ");
 }
 Serial.print(range);  // Ја испраќа зададената вредност од нивото
 Serial.println();
 delay(500);
 }
}
```

Слика 9. Ардуино Скеч - Мерење на нивото на отпадок изразено во проценти

Откако ќе го внесеме кодот во Arduino микропроцесорот, ни следува поврзувањето на плочките. Односно овде се вклучени сензорот HC-SR04, Bluetooth модулот HC-06 и овие двете се поврзани како на подоле прикажаната шема. Откако ќе и приклучиме напојување на Arduino плочата веднаш ќе забележеме трепкање од црвена LED диода на Bluetooth модулот, тој сега е активен и спремен за безжично спарување со уред. За да би ја поврзиле со уредот односно во нашиот случај со смартфонот ќе треба да направиме друга Android програма која ќе ни го овозможи тоа спарување од страна на блтутут апликацијата што ја имаме од една страна и од друга со нашиот HC-06 Bluetooth на Arduino.



Слика 10. Поврзување на HC-SR04 и HC-06 модулот со Ардуино плоча

ANDROID АПЛИКАЦИЈА

Јас во мојот проект ќе ја искористам "MIT app inventor" клауд апликацијата која што сложениот код за формирање на Android апликации го трансформира во визуелни "drag and drop" блокови за програмирање. Со едноставниот графички интерфејс овозможено му е дури и на неискусен почетник да има можност да создаде една целосно функционална апликација во многу брз рок.

Значи сега ќе презентирам апликација која ќе прима Bluetooth податоци од Arduino.

Најнапред го внесуваме името на проектот, потоа ги поставуваме невидливите компоненти во нашата апликација.



Слика 11. Поставување невидливи компоненти

Продолжуваме да ставиме "List Picker" и да ставиме "Label". Додаваме уште еден "Label" па го именуваме "Title" ќе го искористиме ова подоцна како индикатор за тоа дали Bluetooth на телефонот ни е поврзан или не, со тоашто ќе ја менува бојата на текстот. Потоа го поставуваме "Ниво" да е на 0% и Состојба на "Празна".



Слика 12. Изглед на апликацијата во MIT app inventor

Исто така имам додадено и други слики, за опис на нивото во зависност од мерењата.

Слика 13. Сликовит опис на нивото на корпата

За секоја состојба на (Празно, Средно, Полно) - (Empty, Moderate, Full) ќе ја менуваме сликата од "List picker" сликите, па ќе имаме: TrashBin-Empty, Trash-Bin-Medyo и TrashBin-Full. Со нив ќе го индицираме нивото од корпата.

За сето ова да функционира ќе се послужиме со програмските блокови. Прво ќе го поставиме "List Picker" да можи да се поврзи со Bluetooth модулот HC-06.



Слика 14. Користење на блокот "ListPicker" за поврзување со Bluetooth

Сега креираме две глобални променливи Script и List, истите тие ќе ги искористиме подоцна за да ги зачуваме дадените податоци од Arduino.

Слика 15. Креирање на две глобални променливи

Во внатрешноста на When Clock 1. Временскиот блок, најнапред проверуваме дали блутутот од телефонот ни е вклучен, ако е вклучен тогаш продолжуваме да провериме дали се поврзал со HC-06 ако е поврзан ќе ја промениме насловната лента во зелена боја или пак во црвена ако не постои врска. Ако блутутот ни е исклучен тогаш ја ресетираме бојата во бело.

Откако ќе ја примиме пораката за Bluetooth податок од Arduino, да се потсетиме само дека Arduino го направивме да ни испраќа една реченица со два збора (пример. "F 100") ние ќе мора да ја поделиме оваа реченица и да го зачуваме секој збор на листата. Сега едното ни е за статусот а другото ни е за вредноста. За да го одредиме статусот ќе се послужиме со "if" блокот. Значи ако првиот индекс ни е "F" тогаш ја променуваме со "List Picker" сликата во TrashBin-Full.png за да индицира дека е полна корпата, ако првиот индекс ни е "M" тогаш постави ја сликата TrashBin-Medyo.png за да индицира дека корпата е средно полна и на крај ако првиот индекс ни е "E" тогаш постави ја TrashBin-Empty.png за да индицира дека корпата за отпадок ни е празна.

Џубокс машина (Android) апликација

Како што претходно наведовме главната цел на оваа задача е да ги мотивира учениците правилно да го фрлаат отпадот и при тоа за точно извршената задача ќе бидат наградени со тоа што ќе можат да си изберат песна од џубокс апликацијата.

Изведбата и поврзувањето е така замислено да откако се наполни корпата над 70 проценти ќе се пушти сигнал од Arduino пинот од плочата и ќе се стартува реле кое ќе биде поврзано на аудио излезот од друг Андроид уред кадешто е инсталирана и стартувана џубокс апликацијата.

Апликацијата е превземена од "Git hub" и со помош на "Android Studio" е модифицирана од мене да може да работи како вистинска џубокс машина и да биде временски темпирана за пуштање на изберената песна.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. DISTANCE SENSOR RECEIVE - https://electronoobs.com/eng_arduino_tut20_2.php
2. FLOAT VALUE READ - https://electronoobs.com/eng_arduino_tut20.php
3. Arduino and Android using MIT app inventor 2.0 For Everyone - Magesh Jayakumar
4. Hizon Pastorpili - https://www.inettutor.com/category/programming-tutorial/arduino/
5. Ultrasonic Distance Sensor Demo - https://www.keuwl.com/electronics/rduino/bluet/05-ultrasonic-distance/